Павле Митрески

# ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН ОД 1918 - 1970 ГОДИНА

- Докторска дисертација -

О х р и д, 1975.

# П Р Е Д Г О В О Р

Стопанскиот живот на Македонија во првите четири децении на XX век, за разлика од другите балкански земји, се карактеризира со општа заостанатост. Тоа е резултат на создадените општествено-економски и политички односи,условени, пред сè, од посебните интереси на соседните буржоаски држави. Неразвиеното стопанство ќе има соодветен одраз и на охридско - струшкиот регион. Овде занаетчиите ќе играат видна улога во стопанскиот живот.

Со оглед на тоа што целосно испитување за состојбата и развојот на занаетчиството од 1918-197о година во охридско-струшкиот регион не е до денеска извршено, затоа се одлучивме, колку што сме во можност, да дадеме приказ на работата на занаетчиите.

И покрај тоа што е прилично тешко да се определи реонизацијата на стопанското делување на занаетчиите, сепак, се определивме за изучување на оваа проблематика во овој регион, бидејќи, од една страна, претставуваат природна географска целина (езерото, конфигурацијата на земјиштето, планините,реките, животот на растителниот и животинскиот свет), а од друга,населението, со векови меѓусебно општело и тука, во оваа средина, се одвивал стопанскиот, просветниот, културниот, политичкиот и здравствениот живот.

Заради неповолната географска положба, оддалеченоста од поголемите стопански потрошувачки центри, лошата сообраќајна поврзаност, како и постоењето на "тврдата"граница со соседната Албанија, во Регионот стопанскиот живот не бил

доволно развиен. И затоа занаетчиите својата услужна дејност, во основа, ја вршеле за потребите на овдешното население.

Прашањето за животот и работата на занаетчиите во Вардарска Македонија, посебно во охридско-струшкиот регион (1918-197о), се' уште комплетно не е изучувано, а некои автори што се занимаваат со историското минато, а посебно со стопанскиот живот во Македонија, за овој регион изнесуваат сосема фрагментарни податоци. Претежно се служивме со многубројната литература од предвоени српски автори. Таа, со извесни исклучоци, изобилува со пропагандни цели. Се разбира, од литературата, претежно, го користивме фактографскиот материјал што се однесуваше на Регионот.

Меѓу позначајните трудови што го прикажуваат стопанскиот живот во Македонија, пишувани меѓу 19оо-1941 година, спаѓаат: Коста Групчевиќ("О Охриду и Охридском језеру" Цариград,1900), Миливој Савиќ("Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије" ,Београд, 1914), како и повеќе негови други публикации што се објавени од 1922-193о година под наслов"Наша индустрија, занати и трговина". Савиќ, како началник и долгогодишен службеник на одделението за занаетчиство при министерството за трговија и индустрија, изворно ги користел сите материјали од теренот и затоа сметаме дека неговите трудови се доста корисни. За економскиот живот во Вардарска Македонија се мошне интересни и изнесените податоци од Растко Пуриќ("Работнички југ",(Скопје, 1937)и "Наличја-социјални проблеми Југа", Скопје, 1934). Посебно се вредни трудовите: "Извештај о раду Занатске коморе у Београду" и тоа за секоја година поодделно

./.

од 1929 - 1938 година, "Извештај о раду Занатске коморе у Скопљу" за 1936,1937 и 1938 година, книгата на д-р Часлав Никитовиќ"Занатство Јужне Србије",(Скопје, 1934) која обилува со низа податоци и за животот на занаетчиите од овој крај. Интересни се и публикациите на д-р Живко Топаловиќ ("Привредни проблеми Југа",(Београд, 1927), Милан Гавриловиќ ("Привреда Јужне Србије", (Скопје, 1931) и "Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији", (Скопје, 1931), "Споменица 25-годишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937",(Скопје,1937), Мијо Мирковиќ ("Занатска политика", Београд, 1934), д-р Димитрије Мишиќ("Стање нашег занатства", Београд, 1931, како и повеќе негови други публикации и статии) и така натаму.

Наведените трудови делумно ја прикажуваат општата состојба на занаетчиството во Македонија, при што изнесуваат податоци и за охридско-струшкиот регион.

При обработката на одделни делови од трудов, посебно се служевме и со историографијата што е пишувана во Втората светска војна. Како најважни, сеопфатни и појдовни во нашата работа, ни беа публикациите:"Историја на македонскиот народ", книга III, Скопје, 1969; "Преглед историје савеза комуниста Југославије", Београд, 1963; д-р Данчо Зографски"За работничкото движење во Македонија до Балканските војни", Скопје, 1950 и "Развиток на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење", Скопје, 1967, како и многу други негови публикации. Мошне се корисни и универзитетските учебници на д-р Никола Вучо("Привредна историја Србије до Првог светског рата",(Београд, 1955), д-р Мијо Мирковиќ("Економска историја Југославије", Загреб,1962),д-р Сергије

Димитријевиќ ("Привредни развитак Југославије", Београд,1962) и други.

Секако, најконкретни трудови што се однесуваат за стопанскиот живот во Регионот, а дел и за занаетчиството се од д-р Панче Ќировски ("Охридско-струшка област",Скопје, 1956), Гиго Милески ("Струга"-монографија, Скопје, 1955) и Атанас Урошевиќ ("Охрид-"-монографија, Скопје 1957). Од овие три публикации најповеќе и најблиску до вистината за животот на занаетчиите меѓу двете војни и после тоа ја има изнесено Кировски. Кај тројцата автори, со оглед на тоа што архивската граѓа не им била пристапна, повеќе податоци не се точни. Исто така, иако не се однесува за овој регион, вреден е и трудот на д-р Милош Константинов "Занаети и еснафи во Битола и околијата", Битола, 1961.

За периодот 1941-1944 година најповече ни послужија публикациите од д-р Трајче Грујоски ("Битола", Битола,1971), Мирко Георгиевъ (Професионалните организации въ Българиꙗ", Софиꙗ ,1943) и од Ѓеорѓи Јаневъ("Пет години на Бългapскиот занаѣтчиски сојуз", Софиꙗ ,1942).

За кусиот преглед на занаетчиството по Втората светска војна, најповеќе се послуживме со публикациите на Едвард Кардељ ("Задаци наше локалне привреде и комуналног газдинства", Београд, 1948), Елвира Мандиќ("Концепција дугорочног развоја СР Македоније"-део занатство, Београд,197o), Миливоје Радосављевиќ ("развој привреде ФНРЈ"-део занатство, Београд, 1956), д-р Предраг Алексиќ ("Лични рад у социјализму", Београд, 1973) и други.

./.

Меѓутоа, треба да се подвлече дека од наведените публикации сосема малку се среќаваат податоци што се однесуваат за Регионот. Поради тоа бевме принудени да ги користиме многубројните статии и написи што беа објавени во повеќе списанија и весници од 1900-1970 година. Се разбира, повеќе новински написи се пишувани емоционално, поради што при користењето на истите се служевме со поголема претпазливост и критичност, користејќи ги при тоа само основните податоци и моменти што се сврзани со дадените податоци.

Иаку имаме користено голем дел на литература,сепак, во нашата работа, како појдовна основа и водител во целокупното прикажување, што може да го констатира и читателот, ни беше архивската граѓа која за прв пат ја користевме. Извршивме истражување на архивската граѓа во архивите, музеите и библиотеките во Охрид, Скопје и Белград. Особена важност и корисност ни беше архивската граѓа од занаетчиските здруженија од Охрид(1923-1962) и Струга(од 1928-1955). Исто така, особено ја цениме архивската граѓа од министерството за трговија и индустрија-одделение за занаетчиство(1918-1941),(Архив Југославије) и многубројни други архивски фондови, а посебно од занаетчиските училишта (Историски архив-Охрид). Ги користевме и разните сочувани документи кои се' уште љубоморно се чуваат меѓу занаетчиите во Охрид и Струга.

За утврдување на поодделни вистини, во недостаток на оригинални документи, а посебно за занаетчиските комори од Белград и Скопје и од управата на Вардарска бановина(1918-1941),како и за време на окупаторската власт, се послуживме и со анкетирање на живите занаетчии.

./.

Користењето на архивската граѓа и литература, читателот најдобро ќе може да ја види во фуснотите што се изнесени на крајот од секое поглавје на трудов.

Напомнуваме дека имавме посебни тешкотии во прибирањето, а и во систематизирањето и класифицирањето на архивската граѓа и литература. Треба да се одбележи дека основната замисла и концепциска цел ни беше да се изнесе положбата на занаетчиите меѓу двете светски војни. Одделни занаети по групи ги класифициравме во зависност од предметот на нивната обработка, при што поголем акцент им дадовме на поразвиените занаети. Особено внимание обрнавме за создавањето на занаетчиските кадрови и организацијата на занаетчиските здруженија. Во делумна аналитична содржинска форма ги изнесовме некои податоци од животот и работата на занаетчиите за време на окупацијата и по Втората светска војна.

Вака изнесеното прикажување овозможува прегледност на развојот на напредокот, опаѓањето на занаетчиството, на животните проблеми на занаетчиството во наведениве временски периоди, како и разните околности и фактори што влијаеле врз него.

# ПРВ ДЕЛ

## ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН
## (1918-1941 година)

# ГЛАВА ПРВА

## ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН

Охридско-струшкиот регион се простира на крајниот југозападен дел од СР Македонија. Тоа е Охридската котлина што на запад се граничи со планините: Јабланица, Беличка планина и Мокра планина што се природна граница меѓу СФРЈугославија и НР Албанија; на исток допира до планините Галичица, Петрино, Плаќенска и Илинска планина, додека на север се граничи со Стогово и неговиот огранок Караорман.

Охридската котлина зафаќа површина од 1o34o7 ха, од кои 21387 ха или 2o,7% е рамнина, а 83.o2o(79,3%)планински дел.[1] Иако Охридската котлина е опколена со високи планини, добро е поврзана со соседните области и НР Албанија. На северозапад, по долината на реката Црн Дрим, оваа котлина сообраќајно е поврзана со Дебар. На север, по долината на реката Сатеска и на превалецот Пресека, е поврзана со Кичевската котлина, а на североисток е поврзана со Преспанската котлина и тоа по Опеничката Река, преку превалецот Буково. На запад, преку превалецот Ќафасан и долината на реката Шкумба, добро е поврзана со НР Албанија.

Во оваа котлина, на брегот на Охридското Езеро, се лоцирани градовите Охрид, Струга и гратчето Поградец, кое е под НР Албанија, и многубројните селски населби што претставуваат една голема економска природна целина. Многу патописци за природните убавини на овој регион мошне убаво се изразувале и за тоа напишале безброј книги, новински написи, и записи. Охрид и Струга со Охридското Езеро и Црн Дрим оставаат впечаток на швајцарски природни убавини.[2]

Географската природна средина во многу влијаела и за организацијата на административното управување. Низ сите векови Охрид бил административен, политички, економски, просветен и културен центар. Кон овој град од секогаш гравитирале гратчињата Струга и Поградец со своите околии. Во 1912 година, како што е познато, конечно Турците се истерани од Македонија. Вардарска Македонија добила нов господар, српската буржоазија.

Српската држава веднаш вовела нова административно-територијална промена во освоените нови "јужни стари краеви". Српскиот крал во 1913 година донесол одлука за административно-управна поделба на окрузи и околии, според која Охрид станал окружен центар. Во него спаѓале околиите: Голобрдска, со седиште во село Требиште(денеска е под НР Албанија), Горно-дебарска, со седиште Дебар, Долнодебарска, со седиште во Пишкупеја(денеска во НР Албанија), Охридска и Струшка околија. Округот во 1913 година имал вкупно 53 општини со 26о населени места.[3]

Се разбира, оваа административно-политичка поделба не останала долго време. Политичко-воената положба на Балканот, во периодот од 1912-1918 година, а посебно во Македонија, наложувала потреба повеќе пати да се вршат брзи и големи територијално и административни промени, а посебно спрема албанската граница. Токму во овие погранични места ќе се водат и борби. Таа била немирна граница, а од тоа најповеќе страдало месното население. По Втората балканска војна повеќе македонски населби се приклучени кон Албанија. Охрид и понатаму останал окружен центар за Дебарска и Струшка околија. Народот слободно, по традиција, се "мешал" и патувал во двата правци. "Нечиста грани-

цата" на ова подрачје ќе биде 4 до 5 години и по завршувањето на војната.

И покрај многуте политичко-територијални промени, дури и во воеиото време, кога било најстрого забрането населението да се движи, за задоволување на економските потреби, ги разменувале луѓето сопствените производи. Таа традиција била сочувана се додека државно не била определена граничната линија со Албанија.

Неколку години по Првата светска војна, административната управа на овој регион останала каква што била во 1914 година. На 26 април 1922 година се извршила нова административно-територијална поделба на Вардарска Македонија. Тогаш се формирале три области - жупании. Овој регион потпаѓа под Битолската жупанија, која имала 14 околии, меѓу кои се Охридската и Струшката. Таа административна поделба траела се' до 3 октомври 1929 година кога се укинати жупаниите, а се формирани само околии и општини. Така, Охридска околија имала 1о општини, со 54 населени места, а Струшка околија имала 1о општини, со 45 населени места. Оваа поделба останала се' до пропаста на стара Југославија, до април 1941 година.[4]

Поради неразвиеноста на индустријата, занаетчиството било многу важна стопанска гранка. Развојот на занаетите во едно подрачје многу зависи од степенот на развиеното земјоделие и сточарство, како и од бројот на потрошувачите на занаетчиските услуги, бидејќи многу занаети се врзани со овие гранки. Со право многу познати економски теоретичари рекле дека нараснувањето на населението е еден од многу важните

фактори, не само за развој на занаетчиството, туку и за другите стопански гранки. Градот владее политички и економски над селото, но меѓусебната зависност е голема. Со оглед дека земјоделците се главни потрошувачи на занаетчиските производи, многу е важен и односот што постои помеѓу големината на работата и количината и квалитетот на земјиштето.[5]

Заради тоа занаетчиите соживуваат со земјоделските производители, се прилагодуваат за нивните потреби и го делат доброто и лошото. Кон крајот на XIX, а особено од почетокот на XX век до денеска, како и во другите земји, македонското население почнува да се движи во правец село - град. Ова преселување, воглавно, го диктирале два многу важни фактори: несигурниот живот и пасивноста во планинските села во охридско-струшкиот регион и економскиот развој на градските центри.

Бидејќи бројот на населението е еден од основните фактори и за развој на занаетчиството, затоа изнесуваме некои податоци за XX век, од кои некои за прв пат ги објавуваме. Точна статистика за бројот на населението за некои периоди не може да се даде, зашто административно границите на повеќе населени места се менувале од една во друга околија, како и заради немање статистички евиденции за првите 20 години на овој век.

Но, сепак, ориентационо, а во повеќе случаи сосема точно ги изнесуваме податоците за бројот на жителите во споменатиот период. Во 1900 година, кога се и објавени податоците, по пишувањето на бугарскиот патописец К'нчев, целата Охридска каза (во која спаѓала и Струга со селата), со вкупно 105 населени места, имала 60 305 жители.[6] Спроти Илинденското вос-

тание, 1903 година, бројната положба на жителите во охридско-струшкиот регион е непозната, бидејќи не се сочувани званични податоци. Во некои балкански земји (Србија, Црна Гора), а посебно во Македонија, а аналогно на тоа и во овој регион во периодот од 1903-1918 година по развојот на популацијата бил катастрофален. Како ретко друг крај на Балканот, територијата на Македонија, за релативно краткиот период, во двете децении на XX век, беше непрекидно жариште на жестоки воени судири, како што се Илинденското востание, Младотурската револуција, Балканските војни и Првата светска војна.

Се разбира, во овие судбоносни воени ситуации голем број на Македонци, како борци за време на Илинденското востание или како присилни војници, изгинале или изумреле од глад, болести и епидемии. За време и непосредно по војните за навек од Македонија заминале многу турски семејства. Илјадници Македонци ја оставиле својата татковина, одејќи во соседните или подалечните земји, со што Македонија се лишувала од работноспособна сила и интелигенција.[7] Голем дел од машкото население, посебно од овој пасивен регион, по традиција како печалбари го напуштиле својот крај, своето огниште, не само од економска, туку и од политички побуди.[8]

По пописот што е извршен во март 1913 година, во Охридска околија, во која влегувале трите градови: Охрид, Струга и Поградец, живееле 71 807 жители.[9] Според изнесените податоци од окружниот охридски началник Јован Ќирковиќ, во 1914 година имало 77 152 жители,[10] додека во 1916 година, според податоците на градските општини во Охрид и Струга,

Охридска околија имала 29 8о1, а Струшка 37 153 жители. Само градот Охрид имал 9 ооо, а Струга 4 561 жители.[11] Се разбира, овие податоци не се званични и не можат да се земат како сосема точни.

Статистичките податоци од 1914 година споредени со овие званичните од 1921 година, навистина се поразни. За тоа зборуваат бројките. Според званичните статистички податоци на Кралството на СХС, во 1921 година во Охфидска околија имало 29 118, а во Струшка 25 144 жители.[12] Во периодот од 2о години, од 19оо-1921 година, во свој регион населението било намалено за 7 298 жители, додека во наредниот период, помеѓу двата пописа од 1921-1931 година, бројот на жителите се зголемил за 6 859 жители.[13] Така, по пописот од 1931 година во Охридска околија живееле 33 361, а во Струшка 28 о17 жители.[14] Бројот на жителите до 1941 година бил во постојан пораст. Многу печалбари од другите земји се враќале во своите домови. Оделе на печалба во внатрешноста на Југославија, а во евиденција се воделе во родните места. Во 1941 година во охридско-струшкиот регион живееле 71 721 жители, т.е. со 1о 6оо жители повеќе од 1931 година.[15] Со зголемувањето на жителите, се јавувале се' поголеми потреби за разновидни занаетчиски и индустриски производи и услуги.

## а. Економскиот живот во охридско-струшкиот регион во првите две децении на XX век

Општествено-политичките, воените, административните и други промени што, скоро, секоја година настанувале во првите две децении на XX век во охридско-струшкиот регион, имале

./.

далекусежни политичко-економски последици, како што се: менување на граници, миграциони движења, менување на други државни господари и друго. Сето тоа ќе има големо влијание во националниот и економскиот живот на населението.

По Илинденското востание, како што е познато, и понатаму уште повеќе се влошувал економскиот и политичкиот живот на населението во Македонија. И понатаму владеела воено-политичка и економска несреденост. На ова подрачје, во Битола и во другите градови на Западна Македонија, во 1908 година ќе избувне Младотурската револуција. По овие воени внатрешни настани и се изброени деновите на турската империја. Балканските буржоазии и монархии се здружиле да ѝ објават војна на Турција за да ги остварат своите вековни стремежи - поделба на Македонија. Почна Првата, а потоа и Втората балканска војна. Нивниот тек и цел се познати. Овој регион потпадна под власта на српската буржоазија. И Првата светска империјалистичка војна донесла големи последици за охридско-струшкиот регион.

Петвековниот српски начин на живеење и работа, управно и правно, се менувал. Српската буржоазија применувала свои закони и свој политички и економски живот, но во првите години тешко можела да ги примени новите прописи. Впрочем, тоа началникот на Битолскиот округ Марко Новаковиќ, испраќајќи одговор на барањето од Министерот за внатрешни работи во 1913 година, а во врска со положбата и примената на законите во Вардарска Македонија, односно за ова подрачје, пишува:

./.

"Премногу би било смело од моја страна кога со едно генерално категорично мислење би предложил да стапат во живот поимено сите закони или да го негирам нивното воведување... Се плашам бидејќи ќе имаат лошо дејствие, до колку стапат во важност сите закони од стопанската, граѓанската и просветната струка".[16] Тоа значи дека добриот познавач на приликите во овие краишта, на српската влада и препорачува постепено да се воведе ред во владеењето, а не веднаш да се применат сите закони, бидејќи, како што пишува окружниот дебарски началник до соодветниот министер, сеуште не е ставен добар темел на новата власт. Меѓу народот се слушале гласови:"Едни Турци си отидоа, а други ни дојдоа".[17].

Младотурската революција го забрзала уште повеќе развојот на стопанството во Турција - расчистувала пат за натамошен развиток на производните сили и за ширење на индустријата во Македонија.[18] И во охридско-струшкиот регион се јавиле желби за развој на индустриски објекти. Група на трговци од Охрид и Струга во 1911 година ги акумулирале своите средства и во двата града решиле да изградат модерни млинови. Биле порачани и машини од Австрија, но поради воените прилики замислата за изградба на првите индустриски објекти во овој крај не се остварила.[19]

Западноевропските капиталистички земји во Македонија отворено ги пласирале своите индустриски стоки. Сите поважни пазаришта биле заситени со нови производи. Навлегувањето на евтината индустриска стока ги осипала македонските занаетчии и ја поткопале егзистенцијата на занаетчиството и на некои други стопански гранки. Занаетчиите, во првите две децении на XX век,

преживувале големи кризи и тешкотии. Затоа многу од нив биле принудени да го напуштат својот занает или, пак, со своите примитивни алати да одат на работа во соседните земји. Војните како и новите господари се бореле тоа да го спречат." Но тие наши сограѓани не смеат тоа да го чинат - наредува во 1913 година министерот за народно стопанство на Кралството на Србија, бидејќи со своите сиромашни работилници во новите краишта, ќе дојдат до поголема опасност, до пропаѓање".[20]

Во исто време и трговците за набавка и продажба на стоки веќе се преориентирале. Го напуштиле солунскиот пазар, се поврзале со Белград, од каде што набавувале стока што се носела од западноевропските земји. Како нов стопански центар во Македонија станал градот Скопје. Кралството на Србија уште во 1913 година имало формирано свој трговски инспекторат во Скопје преку кого"редовно ќе бидат известувани(Македонците-бм) за цените на светските пазари и ќе им се олесни својата стока да ја упатуваат непосредно на оние места кај што најскапо можат да ја продадат и да ја постигнат најголемата цена".[21]

По завршувањето на балканските војни, стопанството во Македонија, а посебно во овој регион, како и размената на занаетчиските производи, уште повеќе стагнирале. За тоа најмногу придонесле созданените вештачки државни граници. До тогаш целокупното население од двете страни, во длабочина од 30 километри, се снабдувало на тој начин што лично слегувале во овие погранични градови и во нив продавале или купувале свои производи. Војничката граница била така повлечена што сите градови останале на југословенската страна, а нивните потрошувачи биле сосема без пазар. Сите погранични градови нагло опаднале и се раселиле.[22]

./.

Се шверцувало со стока во овој период, и од една, и од друга страна. Населението постојано инсистирало да се воспостават врски на доброволна основа со Албанија, бидејќи со редовната трговија би се спасиле голем број на градови од пропаѓање и би се воспоставил ред и мир таму каде владее, по сила на приликите, шверц, грабеж и разбојништво.[23] На многу места изненадува критичниот став на охридскиот началник Ќирковиќ спрема многу економски појави кои се како резултат на извршените гранични и внатрешни промени од 1912-1914 година кои веќе почнале видно да се манифестираат меѓу населението. Точни се неговите констатации за запаѓањето на занаетчиството и трговијата во Охрид како последица на загубувањето на дотогашните соседни и подалечни места во кои Охрид ги пласирал своите квалитетни занаетчиски производи. Оваа судбина, освен Охрид, ги погодила и многу други градови во Македонија.[24]

Се додека не била повлечена границата со Албанија, стопанството на Струга било на завидна висина. Живата трговија овозможувала големи заработувачки, како на трговците, така и на занаетчиите, земјоделците, сточарите и рибарите. Затоа гордо стружаните во својот занес ја пееле познатата песна "На Струга дуќан да имам". Со повлекувањето на границата, Струга во секој поглед потполно замрела.[25]

Но и покрај поставената граница со Албанија, народот од другата страна, по навика, по традиција, доаѓал на некогашниот прочуен пазар да ги набавува или продаде потребните производи. Тоа го забележал и весникот "Штампа" во 1913 година. Во него се вели дека тие сепак доаѓаат во Струга на пазар, бидејќи тој им е најблискиот град. На Ќафасан уште не

./.

е поставена царинарница, но и кога би била, би требало на овие луѓе да се гледа низ прсти, бидејќи Елбасан им е многу далеку. Во Струга ќе видиш елбасански трговци, а потоа солунски Евреи, кои ништо не купуваат, туку само одат по народот и меркаат: тоа се трговци кои дошле само да се консултираат за идната работа. Пазарот во Струга е многу посетен. Него го посетува цел Дримкол, Дебарца, Јабланица, од горниот слив на реката Шкумба и Девол и целиот западен брег на Охридското Езеро со Охрид.[26]

Еден друг новинар во 1913 година, посетувајќи ја Струга на пазарен ден, исцрпно ги дава цените на поодделни производи и известува дека се наоѓаат мајстори од најразлични занаети. На прво место ги спомнува кондурачите и потковувачите. По улиците чевларите ги растуриле своите чевли од кожа и лакирани женски чевли чија цена изнесувала 20 гроша, а налчаните биле поевтини. Освен чевли, се троши кожа за опинци што е исечена во широки ремења од 12 см. и долги до три четвртини од метро. По главната улица се продавале елеци од специјален крој, што биле сошиени со сина, црна и црвена чоја, како и везени марами, шамии и ризи. Цената им е околу 4 гроша по парче. Посебно внимание што привлекувале кај посетителите биле кујунџиите. Ги имало преку 15 мајстори. Тие работеле исклучиво само пртења и позлатени крстови. Но, како специјален производ на струшките кујунџии биле петлиците за кецелите и појасите од срма. Тие биле многу тешки, макотрпно изработени и се продавале од 15 до 20 гроша по парче, додека пртените биле многу поевтини.[27]

Охридско-струшкиот регион, значи, се нашол во уште потешка економска ситуација, бидејќи трговијата и занаетчиството се развивале во изменети услови и можности. Пред се' и Охрид како економски центар во Охридската котлина веќе се губи.[28]

./.

Затоа маса од некогашните богати трговци сегаседеле со скрстени раце. Трговецот, кој за време на пазарните денови во Охрид правел промет од 60 до 100 лири, тешко можел да ги оствари,[29] бидејќи од пограничните градови ги изгубил многуте потрошувачи. Меѓу нив се и Струга и Охрид.[30] Губењето на соседните и подалечните подрачја, од една страна, а, од друга, појавата на индустриските производи и емигрирањето на турското население, ќе имаат последици за занаетчиите. И во овој регион брзо се менувал начинот на живеењето и облекувањето. Многу печалбари од овој крај патувале и работеле во други земји, и враќајќи се оттаму донесувале нови навики на живот и облекување сврзани со индустриското производство.

Занаетчиите работеле со примитивни средства и не можеле да ја издржат конкуренцијата на големите работилници што работеле со најсовршени средства и во големи количини. Нивната конкуренција занаетчиите ги терала го редовите на пролетерите. Занаетчиската работа, како примитивна, морала да пропаѓа, но занаетчиите како сталеж сеуште не можеле да ја сфатат таа историска нужност.[31] Занаетчијата да би ја задржал својата разнишана положба, ја зголемувал експлоатацијата на калфите и чираците, барајќи од нив подолго време и поинтензивно да работат, а ги плаќал се' пониско.[32]

Во првите две децении на XX век земјоделието е, исто така, во опаѓање. Затоа купозната моќ на населението во секој поглед била намалена. За време на Првата светска војна владеела голема глаедост. Жени и деца доаѓале во Струга да

./.

барaат жито, а жито никаде немало. Ја колнеле и преколнувале бугарската војска: "Зарем е таа толку фалена Бугарска, огин да ја изгори! Умревме од глад!". На народот, скоро, секој месец му се одземала стока. Насекаде во овие краишта владеело насилие, убиства и немир меѓу населението.[33] Целото способно и неспособно машко население било мобилизирано од бугарската или српската војска. Во нив, се разбира, биле и занаетчиите, па жените - земјоделци и старците тешко можеле да се снабдат со земјоделски алати. Немало ни кој да ги поправи земјоделските алати. Тоа дошло до израз во 1916 година кога во двата града навистина повеќе занаетчиски дуќани биле затворени и немало каде да се купува земјоделски инвентар или ако го имало, земјоделците со скудните мизерни приходи не можеле да го купат.[34]

За време на Првата светска војна цените на сите неопходни артикли нагло се зголемувале. Така изразен случај бил и во овој регион. Трговските шпекуланти со животните продукти и други производи царувале. Цените, скоро, секој ден ги покачувале. Тоа продолжило и по војната. На пример, пред Првата светска војна цената на сирењето се движела од 1,2о до 1,6о динари, кашкавалот - 2 до 2,5о динари, кајмакот - 3 до 4 динари, а маслото 1,4о до 2 динари на ока. Цените во 192о година биле многу повисоки.[35]

Непосредно по завршувањето на Првата светска војна, во септември 1918 година, според сочуваните трговски белешки на Ташко Арсов, во Охрид цените на одделни производи за потребите на домаќинствата биле:[36]

./.

| Ред. бр. | Име на производот | Цена во + грошови | Цена во динари | Курс на 1 наполеон злато |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | 1 битолско кило пшеница | - | 25о | 1 нап. - 28 дин. |
| 2. | 1 ока пшеница | 16 | - | 14 дин. |
| 3. | 1 битолско кило 'рж | - | 22о | 1 н.- 28 дин. |
| 4. | 1 ока шеќер | 11о | 12 | 1 нап.- 28 дин. |
| 5. | 1 ока 'рж | 14 | - | - |
| 6. | 1 ока ориз | 65 | 5 | " " |
| 7. | 1 ока грав | 29,5 | 4 | " " |
| 8. | 1 ока сол | 3о | 6 | " " |
| 9. | 1 ока газија | 5о | 1о | 1 нап.- 28 дин. |
| 1о. | 1 ока сода за сапун | 2оо | 15 | " " |
| 11. | 1 ока бела волна | 125 | 15 | " " |
| 12. | 1 чифт волнени селски чорапи | 4оо | 2о | " " |
| 13. | 1 ока жива мера свинско месо | 1оо | 2о | " " |
| 14. | 1 ока овча маст | 2оо | 3о | " " |
| 15. | 1 ока елбасан.масло | 25о | 35 | " " |
| 16. | 1 ока винска кисел. | 6о | 48 | " " |
| 17. | 1 ока кромид | 8 | 7 | " " |
| 18. | 1 ока сапун за перење | 9о | 18 | " " |
| 19. | 1 бакарна тепција | 1оо | 3о | " " |
| 2о. | бакарно котле од 5 оки | 5о | 25 | " " |
| 21. | 1оо гр.германски чај | 1оо | 25 | " " |

+ Цените во грошови се до ноември 1918 година,а после тоа во дин.

./.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 22. | 1оо гр.толчено кафе | 4о | 1о | " " |
| 23. | 1 кибрит | 5 | 7 | " " |
| 24. | 1 миризлив сапун | 25 | 5 | " " |
| 25. | 1 лажица или вилушка | - | 2 | " " |
| 26. | 1 ламба мала за газија | 3о | 6 | " " |
| 27. | 1 шише за ламба | 15 | 5 | " " |
| 28. | 1 низалка суви пиперки | - | 1,25 | " " |
| 29. | 1 ока нечиста пшеница | - | 14о | " " |
| 3о. | 1 ока пресно млеко | - | 7 | " " |
| 31. | 1 германски плуг | - | | |
| | купен на 21.II.1918 год. | - | 255 | " " |

Заработувачката во Македонија и по војната останала мала, а цените на прехранбените и други производи рапидно растеле. Тоа го потврдуваат и цените на следните производи:[37]

| | во 1919 година | во 192о година |
|---|---|---|
| 1. 1 чифт чевли | 12о динари | 35о динари |
| 2. 1 ока шеќер | 6 динари | 35 динари |
| 3. леб | 1 динар | 2,3о динари |
| 4. месо | 8 динари | 16 динари |

Набележаните цени се регистрирани за Скопје, но се верува дека приближен пораст и сооднос е и во другите градови на Македонија. Се разбира, покачувањето на цените најповеќе ги погодило широките народни маси, односно работниците, ситните занаетчии и селаните.

Причините за опаѓањето на некои занаети, главно, се:

1. долготрајните немири во Македонија во текот на првите две деценции на XX век, бидејќи со војните се запуштија и онака бедните занаетчиски работилници и алати, а во исто време се вршеше и грабеж на занаетчиите;

2. поради поскапувањето на низа производи потрошувачите се воздржуваа од купување на занаетчиски производи, купувајќи по голема мера поевтини индустриски предмети;

3. примитивните превозни средства, торбарењето, разните шпекулации, увозот, како и појавата на бесправни мајстори - занаетчиството го довело во уште похаотична положба, во исто време и целото стопанство;

4. многу занаетчии во војните изумреа, младите кадрови долго време не се обновуваа;

5. во охридско-струшкиот регион како главна причина е и таа што се прекинати сите односи со соседна Албанија.

I - a

1. Д-р Панче Кировски, Охридско-струшка област, Скопје,1959 страна 6.

2. Солис, Кроз нове крајеве, "Српска застава",23.III.1913.

3. Архив Србије-Београд, Министарство унутрашњих послова, фасц.16,број 626о од 1о.VI.1913(во следниот текст:А.С.-МУП).

4. Трајко Зајковски, Административно-територијална поделба, организација на власта и канцелариското работење во Македонија (1918-1941).

- Реферат, поднесен пред Друштвото на архивските работници на СРМ, Скопје, 29-3о мај, 1969, стр.5 - 1о.

5. Д-р Мијо Мирковић, Занатска политика, Београд, 1934, стр.17

6. Васил Кънчевъ, Избрани произведения, т.II.София,197о,стр.554.

7. Историја на македонскиот народ, кн.III,1969,Скопје,стр.8.

8. Д-р Лазар Соколов, Промени у структури становништва на територии Н.Р.Македоније 1921-1953, као и одраз економског развоја, Скопје,1962, стр.43-44.

9. А.С., Београд, МУП, Фасц.16,бр.626о од 1о.6.1913.

1о. Љубен Лапе, Охридски округ во 1914 година,"Гласник на ИНИ", бр.3, Скопје,1969, стр.171.

11. Т.Кантарџиевъ, При Охридъ,Преспа и Шкумба, София,1926,стр.15.

12. Предходни резултати пописа становништа од 31.III.1931 године у Краљевини Југославије, Београд, 1931, стр.21.

13. Д-р Панче Кировски, цитирано дело... стр.47.

14. Предходни резултати пописа становништва...цит.дело стр.21.

15. Д-р Панче Кировски, Цитирано дело,стр.47.

./.

16. А С-Београд, М У П, фасц. 16.бр.9617,29.Х.1913.

17. А С-Београд, М У П, фасц.16, бр.поверлив 1581,27.04.1913.

18. Д-р Данчо Зографски, Развиток на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје,1967, стр.493.

19. Д-р Панче Кировски, цит.дело, стр.75

20. А С-Београд, М У П, фасц.16,бр.1558,31.Х.1913.

21. А С-Београд, М У П, фасц.16, Известие на Трговскиот инспекторат од Скопје, бр.942,22.III.1914.

22. Д-р Живко Тополовиќ, Привредни проблеми Југа, Београд, 1927, стр.6.

23. Д-р Живко Тополовиќ, цит.дело, стр.9

24. Љубен Лапе, цит.дело, стр.158.

25. Чакаревиќ Петар, Струга - некада познати трговачки центар постаје важно туристичко место, "Политика"19.7.1940.

26. Милентијевиќ Ѓорѓе, Како је у Струги,"Штампа", бр.172,1913.

27. Бајиќ Милутин, Пазарни дан у Струги,"Пијемонт", бр.318,1913.

28. Д-р Дедијер Јефто, Нова Србија, Београд, 1913, стр.211.

29. Љубен Лапе, цит.дело, стр.165.

30. Савиќ Миливоје, Наша индустрија, занати, и трговина,књ.6. Сарајево, 1928, стр.203.

31. Драговиќ Радомир, Избор чланака, Београд, 1954, стр.263.

32. Д-р Зографски Данчо, За работничкото движење во Македонија до Балканските војни, Скопје, 1950, стр.72.

33. Аноним, Допис од Корча, "Јужна Србија", Солун,бр.102,22.7.1916

34. Битовски Крсте, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација 1915-1918 година,

./.

"Гласник на ИНИ, Скопје, 196о, бр.1-2,стр.7о.

35. Зечевиќ Мил.Економско стање у Округу Охридском, "Трговски гласник", 29.II.192о.

36. Народен музеј - Охрид, Тефтер на Арсов Ташко"Мои стари есапи" за 1918-192о година.(Во следниот текст: НМ.).

37. Анонım, Штрајкот на кожларите во Скопје, Историски архив на КПЈ, т.7, Скопје, 1951, стр.259.

# ГЛАВА ВТОРА

## ПОЛОЖБАТА НА ЗАНАЕТЧИИТЕ ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН ОД 1919-1929 ГОДИНА

Војните од првите две децении на XX век, како и неправедниот Версајски мировен договор оставиле тешки последици во економскиот и политичкиот живот на македонскиот народ. Покрај територијалната распарченост и националното поробување од буржоазиите и монархиите на соседните балкански држави, беше раскината и стопанската целост и поврзаност меѓу одделни подрачја во Македонија. Буржоаските влади на Србија, Бугарија и Грција, секоја во заграбениот дел од Македонија, почнале да спроведуваат груба денационализација и неиздржлив политички и економски терор за да ги "направат" Македонците Срби, Бугари или Грци.

Создавањето на првата југословенска држава, Кралството на СХС не ги исполнило очекуваните барања на сите југословенски народи, а посебно на македонскиот народ. Големосрпската буржоазија македонскиот народ го нарекува"српски", а географското име Вардарска Македонија го заменувала со името"Јужна Србија", со цел да го збришат македонското име. Македонскиот народ, економски и воено исцрпен, се нашол во многу тешка ситуација, во потполна стопанска стагнација, а посебно во пограничните населби чие население, може да се рече, по сила на приликата во голем дел ги напушти своите краишта. На граничните места најпрво се судрија политичките интереси на соседните земји, борејќи се која повеќе да грабне од Македонија, која повеќе да земе неоправдано поодделни села и

поголеми македонски територии. Се создадоа неприродни граници на штета на македонскиот народ. Создадените граници и трговскиот прекин со Албанија најмногу економски ги погодило Охрид, Струга и Дебар.

Воените пустошења оставиле непоправливи траги и во онака неразвиеното стопанство. Освојувачите и во овој регион зад себе ги оставиле сите последици на една војна: од мобилизираните војници малку здрави и способни се вратиле, добитокот и храната биле веќе исцрпени, биле урнати многу згради во селата и градовите, а посебно биле уништени и така неуредените патишта и мостови. За време на војната голем дел на Македонци невино го загубиле животот, а некои семејства од овој крај, поради економски или политички причини, сосема ги напуштиле своите огништа.

Лошите последици од војната се одразиле и врз стопанскиот живот во Охрид и Струга и целата околија. Од некогаш развиени економски, политички, културни и просветни центри, по оваа војна се нашле на периферијата од југословенската држава. Двата града, место економски да се развиваат, меѓу двете светски војни стагнираат во секој поглед. Секоја позитивна акција на македонското население била спречувана.

Охрид и Струга се градови со тесни улици, со кепенци едвај високи до два метра. Условите за живеење и работа биле прилично лоши и мизерни. Работилниците на занаетчиите биле без светлост, без душеме, а повеќе од нив закопани в земи. На улиците секогаш имало нечистотија.[1] Занаетчиските дуќани во Охрид биле лоцирани каде што се и во денешно време

./.

(односно на улица "Гоце Делчев"). Некои побогати занаетчии имале дуќани и во главната, трговска улица. Во Струга биле каде што се и во денешно време. Во првите години по војната "Политика", опишувајќи ја охридската чаршија и градот, забележува: "Стариот Охрид е со дрвени куќи на ридот, со кепенци во чаршијата, со валкани дуќанчиња и непочистени улици. Брегот на езерото како што бил уреден за времето на кралот Владимир, таков е и денеска за време претседникувањето на г. Темко Поповиќ. И тогаш светот пиел вода од езерото, и денеска, се фрла ѓубре во истото тоа езеро и се зема од него вода за пиење. И фала му на господа народот сепак постои. Нема ни трговија со Албанија. Чамците и бродчињата се врзани покрај брегот".[2]

Во Западна Македонија и по завршувањето на војната неколку години владеело безредие и несигурност за животот на населението. Овде царувале албанските одметници - качаци кои вршеле грабежи, уценувања и други насилства со поддршката на тиранската влада и скришно помогнувани од некои српски началници или воени команданти.[3] Така, овие банди го продолжиле својот стар разбојнички занает и станале нов фактор на насилството, несигурниот живот и елемент за слабеење на стопанската активност,[4] која и онака во економски поглед меѓу најзаостанатите во Вардарска Македонија. Тие станале толку силни и бесни што не било ни во најцрниот турски период. Во охридско-струшкиот регион, по должината на албанската граница делувале неколку чети, меѓу кои имале и такви банди кои од село во село го грабеле народот, како што бил случајот

./.

со разбојникот Абдула Бојко од село Долна Белица, Струшко.[5] За оваа цел Министерскиот совет на кралската влада на СХС, за помагање на арнаутските чети, во 192о година потрошило 1.729.864 динари, а биле обезбедени 2.ооо.ооо динари по буџетот.[6] И, што е посебно важно, арнаутските чети место да соработуваат за целите на српската влада, работеле дволично, само да спечалат пари.[7]

Населението од овој регион по војната место да очекува слобода и мирна работење, живеело во страв, со сознание дека качаците се посилни од државата и власта. Луѓето немале сигурност дури и за сопствениот имот. Им го земале плодот од нивите и ливадите. Со право народот се прашувал што да работи во вакви положба.[8] Господари на ситуацијата биле жандарите и службениците. За секое реагирање од луѓето полицијата ги малтретирала по затвори или од канцеларија во канцеларија. Македонскиот народ и овој пат увидел дека за него нема правина, бидејќи српската буржоаска власт повеќе на жандарите им верувала, отколку на суровата вистина што ја кажувал народот.[9]

Шефот на трговскиот инспекторат од Скопје Д-р Александар Илиќ во 1919 година, по анкетниот материјал за положбата на трговијата и индустријата што бил разгледуван на седница од Министерскиот совет, кој добро ја познавал стопанската и политичката ситуација во Македонија, нервозно, сликовито и симболично ги изрекол овие зборови: "Во Македонија нема ништо. Таму беше фронт до пред неколку денови. Непријателот не само што економски го експлоатираше и мачеше народот туку и му беше криво што и самата земја неможеше да ја мачи"..[10] Од грабувачката политика што ја спроведувала големосрпската буржоазија со помош на жандарите,

./.

разните "државни комитети" и слично, била насочена исклучително за нејзино збогатување. Безработицата и лошите животни услови на македонските работници, нерешеното аграрно прашање за селаните, западањето на занаетчиството и шиканирањето на интелигенцијата, како и жестокото национално угнетување, ги револуционизирало се' повеќе широките работни маси во Македонија.[11]

По Првата светска војна, незадоволнота македонско население, сфаќајќи дека се наоѓа и понатаму под туѓа власт, национално, политички и економски обесправено, решило да ги поддржува идеите на КПЈ и во Македонија да формира партиски организации, со цел да се бори за правда и за слободна Македонија. Пролетерите ја немале ни најпростата заштита на својата работа, а занаетчиите и ситните трговци, како и сета работна маса, биле и немилосрдно грабени со тешки даноци, шпекулантски махинации и така натака. Спрема тоа, во Македонија класната борба помеѓу работниот народ и неговите експлоататори земала голем замав.[12]

Во 1919 година во многу градови од Македонија се формирале партиски организации, меѓу кои и во Охрид. Со оглед што во Охрид во овој период, а и покасно, во вистинска смисла на зборот нема вистински индустриски работници, занаетчиите, наоѓајќи се во тешка економска положба, се на страната на КПЈ. Тоа се гледа од фактот што половина членови во охридската партиска организација биле занаетчии, а на изборите во 192о година, главниот збор во агитацијата и во гласачките места го имале занаетчиите. Благодарение на нивната активност, во Охрид и Струга за прв пат бил избран комунис-

тички пратеник од овој регион.[13]

Селаните по војната брзо се вратиле во своите ниви, занаетчиите во своите работилници, а трговците во дуќаните. Во првите години охридските и струшки занаетчии не биле во состојба да го унапредуваат своето производство, бидејќи во секој поглед биле немоќни. Пред сѐ немале суровини, немале пазар каде да ги пласираат производите, немале пари кој да ги купува. Секој се борел во првите години само да обезбеди леб за исхрана на своето семејство. Занаетчиите во градовите го носеле целиот товар на стопанскиот живот и правеле големи напори економскиот живот да се нормализира, а особено за потребите на селското стопанство. Многу трговци и занаетчии од овој регион, како и населението што останало во Албанија, непосредно по војната барале да ги посетува пазарите во градовите од двете страни. Такви молби имало од повеќе занаетчии и трговци од Охрид и Струга. Поради тоа локалните државни власти биле присилени да бараат за "овие зафрлени градови на Југ" што побрзо да се реши ова прашање, бидејќи тоа носела огромна материјална штета во Охридскиот и Битолскиот округ.[14]

Преку Охрид и Струга во Албанија, главно, се извезувало: пченица за семе, квалитетно брашно, граѓа, ќерамиди, пченка, семе, јажиња и сите манифактурни продукти што кај нас самите занаетчии ги произведувале, а се увезувал албански тутун, маслинки и масло. Покрај политичките тешкотии, причина за лошите економски односи со Албанија, главно биле и: несигурната јавна безбедност на границите помеѓу двете држави, многу лошите сообраќајни врски, нерешениот меѓудржавен погранично-

./.

чен трговски режим, бидејќи за секое применување од една во друга страна биле потребни повеќе административни формалности, а и некои други тешкотии.[15]

Поради тоа економскиот живот во пограничните градови со Албанија многу опаднал, што видно се почувствувал и кај занаетчиите. Кој што го гледал животот, особено стопанскиот живот во Призрен, Дебар, Охрид и Битола - во 1923 година забележува "Трговски гласник", тука мора да стекне впечаток, дека овие некогаш живи и големи трговски градови нагло опаѓаат и изумираат како жив организам.[16] Во врска со затворената граница со Албанија, весникот "Политика" во 1927 година, пишува: "Повеќе години границата спрема Албанија се држи затворена. И како последица венеат стопанските средишта, граничните градови, Призрен, Дебар и Охрид. Чекаат вредните трговци и занаетчии државата, голема и силна, да му дозволи на малиот сосед да помине преку граничната меѓа и наврати под нивните ќепенци за пазарење. Чекале и ја јаделе својата мачна и тешка заштеда. А кога ја изеле, без надеж тргнале за леб во нови краишта и непознати места".[17]

Спрема податоците што ги има прибрано Министерството за трговија и индустрија, во 1919 година за положбата на занаетчиите , се гледа дека насекаде занаетчиството било во опаѓање или стагнација, "а напредувале чевларите, опинчарите, [illegible], коларите, ковачите, качарите, градежните занаетчии и пекарите, но дали во иднина ќе покажат прогрес е прашање".[18]

./.

Заработувачката на занаетчиите и нивните помошници поради несредената економска и политичка положба, во повеќе места варирала и не може да се рече дека некои занаетчии многу заработувале, бидејќи, пред се, немале доволно суровини и постојана работа. Дневната заработувачка се движела од 15 до 2о динари, а исклучок правеле чевларите и опинчарите кои дневно заработувале и 4о до 5о динари.[19]

Во несредените правно-еснафски односи меѓу занаетчиите најмногу тешкотии на правните мајстори им правеле таканаречените "патнички занаетчии". На државата тие не плаќале никакви давачки и, се разбира, биле во состојба своите производи да ги продаваат далеку по пониски цени отколку правните мајстори. Оделе по селски пазари и секаде каjшто се трошеле повеќе занаетчиски производи. Каква била стопанската положба во охридско-струшкиот регион непосредно по Првата светска војна сосема сликовито и точно кажува окружниот началник од Охрид. Во извештајот доставен до Министерството за трговија и индустрија тој пишува:

1."Ниту во еден град од овој округ не е ништо преземено за развивање на индустријата, а најголема пречка се лошите комуникации и сообраќајот. Кај некои граѓани постоела идеја во градот Охрид да подигнат еден или два парни млина, но во тоа ги спречила воената ситуација, лошите патишта и немањето на превозни средства да се пренесат потребните машинерии од Битола до Охрид.

./.

2. Во Охрид би можело да се основа индустриско претпријатие за конзервирање на риба и овошје, бидејќи ги има во доволна мера сите потребни суровини.

3. Општината не може да даде никаква помош или олеснение за основање на овие индустриски гранки...

4. Со развојот на индустријата многу би се придонесло да се развие железничкиот сообраќај, што веќе постои од Скопје до селото Мешеишта, би се довршила пругата до Охрид, како и изработка на патиштата за автомобилски сообраќај и да се обезбедат два брода за одржување на врска по езерото со Поградец и Корча.

5. Поради воените прилики, сиромаштијата на граѓаните и општините во овој округ - општините ништо не презеле за усовршување на занаетчиите и нивното унапредување.

6. Од градот Охрид за Битола се извезува разно овошје и земјоделски производи, риба и кожи од дивеч: лисици, зајаци, куни, диви мачки, јазовци и тоа во голема количина.

7. Ниеден град во Округот нема своја мелница, ниту водовод. Градот Охрид, како и Дебар сакаат да имаат електрична централа. За Охрид би можело многу лесно и со голем капацитет да се направи на реката Црн Дрим кај Струга.

8. Градот има три општински дуќани. Во градовите Охрид,Струга и Дебар општините би подигнале повеќе дуќани, но немаат пари и стручни занаетчии."[20]

./.

Овие податоци, и не само овие, се доволен аргумент дека населението од охридско-струшкиот регион, главно, се занимавало со земјоделие, а дел од населението во градовите со занаетчиството, трговија и рибарство. Во Охрид, кај надлежните власти, правно биле пријавени во 1919 година 183 занаетчии, од кои најповеќе имало: чевлари (48), пекари(25), ковачи (23), касапи (12), шивачи (11), столари (8), потковувачи (7), бербери (5), самарџии (5) и така натака. Во истиот извештај за поодделни занаети за градовите Струга и Дебар групно е изнесен бројот и на следните занаети: Sидари 777, столари 112, пекари 1о3, чевлари 8о, ковачи 54, бербери 35, абаџии 32, опинчари 24, шивачи 23, самарџии 2о, касапи 18, потковувачи 7 и друго.[21]

Се разбира, овие податоци би требало да се земат со резерва, бидејќи многу занаетчии, иаку работеле, не ги регистрирале своите фирми и административните власти не биле во состојба да ги приберат точните податоци. Еден од добрите познавачи на занаетчиството, д-р Димитрије Мишиќ, пишувајќи за положбата на занаетчиите во овој период, вели: "Дури и во 192о година, според извештајот на Занатската комора од Белград, 5о% од занаетчиските работилници не биле обновени. Поради пореденоста на бројот на занаетчиските работилници и нивната примитивност, како и поради општиот просперитет што е предизвикан од инфлацијата, репарациите и обновата на земјата, занаетчиството по војната почна нагло да се развива. Во тоа време проблеми немало. Овој нагол скок ќе трае се' до 1925 година. Тогаш настанува извесен застој, подобро речено

средување, се до 1929 година, кога се јавуваат првите знаци на една сериозна и длабока криза во целото стопанство, па и во занаетчиството".[22]

Така, во првите години по Првата светска војна, голем број на занаети се развиле и во овој регион. Многу од нив и добро заработувале. Но тоа, се разбира, било времено, бидејќи Македонија како заостаната и неразвиена стопански земја, занаетчиството брзо ќе биде изложено на ударите од конкуренцијата на индустриското производство од поразвиените југословенски земји.

Меѓутоа, во меѓувреме, во првите децении на XX век, многу занаети што биле развиени во XIX век, сега целосно пропаѓале, како што бил случајот со ќурчиите и табакчиите во Охрид, а занаетчиите станувале обични работници или се преориентирале на други занаети. Тоа е, пред се; последица од продирањето на капиталистичките елементи и односи во стопанството и од конкуренцијата на индустриските стоки што доаѓа како неминовна појава во целиот тој процес.[23] Охридско-струшкиот регион бил меѓу најслабите стопански краишта во земјата. Причина за тоа биле и слабите сообраќајни врски со другите градови, посебно со Скопје и Белград.[24] За превоз од Битола до Охрид, иако сообраќајот бил мошне редок, во 1921 година се плаќало 1 динар по килограм.[25]

Од друга страна, занаетчиите морале да се приспособуваат и кон новите економски промени што го засегнувале, како градското, така и селското население. Охрид и Струга како погранични градови, од една страна, ги изгубиле своите потрошувачи, а од друга, со постепеното иселување на Турците

од Македонија, кои биле добри потрошувачи на занаетчиските производи, мнозина занаетчии биле присилени да се преориентираат во своите занаетчиски дејности. Градовите нагло ја губеле својата ориентална атмосфера и биле лишени од голем број на трговци и занаетчии и токму тие останале без свои потрошувачи.[26]

Занаетчиите во малите градови, а посебно во овој регион, преживувале големи лични кризи и тешкотии. За нив никој не водел сметка. Тие сами се бореле за опстанок и барале начин за самоодржување. Во првите години бил редок случај некој занаетчија од провинцијата да добие помош во суровина или кредити, за проширување и усовршување на занаетот. Затоа со право весникот "Занатлија" во 1924 година изнесува дека на занаетчиите од Македонија не им се обрнува потребно внимание, дека од помошта што требало да се даде по војната на бедните занаетчии во провинциите, со време се "погрижиле" побогатите мајстори од близината на Белград, со протекција, да дигнат што повеќе, оставајќи ги другите занаетчии со празни раце, како тие да не се синови на оваа земја.[27]

Општа констатација е дека ретко занаетчија или трговец од овој регион по Првата светска војна да имал големи финансиски средства, но сигурно е едно, дека занаетчиите едвај успевале да заработат колку за леб. Имало занаетчии кои во денот, просечно, не заработувале повеќе од 1о динари.[28]

Бидејќи куповната моќ на населението била сосема мала, занаетчиите работеле за многу ниски цени. Така, во Охрид и Струга во 1927 година чевли од најдобра кожа се продавале поевтино за 1оо и повеќе динари од оние што би се

купиле во Белград. Еден машки костум се шиел за неколку стотини динари повтино. Така било и во другите занаети, а занаетчиите биле задоволни и со помала заработувачка.[29] На тој начин упропастените занаетчии не можеле да се претворат во индустриски работници, зашто македонската индустрија и не постоела, туку во паупери што вегетирале со полугладна егзистенција.[30]

Занаетчиското производство било изразито стоковно, наменето во целост за пазарот на овој регион. Општо земено, занаетчиите од овие два града не употребувале наемна работна сила или, пак, ако вработувале,во тој случај имале по еден шегерт или еден калфа, но и тие, главно, биле деца од најблиското нивно семејство. Се разбира, во оваа смисла имало и мали исклучоци. Трговците постепено станувале економски појак градски слој. Занаетчиите воделе упорна борба да го спречат овој процес. Ги употребиле сите свои сили, како што вели Ленин, "како лични, така и колективни, за да ја задржат конкуренцијата и да не ги "пуштаат" соперниците во својот реон, да ја зацврстат својата положба на ситен сопственик, кој што има одреден круг на купувачи".[31]

Цените на сите производи во периодот од 1919 до 1929 година растеле многу брзо, особено на прехранбените продукти, а снабдувањето не било сигурно. Тоа им одело по рака на трговците. На стоката што ја купувале и разнесувале од град во град заработувале и сто на сто. Само за илустрација за скокот на цените во Вардарска Македонија две - три години по Обзнаната донесуваме неколку податоци. На

./.

1 јануари 1921 година минимум дневно за исхрана потребно биле 2о,98 динари. Минимумот за облекло и чевли изнесувал 11,1о динари, додека на 1 јануари 1923 година дневниот минимум за исхрана се зголемил за 4о,61, а за чевли и облекло на 23,53 динари. Зголемувањето во првиот случај е 94%, а во вториот 112,62% повеќе.[32]

Со преминот на КПЈ во илегалност, по Обзнаната, најмногу била погодена работничката клса, бидејќи немало кој да ги штити нејзините интереси. Колку време работеле занаетчиите не може да се каже точно, но едно е сигурно дека низ целиот свој живот секогаш работеле повеќе од 1о или 12 часа. Некои занаети чија дејност се одвивала и ноќно време или во пресрет на некој верски празник работеле и по 16 и 18 часа.[33]

По војната, многу занаетчии биле користени и за работа на државните патишта. Тоа било еден вид присилно кулучење. За кулучењето дневница им плаќале од 5 до 15 динари. Оваа положба и многубројните жалби на населението го навело народниот пратеник од овој крај Серафим Крстиќ во 192о година да се жали до Министерот за внатрешни работи, пишувајќи му: "Во ова време, кога надницата се движи од 2о - 5о - 6о динари, ова е еден голем грев и неправда што се спроведува со сиромаштијата. Оваа надница не стасува ниту за леб на кулучарот, кој покрај себе, со својата работа мора да го издржува целото семејство."[34] Се разбира, на ова присилно работење биле земени и други жители од овој регион.

./.

Во Вардарска Македонија во првите години по војната, постоеле и делувале 43 занаети,[35] а во Кралството на СХС во 1928 година поименично се регистрирани 94 занаети.[36] Од овој податок се гледа дека во периодот од 1918 до 1929 година во Вардарска Македонија само половина од овие занаети биле развиени, бидејќи се' уште не се применувале новите технички и практични изуми во животот, како што е струјата, водоводната мрежа, кинематографијата и друго. Според тоа, занаетчиите од овој регион работеле целосно само за потребите на локалното население. Во 1925 година во Охрид имало 185 регистрирани занаетчиски, а во Струга 143 занаетчиски работилници.[37] Но и овие податоци не можат да се земаат за точни, бидејќи занаетчискиот еснаф од Охрид дава други податоци за регистрираните фирми. Бројот на занаетите и занаетчиите од 1919 до 1928 година во Охрид се гледа од следниот преглед:[38]

| Ред. бр. | Име на занаетот | ГОДИНА | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 1919 | 1925 | 1928 |
| 1. | Абации | - | 2 | 2 |
| 2. | Бербери | 5 | 7 | 25 |
| 3. | Бравари | - | - | 1 |
| 4. | Бојаџии | - | 1 | 3 |
| 5. | Бисерџии | - | - | 1 |
| 6. | Везачи | - | 3 | 7 |
| 7. | Варничари | - | - | 3 |
| 8. | Зидари | 3o | 57 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. Јорганџии | - | - | 2 |
| 1o. Јажари | - | - | 1 |
| 11. Книгоповрзувачи | - | - | 2 |
| 12. Качари | - | - | 5 |
| 13. Колари | - | 1 | 3 |
| 14. Ковачи | 23 | 8 | 13 |
| 15. Казанџии-калајџии | - | 3 | 4 |
| 16. Кујунџии-златари | 3 | 3 | 3 |
| 17. Месари | 12 | - | 18 |
| 18. Модискињи | - | - | 2 |
| 19. Молери | - | - | 2 |
| 2o. Млекари | - | - | 1 |
| 21. Ножари | - | 1 | 1 |
| 22. Ориентални слаткарници | - | - | 5 |
| 23. Опинчари | 3 | - | - |
| 24. Пекари | 25 | 13 | 22 |
| 25. Потковувачи | 7 | 7 | 4 |
| 26. Пушкари | 2 | 3 | 3 |
| 27. Столари | 8 | 2o | 2o |
| 2 .. Содаџии | - | - | 2 |
| 29. Сарачи | 1 | 2 | 3 |
| 3o. Свеќари | - | 4 | 5 |
| 31. Слаткари-шеќерџии | - | - | 6 |
| 32. Самарџии | 5 | 6 | 6 |
| 33. Тенекеџии | - | 4 | 5 |
| 34. Табакчии | - | 1 | - |
| 35. Ќурчии | - | - | 2 |
| 36. Фотографи | - | - | - |

./.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 37. | Цревари | - | - | 1 |
| 38. | Чевлари | 48 | 15 | 46 |
| 39. | Чубукчии | - | 2 | 2 |
| 4o. | Часовничари | - | 3 | 4 |
| 41. | Шивачи | 11 | 5 | 17 |
| | ВКУПНО: | 183 | 171 | 254 |

Не се пронајдени точни нодатоци за Струга колку имало занаетчии за овој период. Но, скоро, истите занасти и во овој град биле застапени, со тоа некои помалу, а некои повеќе што биле специфични за оваа средина, како грнчарите и забунарите. Занаетчиите од двата града своите производи ги продавале на пазарите од двата града и по селата. И за податоците за Охрид за бројот на занаетчиите може да се рече дека не се целосни, бидејќи многу од нив не сакале да ги регистрираат своите фирми, иако согласно законските прописи биле должни тоа редовно да го извршуваат. Во овие бројки занаетчиите од селата, со исключок на ковачите, не се регистрирани. Исто така, бесправните мајстори-занаетчии,што ги имало прилично доста, воопште не се земени во предвид на овие бројки.

Од 1924 до 1928 година во Југославија цените на земјоделските производи нагло опаѓале, а со тоа и куповната моќ на селаните. Така, една метарска цента пшеница во 1924 година се продавала за 417 динари, а во 1928 година паднала на 24о динари.[39] Се разбира, од оваа криза најповеќе биле

./.

погодени занаетчиите бидејќи најголеми потрошувачи на нивните производи биле селаните.

Управата на Занаетчиската комора од Белград во 1927 година, анализирајќи ја постојната тешка положба на занаетчиите и барајќи излез од веќе најавените почетоци на економската криза, бара од Министерството за трговија и индустрија да обрне поголемо внимание на занаетчиите. Како неопходност се наведува намалувањето на сите државни давачки и да се овозможат други олеснителни околности за стопанисување; да се изведат јавни работи во пошироки размери, како од државата, така и од општините и областите, а со тоа ќе се намали кризата кај занаетчиите.[40]

Стопанството во Македонија наоѓајќи се пред големата криза, обласниот жупан од Битола донесол низа ригорозни мерки со кои место да ја ублажат положбата - ја влошиле. Се презеле казнени мерки за целосна регистрација на сите занаетчии, се поостриле критериумите на условите за станување на мајстори, за што се барале повеќе документи и финансиски средства и друго.

Една од многу тешките мерки е и таа што обласниот жупан во 1928 година донесол наредба за ограничување на траењето на работата пред пладне и попладне, при што се ограничило и работното време на калфите и на учениците. Понатаму им се забранува и ноќе да работат, а особено за време спроти верските празници.[41] Оваа наредба всушност била една од формалните мерки против мајсторите - занаетчии со цел наводно да ги заштитат интересите на калфите и учениците. Со донесувањето на вакви и слични други одлуки, занаетчиите, по наредба на

полициските власти, биле должни да ги спроведуваат, а со тоа дошле во уште потешка економска положба. Охридскиот занаетчиски еснаф, по жалбите на многубројните занаетчии, барал да се промени работното време од следните причини: 1. пекарите треба да работат и ноќно време и преку цел ден; 2.месарите треба да отвораат порано, оти месото се продава наутро, а попладне, бидејќи работниот свет се враќа од работа, да биде отворено до доцна навечер; 3. за време на верските празници пред еден месец калфите да работат неограничено" онолку колку можат,колку самата работа бара, а занаетчиите се обврзуваат своите работници да не ги преоптоваруваат, туку да работат на смени".[42]

На сличен начин реагирале и се жалеле и струшките занаетчии,"бидејќи занаетчиите од овој крај(потполно) биле поништени, а во исто време и работата не одела стално како што треба, и како што е во другите краишта. Овде занаетчиите имале работа само пред големите празници, а во тоа време со ваков распоред не можеле ништо да изработат, со што постепено и пропаѓаат. Во Струга не се дапало да се работи ниту во затворена просторија".[43] Барањата на охридските и струшките занаетчии ги поддржувала Управата на занаетчиската комора од Белград, советувајќи ги со Жупанот" на згоден и тактичен начин да успеете да преговарате за да дојдат занаетчиите до максимум поволни услови".[44]

Во ваква положба занаетчиството се наоѓало во 1928 година најдобро се гледа од усвоената Резолуција на охридските занаетчии, каде е констатирано следното:

./.

1. Охридските занаетчии како економска целина се ситно сопственички во сите гранки на работата и нивните работилници се сиромашни, со мал или со никаков капитал, а предметите во своите работилници ги изработуваат на примитивен начин со мал број на работници, а повеќе занаетчии - мајстори во своите работилници сами ја извршуваат работата.

2. Занаетчиските работилници мораат да се управуваат спрема работата и движењето на целото население кое може и мора своите потреби да ги набавува во време за кое се слободни.

3. Занаетчиите мораат своите работи, што во повеќе случаи се состојат од порачка, да ги завршуваат и продаваат по спогодба и можности и не се може со никаков закон да се определи времето на истиот предмет, туку мора да се заврши како што времето и работата допуштаат и бараат.

4. Во поголеми случаи селаните доаѓаат во градот и свршуваат свои работи по продавниците токму во она време кога се бара работилниците да бидат затворени, немаат можност да денгубат во градот и треба в село да одат празни. Има и уште неколку други барања што се изнесени во оваа Резолуција во кои во основа "не се бара ништо ново, туку слобода и само слобода за работа".[45]

И покрај тоа што се наоѓало во криза занаетчиството, сепак некои занаети се' повеќе нараснувале, како резултат на тоа што населението немало каде да работи, а во оваа стопанска гранка, што била и единствена, занаетите ги изучувале повеќе деца, не знаејќи дека со своите занаети тешко ќе можат да живеат во иднина.

Зголемувањето на занаетчиските дуќани не било никаков сигурен знак за економската стабилизација на занаетчиството, како што може на прв поглед да се заклучи, кога површно би се разгледувал овој проблем. Спротивно на таа констатација, занаетчиството одело кон пропаст што му ја готвеле здружените капиталисти од земјата и странство.[46]

Македонското занаетчиство во овој период било примитивно и тешко можело да се спротивстави на големата конкуренција од индустриските производи кои трговците секојдневно ги внесувале во Вардарска Македонија. Коњуктурните занаети до појавата на големата економска криза како чевларите, шивачите, берберите, пекарите, касапите и други, знатно се прошириле, што се гледа и од приложениот преглед.(Види преглед на страна 34). Исто така, во ова време во овој регион се јавувале и нови занаети и занаетчии, како: фотографите, браварите, модните шијачки, бисерџиите и други кои во почетокот на овој век не биле регистрирани. Голем број на занаетчии не можеле да се развиваат затоа што во охридската и струшка чаршија многу активно стапиле во акција сваодливите трговци кои со различни индустриски стоки ги полнеле своите дуќани, а со тоа ги конкурирале локалните занаетчиски производи.

II-а

1. Д-р Живко Топаловиќ, Привредни проблеми Југа,Београд,1927 стр.23-24.
2. Милосав Јелиќ, на Охридским изворима, "Политика", 3.12.1925.
3. Историја на македонскиот народ, кн.III.Скопје,1969,ст.14
4. Ќиро Миљовски, Скици за историја на македонскиот народ од 1918-1941, "Гласник на ИНИ", Скопје, година 5,бр.1,1961,стр.77
5. Архив Југославије-Београд, Министарство унутрашњих послова Краљевине Југославије 1918-1941-оделење јавне безбедности, Фасц.79, пов.број 4417, од 19.4.1921.
6. А.Ј.Београд,Министарски савет Краљевине СХС(1918-1941), фасц. 78,пов.бр.553,од 18.I.1921.(Во следниот текст: АЈ МСК СХС)
7. АЈ-Београд, МСК СХС,. фсц.78, пов.бр.26,21.I.1921.
8. Мих.Кујунџиќ, Прилике у Јужној Србији, "Будуќност", Београд, књ.4,бр.3-4,1923,стр.658-659.
9. Мих.Кујунџиќ, цит.дело,стр.661.
10. АЈ-Београд, Министарство трговине и индустрије Краљевине Југославије 1918-1941,фасц.1oo2,Записник II седница од 25.6.1919.(Во следниот текст: АЈ МТИК.).
11. Лазар Колишевски, Аспекти на македонското прашање,Скопје, 1962,стр.146
12. Д-р Данчо Зографски, Појавата и значението на брошурата "Македонија-Македонцима ! Земља земљорадницима"Гласник на ИНИ", Скопје, бр.1,1959, стр.94.
13. Павле Митрески, Парламентарните избори во Охрид во 192o година,„Нова Македонија", Скопје, 3o.7. и 1,2 и 3.8.1971.

./.

14. А.Ј.Београд, М Т И-Кабинет Министра, фасц.7, Пославничко питање Јована Ќирковиќа од 23,5.1921.

15. А.Ј.-Београд, М Т И фасц.991, реферат секретара Скопске трговске коморе од 11.5.1924.

16. Д.Бан,Наши проблеми, "Трговски гласник", 24.9.1923.

17. Аноним,Затворена граница,"Политика", 8.2.1927.

18. АЈ-Београд, М Т И, фасц.342,бр.339 од 19.1.192о.

19. А Ј-Београд, МТИ, фасц.342,бр.339 од 19.1.192о.

2о. А Ј-Београд, МТИ, фасц.991, Извештај Окружног охридског началника, бр.3616 од 7.7.1919.

21. А Ј-Београд, МТИ, фасц.343, Извештај окружног началника бр.1о.64о од 31.12.1919.

22. Д-р Димитрије Мишиќ, Стари и нови занати,"Привредни летопис Задужбине Н.Спасиќа", Београд, III,1938, стр.277-278".

23. Д-р Данчо Зографски, Стопанскиот живот на Велес во 19 и почетокот на 2о век."Годишњик на Економскиот факултет", Скопје, година 5,1958, стр.19о.

24. Милан Гавриловиќ, Охридски округ, "Привредни гласник", 29.III.1923.

25. Рајса В.А.Економско стање у Јужној Македонији"Нов живот", година 2, књ.6 св.12,1921, стр.351. Авторот патувал во овие краишта и може да му се поверува на изнесените податоци.

26. Аноним, Селење Турака, "Политика", 12.2.1927.

27. Стефан Фртуниќ, Тежак живот занатлија Јужне Србије, "Занатлија", година 4,бр.3,1924,стр.1-2.

28. Д-р Живко Топаловиќ, Цитираното дело, стр.25.

29. Јован Димитријевиќ, О потреби подизање Охридског краја "Јужни преглед", година 3,бр.2,1928,стр.7о-71.

./.

30. Ќиро Миљовски, цит.дело, стр.86

31. Љенин, Дела, том.III, стр.257-258,цитат по Др.Данчо Зографски, За работничкото движење во Македонија, Скопје, 1950. стр.72.

32. Д-р Сергије Димитријевиќ, Привредни развитак Југославије од 1918-1941 године, Београд, 1962,стр.97.

33. Преглед историје савеза комуниста Југославије, Београд, 1963, стр.90 (ова го потврдија и повеќе анкетирани занаетчии од овој Регион).

34. АЈ-Београд, Министврство унутрашњих послова Југославије 1918-1941, фасц.21, Урбенција на посланикот Серафим Крстиќ од 24.6.1920.

35. Милан Гавриловиќ, Привреда Јужне Србије, Скопје,1937,стр. 4(глава 4).

36. АЈ-Београд,МТИ, фасц.344, бр.2509 од 15.5.1928.

37. Д-р Живко Топаловиќ, цит.дело, стр.47.

38. Историски архив-Охрид, Занатско удружење Охрид 1923-1941, извадок од списковите за регистрираните фирми. (Во следниот текст: ЗУО).

39. Преглед историје Савеза комуниста Југославије, Београд, 1963, стр.141.

40. АЈ-Београд, МТИ, фасц.342,бр.10.653 од 7.12.1927.

41. ИА-Охрид,ЗУО,1923-1941, кутија 1/1 бр.16.073 од 25.8.1928.

42. ИА-Охрид, ЗУО,кутија 1/1, бр.212 од 14.8.1928.

43. ИА-Охрид, ЗУОструга,1928-1941, Записничка книга од 19.8.1928.

44. ИА Охрид, ЗУ кутија 1/1, бр.5317 од 21.6.1928.

./.

45. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/1, резолуција од 15.7.1928.
46. Д-р Милош Константинов, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1961,стр.84.

## ГЛАВА ТРЕТА

## ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО РЕГИОНОТ ЗА ВРЕМЕ НА ЕКОНОМСКАТА КРИЗА

Почнувајќи од 1929 година, познатата голема економска криза, што ги зафати скоро сите земји од светот, ја затресе и Југославија. Последиците биле многу големи, а во некои земји и катастрофални за понатамошното живеење. Се појавиле сериозни економски промени и нарушувања што се почувствувале во разни краишта на земјата. Кризите сведочат дека капиталистичкиот систем во одредена етапа од својот развиток станува сериозна и неминовна запирачка на производните сили. Причина за кризите, како што вели Маркс, секогаш е сиромаштијата и ограниченоста на моќта од потрошувачките маси.[1] Паѓањето на цените на земјоделските производи за време на кризата од 1929-1935 година биле толку големи што довело до нерентабилност на земјоделието. Малиот и средниот селанец во ова време до некаде се вратил во епохата на натуралното стопанство, претставувајќи да купува на пазар, а живејќи од она што сам го произведувал.[2]

Во Вардарска Македонија, како и во овој крај, со сигурност се смета дека зачетоците на економската криза се' уште во 1926 година, кога земјоделието покажувало симптоми на аграрна депресија.[3] Голема сиромаштија владеела особено на десниот брег од реката Вардар, каде земјата била сиромашна и кајшто јавната сигурност на живот сеуште не била загарантирана. Меѓу загрозените подрачја спаѓаа Охрид и Струга.[4] Цените на земјоделските производи паѓале многу побрзо во споредба со цените на индустриските производи. Така, цените на земјоделските

продукти во Југославија во времето од 1925 до 1933 година, општо земено, се намалиле за 57,4%. Ваквото паѓање на цените најмногу ги погодувало аграрните и заостанатите подрачја, каква што беше Македонија. Во 1931 година 75% од населението на Македонија го сочинувала земјоделското население, од кое само 42,2% било активно.[5]

Во нашата земја почетокот на економската криза се совпаѓа со уште еден многу тежок политички настан на штета на целокупното југословенско население: кралот Александар ја вовел познатата 6 - тојануарска диктатура, а со тоа уште повеќе го заострил полицискиот притисок над населението. Навистина, во Македонија, а посебно во овој регион, густата мрежа на полициските станици и гранични единици го спровел суровиот режим уште со воведувањето на Обзнаната. Најостро била прогонувана секоја демократска и национална појава кај македонскиот народ и наполно бил задушен политичкиот живот во Македонија. Многу нижи и виши гимназии во македонските градови ги укинаа, меѓу кои и гимназијата во Охрид и нижата гимназија во Струга.[6] Напредните работници насекаде биле прогонувани. Наметнатата политичка ситуација, се разбира, имала поголеми последици и во стопанскиот живот.

Покрај земјоделците, од економската криза настрадале и занаетчиите, а најмногу тие што живееле исклучиво од занаетот. Цената на занаетчиските производи од јануари 1927 до крајот на 1933 година опаднале за 28,5%.[7] Упропастеното селско стопанство, кое било најголем консуматор на занаетчиските производи, нагло ја намалило куповната моќ. Интересно е, ако

се изврши споредба со бројот на занаетчиите во двата града и по економската криза, ќе се констатира дека бројот на занаетчиските работилници и понатаму растел. Тоа е неверојатно, но точно. На пример, во 1928 година во Охрид и Охридско имало 254 занаетчии, а во 193о година овој број се зголемил на 289 правно регистрирани занаетчиски фирми и 151 бесправни занаетчии, односно во Охридска околија имало 44о занаетчии кои работеле на 55 занаети.[8] (Види на преглед на стр.43-45.). Според еден друг податок од 193о година, што го има доставено Занаетчискиот еснаф од Охрид до Белград, поединечно по занаети за правни и беспфавни мајстори, во Охрид и селата имало 271 правни и 117 бесправни или вкупно 388 занаетчиски мајстори.[9]

За време на економската криза бесправни мајстори се јавиле најмногу по селата зашто "голем број на селани, покрај земјата што ја обработувале, почнале споредно да се занимаваат и со занаети потребни за на село и за нивното стопанство"[1о] Зголемувањето на занаетчиските работилници не било карактеристично само за овој регион, туку и за целата земја. Така, во 1928 година, во Југославија, имало 184 156, а во 1931 година овој број се зголемил на 221 874 занаетчиски работилници.[11]

Според податоците што ги дава Савиќ, во 1929 година во Струга имало 92 занаетчиски мајстори и тоа: касапи 13, чевлари 12, пекари 12, шивачи 1о, бербери 9, грнчари 6, тенеќеџии 5, самарџии 4, потковувачи 3, фотографи 3, столари 2, часовничари 1 и други.[12] По Гиго Милески во 193о година имало 75 занаетчии,[13] што не е точно. Се разбира, овие податоци не треба да се земаат како сигурни, бидејќи сите занаетчии не се регистрирани, не само во градот, туку и во селата. Интересно е дека

бројот на занаетчиите во овој регион и во наредните години се зголемувал. Така, во 1932 година во Охрид имало 315 протоколирани занаетчиски фирми,[14], а во Струга за прв пат званично се регистрирани 178 занаетчии.[15] Бројот на занаетчиите кои биле правно регистрирани во Охрид во 1933 година изнесувал 286, од кои 127 немале помошни работници, 116 со еден помошен работник, а 39 со по два помошни работници. Со повеќе помошни работници имало само 4 мајстори или вкупно во Охрид имало 21о помошници - калфи. Званично регистрирани во Струга биле 183 занаетчиски фирми.[16]

Големиот замав во отворањето на занаетчиски работилници доаѓа поради тоа што населението немало кај да се вработува и биле присилени"да се снајдат" и да здобиваат занаетчиски квалификации со цел на некој начин да "крпарат" живот и го издржат своето семејство. Појавата на мајсторите по селата,а и нови во градовите, значело упропастување на правните мајстори, кои целиот живот го посветиле на соодветните занаети. Некои занаети под притисок на големата конкуренција од индустриската стока постепено се намалувале, како: чевларите, шивачи ,, ковачите, кујунџиите и други. Но, од друга страна, се јавувале нови занаети и во ова време, како: такси-возачи, автомеханичари, модни шивачи водоинсталатери, велосипедџии и други.

Помошниците - калфите, кои биле многубројни, за време на економската криза морале да отворат свои работилници, бидејќи мајсторите не ги примале на работа затоа што навистина и немале што да работат. Затоа конкуренцијата меѓу самите занаетчии била се' поголема, а намалувањето на цените одело во недоглед.[17] Дека бројот на занаетчиите - калфите за разлика од

другите години во Охрид нагло порааннал, зборува и фактот што во 1930 година ги имало 239 калфи и 256 ученици.[18] Појавата на младите занаетчии, покрај тоа што го намалувале животниот стандард на своите мајстори, на пазарот за поевтини пари носеле свои многу неквалитетни производи. Затоа уште повеќе цените на занаетчиските производи катастрофално опаднале, а заработката на занаетчиите се свела на степен на обична наемнина.[19]

Зголемувањето на бројот на занаетчиските дуќани никако не е подобрување на положбата на занаетчиството, туку обратно, тоа е продукт на раслојувањето и осиромаштување на занаетчиите, што се гледа јасно од опаѓањето на вработената работна сила. Напоредно со бројот на населението во Вардарска Македонија, бројот на занаетчиските дуќани бил поголем во однос на другите поразвиени региони во Југославија. На 100 жители градско население имало преку четири занаетчиски дуќани. Со појавата на економската криза, занаетчиите, кои ги подмирувале селските потреби, бегале од град во селата, со цел да ги смалат своите режиски трошоци. Многу од нив отишле бесправно да работат, чиј број во 1933 година во Вардарска Македонија изнесувал преку 1 100.[20] Поради слабата куповната моќ на населението, занаетчиите не биле во состојба да вработуваат калфи или да држат повеќе ученици. За тоа зборува и податокот, дека во Вардарска Македонија во 1933 година работеле 51,7% занаетчиски мајстори без помошници; 19,3% имале само шегерти, 21,9% по еден помошник; 5,7% по два помошници и 1,4% вработувале по три помошници. Овој податок укажува дека 71% од сите занаетчии во Вардарска Македонија биле прости стокови производители, а занаетчиство со експлоатација на туѓ

наемен труд опфаќало само 7,1% на занаетчиските работилници.[21] Во Охрид и Струга потешка била оваа ситуација, што се гледа од приложениот преглед.(Види страна 55). Секој занаетчија просечно држел по еден калфа или ученик кој, најчесто, бил негов син или внук.[22]

Тропоците околу производството кај одделни занаетчиски гранки честопати изнесувале повеќе отколку цената по која морале да ги продаваат. Во ваква ситуација и самите занаетчии не биле свесни што да направат и какви напори да вложат. Во 193о година во една информација за положбата на охридските занаетчии стои и следното: "Насекаде по кафеаните каjшто се собирале занаетчиите, а посебно чевларите, пекарите, шивачите и други занаетчии, се прашувале како самите да си помогнат. Се знае дека од личниот вреден труд ништо не се добива, а занаетчиите најповеќе се оптоварени и, што е важно, скоро, секоја година даноците биле се' поголеми и се вршеле големи притисоци, бидејќи занаетчиите се носители на големиот дел од државниот и градскиот буџет".[23]

Меѓутоа, чаршијата од двата града и понатаму ја држеле занаетчиите и трговците. Тие грчевито се бореле и настојувале да го сочуваат својот имот и самобитност, иако заработувачка немало. Впрочем, занаетчиите меѓу двете светски војни биле најподложени на врвната криза, лесно можеле во животот да дојдат во положба на сиромаштија.[24] За време на кризата немале и не можеле да ги определат вистинските цени на своите производи. Муштериите со сила ги мoлеле да дојдат во дуќаните и да купат некој предмет и тоа пошто-зошто, дури и по многу ниски цени, само да не оди муштеријата кај друг занаетчија, а со тоа

сами, по сила на приликите, си ги соборувале уште повеќе цените. Се случувало еден занаетчија, шивач или чевлар, во триесетте години, да биде среќен ако заработел дневно 5 до 6 динари.[25]

Оваа положба доаѓала до израз за време на економската криза кога еден занаетчија во просек земал 2оо до 3оо динари месечно.[26] Заработувачката многу опаднала и кај друвите вработени работници, а со тоа и нивната куповна моќ се намалила. Во просек, за седум години, од 193о до 1936, надницата на работниците во Вардарска Македонија опаднала за 8,46 динари,[27] а цените на услугите и производите во југословенски рамки за некои занаети биле паднати од 5о% до 85% во однос на 193о година.[28] Надницата во целата земја, почнувајќи од 193о година била во постојано опаѓање, така што во крајот на 1934 година била намалена за 17% спрема 193о година.[29]

Во охридско-струшкиот регион кризата најповеќе ја почувствувале чевларите и опинчарите. Нивните приходи, за разлика од пред кризата, опаднале за 5о%, а самите чевлари биле присилени да работат и со заработувачка од 5%, која не била доволна за покривање на режиските трошоци. За осумчасовно работење мајстор - казанџија, просечно, заработувал по 5 динари, или нешто повеќе од пол динар на час. Положбата ништо подобро не била ни кај другите занаети(шивачите, абаџиите, налбатите) и други. Висината на долговите на занаетчиите во охридско - струшката област во 1933 година се наголемиле на 1 228.43о динари. Од долговите 47% отпаѓале на приватните лица.[3о]

Се' додека траела кризата, животот на населението од година на година бил се' полош. Се живеело во постојано уверување дека"идната година ќе се поправи положбата". Во 193о

Занаетчиската комора од Белград од сите еснафски здруженија барала податоци за положбата на одделни занаети и список на правни и бесправни мајстори. Еснафот од Охрид, ги дал следните интересни и сосема точни податоци: "Чевларските мајстори навистина работат само до толку што во своите книги го водат името и презимето на должниците, бидејќи богатите консуматори набавуваат за себе и фамилијата чевли од фабриката "Бата", па во најскоро време ќе фалираат и стават катинари на своите работилници. Затоа не би требало во градовите, каде што живеат помалку од 1о ооо жители да се отвораат филијали - продавници на "Бата", а ако се отворат да ги држат тие филијали во своите раце чевларите или папуџиите. Подобро не се ни абаџиите, ниту шивачите. Нив ги стега, покрај економската криза и бесправната работа. Охрид не е место за трговски промет, ниту негово оживување во поглед на посетата од странци кои би дале можност за консумација на леб и месо. Пекарниците и месарниците имаат повеќе отколку што им е потребно. Истото важи и за столарскиот занает. Еснафот како причина за оваа положба го смета неорганизираниот извоз во Албанија на следните занаетчиски стоки: столарски, абаџиски, терзиски, чевларски, опинчарски и други изработки како што било во турско време, бидејќи извозот во се' е ограничен, иако границата е до портата на градот, а за некој напредок и просперитет на занаетчиството не може да стане ни збор".[31]

Излезот од тешката економска криза за занаетчиите во Струга и Струшко, во истиов период, управата на нивното занаетчиско здружение го бара во спроведувањето на склучениот трговски договор со Албанија, односно да се отворат границите

и да се забрани продажбата на фабричките производи, бидејќи тие не избираат средства во конкуренцијата на сите занаетчии, во намалувањето на даноците што се плаќаат приближно или рамно со големотрговците, правилно да се распоредува данокот и таксите, да се забрани бесправното работење и друго.[32] Дека занаетчиите во Струга се ситни, живеејќи од денес за утре, зборува и податокот од Пленумот на Здружението, даден во одговор на управата за приходи во Струга: "Ниеден занаетчија нема голем капитал за да се вброи во прв ред".[33]

За положбата на занаетчиите во Струга, посебно во 1932 година, има дискутирано и пленумот на нивното здружение, кога сосема објективно во записникот секретарот на Здружението Ристо Крле,[+] го има забележано следното:
"Сите занаети од овој крај се во опаѓање и тоа од следните причини:
1. Чевларскиот, шивачкиот и ковачкиот од причина што денешната индустрија премногу ги сузбива, а покрај тоа се дозволува на поединци и слободно работење во своите домови, било во градот, било во околината. Дури им помагаат во нивните куќи не роднините, туку и луѓе надвор од нивната фамилија и ги продаваат на општинскиот пазар под еднакви цени со правните мајстори;
2. Столарите и тенекеџиите исто се изложени на пропаѓање,би-

---
+ Ристо Крле е родум од Струга. Меѓу двете светски војни се занимавал со чевларскиот занает. Во меѓувреме пишувал литерарни дела, а пред се' драми. Тој е познат македонски современ писател. Ги напишал драмите:"Парите се отепувачка", "Антица", "Милиони маченици" и други. Сега живее во Скопје.

дејќи на одделни лица им се дозволува слободно работење во своите куќи;

3. Кујунџиите поради големиот индустриски прилив на производи, како и поради тоа што е луксузен занаетот, а на тоа, се разбира, влијае најповеќе и денешната економска криза;

4. Самарџиите поради тоа што во денешно време почна превоз да се врши со автомобили;

5. Пекарите се во опаѓање поради големата криза. Населението е принудено да го меси лебот во своите куќи, а бидејќи е мал град, службеници како потрошувачи малку ги има;

6. Бојаџискиот поради тоа што кај сите трговци се врши продажба на индустриски бои;

7. Шеќерџиите затоа што кај секој трговец можат да се купат сите видови бонбони од разни фабрики.

Со еден збор во овој крај поради големата криза опаднати се сите занаети".[34]

Од изнесените податоци се гледа дека покрај последиците од економската криза, очигледно голема улога во уништувањето на занаетчиите во овој регион играло продирањето на индустриските производи. Во двата града занаетчиите и понатаму, покрај земјоделците и трговците, биле главни носители на економскиот и политичкиот живот. Ако се има предвид дека од една занаетчиска работилница живееле во просек 6-7 души(мајсторот со жената, во просек две дечина, еден калфа и еден или два шегерти),[35] во тој случај во Охрид од занаетчиството се издржувале преку 2 500, а во Струга околу 1 400 души, што е мошне голема бројка. Во 1933 година во Охрид само правните мајстори од 1 до 17 години имале 394 деца.[36] Посебно е прашањето

./.

што меѓу двете светски војни ретко кое семејство останало со две деца, бидејќи скоро сите имале повеќе од три.

Бројната положба на одделни занаетчии, правни и бесправни, ученици и калфи, во овој период може да се виде и од следниов

ПРЕГЛЕД

| Име на занаетот | Струга: 1932 г. прав. мајст. | О х р и д: 1930 г о д и н а Прав. мајст. | Бесправ. мајст. | Колку има: учен. | калфи | 1932 г. Правни мајст. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1. Абаџии | 6 | 2 | - | - | 1 | 2 |
| 2. Автопревозници | - | - | 12 | - | - | - |
| 3. Бербери | 9 | 25 | 2 | 42 | 23 | 29 |
| 4. Бравари | - | 2 | - | 3 | 2 | 2 |
| 5. Бисерџии | - | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 6. Бојаџии | 2 | 2 | - | - | 1 | 4 |
| 7. Бозаџии | 6 | 7 | - | - | - | 5 |
| 8. Варџии | - | 4 | - | - | 2 | 4 |
| 9. Воденичари | - | 16 | - | - | - | - |
| 10. Везилки | - | 1 | - | - | - | - |
| 11. Градеж.преземачи | - | 4 | - | - | - | - |
| 12. Грнчари | 8 | - | - | - | - | - |
| 13. Ѕидари | - | 4 | 46 | 38 | 41 | 18 |
| 14. Јорганџии | - | - | 2 | - | - | - |
| 15. Јажарски | - | 1 | - | - | 3 | 1 |

./.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. Кујунџии-златари | 6 | 3 | - | 1 | 1 | 3 |
| 17. Колбасичари | - | 1 | - | - | 1 | - |
| 18. Кожари | - | 1 | - | - | - | 1 |
| 19. Качари | - | 6 | 5 | 6 | 5 | 1 |
| 2o. Колари | - | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 |
| 21. Ковачки | 32 | 35 | 3 | 1o | 9 | 11 |
| 22. Казанџии-калајџии | 4 | 4 | - | 5 | 2 | 5 |
| 23. Крпачи на чевли | - | 7 | - | - | - | - |
| 24. Кечеџии | 1 | - | - | - | - | - |
| 25. Каменорезци | - | - | 3 | - | - | - |
| 26. Книгоповрзувачи | - | 2 | - | - | 2 | 4 |
| 27. Молерски | - | 2 | 1 | - | 2 | 1 |
| 28. Касапски(месарски) | 12 | 14 | 2 | 2 | 12 | 16 |
| 29. Модискиви | - | 2 | - | - | 3 | 3 |
| 3o. Ножарски | - | - | 1 | - | - | - |
| 31. Ориентал.слаткари | - | 4 | 1 | 1 | 6 | 4 |
| 32. Опинчарски | 2 | - | 14 | - | - | 13 |
| 33. Пушкари | 1 | 3 | - | - | 2 | 3 |
| 34. Плетачки | - | 6 | 6 | - | - | 6 |
| 35. Пекарски | 16 | 24 | - | 31 | 16 | 19 |
| 36. Папучари | - | 2 | - | - | - | 2 |
| 37. Потковувачи | 6 | 5 | - | 2 | - | 4 |
| 38. Слаткари | 4 | 4 | - | - | 2 | 4 |
| 39. Сајџии | 1 | 2 | - | 1 | 2 | - |
| 4o. Сиромлекарски | - | - | 3 | - | - | - |

./.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 41. Сарачки | - | 2 | - | - | 1 | 3 |
| 42. Самарџиски | 6 | 6 | 2 | 2 | 4 | 7 |
| 43. Столарски | 5 | 13 | 5 | 17 | 9 | 33 |
| 44. Содаџиски | 1 | 2 | - | - | - | 2 |
| 45. Свеќари | - | 4 | 1 | 3 | 1 | 4 |
| 46. Табакеџии | - | 1 | - | - | 1 | 1 |
| 47. Терзии(забунари) | 9 | 1 | 1 | - | 1 | 1 |
| 48. Тенекеџии | 6 | 5 | - | 4 | 2 | 7 |
| 49. Ќурчии | - | - | 2 | - | - | 2(беспр.) |
| 50. Фотографски | 2 | 3 | 1 | - | 2 | 2 |
| 51. Цреварски | - | 1 | - | - | 1 | - |
| 52. Циглари | - | 1 | 1 | - | 4 | 1 |
| 53. Часовничари | - | 6 | - | - | 3 | 5 |
| 54. Чевларски | 23 | 45 | - | 56 | 53 | 47 |
| 55. Чубукчии | - | - | 2 | - | - | 2 |
| 56. Шекерџии | 2 | - | 1 | - | - | - |
| 57. Шивачи | 8 | 15 | 4 | 26 | 15 | 31 |
| 58. Шивачки | - | 1 | 12 | 4 | 2 | - |
| ВКУПНО: | 178 | 289 | 151 | 256 | 239 | 315 |

Голем број занаетчии во овој регион долго време не можеле да опстанат. Многу од нив, по сила на големата конкуренција на своите колеги и индустријата, морале да го напуштат својот занает. Така, при крајот на 1932 година во Охрид престанале со работа 28 регистрирани правни мајстори, а покрај нив напуштиле работа 6 работници, 5 калфи и 2о ученици.

./.

Таа година, исто така, воопшто немале работа и 11 други квалификувани и 77 неквалификувани занаетчии.[37] И овие податоци зборуваат дека и покрај сите напори што ги вложувале занаетчиите за својот опстанок, сепак не можеле и понатаму да останат и живеат од занаетот и морале да бараат излез во други дејности или да одат на печалба во други места и земји.

За време на економската криза државата за земјоделците и банките презела заштитни мерки, а занаетчиите ги оставила сами да се борат со сите проблеми. Занаетчиите на своите потрошувачи секогаш им давале стока со почекување, а посебно на земјоделците. Но, за време на кризата, почнале да се плашат и постапно почнале да ја губат здобиената доверба, а со тоа и стоките уште повеќе не се продавале. За нив тоа може да се каже дека било пресудно и катастрофално. На овие занаетчии кои имале земено кредити, а немале пари да ги вратат, банките им ги покачувале каматите, а со тоа уште повеќе ги доведувале на работ на пропаста. Во 1933 година охридските занаетчии кај приватните банки, индивидуални лица и занаетчиската банка должеле 8o3 1oo динари, а занаетчиите од Струга 425 33o динари.[38] Оваа сума била доста голема и занаетчиите не можеле да ги враќат средствата. Очекувале од државата во секое време да донесе заштитни мерки, но тоа воопшто не се остварило.

Со развојот на сообраќајот, трговите уште повеќе ги упропастувале занаетчиите. Трговски дуќани почнале да се отвораат и во најоддалечените мали села. Во 1929 година во Охридско биле регистрирани 35 селски дуќани, а во Струшко

./.

овој број е значително поголем и изнесува 12о.[39] Ова значи дека секаква стока на селанецот му била донесувана в село и тој немал потреба да оди в град, бидејќи таму ја купувал за поевтини пари. Занаетчиите од сите страни, како и од долговите, за време на кризата станале прави пролетери. За разлика од малиот селанец, кој чекал кризата да помине, од својата нива имал со што да ја храни фамилијата, занаетчијата морал да чека подобро време и тоа задолжен, необлечен и гладен.[4о] За разлика од другите гранки во стопанството, опаѓањето на вработените работници кај занаетчиите е помал. Кај индустриските претпријатија во целата земја бројот на вработени работници за време на кризата опаднал за 29,6%, а во малите претпријатија за 24,6%, додека кај ситните занаетчии само за 5,6%.[41] И овие податоци зборуваат дека ситниот занаетчија своето работно место не го напуштал, без разлика колку ќе заработел, водејќи жилава борба за опстанок.

Сепак, иаку вака многу раситнето, и во овој период занаетчиството претставувало важна стопанска гранка во регионот. Тоа морало да се бори со низа тешкотии, не само за време на кризата, туку и по неа. Изложени на ударите на домашната и странската конкуренција, занаетчиите во македонските градови се' повеќе опаѓале.[42] Како и секогаш, така и во овој период, индустриските стоки ефикасно ги потиснувале занаетчиските производи.

Занаетчиите преку здруженијата и коморите,како и преку државната власт воделе упорна борба да им се поправи положбата, но од сето тоа немало никакви резултати и биле

./.

оставени на времето, на стихијата и постепено упропастување. Меѓутоа, во наредните години нивната положба, во позитивен смисол ќе почне да се менува.

III-а

1. Маркс, Капитал, том III, Загреб, 1948, стр.446. Цитат по д-р Милош Константинов, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1961,стр.82.
2. Д-р Васа Чубриловиќ, Историја политичке мисли у Србији XIX века, Београд, 1958,стр.549.
3. Историја на македонскиот народ, книга III, Скопје,1969, стр.59.
4. Драгољуб Јовановиќ. Економско-финансиска хроника"Архив правних и друштвених наука",књ.Х.бр.3,1927,стр.229.
5. Историја на македонскиот..., цит.дело, стр.59.
6. Историја на македонскиот... цит.дело стр.7о-71.
7. Д-р Часлав Никитовиќ, Занатство Јужне Србије, Скопје,1934, стр.7.
8. ИА-Охрид, ЗУО(1923-1941), Списак занатлија, книга бр.28.
9. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/1,бр.15662 од 7.IX.193о.
1о. АЈ-Београд, Дворска канцеларија Краљевине Југославије 1919-1941,фасц.51, Привредни извештај о економској привредној прилици у Јужној Србији за 193о године од 5.I.1931.
11. АЈ-Београд, МТИ, фасц.294,бр.6449 од 12.8.1933.
12. Миливој Савиќ, Наша индустрија, занати, трговија и пољопривреда, књ.7,Сарајево, 1929, стр.134.
13. Гиго Милески, Струга, "Зборник на Филозофски факултет"-природно-математички оддел,кн.8. Скопје, 1955, стр.122.
14. ИА-Охрид, ЗУО, Званични книги за протоколација на занаетчиски фирми од 1923-1932 година.
15. ИА-Охрид, Занатско удружење Струга, Списак занатлија за 1932 годину(Во следниот текст: ИА ЗУС).

16. Д-р Часлав Никитовиќ, цит.дело, стр.2о.
17. Димитрије Мишиќ, Стари и нови занати, "Привредни летопис задужбине Никла Спасиќа,"Београд, 1938,стр.289.
18. ИА-Охрид, ЗУО, списак занатлија за 193о, кн.бр.28.
19. Ѓ.М.Да ли занатство заиста је осуѓено на пропаст?, "Политика", 8.X.1938.
2о. Димитар Димитровски, Занатство во Македонија, Економски институт, ракопис, Скопје, 1949,стр.17-18.
21. Д-р Сергије Димитријевиќ, Привредни развитак Југославије 1918-1941, Београд, 1962, стр.146.
22. ИА-Охрид, ЗУО-Охрид и Струга, Спискови на регистрирани фирми од 1925-1941.
23. ИА-Охрид,ЗУО,кутија 1/1-Варија за 193о.
24. Растко Пуриќ, Наличја, Скопје, 1934,стр.45.
25. Пупиќ Ѓ.К., Занатлије и занатство Јужне Србије, "Занатлија", година 14.бр.5о,Београд, 1935,стр.3.
26. Никола Алексиќ, Занатство и занатско задругарство J.Србије, "Народна одбрана",година XIV, бр.29, Београд,1939.
27. Растко Пуриќ, Работнички југ, Скопје,1937,стр.47.
28. Извештај Главног земаљског савеза занатских удружења о раду у 1934-1935,Београд, 1935,стр.14.
29. Преглед историје Савеза комуниста Југославије, Београд, 1963,стр.195.
3о. Д-р Панче Ќировски, Охридско-струшка област,Скопје,1959, стр.77.
31. ИА-Охрид, ЗУ -Охрид, кутија 1/1,бр.2о4 од 2.4.193о.

./.

32. ИА-Охрид, ЗУС,Записничка книга од 6.4.1930.

33. ИА-Охрид,ЗУС,Записничка книга од 26.II.1934.

34. ИА-Охрид, ЗУС, Записничка книга од 24.4.1932.

35. Д-р Милорад Неделковић, О занатима у данашној народној привреди, Београд 1929,стр.25-26.

36. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/2, бр.3360 од 19.6.1933.

37. ИА-Охрид,ЗУО,кутија 1/2, бр.387 од 18.X.1932.

38. Д-р Часлав Никитовић, цит.дело, стр.25.

39. АЈ-Београд, Дворска канцеларија Краљевине Југославије, фасц.51, Привредни извештај о економској привредној политици у Јужној Србији за 1930 годину од 5.I.1931.

40. Димитрије Мишић, цит.дело,стр.279.

41. АЈ-Београд, МТИ, фасц.342,бр.27 од 4.I.1938.

42. Историја на македонскиот ... цит.дело стр.66.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

## ЗАНАЕТЧИСТВОТО ОД 1934-1941 ГОДИНА

Нестабилното и многу осакатеното стопанство, а посебно за време на економската криза, имало длабоки последици и на општествено-политичкиот живот во целата земја. Скоро во сите градови на Вардарска Македонија, покрај големите економски тешкотии, населението било политички и национално прогонувано од најголемите приврзеници и одани луѓе на кралскиот режим. Во триесетте години на овој век во Европа, како и кај нас, настанале големи воени и политички промени. Од 1933 до 1941 година прогресивното работничко движење, раководено од КПЈ, во целата земја играло голема политичка улога, која јавно била манифестирана во изборниот систем на многуте партиски групации. Во градските месни власти секогаш биле бирани како одборници по еден или два занаетчии, кои како видни граѓани биле многу пати врбувани да ги застапуваат интересите на буржоаските партии. На пример, ѕидарите од село Вевчани, Струшко, биле носители на општинските избори во 1936 година и тоа на страна на здружената опозиција и го победиле кандидатот што со сила го кандидирала власта, поради што напредните ѕидари потоа биле и политички прогонувани.[1]

Во Охрид, во 1938 година, посебно ќе заживее политичкиот живот кога за време на летниот период голем број на прогресивни студенти летуваат. Членовите на студентската колонија најповеќе се здружиле со охридските занаетчии и рибари. На многуте средби заедно пееле македонски револуционерни песни и ги ширеле идеите на КПЈ и Марксовото учење. Студентите големо

идејно влијание извршиле и кај дел на средношколската младина во гимназијата и резбарското училиште. Охридските занаетчии и рибари ги прифатиле студентите како свои деца и нивните идеи почнале организирано да ги шират во градот, а посебно откако југословенската надворешна политика јавно се ориентира кон Хитлерова Германија.

По економската криза, во Вардарска Македонија почнува да се развива индустријата, но, се разбира, во сосема мали размери за разлика од другите области во Југославија. Ширењето на индустријата во одделни градови и во Македонија не се развивало рамномерно. Охридско-струшкиот регион од секогаш бил стопански запоставен. Како главна причина биле лошите сообраќајни врски, близината на границата, како и слабата преземливост на раководителите и луѓето од овој регион. Меѓу двете војни во Охрид не е изградена ниедна фабрика, додека во Струга во 1939 година со здружен приватен капитал изградена е фабрика за керамиди и тули "Рекорд",[2] како и во селото Вевчани изградена била слична фабрика под името "Победа", а почнала да работи уште во 1937 година. Во неа биле вработени 25 работници.[3] Овие две фабрики всушност во овој регион ги дале и првите индустриски работници.

Во Охрид, уште од 1928 година била изградена електрична централа на два парни мотори со по 45 КС, а покасно го користеле електромоторот од помпната станица на градскиот водовод кај месноста Студенчишта. На 7 јули 1939 година во Охрид конечно се пуштила во производство првата хидроцентрала во село Рамне, каде биле вработени 5 стручни лица, меѓу кои еден инженер и 4 други машинисти и електричари.[4]

./.

Поради неразвиеноста на индустријата и во периодот од 1934 до 1941 година во овој регион занаетчиството претставувало најважна и прва стопанска гранка во градовите. Меѓутоа и понатаму занаетчиите морале да се борат со низа тешкотии. Најголеми маки им нанесувале трговците кои своите продавници ги полнеле со домашна и странска индустриска стока и ги продавале за поевтини пари, а со тоа најмногу им конкурирале на занаетчиите. Во селата уште повеќе се отворале трговски дуќани и градските занаетчии, кои биле добри снабдувачи на селаните, на овој начин почнале и нив да ги губат. Трговски дуќани и бакалници биле отворени, скоро, во секое населено место,а во градовите и во повеќе улици. Така, во Охрид 1936 година биле регистрирани 143, а во Струга 158 трговски дуќани.[5]

Како последица од економската криза многу работници и занаетчии останале без работа или, пак, живееле сосема бедно од занаетот. Во 1936 година во многу градови од Вардарска Македонија во стопанскиот сектор имало вработено повеќе од 500 работници, а во Струга и Охрид оваа бројка меѓу двете светски војни воопште не била постигната, што е резултат на немање на индустрија.[6] На улиците во Охрид во 1936 година биле препуштени 40 питачи, 20 малолетници и 7 старци, додека во Струга имало 2 питачи, 23 малолетници и 5 старци.[7] За безработниците, кои барале секојдневно работа, а останале како питачи на улица, општините Охрид и Струга, за разлика од другите градови одвојувале најмалку средства за нивниот живот и опстанок. Имено, годишно од 1934-1936 година одвојувале по 500 динари.[8]

./.

Под добри услови за занаетчиството и покрај конкуренцијата на индустриските производи, се создале по стопанската криза. Некои занаетчиски производи биле барани од населението, Во овој смисол помогнало отворените јавни работи во градските населби, како што е случајот во Охрид: градски водовод, електрична централа, се градела градска плажа, се поправале улици и друго. На тој начин многу занаетчии и општи работници нашле работа.

Посебно леснување кај занаетчиите се почувствувало откога се поправила куповната моќ на најголемите потрошувачи на занаетчиските производи - земјоделците. Цената на прехранбените производи, а посебно на житото многу се покачила. Кога настанало извесно подобрување за земјоделците и селаните, можело да се очекува дека и за занаетчиите ќе настапат подобри денови и прилики, бидејќи со зголемувањето на цените на аграрните производи, постепено ќе скокнат и цените на занаетчиските производи-констатирале македонските занаетчии во 1937 година.[9]

Од 1935 година во светот, а и во нашата земја, скоро, сите фабрики почнале да работат за воени потреби. Со тоа почнало да се покачуваат и цените на многу производи како и заработувачката на работниците. Во овој случај растела и куповната моќ на целокупното население.

Во Охрид во овие години се' повеќе доаѓале да посетат домашни и странски туристи, кои од старите занаетчии купувале разни сувенири - како спомен од убавиот Охрид. Тоа го забележал и весникот "Правда" во 1936 година:

./.

"Доста беше [illegible] безработицата". Со месеци Охриѓаните седеле на кепенците и го чекувале своето време. И тоа, ете, дојде. Прометот е многу жив. Во предвечерието, во пекарниците редовно недостасува леб".[10] Истиот весник, посебно се осврнува врз развојот на туризмот, за измените на градот и забележува: "Охридската чаршија се дотерува. Сите работилници сега го менуваат својот изглед. Старите кепенци се рушат. Ги снемува. Во скоро време за нив само ќе се раскажува. Наместо нив, работилниците добиваат модерни излози, пред кои се изградуваат бетонирани тротоари - наследници на некогашната турска чаршија."[11]

Меѓутоа, за некои занаети и во овој период економската положба и опстанувањето ќе биде доведено во прашање, а тоа се однесува пред се' на чевларите, ширачите, ковачите и други занаети. Занаетчиската комора од Скопје во текот на 1935 година за "стабилизација" на занаетчиите, имала преземено низа мерки.[12] Во оваа година комората до разни министерства и други надлежни органи на власта имала доставено 34 барања на занаетчиите за тешката положба на берберите, за забраната и употребата на гумени чевли, за забранување на изработката облекла и чевли од страна на индустриските претпријатија, за разграничување меѓу занаетчиите и индустријата, окружните уреди за социјално сигурување да не ги бараат одеднаш долговите од занаетчиите, туку на рати, за намалување на даноците на занаетчиите, за забрана на бесправно работење и друго. Слични проблеми имале решавано и претставниците на занаетчиските комори од целата земја на 7 конференција, што е одржана од 29-30 ноември 1935 година во Осиек.[13] Покрај многуте важни резолуции за заштита на занаетчиите што биле усвоени на оваа конференција, посебно треба да

се исткнат резолуциите за забрана на увозот на занаетчиски производи што можат да се изработуваат во нашата земја и занаетчиите (слично како земјоделците и банките) да бидат ослободени од долговите. Поради презадолженоста на занаетчиите во Македонија, занаетчиската комора од Скопје во 1935 година барала долговите да се плаќаат, во зависност од големината на кредитот, од 5 до 10 години и тоа на еднакви рати со камата од 6%. Ова барање да важи за занаетчиите што зеле кредит пред 1932 година, а сега не биле во состојба да го исплатат.[14]

Многуте "превземени" мерки од здруженијата несушност биле само од формален карактер. Нивните барања за спречување на индустрискиот развој никој не можел да ги прифати. Занаетчиите, по сила на природниот економски закон, како ситни производители, постепено морале да се потчинат на индустриското производство. Конкуренцијата меѓу индустријата и занаетчиите била секојдневна и видлива најјака на штета на занаетчиите. Многу трговци и фабрички производители од северните краишта на земјата доаѓале во Македонија, во Охрид и Струга, нудејќи им индустриска стока(текстил, жито, кожа, бои и друго) за поевтини пари, со кое трговците го собирале главниот капитал. Трговците по селата и градовите вршеле препродавање на индустриската стока, со цел да ги избегнат државните давачки. Ги продавале директно на потрошувачите за поевтини пари. Затоа занаетчиската комора доставувала барање до сите занаетчиски здруженија и околиски началници вакви "трговски шпекуланти веднаш да се спречат, бидејќи многу штетат, не само на занаетчиите, туку и општо на државата".[15]

./.

Во охридско-Струшкиот регион индустриските производи најповеќе ги потиснувале чевларите, бидејќи гумените опинци се' повеќе биле во употреба кај работниците и селаните. Имало села во кои сите од машки пол биле"униформисани" во овие евтини и нездрави чевли.[16] Продавниците на "Бата" во Охрид и Струга во овој период исфрлиле на улица многу вредни и познати чевлари и опинчари. Во периодот од 1929-1932 година во Охрид имало 47, а во Струга 23 регистрирани чевларски мајстори, додека во Охрид во 1937 година имало само 25, а во Струга во 1935 година имало 16 мајстори. (Види преглед на страна ~~57~~ 72).

Слична била положбата и со шивачите. Цените на шивачките услуги биле сосема ниски. Во некои места на Македонија во 1936 година еден костум без постава се шиел за 40 динари.[17] Тоа довело до значително намалување на бројот на мајсторите. За кризата на шивачкиот занает во 1935 година, весникот "Вардар" забележува дека "занаетот златен" го дели нашиот народ и со тоа е многу речено. Оваа мисла, некогаш можела да има полно свое значение, додека денеска занаетчијата подобро е да биде и обичен работник, бидејќи е многу оптоварен со давачки. Цените на занаетчиските производи и услуги за шиење се толку ниски што сите занаетчии, скоро, се доведени во безизлезна ситуација. Занаетчијата да заработи за себе и фамилијата, често пати, бил присилен да ги прифати и условите што биле сосема неповолни за него, само за да не ги загуби муштеријата.[18] Во Охрид во 1932 година биле 31, а во 1940 година останале 19 мајстори-шивачи.

./.

Во овие години занаетчиите од прехранбеното производство страдале од големите општински давачки, додека столарите немале работа, бидејќи во Охрид и Струга се сема малку се градело. Слична била положбата и за струшките грнчари кои и жилаво се држеле и се бореле против таканаречената "сина и бела кујнина". Исти случај бил со кујунџиите и златарите, како и со тенеќеџиите. Поради тоа многу занаетчии го напуштиле градот и се селеле во селата, како што е случајот со ковачите, казанџиите, опинчарите и други. Шивачите и кондураџиите биле присилени да одат на работа во големите градови, во Белград и Скопје.[19] Така, во периодот од 1935 година до почетокот на 1937, Охрид го напуштиле 12 занаетчии кои нашле вработување во други градови.[20]

И покрај многуте тешкотии, во овој период бројот на занаетчиите во Охрид и Струга се зголемувал. Имено, едни занаети опаѓале, други се развивале, а трети со развојот на техниката се јавувале како нови занаети. Тоа најдобро може да се види од приложениот преглед за состојбата на занаетчиството на двата града во одделни години. (Види преглед на страна 72).

# ПРЕГЛЕД+

На регистрирани занаетчиски фирми во Охрид и Струга од 1934 - 194о година

| Име на занаетот | Охрид | | Струга | |
|---|---|---|---|---|
| | Од 1934-1937 г. | За 194ог. | За 1935 г. | За 1938г. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. Абаџии | 2 | 1 | 3 | 4 |
| 2. Автомеханичари | - | 2 | - | - |
| 3. Автопревозници | 9 | задруга | - | 7 |
| 4. Алваџии-бозаџии | 1 | - | - | 8 |
| 5. Бербери | 24 | 27 | 8 | 11 |
| 6. Бојаџии | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 7. Бравари | 3 | 4 | - | - |
| 8. Бисерџии | 2 | 2 | - | - |
| 9. Бурекџии | - | - | 1 | 1 |
| 1о. Варџии | 8 | 7 | 2 | 3 |
| 11. Везачи | 1 | 3 | - | - |
| 12. Водоинсталатери | 1 | 1 | - | - |
| 13. Волновлачари | - | 1 | - | - |
| 14. Воденичари | - | - | - | 82 |
| 15. Грнчари | - | - | 7 | 8 |
| 16. Електроинсталатери | 1 | 4 | - | - |
| 17. Забунари(терзии) | - | 1 | - | - |
| 18. Ѕидари | 9 | 13 | 1 | 2 |
| 19. Јажари | - | 1 | - | - |
| 2о. Касапи | 14 | 14 | 17 | 22 |

+ Бројот на занаетчиите е земен по списоците на регистрираните фирми при занаетчиските здруженија, разни документи и по сеќавање за некои занаети.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 21. Ковачи | 3o | 33 | 25 | 31 |
| 22. Книгоповрзувачи | 3 | 2 | 1 | 1 |
| 23. Кујунџии-златари | 2 | 3 | 8 | 8 |
| 24. Качари | 2 | 2 | – | – |
| 25. Казанџии-калајџии | 5 | 5 | 3 | 4 |
| 26. Кинопроектори | 1 | 1 | – | – |
| 27. Колари | 2 | 2 | – | – |
| 28. Каменоресци | – | 1 | – | – |
| 29. Колбасичари | – | 2 | – | – |
| 3o. Кечеџии | – | – | 1 | 1 |
| 31. Капакџии | – | – | – | 1 |
| 32. Модискињи | 2 | 2 | – | – |
| 33. Молери | 1 | – | – | – |
| 34. Метлари | 1 | 2 | – | – |
| 35. Музичари | 3 | 6 | – | – |
| 36. Ножари | 2 | 2 | – | – |
| 37. Опинчари | 1 | 3 | – | 1 |
| 38. Оџачари | 1 | – | – | – |
| 39. Пекари | 28 | 29 | 14 | 19 |
| 4o. Потковувачи | 3 | 5 | 7 | 7 |
| 41. Пушкари | 2 | 3 | 1 | 1 |
| 42. Папуџии | – | 1 | – | – |
| 43. Самарџии | 8 | 7 | 5 | 6 |

./.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 44. Столари | 16 | 15 | 4 | 7 |
| 45. Свеќари | 4 | 4 | – | 3 |
| 46. Слаткари | 5 | 6 | 8 | 7 |
| 47. Содации | 1 | 2 | 1 | 1 |
| 48. Сарачи | 2 | 3 | 1 | 2 |
| 49. Тенекеции | 8 | 9 | 6 | 9 |
| 5о. Табакар | 1 | 1 | – | – |
| 51. Ќурчии | 2 | 2 | – | – |
| 52. Фотографи | 3 | 4 | 2 | 4 |
| 53. Ѓерамидиии | 2 | 2 | – | – |
| 54. Цревари | 2 | 2 | – | – |
| 55. Цвеќари | – | 1 | – | – |
| 56. Чевлари | 43 | 29 | 16 | 22 |
| 57. Часовничари | 5 | 6 | 1 | 2 |
| 58. Чубукчии | 2 | 2 | – | – |
| 59. Шивачи | 16 | 19 | 8 | 12 |
| 6о. Шеќерџии | – | – | 3 | 3 |
| ВКУПНО: | 276 | 291 | 155 | 3о2 |

Со оглед на тоа што бројот на занаетчиите не е точно познат, за некои години се давани и различни податоци кои не се поклопуваат. Само заради илустрација изнесуваме и некои други податоци. Така, во 1934 година при Окружниот одбор на занаетчиското здружение во Охрид биле правно регистрирани 818 занаетчиски фирми, од кои во Дебар 15о, Струга 176, Охрид 292 и Ресен 2оо мајстори.[21] Според друг извор во Охрид во 1936 година биле регистрирани 287 мајстори, од кои 223 работеле без помошници, 41 со еден помошник и 23 со два или повеќе помошници.[22] Во наредната година, според друг податок, во Охрид имало 274 мајстори, од кои 242 работеле без помошници, 24 со еден помошник и 8 со два помошници, а со повеќе немало. Во 1937 година работеле 91 калфа и 115 ученици.[23] И овие податоци сметаме дека не можат да се земат за потполно точни, бидејќи некои занаетчии не се регистрирани во овие бројки.

Дека занаетчиите од овој регион биле ситни производители и економски сосема скромни, зборува и фактот што мал број на работници вработувале, а со тоа не биле во можност да вршат експлоатација на работната сила. Ретко кој занаетчија држел повеќе од две калфи, работници или чираци, бидејќи немало работа. Се разбира, кај некои занаети имало исклучоци. За тоа зборува и податокот дека на еден работодател-мајстор во Вардарска Македонија доаѓале само 2,12% вработени работници. Тоа била ненормална појава.[24] Бројот на занаетчиите во Македонија се зголемувал и во 1939 година биле отворени 539, а престанале со работа 229 занаетчиски работилници. Занаетчиските работилници се зголемувале секоја година зашто младите

луѓе, кои стекнале образование за одделни занаети, а немајќи каде да работат, твориле свои работилници, со цел колку-толку да создадат за себе и за семејството средства за живот.[25]

Како што се гледа од прегледот, бројот на занаетчиите и во охридско-струшкиот регион се зголемувал. Покрај "класичните", се создале нови занаети. Таков е случајот со појавата на електромеханичари, водоинсталатери, автомеханичари, автотаксисти, велосипедџии, кинопроектори и други. Се разбира, тоа било резултат на развојот на индустријата и техниката, а нови занаети се јавувале и во иднина. Многу млади занаетчии на "лесен" начин доаѓале и до квалификации, за што повеќепати и старите мајстори и реагирале.[26]

Под притисок на фабричките производи, а и поради немање на работа, старост и немоќност да се борат со нови, млади занаетчии, во текот на 1937-1940 година во Охрид и Охридско занаетот го напуштиле 39 занаетчии, од кои најмногу во 1938 година. Од друга страна, од 1939 до 1940 година надлежните органи издале 129 дипломи на нови, млади-квалификувани занаетчии од разни струки.[27]

Развојот на ситните занаетчии меѓу двете светски војни го потврдуваат и познати економисти и историчари, констатирајќи дека во стопанството на стара Југославија занаетчиството меѓу различните гранки, сепак, претставувало важна стопанска дејност. Тоа може да се види како од бројот на занаетчиските претпријатија, вработеноста, така и од квалитетот на занаетчиските производи. Занаетчиството се развивало паралелно со нараснувањето на градските населби и со развојот на земјоделието. Но, сепак, занаетчиството во стара Југославија

давало печат на општата стопанска заостанатост. Тоа, најпрво, се гледа и од тоа што ситното занаетчиство преовладувало, а големите занаетчиски работилници биле многу ретки.[28] Бројот на занаетчиите најмногу напредувал и заради фактот што земјата била аграрна и занаетчиска, а некои селски семејства станувале богати, како и поради тоа што за формирање на нова занаетчиска работилница не бил потребен голем капитал.[29] Овие констатации посебно важат за охридско-струшкиот регион, кој е изразито аграрно-занаетчиски крај. Тоа воедно покажува дека занаетчиството, иако било изложено на големи потреси, успеало да ги сочува своите позиции во стопанството.[30]

а. Даночно оптоварување

Покрај секојдневните тешкотии со кои се бореле занаетчиите, државата многу ги преоптоварувала и со даноци. Тоа им било голем финансиски товар, а особено им било тешко кога при определувањето на данокот општинските комисии работеле со протекции.

Главните давачки што морале редовно да ги плаќаат биле посредните и непосредните даноци. Непосредниот данок бил директно за државата и општината. Општината определувала и некои други интерни даноци. Посреден данок била давачката што занаетчиите ја давале за купената суровина. Секој мајстор морал за себе и за вработените работници, калфи и ученици да плаќа социјално осигурување. Занаетчиите плаќале многу такси и за издржување на нивните организации: околиското и окружното занаетчиско здружение, занаетчиската комора, главниот сојуз на занаетчиите на Југославија, евентуално некои и за секциите од соодветниот занает, за разни комисии, како и за заводот за

унапредување на занаетчиството, за кого секој мајстор морал да плаќа по пет динари.[31]

Секоја година даноците биле се' поголеми, а приходите помали. Тоа го потврдува и главниот земски сојуз на занаетчиските здруженија во 1938 година кога на кралскиот намесник Павле, жалејќи се, му пишува: "Даночното оптоварување за занаетчиите денеска е поголемо во просек за една третина во однос на нивните приходи, отколку што беше во почетокот на кризата. На име данок од занаетчиите од приходот за работилниците плаќале уште 40%. И за тоа барале да се ослободат од плаќање на данок барем оние занаетчии кои имаат преку 60 годишна возраст и работеле без помошни лица. Барале да се ослободат и оние занаетчии чиј месечен приход им е помал од 400 динари. Затоа покрај нашата желба, занаетчискиот сталеж не може да ги поднесе истите товари како фабрикантите".[32] Овие барања не се прифатени.

Секоја година висината на даноците ја менувале, односно ги покачувале за сите обврзници. Во 1937 година, самостоен мајстор кој живеел во место до пет илјади жители, (какво што било Струга), плаќал 80, а ако имал еден помошник 150, а со два или повеќе помошници плаќал 380 динари. Ако во соодветното место имало 5-10 000 жители, (какво што било Охрид), во тој случај данокот изнесувал, без помошник 120, со еден помошник 210 и со двајца или повеќе помошници 440 динари.[33]

Даноците на занаетчиите во 1940 година биле изменети и изнесувале: во места до 5 000 жители занаетчиите плаќале 80 до 240 динари, а до 10 000 жители 120 до 320 динари.[34]

./.

Многу занаетчии плаќале паушален данок, "од око" по задолжувањето на општинските комисии по свое наоѓање. Иако овие даноци биле одредени од државата, занаетчиите биле оптоварувани и со други давачки што морале да ги даваат во текот на годината.

## б). Положбата на занаетчиите спроти Втората светска војна

Почетокот на Втората светска војна за занаетчиите значеше уште една многу тешка борба за опстанок и живот. Воената положба во Европа, воената психоза и опасноста војната да се прошири и во нашата земја имаше неповолни последици за многу гранки на стопанството. Ситните занаетчии се најдоа во тешка ситуација. Завладеа недостиг и поскапување на суровините. Со скапотијата многу ослабе куповната моќ на потрошувачите.

Поради воената опасност, земањето на вежба на возрасните мажи, потрошувачите избегнувале секакво купување, чувајќи ги "белите пари за црни денови". Станале воздржани и од купување на занаетчиската стока. Купувале само прехранбени продукти.

Голем број на занаетчии кои ги имале надминато 50 години биле повикани на воена вежба. Занаетчиските работилници останале празни или затворени. Семејствата, кои живееле само од занаетчиски услуги, се нашле во најтешка положба. И затоа главниот сојуз на занаетчиските здруженија бара"да се посвете најсериозна сметка за тоа инокосните занаетчии во краен случај да не ги повикуваат на вежба, во такви случаи да се организира јавно згрижување на семејствата на тие занаетчии".[35]

./.

И занаетчиското здружение во Охрид барало на воена вежба да не се повикуваат занаетчиите во следните месеци: тенеќеџиите, брзварите и чевларите од октомври до крајот на февруари; казанџиите од април до јуни, ѕидарите и столарите од април до август, касапите од октомври до јануари; шивачите пред Божиќ и Велигден, "бидејќи тогаш за сите нив е главна сезона за работа".[36]

Поради предизвена психичка напнатост, цените на прехранбените, индустриските и други производи нагло се поскапувале. Затоа скапотијата, шпекулацијата и другите последици на војната многу ја влошувала веќе и онака тешката материјална положба на работните маси.[37] На 2о.IX.1939 година донесена била Уредбата за контрола на цените и спречување на скапотијата и несовесната трговија - шпекулацијата. Уредбата во текот на наредниот период се менувала и дополнувала за низа производи со различни цени.[38] По оваа Уредба во првата група биле одредени цените на 17продукти, а во втората група 42 продукти на кои трговците немале право да заработуваат повеќе од 1о-2о% по производ. Во септември 194о година охридскиот околиски началник донесол "Максимален ценовник" на 72 производи главно од земјоделието, занаетчиството и индустријата.[39] Цените на прехранбените продукти во просек биле зголемени за 2о-5о% и повеќе.[4о]

Борбата против скапотијата била насекаде, но, за жал, сите тие мерки се покажале непотполни и неефикасни, бидејќи несовесното тргување и понатаму продолжило, а"строгоста и бруталноста на полициските власти најмногу се нафрлила на ситните занаетчии и трговци".[41]

./.

Во Охрид и Струга, како членови на советодавните органи на околиите за спроведување на Уредбата за цени било поставени и претставници од занаетчиските здруженија, но нивната "сила пред властите била формална и немоќна".[42] На занаетчиите и трговците им се наредило да не купуваат и набавуваат стоки и суровини од странските земји, ами од домашните фабрики. Затоа спроти Втората светска војна во целата земја од пазарите нагло снемувале многу стоки и суровини. Занаетчиите немале што да работат, а посебно во овој регион, бидејќи од снабдувачките центри биле многу оддалечени. На пример, насекаде владеела криза за калај и сурова кожа за чевларите и занаетчиското здружение било присилено да бара суровина преку Скопје и Белград.[43]

Скапотијата, ниската заработувачка и немањето на работа, од една, а од друга страна, внатрешната и надворешната несредена политичка ситуација, довело до масовни штрајкови и други политички акции во целата земја против издајничката југословенска буржоаска влада. Во текот на 1940 година разни работнички здруженија во Македонија, раководени од членовите на КПЈ, кренале низа штрајкови, барајќи економска стабилизација и менување на политиката на државата, а во спротивно да го напуштат кормилото на власта.

Во Охрид, во август 1940 година, кога се одржувала прославата на Илинденското востание, македонските и југословенските студенти кои се нашле на одмор, го искористиле овој собир за јавна и масовна демонстрација со граѓаните и селаните на Охрид.[44]

./.

Работниците кои работеле на исушување на Струшкото Поле, во борба за покачување на платите, во 1940 година штрајкувале, барајќи да им се подобрат животните услови. За тоа скопскиот прогресивен весник "Наша реч" ја дава информацијата дека селаните и работниците што се вработени на исушување на Струшкото Поле стапиле во штрајк за подобрување на условите за работа. Нивните барања делумно се оствариле. На работниците надниците им се зголемиле за 20%. Треба да се напомене дека ова е прв штрајк во Струшка околија и заради тоа неговото значење е уште поголемо. Вредно е да се истакне дека сиромашните селани веднаш се придружиле кон оваа борба на работниците, кои иако неорганизирани, успешно ја завршиле акцијата во своја корист.[45]

На овој начин, спроти Втората светска војна, работните луѓе, занаетчии и селани-раководени од КПЈ отворено и организирано почнале да се борат против профашистичката политика на владата Цветковиќ-Мачек и капиталистичкиот експлоататорски систем. Тоа го докажаа во наредните судбоносни денови и во текот на Народната револуција.

IV-а

1. Илија Каланоски, Народно-ослободителната војна и револуција, Струга и Струшко, (монографија), Струга, 1970, стр.86-87.
2. Д-р Панче Ќировски, Охридско-струшка област, Скопје, 1959, стр.78.
3. Илија Каланоски, Вевчани во НОВ и револуцијата, Вевчани, 1970, стр.23.
4. 55 години електрификација на Охрид, Охрид, 1971, стр.11 и 17.
5. Растко Пурић, Работнички југ, Скопје, 1937, стр.90.
6. Растко Пурић, Радништво и сиротиња Јужне Србије, "Социјални архив", бр.2, 1936, стр.249.
7. Растко Пурић, Работнички југ, Скопје, 1937, стр.31.
8. Растко Пурић, Радништво и сиротиња...цит.напис, стр.262.
9. НМ-Охрид, ЗУО, 1923-1941, Записник занатске коморе из Скопља од 29.III.1937. Инв.бр.200.
10. Илија Грунчевић, За време туристичке сезоне има пуне руке посла, "Правда", 1.9.1936.
11. Илија Грунчевић, Туризам у Охриду руши ћепенке, "Правда", 14.6.1936.
12. Историски архив Београд, Удружење Јужносрбијанаца 1923-1944 Београд, Извештај занатске коморе Скопља за 1935. Фасцикла за 1936, док.бр.1
13. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/3, Препис на резолуција бр.77 од 3.I.1936.
14. АЈ-Београд, МТИ, фасц.342, бр.3535 од 23.6.1937.
15. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/4, бр.2848 од 25.4.1939.

./.

16. Растко Пуриќ, цит.дело, стр.67.
17. Илија Симиќ, Какве су прилике занатства у Вардарској бановини и неколико речи о раду Занатске коморе у Скопљу, "Глас Полога", 24.7.1937.
18. Кројачи занат који је некада заиста био златан, данас се бори против конфекције и бесправног рада, "Вардар", 28.8.1935.
19. Спомени на група кондураџии од Охрид и Струга.
20. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/4, бр.2848 од 25.4.1939.
21. ИА-Охрид, Окружни одбор занатског удружења Охрид 1934-1941, Кутија 1/3, Записник од 15.7.1934(Во следниот текст: ООЗУО ).
22. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/3, бр.441 од 28.12.1936.
23. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/3, бр.7724 од 30.8.1937.
24. Растко Пуриќ, цит.дело, стр.94.
25. Аноним, Занатство Вардарске бановине, "Скопски гласник", 22.III.1940.
26. Спомени на нешко занаетчии.
27. ИА-Охрид, ЗУО: Извод од списокови за издавање дипломи за квалификации, Кут.1/4, за 1939-1940.
28. Д-р Фердо Чулиновиќ, Југославија између два рата, I, Загреб, 1961, стр.236-237.
29. Д-р Мијо Мирковиќ, Економска хисторија Југославије, Загреб, 1962, стр.389.
30. Д-р Панче Ќировски, цит.дело, стр.61.
31. ИА-Охрид, ЗУО, 1/2, бр.471 од 14.I.1931.
32. АЈ- Београд, Дворска канцеларија 1918-1941, фасц.27, известие од 4.I.1938.

./.

33.ИА-Охрид, ЗУО, Кут.1/3, бр.5997, од 3.7.1937.
34. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/4, бр.235 од 16.1.1940.
35. АЈ-Београд, МТИ, Кабинет министра, фасц.122,бр.5989 од 17.X.1939.
36. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/4, бр.247 од 3.11.1940.
37. Историја на македонскиот народ, кн.III,Скопје,1969,стр.120.
38. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/4, бр.11172 од 19.X.1940.
39. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/4, Објава Среског начелника бр. 10031 од 12.9.1940.
40. Историја на македонскиот.... цит.дело, стр.120.
41. АЈ-Београд, МТИ-Кабинет министра, фасц.122, бр.1007 од 2.4.1940.
42. ИА-Охрид, ЗУС, Записничка книга од 17.X.1939.
43. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/4, бр.20 од 29.I.1941.
44. Историја на македонскиот ... цит.дело, стр.122.
45. Аноним, Информација (нема наслов), „Наша реч", бр.21 од 1940.

# ГЛАВА ПЕТТА

## НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОДДЕЛНИ ПОВАЖНИ ЗАНАЕТИ ВО РЕГИОНОТ ( 1918-1941 )

За подобро согледување на положбата, развојот и опаѓањето на одделни занаети за периодот од 1918-1941 година, изнесуваме поважни карактеристики на некои занаетчиски дејности.

### а) Кожарско-преработувачки занаети

Еден од најмногубројните занаети во охридско-струшкиот регион е чевларскиот, кој како модерен занает се развил во крајот на XIX и почетокот на XX век. Во Охрид најмногу биле застапени таканаречените мајстори што изработувале "старовремски" чевли наменети за Турците.[1] Меѓутоа, со нивното иселување, модата на чевлите брзо се менувала и усовршувала. Како најстари "модерни" чевлари во Охрид кои работеле во почетокот на овој век биле: Никола Филипче(кој истовремено изработувал и калапи за чевли), Климе Банде, Сандре Пирузе, Јонче Курделе и други. За време на стара Југославија, овие мајстори, кои во свое време биле и најбогати и познати како први некогашни"баш" мајстори, умреле во беда. За нивниот живот занаетчиите собирале помош.[2]

Чевларите во турско време имале свој еснаф.[3] Тие како еснаф си имале своја слава и тоа на ден св.Спиридија. Својот празник го славеле се' до 1945 година. Имале и сопствено лозје што сами го купиле и го обработувале што се наоѓа во месноста "Патерица". На овој ден, како и на некои други занаетчиски еснафски слави, веселбите биле пропратени со музика.

./.

Во чест на овој празник, дуќаните ги затвореле. Секоја година се избирале по еден мајстор чија куќа и тоа по пат на ждрепка. Свештеникот се викал кум и ја пригостувал големата гозба. Постепено овој обичај опаѓал, бидејќи најмногу само чепларите го славеле својот Тројици нивен патронен празник. Со нив славеле папуџиите и опинчарите, меѓутоа секогаш се карале, затоа што по следните економски побогати стоеле. Тие стоката ја продавале на поголем круг луѓе и во повеќе места, додека чеплите ги купувале само богатите граѓани.[4] Во 1914 година во Охрид имало 45 занаетчиски работилници што ја продавале својата стока, освен во Охрид и во Поградец, Струга и во околните 180 села, а во Струга имало само 12 чеплари кои работеле само подобри работи, а евтините ги донесувале во Охрид.[5]

Интересно е што и по Првата светска војна бројот на чепларите се зголемувал. Чепларите работеле само по порачка. Затоа им било многу тешко за опстанок со зголемувањето на нивниот број. До балканските војни, суровина за изработување на чепли се носело од Солун и тоа од страна на битолските трговци. Охридските чеплари ги снабдувал познатиот битолски трговец Михајлиди Чамо. Од Охрид со продажба на суровина за изработка на чепли како трговци се занимавале Ѓорѓи Метуле-Беличот, браќата Борис и Мило Маневи, Ристо Серафимовски, Климе Туле и Славе Коцаре. Некои чеплари сами оделе да се снабдуваат во Скопје или Белград, а имало случаи кога се снабдувале преку кираџиите, односно тетовските ќесистите кои ја пренесувале стоката на големо.[6]

./.

Добрите мајстори за изработување на чевли се служеле со специјални калапи и "со земање на мера". По Првата светска војна почнала да се развива и шири модата на новење чевли, и за добрите мајстори секогаш имало работа. Модата се ширела од Париз и најтешко им било да се снајдат со нови мери-калапи.[7]

Алати со кои се служеле чевларите меѓу двете војни, а и потоа, главно, се: клешти, ќерпа, шило, нож, дурбија, рашпа, лабуње, менѓеме, српин"каљуши", попин"каљуши"(за ниски и високи чевли) и други. Некои од овие алати специјално се употребуваат за изработка на чизми од два дела кои ги носеле службениците, жандарите и побогатите граѓани. Овие алати, главно, биле набавувани од странство.

За изучување на чевларскиот занает имало големо интересирање. За тоа зборуваат и приложените податоци за бројот на ученици и калфи кои го учеле овој занает. Чевларските мајстори од Охрид и Струга на калфите им плаќале по 5о до 1оо динари, што зависело од мајсторот и годините во кој период се работело. На калфите им давале и по еден чифт чевли годишно. Мајсторите држеле еден до двајца калфи и тоа се' додека не се појавиле продавниците на "Бата", со исклучок на позафатените мајстори кои држеле и повеќе, како што бил случајот со Ѓорѓи Метуле и Климе Туле. Овие двајца мајстори, а особено првиот, ги пребродиле сите економски кризи меѓу двете војни, само затоа што се занимавале со трговија на сурова кожа.

По барање на занаетчиската комора од Белград, охридското занаетчиско здружение во 1928 година известува дека

во Охрид уште во "турско време" имало 76 чевлари, а во 1928 година ги имало само 40 чевларски работилници кои, од една страна", но се силни поради економската криза, како и поради конкуренцијата на фабричките производи", а од друга, поради стеснувањето на пазарот за пласман на чевли, бидејќи со промената на границата се намалило и потрошувачите. Охридските чевлари дневно можеле да изработат 200 чифта чевли, а тоа значи градот Охрид, кој имал повеќе од 10 000 жители, можеле да го задоволат само за два месеца, а другото време немале што да работат. Вредно е да се изнесе и податокот дека повеќе од 80 до 90% од селското население носело опинци од месни производи и изработка. Затоа чевларите од Охрид веќе навлегувале во безизлезна ситуација и во економска криза која заземала големи размери.[8]

Како се движеле цените на некои видови чевли во различити години во Охрид, се гледа од следните податоци.[9] Во 1910 година познатиот охриѓанец Никола Ст.Филе за својата фамилија од седум души од Ѓорѓи Метуло зел чевли и платил 737,20 гроша. Цената на еден чист чевли, во зависност од големината и квалитетот, изнесувала од 27 до 185 гроша. Кај мајсторот Метуло во периодот од 1909-1914 година купувале чевли исти луѓе-107 муштерии од Охрид. Цените на разни видови чевли од 1922-1925 година во просек изнесувале: 320 динари за машки вишни чевли; 100 динари за машки карарити и јарем ѓоној; 380 за женски плитки бели; 360 за боти од бокс; 140 за машки "јазови" лаковани; 450 женски лалени-деколтирани(најмодерни); 400 динари за "Сава" боти од бокс и други.

./.

Во периодот од 1923-1925 година мајсторот Метуле на работниците им плаќал од 2 500 до 3 000 динари. Цената на чевлите од 1925-1941 година различно се движела, а најниската изнесувала 180, а најголемата 500 динари. Кај овој занаетчија просечно годишно се произведувало 240 чифта чевли, додека во 1941 година изработил само 137 чифта чевли. Видови на чевли што меѓу двете војни биле во мода се: женски деколте, шмиц, боти, шимс,сандали, скафова, плитки, молер, ачик, јарамѓети, терлаци, битеви, киџациски, баглама, коломбос, чизми, јузој, на шнали, на шпангла, чарстон, шошони, спортски, пантофи и други.

Во времето од 1925-1941 година кај овој презем-лив мајстор како калфи и работници работеле преку 26 чевлари. Најмногу работа за овој занает имало во време на верските празници. Тогаш чевларите работеле до касно во ноќта. Калфите, главно, работеле за мајсторите.

Скоро сите охридски чевлари купувале суровина кај Метуле и тоа на вересија, поради што и многу печалел, бидејќи им земал и камата, а чевларите од година на година, се помалу заработувале. Само за пример го наведуваме случајот со чевларот Коста Пирузе. Во 1927 година зел стока во вредност од 11662, 25 динари,а за 1928 година имал долг 478,75 динари. Секоја година тоа го правел и во 1932 година вредноста на позајмената стока нараснала на 38876,75 динари и за 1933 година оставил долг 32778,75 динари. Тоа значело конечно пот-паднување и загуба на овој занаетчија, бидејќи немало излез. Чевларот останал сиромав и исфрлен на улица. Вакви случаи

./.

имало повеќе. Метуле своите права си ги остварувал преку конфискација на подвижен или неподвижен имот, што било случај со браќата Никола и Крсте Нанески, на кои со пресуда во 1933 година за неплатен долг им била одземена една нива. На мајсторот Ристо поп Марковски-Таќи во присуство на полицискиот писар, спроти Велигден", во 1935 година, му бил извршен попис во куќата од страна на Метуле и му било одземено еден ќилим, ѕиден часовник и една винска бочва.[10]

Редовно во периодот од 1918-1941 година чевларската работилница и трговскиот дуќан на Метуле бил во позитивен биланс. Единствена загуба имал во 1934 година(во износ од 14 637,5о динари). Ова е заради тоа што фабриката за чевли "Бата" во 1933 година отворила своја продавница во Охрид. Тоа веднаш ги "пресекло" сите чевларии тие морале да ги намалат цените на чевлите. Мајсторот Метуле просечно годишно заработувал до 15 ооо динари. Меѓутоа и оваа богата чевларска работилница, во која се вршела експлоатација на работната сила, од 1939 година почнала да се занимава и со крпење на чевли, што до тоа време мајсторите не го практикувале.

Охридските и струшки чевлари добро поминувале се' додека во овие два града не се отвориле продавници од Фабриката за чевли "Бата". Чевларите преку своите здруженија постојано вршеле притисок да ја спречат продажбата на фабричките чевли. Фабриките, работејќи на големо разновидни чевли и опинци,биле во состојба да ги намалуваат цените на чевлите. Во некои македонски градови фабриката "Бата" имала отворено продавници уште пред 1926 година, заради што чевларите одржувале протестни состаноци. Таков собир во Скопје бил одржан во 1926 година,на

./.

кого преку 1.000 чевлари од Македонија барале фирмата "Бата" да не отвора продавници зашто многу семејства ќе останат без парче леб.[11]

На 5 август 1931 година, Здружението на чевларите, опинчарите и папуџиите во заедница со трговците и индустријалците за кожи, во Скопје одржале состанок на кој констатирале дека овие занаети насекаде претрпувале криза и било испратено барање до кралската влада со цел што поитно да се решат нивните проблеми и тоа: да се ограничи до минимум увозот на готови чевли од други држави, да се зголеми царината до максимум, да се забрани отворање на продавници од фабриката "Бата" и да се забрани на секоја странска фирма да подигнува вакви фабрики во нашата земја.[12]

И покрај многуте барања фабриката "Бата" да не отвора продавници, таа, во согласност со државните органи, отворила продавници и во најмалите градови низ целата земја, меѓу кои и во Охрид и Струга. Оваа фирма потиснала голем број чевларски мајстори и ги довела до питачки стап. Заработувачка немало. Чевларите заработувале само 5%, која сума не била доволна ни за режија. Од 1929-1933 година цената на чевлите опаднала за 50-55%. Во некои мали места почетокот на работата на продавниците од "Бата" го објавувале со зурли и тапани и тоа по два дена, само да го привлечат вниманието на населението.

Низ целата земја формирани биле акциони одбори за заштитување на кожарско-преработувачкиот занает. Акциониот одбор од Белград, доставувајќи циркуларно писмо до сите занаетчиски здруженија во 1934 година, пишува:"Нашиот заеднички

непријател, незаситниот освојувач на нашите пазари и бездушен експлоататор на работничката класа е туѓата фирма "Бата". Таа го зеде и последниот залаг од нашиот работник и занаетчија, го упропасти опстанокот на чевларите и ги фрли на питачки стап.... Доста трпевме, ја толериравме нејзината допуштена и недопуштена работа, а сега мораме заеднички да викнеме Доста е. Мораме да се бориме со заеднички сили: сите за еден, еден за сите, од вас ќе зависи дали во борбата ќе успееме до крај."[14]

Фабриката "Бата" истовремено отворила продавници во Охрид и Струга во почетокот на 1933 година.[15] Продавниците непрекинато работеле до крајот наВтората светска војна, со исклучок во Струга. Во времето од 1934-1945 година во охридската продавница "Бата" колку се продадени чифта чевли и колку е остварен приход по години, може да се види од долу приложениот преглед од специјалните книговодствени картони што ги воделе педантните продавачи:[16]

| Година | Продадени чифта чевли | Остварен приход во динари-левови |
| --- | --- | --- |
| 1934 | 6.1o8 | 349.85o динари |
| 1935 | 7.176 | 345.374 " |
| 1936 | 9.853 | 416.817 " |
| 1937 | 1.697 | 99.418 " |
| 1938 | 11.363 | 68o.524 " |
| 1939 | 7.313 | 459.oo6 " |
| 194o | 6.279 | 577.828 " |
| 1941(за три месеци) | 717 | 92.611 " |
| 1942 | 7.3oo | 1.458.865 лева |
| 1943 | 3.385 | 889.32o " |
| 1944 | 554 | 278.445 " |
| 1945 | 3.769 | 554.363 динари |

./.

Продажбата на чевли и прометот во Струга во однос на Охрид секогаш бил помал и тоа за 2о%,[17] Продавницата на "Бата" во Охрид на патот спрема Велгошти(кај денешните гробишта), отворила помошна продавница за продажба на чевли, бидејќи се плаќало помалку данок и затоа биле поевтини и селското население повеќе одело таму да ги купува.

Скоро во целата земја во 1936 година, на иницијатива на акционите одбори за заштитување на кожарско-преработувачкиот занает и во организација на занаетчиските здруженија, а во согласност на кралската влада, со цел да се изврши определен притисок за добивање на поголеми приходи од фабриката "Бата" биле организирани штрајкови. Всушност тоа било мамка за чевларите, само да се рече дека и власта со нив се солидарисала, а од тоа најголема економска корист имала државата и капиталистите. И во Охрид и Струга во исто време бил организиран таков штрајк. На 25.II.1936 година чевларите од двата града уште од раните утрински часови ги затвориле своите работилници,групно излегле на главните улици и пред продавниците на "Бата"викале: "Долу Бата"! Да се затвори продавницата!". Со чевларите се солидарисале и другите занаетчии. Во Охрид вомасовната врвица имало околу 4оо души. Ги искршиле и џамовите на продавницата од "Бата".

Под притисок на штрајкачите, во Охрид бил присилен да дојде и претседателот на општината Анастас Чорбе и да им вети дека ќе ги преземе сите мерки.[18] Штрајкачите испратиле телеграма до Министерството за трговија и индустрија, известувајќи го дека се "солидарисуваат со барањата на Централниот

акционен одбор и се молат да се спречи работата на "Бата" како штетна за овој занает.[19] Ветувањата на општинските и други повисоки власти биле од привиден карактер, бидејќи во никој случај не биле во состојба и немале никакво право да ги спречат продавањатана фабричките чевли. Слични штрајкови против продирањето на странскиот капитал имало и од други занаетчиски стуки. Овие штрајкови немале само економски, туку и политички карактер.[20]

Цените на кожарските производи спроти Втората светска војна, исто така, многу се покачиле и тоа од 30 до 50%.На пример, цените до месец септември 1939 година за одделни кожни суровини изнесувале: домашен бокс од 8-12 динари, ѓон од 35-58 динари, бранзол од 26-42, краишник од 12-18 и врат од 25-42 динари. Истиве производи после овој месец, во зависност од суровината, биле поскапени од 37 до 81%.[21]

Покачена била цената и на другите материјали што биле потребни за изработка на чевли, но и покрај тоа тешко можело да се набават потребните суровини. Со покачувањето на цеените на суровините и чевларите биле присилени да ги зголемат цените на изработените чевли.

Други кожарски занаети што биле во помала мера застапени, а некои од нив и во изумирање, биле: табачкиот, опинчарскиот, самарџискиот, сарачкиот,ќурчинскиот и други.

Табачкиот занает е еден од најстарите занаети што бил застапен во Охрид и Струга.[22] Некогаш бил многу развиен и ценет, бидејќи овој регион располага со одлични планински пасишта во кои се одгледувало многу домашни животни и биле богати со дивеч.

./.

Табачкиот занает, однoсно обработката на кожите,што го наследиле од Турците, од веќе познати причини во XX век постепено го снемувал. По Првата светска војна во Охрид со него се занимавале уште две фамилии и тоа Амди Табак и браќата Коста и Насте Паскалиеви.[23] Обработката на кожи се вршела во местото "Табаана", кај куќата на Аристид Зарче.На ова место имало преку десет големи специјални камења накои ги "переле" кожите. Со оглед на тоа што овој занает е сосема изумрен, односно последните двајца занаетчии престанале со работа во 1940 година, описот како се обработувала кожата на животните го изнесуваме според сеќавањата на група охридски чевлари и опинчари.[24]

Кожата најпрво се простира и се намачкува со вар,а по извесно време волната отпаднува. Потоа се ставува на специјалните камења - плочи и со полевање на езерската вода, со штици, како и со нож се гребе кожата, вадејќи го сиот непотребен остаток. Паскалиевци во последно време од Албанија набавувале некоја трева "јатрак" што ја ределе во специјални каци за да го одземат непријатниот мирис. Ги оптегнувале на штици заковани со клинци за добро да се исушат. Така ги чувале 3-4 дена,што зависело од јачината на сонцето. Потоа со еден специјален ремен и едно дрво како од разбој ја "гланцале" кожата која покасно добивала светол сјај. Од кожата вaделе разни видови суровини и тоа од обичен ѓон до ремења, сечејќи ги на парчиња што ги викале "фаши".

Од охридските кожари-табачките производи најмногу купувале опинчарите кои изработувале опинци за потребите на селското население од Струга, Охрид,Дебар и Ресен. Опинчарскиот занает бил добро развиен во двата града се' до отворањето

на продавниците на "Бата". Охридските опинчари, кои биле многубројни, им конкурирале на стружаните. На пазарот во Струга пристигнувале уште во петокот попладне, а се враќале во сабота предвечер.[25]

Началникот на Струшка околија, по барање на струшките занаетчии, во 1929 година им забранил на охридските опинчари да ја продадат својата стока во Струга. Меѓутоа, таа одлука не се остварила, бидејќи овој занает не бил еснафски, а се работел во куќите, не се сметал за торбарење, спрема тоа имале право да работат и да ги продаваат производите на сите пазари.[26]

Охридските опинчари во вистинскиот смисол на зборот целосно не се занимавале со изработка на опинци,туку тие ја продавале изработената кожа од која самите селани си шиеле опинци. Тоа може да се види и од барањето на охридското занаетчиско здружение во 1930 година до банската управа во Скопје, во кое пишува: "Охридските опинчари не шијат опинци и шиени опинци не продаваат. Своето опинчарско занимање го вршат на овој начин: купуваат пресни кожи свинска, говедска, па истите ги обработуваат, а после ги прекројуваат за опинци и така ги продаваат во пазарните денови на тезгите во Охрид, Струга,Дебар и Ресен. Тоа го прават во своите куќи". Банската управа на опинчарите им дала согласност и понатаму да работат и повеќе " да не бидат предмет на вознемирување и реферисување од полициските власти".[27]

Последните опинчари во Охрид и Струга, главно,работеле на изработка на таканаречените плетени "македонски опинци" што ги купувале за потребите на фолклорните групи, стран-

./.

ците,а покрај тоа се занимавале со крпење на чевли и изработка на други кожни производи. Интересно е да се одбележи дека преку добротворното друштво за образование на кадрови во занаетчиството"Привредник" од Белград, во 1939 година, на нивна сметка отишол да го учи опинчарскиот занает охриѓанецот Милан Беле, со кој занает и денеска се занимава во Охрид.[28]

Други мошне интересни и се' уште задржани занаети во Охрид и Струга се сӑрачкиот и самарџискиот. Сарачкиот занает долго време бил во рацете на Турците, но меѓу двете војни со истиот се занимавале и Македонци. Сарачите изработувале: узди, ремења, реденици, седла, дисаѓи, анџици, змови, дел за опрема на коларите, разни кожни футроли за чување на оружје, ножеви, спортски алати, чанти и друго.

Од 1919-1941 година во Охрид со овој занает се занимавале само тројца сарачи, а во Струга до 1935 година сӑмо еден, а од 1938 година работеле двајца занаетчии.[29] Интересно е да се одбележи дека за овој занает кај младите воопште не владеел интерес и затоа ниеден занаетчија не држел кај себе ученик. Сарачите набавувале суровина од охридските кожари, а покасно и од трговијата.

Самарџискиот занает може да се категоризира и во групата на занаети што обработуваат дрво. Овој занает од секогаш бил добро развиен и рентабилен во двата града. Тоа е затоа што во овој регион, особено во селата, како единствени превозни средства на стоката и луѓето, освен колите,биле коњи, магариња и маски. Затоа и селаните биле најголемите потрошувачи на самари. Самарџиите држеле по еден ученик и калфа. Секој самарџија си имал свои редовни потрошувачи, односно купувачи на неговите

./.

произведи како и за поправка.Поради тоа мајсторот со посебен знак забележува секој самар дека е негова изработка, а со тоа на извесен начин давал гаранција дека е добро и квалитетно изработен од една, а од друга страна, откога ќе се искинел, сопственикот повторно ќе дојдел на поправка кај мајсторот. На тој начин си ги задржувале своите муштерии. Самарџиите меѓусебно никогаш не се карале, бидејќи имале работа.[30]

Ќурчиството, "гордиот занает" на охриѓаните, во почетокот на XX век веќе останал историја - минато. Тој бил најскапиот и најрентабилниот занает во Охрид се'до крајните децении на XX век и неговиот еснаф претставувал цела сила.[31] Тоа го потврдуваат во своите трудови и одличните познавачи на ќурчиството Димитар Точков[32] и Коста Групче. Во 1900 година со ќурчиството се занимавала само фамилијата Поп Симови.[33] Сепак и понатаму во XX век само за потребите на градското население некои ќурчии се занимавале со овој занает. Во 1914 година работеле 3 мајстори.[34] По првата светска војна и се' до крајот на 1941 година, односно до нивното умирање, делумно се занимавале двајца мајстори-ќурчии и тоа Јован Кумески и Панде Терзијаноски.[35]

Својот занает тие не го имале регистрирано кај државните власти,а за цело време работеле бесправно. Последните ќурчии главно работеле на обработување на кожите и шиење на разни предмети за потребите на некои постари луѓе. Изработувале шубари, женски крзна, крагни и други ситни кожни предмети. Во меѓувреме, во нивната работа им се "мешале" и кројачите. И покрај длабоката старост, тие работеле,бидејќи морале од нешто да живеат, а власта стално ги прогонувала. Така, на ќурчијата Јован Кумески во 1935 година, бидејќи немал платено членарина на здружението во

износ од 208 динари, на лице место, во куќата, му бил извршен попис и во записникот е забележано следното: "Освен една куќичка нема повеќе никаков подвижен и неподвижен имот. Предметот се враќа и се бара да биде ослободен од членарина зашто е многу сиромав. Во спротивно началникот на Охридска околија ќе биде присилен овој предмет да го достави до занаетчиската комора и го тужи здружението, бидејќи извршната власт ја излажува на непотребни работи, да врши попис кај лица што е неможно да се изврши наплата".[36] И покрај суровоста на џандарите, во овој случај увидувајќи ја на лице место големата беднотија на остарениот мајстор, се сожалиле и барале здружението да ја повлече пријавата. Мајсторот Кумески во својата жалба, пишува: "Еснафот насилно сака да ме направи мајстор и ме запиша во книгите-само за да плаќам членарина. Ние сите сме ситни занаетчии кои капитулиравме и немаме можност да ги плаќаме давачките,а посебно во денешната криза".[37]

Некои ќурчии во новите услови и новото време се "прилагодувале"менувајќи ја својата професија. Се занимавале со сушење и продажба на кожи. Ги купувале по селата и градовите и ги препродавале на трговците за преработка по фабриките за кожи. Големи количини на сурови кожи најмногу собирале за време на верските празници.Најпознат кожар во Охрид бил Ристо Серафимоски. За време на економската криза, во 1930 година, цената на кожите од Охрид што ги продавал во Загреб,изнесувала:

| | |
|---|---|
| - 190 парчиња црнојагнешкак кожа | 80/85 кгр. |
| - 195 парчиња црнојагнешка кожа | 60 кгр. |
| - 55 парчиња " " | 38 кгр.по 20 динари; |

./.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - 389 | парчиња јаречка кожа | 45/5o кгр. | I | група | по 42,5o дин. |
| - 164 | " " | | II | група | по 21,25 дин. |
| - 47 | " " | | III | " | по 11 динари |
| - 18 | " " кожа за мустра | | I | " | по 4o динари и |
| - 7 | " " " " | | II | " | по 2o динари.[38] |

Еден трговец од Сисак Риста Серафимоски во наредната година го молел и понатаму да му испраќа кожи како во минатите години, но го опоменувал дека побарувачката од Америка била помала. Го известува дека за чифт прва класа на кожа од лисица изнесува 5oo динари, куна самсара 1 5oo, видра 1ooo, јазовец 18o, од мачки 2oo, зајачки 14 динари и друго.[39]

Овие податоци ги изнесуваме само заради илустрација на нивната цена, како и појавата на еден нов занает - кожари, кои место кожите да ги користат во Охрид, како што беше порано, сега ги продавале на трговци.

Колку регистрирани фирми од кожарско-преработувачките занаети имало меѓу двете војни, може да се види од приложените прегледи што се понапред изнесени.

V-а

1. Миливој Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама краљевине Србије, Београд, 1914,стр.236.
2. Според спомените на охридските кондурации: Јордан Љаткоски (стар 78) Благоја Бимбилоски (75), Александар Рибарев(7о), Ристо поп Маркоски-Таќи(69), Јордан Маленко(61), Ѓоре Грозданоски(6о), Борис Слатиноски(67), Паско Дојчиноски (77), Благоја Протуѓер(67) и други.
3. Коста Групчевиќ, О Охриду и Охридском језеру, Цариград, 19оо, стр.151.
4. Според спомените на цитираните кондурации.
5. Миливој Савиќ, цит.дело, стр.212и 214.
6. Според спомените на кондурациите
7. Според спомените на кондурациите
8. НМ-Охрид, ЗУО, Инв.бр.198,бр.1оо од 9.5.1928.
9. Приватна збирка на документи и тефтери од кондурацијата Ѓорѓи Метуле од Охрид 19о9-1942 година. Он водел лично книговодство. Текстот што се однесува за дејноста на оваа фирма е исцело користен од оваа документација, која се' уште ја чува во својот дом.
10. Според спомените... и приватната збирка на Метуле..
11. Анонимн Протестни збор обуќара у Скопљу, "Наша стара Србија", 1.7.1926.
12. Јордан Петровиќ, Наши обуќари против "Бата", "Политика", бр.8348 од 1931.
13. Д-р Часлав Никитовиќ, Занатство Јужне Србије, Скопје,1934, стр.15.

./.

14. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/2, Апел акционог одбора од 14.IX.1934.

15. Спомени на Михо Тасевски(65)долгогодишен продавач и раководител на продавницата "Бата" во Охрид и Струга и тоа од 1933-1973 година.

16. Продавница "Борово"Охрид, Картотека-Финансова евиденција од 1934-1945 година.

17. Спомени на кондурациите....

18. Според спомените на кондурациите

19. АЈ-Београд, МТИ, фасц.7о2,телеграми од Охрид и Струга од 25.II.1935.

2о. Страхил Гигов, Развојот на работничкото движење во Македонија по Балканските војни, Скопје,1955,стр.21.

21. Са конференције обућара у Скопљу,"Скопски гласник ", 2.XI.1939.

22. Миливој Савић, цит.дело, стр.24о.

23. ИА-Охрид, ЗУО, Главни спискови и спомени.

24. Според спомените на кондурациите.

25. Гиго Милески, Струга, "Годишен зборник на Филозофски факултет"-природно-математички оддел,кн.8, Скопје, 1955,стр.12о.

26. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1,од 16.12.1929.

27. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1,бр.447 од 28.7.193о и писмо од адвокатот Демостен Манески од 11.7.193о.

28. Спомени на опинчарот Милан Белев(54) од Охрид.

29. ИА-Охрид, ЗУОС, извод од списковите.

3о. Според спомените на самарџијата Васил Малезан (58)од Охрид.

31. Атанасије Урошевић,Охрид,Скопје,1957,стр.25.

32. Димитар Точков, Студии за трговијата со крзнени стоки и ќурчиството,Хајделберг,1900(Превод од германски јазик на Л.Алексовски),Народен музеј Охрид, Ракопис.
33. Коста Групчевиќ, цит.дело, стр.137.
34. Миливој Савиќ, цит.дело, стр.213.
35. ИА-Охрид, ЗУО-Спискови и други документи
36. НМ-Охрид,ЗУО,Инв.бр.112,бр.6425 од 3.7.1935.
37. ИА-Охрид,ЗУО,кут.2/3,молба од Кумевски од 18.6.1935.
38. Збирка на документи - сопственост на Ристо Серафимоски од Охрид, Сметка и писмо од 31.6.193о.
39. Збирка на документи од Ристо Серафимовски, известие од Јосиф Фишер од 19.II.1931.

### б. Метало-преработувачки и електро-технички занаети

Метало-преработувачките и електро-техничките занаети меѓу двете војни немале некоја важна улога, но во секојдневниот живот биле многу барани од населението, а особено по селата. Постепено, со развојот на техниката, од овие гранки се појавувале нови занаети, како што се: електротехничари, водоинсталатери, автомеханичари, велосипедџии и други. По традиција, во Охрид и Струга, многу биле ценети занаетчиските производи на кујунџиите и златарите. Секој занаетчиски производ сам за себе си имал своја вредност и потреба за жителите. Во Охрид и Струга, главно, за поединни години биле развиени следните метало-преработувачки и електро-технички занаети:

I. О х р и д

| Име на занаетот | Број на занаетчиски фирми по години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1914 | 1919 | 1925 | 1928 | 1930 | 1932 | 1937 | 1940 |
| 1. Автопревозници | – | – | 2 | 2 | 5 | 7 | 9 | 3 задруга |
| 2. Автомеханичари | | | | | | | | 2 |
| 3. Бравари | – | – | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| 4. Велосипедџии | – | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 |
| 5. Водоинсталатери | – | | | | | | 1 | 1 |
| 6. Електроинсталатери | | | | | | | 1 | 4 |
| 7. Ковачи | – | 23 | 8 | 13 | 30 | 11 | 30 | 28 |
| 8. Кујунџии-злат. | 6 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 |
| 9. Казанџии-калај. | 2 | – | 3 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 |
| 10. Ножари | – | – | 1 | – | 1 | – | 2 | 1 |
| 11. Потковувачи | – | 3 | – | 4 | 5 | 4 | 3 | 5 |

./.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. Пушкари | - | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 |
| 13. Тенекеџии | 5 | 3 | 4 | 5 | 5 | 7 | 8 | 6 |
| 14. Часовничари | - | 3 | 4 | 3 | 6 | 5 | 5 | 4 |

II. С т р у г а

| Име на занаетот | 1914 | 1919 | 1924 | 1928 | 193о | 1932 | 1935 | 1938 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Автопревозници | - | - | - | - | 2 | 3 | 7 | 8 |
| 2. Бравари | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 |
| 3. Велосипедџии | - | - | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 4. Кујунџии-злат. | 1о | 8 | 9 | - | - | 6 | 8 | 8 |
| 5. Ковачи | - | 5 | - | - | - | 32 | 25 | 31 |
| 6. Калајџии-казанџии | 1 | 3 | - | - | - | 4 | 3 | 4 |
| 7. Потковувачи | - | - | - | - | - | 6 | 7 | 7 |
| 8. Тенекеџии | 4 | 4 | - | - | - | 6 | 6 | 9 |
| 9. Часовничари | - | - | - | - | - | - | 1 | 2 |

Казанџискиот занает води потекло од Турците, а во Охрид и Струга бил развиен уште во XIX век. Казанџиите и калајџиите всушност се исти занаетчии кои ги вршат соодветните услуги, изработување на предметите, како и калаисување и поправување на дотраените предмети. Според раскажувањата на старите охриѓани-калајџии овој занает до почетокот на XX век го работеле Власите од Крушево.[1] Во 1914 година во Охрид имало две калајџиско-казанџиски работилници. Тие добро заработувале-12оо-14оо динари годишно.[2]

Во Охрид првите калајџиски мајстори кои отвориле работилници биле Марко Влаот и браќата Димитри и Тодор Чуковци од Крушево. Кај мајсторот Марко занаетот го научиле тројцата

браќа: Сандре, Никола и Андон Киселинови, од кои за време на Првата светска војна двајца емигрирале во Бугарија, а во Охрид останал Андон. Кај него занаетот го научил Илија Марин, од кого во Охрид го научиле другите занаетчии кои се родбински тесно поврзани, со исклучок на Никола Момировски.[3] За овој занает и во стара Југославија младите сосема малку се интересирале. Мајсторите држеле двајца до тројца ученици и ниеден не го завршувал занаетот, бидејќи бил тежок, нечист и тие насетувале дека неговата перспектива е прилично лоша. Учениците биле од градот, а за изучување на занаетот плаќале нивните родители. Тоа го правеле само затоа што немало кој да ги прими на други занаети. Данокот на калајџиите изнесувал од 400-500, а најмногу до 1.000 динари. Месечно еден мајстор заработувал од 40-60 динари. Калајџиите своите производи, најмногу преку пазарните денови и панаѓурите, ги продавале во Струга, Дебар и Ресен, како и во селата. Со суровини, односно со бакарот и калајот се снабдувале преку трговците, а понекогаш директно оделе во Скопје, а јаглен купувале од околните села.[4]

Во периодот меѓу двете светски војни во Струга работеле 3 до 4 калајџиски работилници, но поради секојдневната конкуренција на поискусните мајстори од Охрид, струшките занаетчии-калајџии тешко опстанувале.[5] Казанџиите-калајџиите кои работеле до 1941 година продолжиле и понатаму, но за овој занает од младите никој не се интересира.

Калајџискиот алат претежно е од железо, што одговара на карактерот од занаетот, но калајџиите употребуваат и на дел дрвени алати. Поголемиот дел од алатите се рачно изработени,

./.

не има[и] фабрички. Алатот е многуброен. Охридските калајџии претежно ги употребувале следните алати: тезгав, мала и голема наја, лимингер, санко, гринго, лули-калаф, плоча, чапрес, ножици, чекани, турпии, кесачи, замбии, олово, наковална, перѓени, аршии, пирустии, криви клешти, мушали, пачавра, духало, каца за витриол и ситен песок.[6]

Производите на казанџиите се различни-од обични садови за јадење, до казани за варење на ракија и топки за кубиња на џамиите. До појавата на емајлираните индустриски садови, изработувале предмети за домаќинството, за кафеаните, берберниците, бањите, слаткарниците и за други слични потреби. Главно, изработувале: разни ѓумови, ибрици, сураи, сафа, казани, котли,пекмез, тава, тенџериња, тепсии, сефер-тасови, мангали, џезвиња, кутии за кафе и шеќер, леѓени, аман-тасови, семавери, прскала, синии, кандила и други предмети.[7]

Многу бакарни предмети што ги изработувале казанџиите се декорирани и тоа најмногу со детали од житната флора, а посебно со мотиви од класот на житните растенија. Скоро секој предмет е специјално кован и многу од нив, по традиција, имаат и ориентална декорација, што е наследена од турско време.

Ковачкиот и потковачкиот занает во овој регион е најмногу развиен, зашто не само селското, туку и градското население се занимавало најмногу со земјоделие, а единствени превозни средства им била живата стока. Ковачите се помногубројни, бидејќи како жители на земјоделски регион луѓето имале потреба од алати што се произведувале во ковачниците. Овие занаети се развиени и поради слабата механизација на земјоделското стопанство. Како потврда на оваа констатација доволно е да го из-

./.

несеме податокот дека во 192o година во Охридскиот округ имало 1765 плугови и 2o41 рало.[8]

Интересно е да го изнесеме и податокот дека во 1937 година во Струшка околија имало: 87 коњски коли, 584 воловски коли, 862 обични плугови, а само 11 со тркала, 1 615 рала, 1 496 коњи, 1 3o2 магариња и друго.[9] За одржување на предметите што се применувале во земјоделието и сточарството, се разбира се грижеле многубројните ковачи во регионот, кои со децении и векови биле, главно, Цигани.[1o]

Машинобраварските работилници во двата града се појавиле во 3o-те години на овој век и затоа сите земјоделски алати и машини ги правеле или поправувале ковачите. Во секое село имало по еден или два ковачи, поради што оние кои останале по градовите, живееле во потешка положба и од ден на ден се губеле.[11] Ковачите изработувале: рала, секири, мотики, клинци, зебла, вериги, ножеви, маши, сачови, вили и друго. Меѓутоа,со увезувањето на новите фабрички земјоделски алати и предмети, за ковачите се' повеќе се намалувала работата и тие вршеле само поправка на фабричките производи. Тие во триесетте години на овој век дошле до уште потешка положба и биле присилени заради опстанок во селата да вршат работи само во натура, со цел да можат да ги исхранат своите фамилии.

Имало случаи понекогаш да не можат да остварат приходи, ниту за издржување на работилницата. Во 1933 година, на пример, во Кичево(тоа било слично и во овој регион), за потковување на коњ се наплатувало 12-13 динари, а 32 клинци чинеле 4 динари, 4 плочи 6 динари, а од тоа на мајсторот му останувале 2-3 динари бруто заработувачка. Еден потковувач, просечно, не-

./.

делно потковувал 18-22 коњи, а тоа значи дека бруто заработувачка неделно изнесувала 36-66 динари.[12]

Кај селските ковачи во струшкиот крај до пред Втората светска војна задржана е старата традиција: Место во пари за секоја извршена услуга на ковачите да им плаќаат во натура, односно се вршела размена на стоките. Секој селски ковач работел по свој принцип. Во замена на своите изработки определено е ковачот да добива за секој земен или поправен предмет од страна на селанецот соодветна количина на жито или каква било друга земјоделска култура. Овој начин на работење, што бил "озаконет", во Дримкол пред повеќе од 1оо години, сочуван е, за чудо, и до 1939 година. Ниеден ковач кој работи по селата на Дримкол од селаните не прима ни пет пари во готово. Селанецот, на пример, ќе му однесе на ковачот 1о кгр. пченица, а ковачот во замена за тоа ќе му даде еден срп, една лопата и една маша. Во некои села ова се применувало уште попрактично. Место размената на производите да се врши кога им е потребна, утврдено е секој домаќин кој што е "глава" на фамилијата, годишно глобално да дава по 5о кгр. пченица или друга земјоделска култура. Ковачот бил должен за сите фамилии во селото преку цела година да ги поправува потребните справи и алати. Недоразбирања меѓу нив ретко се случувале и биле задоволни и ковачите и селаните.[13]

Селаните во Охридско со ковачите претоварале за условите за работа и ги прифаќале ковачите да живеат во нивните села, дури им давале и селски ниви да ги обработуваат под закуп и тоа договорно. Поради тоа, скоро, секое село имало свој ковач во овој регион.

./.

Уште од најстаро време, луѓето обрнувале внимание на украсување на својата облека и дом. Меѓутоа, се разбира, украсните предмети во чекор со времето и модата се менувале во разни временски периоди. Оваа благородна и многу вешта работа ја вршеле кујунџиите и златарите. Овој занает е застапен скоро во сите градови на Македонија, а посебно во Струга. Правиот кујунџиски занает и кујунџиска традиција до денеска најдобро е сочувана во Призрен и Струга. Призрен од секогаш бил главен кујунџиски центар, а Струга доаѓал веднаш по него.[14] Исто така, познати се и неимарите од Охрид и неговата околина, се'до Дебар.[15]

За тоа зборува и бројот на кујунџиско-златарските работилници. Филигранскиот занает е со многу богата лепеза на разни украси. Старите мајстори сосема убаво, уметнички, успеале ковните метали, златото, а особено среброто, така да го обработат и на саканиот предмет да му изработат некој лик,мотив од религијата, митологијата или од секојдневниот живот. Нивниот предмет за секогаш останува како единствен примерок. Во овој занает ретко може да се најде повеќе примероци на предмети со исти мотиви, бидејќи некои специјални калапи за тоа не постоеле. Кујунџиите изработувале: крстови од сребро и злато, кандила за црквите и манастирите и разновидни накити (прстени, обетки, колани, гривни, нараквици, амајлии, пафтина, огрлици, разни гердани), разни садови за домаќинствата(лажици, сервиси за кафе), кутии за цигари, чубукчиња, гравирање на сабји, пушки, и пиштоли и друго.

Кујунџиските предмети подеднакво ги носеле и ги купувале Македонците и Турците, православните, муслиманите и католиците, старите и младите, жените и децата.[16] Меѓу двете

./.

војни, главно, најголеми потрошувачи биле жените од селата, а во летниот период и туристите, за кои кујунџиите со своите работилници претставуваат вистинска атракција. 'Кујунџиите и нивните суптилни изработки, што најповеќе ги носеле македонските девојки и невести, нашле одраз и во народните песни.[17]

Во XX век кујунџиите веќе не изработуваат украси на пушките и пиштолите, ги изгубија црквите, со промената на носијата во градовите и селата ги изгубија и своите постојани потрошувачи затоа што од странство се донесуваат разни индустриски и импровизирани предмети.[18].

Во својот извештај шефот на инспекторатот во Скопје Милан Зебиќ, во врска со положбата на кујунџиите во Македонија, во 1931 година, пишува: "Животот на кујунџиите, нивните ученици и помошници е доста тежок. Некогашните украси излегуваат од мода, а кујунџиите се' уште не успеале да се приспособат со новото време и да изработуваат предмети што се бараат, и, што е важно, немаат доволно материјал за работа."[19] Меѓутоа, кујунџискиот занает, сепак, "одел" добро, а особено во селата на печалбарскиот Дримкол, чие богатство на носијата се одликува со голем раскош и разновидност. Всушност, младите од богатите куќи употребувале накити што достигнувале вредност и по неколку илјади динари, а по тежината значело и права тортура за оние кои ги носеле. Кујунџиите се ограничувале во изработка на ретки филигрански работи за минувачите и туристите и затоа нивниот број се намалувал.[20]

Свечената облека на една девојка или невеста тешка е преку 3о кгр., а од тоа неколку килограми е сребро. Но, поради сиромаштијата од година на година носијата станувала се' посиромашна и едноставна, помалку китена, а сребрените и

./.

златни накити ги позајмувале од своите мајки или баби,бидејќи било тешко да се купат и претставувало голем товар на фамилијата.[21] Тоа најповеќе ги погодувало кујунџиите. Затоа многу пати биле присилени да одат и продаваат по разните панаѓури и манастири, што понапред тоа го чинеле само "обичните" мајстори. Тие веќе не работеле како нивните дедовци и татковци, кои успевале од својот занает да подигнат куќи од вредност од по неколку стотини наполеони, да купуваат ниви, ливади и шуми.[22]

Струшките кујунџии многу предмети ги продавале и на охридскиот пазар, а посебно во летниот период. Затоа тројцата охридски кујунџии во 1924 година се жалеле до охридскиот окружен началник, пишувајќи му: "Ве молиме да дејствувате кај надлежните, да не се допушта струшките кујунџии да ги продаваат своите производи во Охрид, бидејќи овде не ги имаат протоколирано своите работилници". Струшкиот околиски началник веднаш постапил по наредбата. Ги повикал сите девет кујунџии и со потпис им соопштил, но од окружниот охридски началник, исто така, бара и моли"да им се соопшти на сите занаетчии од Охрид кои своите продукти ги носат во Струга и ги продаваат на пазар, со себе да ги носат доказите за протоколирање на фирмата, бидејќи има занаетчии кои вршат продажба на стоки без право, а од нив најмногубројни се чевларите."[23]

Дека кујунџискиот занает во Охрид и Струга бил во опаѓање, особено во времето на економската криза, потврдува и документот на судот на општината Охрид издаден на

кујунџијата Ѓорѓи Златарески во 1929 година, потврдувајќи дека неговата работилница многу слабо работи, бидејќи тој занает од ден на ден се' повеќе опаѓа, па има слаба заработувачка, така што едвај ја издржува својата фамилија.[24]

Острата економска криза ги погодила и овие занаети. Во триесетте години ретко кој ги купувал добрите филиграски работи. Тоа се сметало за луксуз. Многу пати кујунџиите од селаните ги купувале старите и неупотребливи предмети за поевтини пари, а нив ги "преработувале" и во основа ја задржувале старата форма и боја. Еден добар мајстор на ден можел да изработи до три прстени, што се продавале по цена од 1о-15 динари. Кога би се зело во предвид вредноста на среброто, надницата на работникот, режијата и друго, кујунџијата на оваа стока не можел да заработи повеќе од 4 до 5 динари дневно.[25] Тешко се снајдувале со суровина, а посебно со злато. Во добрите сезони од 1935-1939 година дневно заработувале 6о-8о динари.[26] Во 1935 година двајца кујунџии го напуштиле занаетот од Струга, мислејќи дека на други занаети ќе заработаат повеќе.[27]

Кујунџискиот занает е многу пипав и тежок за работа. Тој што се решил да се занимава со него треба да има трпение и јако срце. Кујунџиите во својата работа се и еден вид уметници. Во Струга еден од најпознатите мајстори бил Атанас Коркут. За потребите на манастирот Св.Наум во Охрид тој ја изработил кутијата за иконата"св.Јован Владимир". За неа употребил"една ока чисто сребро и работел со денови и ноќи. Кога била готова, од убавината биле изненадени,и порачители, и целиот кујунџиски и занаетчиски еснаф од Струга".[28]

./.

Поради уметничката вредност и нивната трајност, многу кујунџиски предмети се чуваат во домаќинствата, а многу од нив посебно ги красат црквите и манастирите во околината на Охрид и Струга.

Водоинсталатерските и електроинсталатерските занаети се јавуваат меѓу двете светски војни. Тие се нови занаети. Прво, во Охрид, во 1927 година, е изграден градски водовод.До 1936 година и подоцна охриѓаните се служеле со улични чешми. За прв пат во 1937 година е регистрирана водоинсталатерска занаетчиска фирма.[29]

Првите почетоци на електрична енергија во Охрид се од 1926 година, кога Германецот Рајнхард Релих заедно со рускиот емигрант Владимир Белкин, на сметка од швајцарската фирма "Браун Бовери", успеале за прв пат да монтираат мали електромотори за потребите на електричниот млин и за некои градски улици. Од 1933 година се користел моторот што служел за водоводот, но тој бил со мала сила.[30] Големата потреба од електрична енергија ја увиделе сите граѓани. Во Охрид почнува да се гради електрична централа во 1937 година во селото Рамне, а е во употреба од средината на 1939 година.[31] Од оваа година се јавува голем интерес за воведување на електрична енергија во сите домаќинства, а со тоа и потребата за електроинсталатерски занаетчии. Прва занаетчиска фирма во Охрид за електрични работи е регистрирана во 1934 година, а во 1937 година е отворена и продавница за електроинсталатерски работи.Во ова време вакви фирми отвориле уште двајца занаети од други градови.[32] Овие занаетчии биле

./.

рентабилни, бидејќи конкуренцијата била слаба и се чувствувала голема потреба кај населението. Овие два занаета ги немало во Струга.

Браварскиот занает во овој регион е нов. Во Охрид за прв пат почнува да се занимава Бојан Групче уште од 192о година, кој занает го научил уште како дете во Романија.[33] Во почетокот имал тешкотии, но подоцна занаетот го усовршил, положил мајсторски испит во Белград и станал еден од најпознатите занаетчии. Добро напредувал и никогаш немал економски тешкотии. Во својата работилница секогаш држел 3-4 ученици и 4-5 калфи, како и еден до двајца работници. Од 192о-1941 година кај него како ученици, калфи и работници работеле 45 души.[34] Кај овој занаетчија во извесна смисла експлоатацијата на работната сила дошла до израз. Изработувал: решета, кофи, лимени ламби, соби за ложење, умивалници, каси за чување на пари и архива, цевки за бунари, водоводни инсталации, мостови, разни кревети и друго. Годишно плаќал данок од 4-8 ооо динари, а тоа значи дека бил еден од најситуираните занаетчии во Охрид.Суровини и алати набавувал од Скопје и Белград,а некои алати сам ги конструирал. Својата стока, за разлика од другите занаетчии, ја продавал надвор од пазарите на овој регион, а во исто време и преземал работи.

Меѓу браварите и тенеќеџиите, со оглед дека нивните занаети се слични, многу пати доаѓало и до меѓусебни недоразбирања и оптужувања. Мајсторот Групче,кој долго време бил и член на управата на околиското занаетчиско здружение, успеал во 193о година да им нареди на „сите тенеќеџии и пушкари во Охрид да работат само за она што се регистрирани".[35]

./.

Оваа одлука ја примиле на знаење со потпис и се обврзале дека нема да се занимаваат со браварски работи. И овој случај е очигледен пример за силата на побогатите занаетчии и борбата за економска надмоќност. Со овој занает во Струга се занимавал само еден мајстор, кој во исто време поправал и оружје.

Пушкарскиот занает бил во опаѓање. Во Охрид имало регистрирано само две работилници и тоа на браќата Спиро и Вангел Главинчеви и Рифат и Сали Далипи. Овие занаетчии воопште не држеле ученици. Од нив, како последен пушкар, до денешни денови останал Вангел Главинче. Пушкарите го поправале целокупното оружје од лесна категорија: пушки, пиштоли, ловечки пушки, стари "кременки" и друго. Занаетот е тежок и многу одговорен, бидејќи ако не е исправно оружјето корисникот секогаш е изложен на животни опасности.[36]

Тенекеџиите се стари занаетчии. Нивните производи подеднакво ги користеле, и градското, и селското население. Алатите ги купувале, претежно, од Чехословачка, а суровината ја земале од Скопје. Месечно заработувале 300-400, а зимно време се случувало да заработат и до 1 000 динари. Тенеќеџиите годишен данок плаќале 150 до 400 динари.[37]

Часовничарскиот занает бил во развој. Меѓутоа, во овој период населението слабо купувало рачни часовници, а повеќе се употребувале "будилници". Од целото население во Охрид часовници имале 8-10%. Затоа имало и денови кога охридските мајстори немале што да работат. Часовниците се

купувале преку трговија, а нивната цена се движела од 1оо до 4оо динари. Најскапите часовници изнесувале и до 1 ооо динари.[38]

Превозот на стоки и луѓе се вршел со коли што ги влечеле коњи. Во првите две децении на овој век на релацијата Битола-Охрид-Струга-Драч бил многу развиен кирациското сообраќај и тоа бил најжив пат во внатрешноста на Балканот. Тоа било права раскрсница во Западна Македонија каде се сретнувале ќирациите со коли и коњи. На патиштата постоеле анови и конаци. Од Охрид за Битола оделе цели каравани. Со овој занает најмногу се занимавале Власите и Албанците(Тоските), кои гарантирале за животот на луѓето и за тоа дека стоката ќе втаса до определеното место.[39]

Како кирации од 1918-1926 година од Охрид биле: Асанче, Шабан, Јусуф, Томе Настески, а од Струга попознат бил некој си Мефаил. Кирациите од овој регион за Битола пренесувале: грав,ореви, костени, грозје, јаболка, риби и друго, а од Битола донесувале, претежно, трговска стока: сапуни, штофови,кожи, брашно, масло, газија и др.[40]

Прв редовен автомобилски сообраќај на релацијата Битола-Охрид бил воспоставен во 1923 година кога се барало поштенскиот сообраќај да се продолжи и за Дебар.[41] Првите охридски превозници на стока и луѓе со автомобили биле Бојан Групче, Климе Пирузе и Васил Василески, кои од 1925 година почнале да вршат превоз на релацијата Охрид-Битола. Во овие години автопревозниците имале најмногу работа, бидејќи турското население го напуштало овој крај. За секој патник до Битола им земале по еден наполеон, а за

превоз на стока за еден килограм земале по 1,5 динари, а коларите - кирациите наплатувале по 2 динари.

Прв автомеханичар бил Владимир Белкин, кој уште од 1925 година"кај житниот пазар вршел бесправно занаетчиско работење, поправувајќи автомобили, велосипеди и се' што ќе му однесел човек за поправка".[42]

Превоз на стоки и луѓе до Охрид и Струга вршеле возачи и од други градови. Се јавила меѓусебна конкуренција. Во 1927 година, во врска со развојот на сообраќајот, весникот "Политика" забележува дека на место старите трговски карвани што биле придружувани од албански заштитници, по поравените патишта свират и одат приватни автомобили се' до Охрид.[43] До 1931 година на релацијата Охрид-Битола,како и на другите патишта се превозувало неорганизирано,"диво". По патиштата и по градовите возачите трчале по патниците, а посебно по трговците. Државата преземала мерки да ја среди постојната положба и да воспостави ред. Од автопревозниците се барало да се здружат и формираат задруга или кој има повеќе средства и автомобили да обезбеди со гаранција редовен сообраќај на релацијата Охрид-Битола-Градско-Скопје. Битолскиот трговец и автопревозник Ѓорѓи Симоноски формирал претпријатие за превоз на патници и стоки под името"Југ". Тој е доста способен и со капитал, и по број на коли, и по комоцијата што им ја обезбедува на патниците. Има добра организација за работа"-тврди Милан Чемерикиќ во 1935 година, началник на одделението за трговија и занаетчиство при Вардарска бановина, кој, во исто време, бара

слична превозна сообраќајница да се отвори и на релацијата Градско-Битола-Ресен-Корча.[44]

Релацијата Охрид-Струга-Дебар-Скопје ја одржувал Поповиќ од Скопје. Многу охридски возачи, немајќи капитал да му конкурираат на Симоноски, морале да се вработат кај него. На секој возач месечно му плаќал по 2 5оо динари. Во меѓувреме, охридските и струшки автопревозници, и покрај поставената "званична"патничка линија, бесправно работеле, за што биле и казнувани. До 1936 година бројот на возачите и сопствениците на камиони и леки коли се зголемил. Купувале автомобили сите оние кои имале средства и сметале со возачката работа "споредно" да се занимаваат. Тоа го направил и Ристо Новакоски, шивач од Охрид, кој купил "шевролет" и "Бара да го употреби за превоз на туристи".[45]

Охридските автопревозници се нашле во многу тешка положба. На сите страни гипрогонувале, а во Охрид и понатаму со дозвола на државните власти работела компанијата "Југ". Властите кај банската управа ургирале да им се дозволи да работат и охриѓаните, меѓутоа бил поставен услов да формираат своја задруга, односно компанија. Група на охридски возачи во 1938 година формирале "Охридско-возачка набавно продајна задруга С.О.Ј. во Охрид". Со формирањето и правното регистрирање на оваа задруга, во овој регион за прв пат и последен меѓу двете светски војни званично била формирана занаетчиска задруга. Со оглед дека возачката задруга била прва и единствена, во целост ја цитираме одлуката на окружниот суд од Охрид за регистрацијата и задачите:

./.

1. "Да набавува средства за производство и потрошување и да ги отстапи на своите задругари;
2. Да ги прими од своите задругари нивните производи и преработки, кои сами или со своите фамилии ги произвеле, да ги групираат по видови, оообини и квалитет и да се грижат за нивната најдобра продажба;
3. Да работи и во насоките на здравното, просветното и социјалното осигурување на своите членови и нивните фамилии и
4. Со цел за обезбедување на потребните парични средства за своите работи да прима на чување и под интерес заштеди, како на своите задругари, така и од другите вложувачи.

Задругата правно ја претставува и полноважно ја застапува управниот одбор кој се состои од 5 членови и тоа: Петар Този, Васил П.Василески, Серафим Групче, Исмаил Емрула и Петар Пирузе-сите од Охрид. Членовите на управниот и надзорниот одбор се одговорни пред задругарите со целиот свој имот и тоа солидарно за штетата."[46]

Задругарите барале и кредити за проширување. Задругата имала 6-7 автомобили. Добила одобрение за работа и станала сериозен конкурент на "Југ". Отвориле своја билетарница. До Битола во 1939 година се плаќало 56 динари за превоз на еден патник, а од кога тие ја поставиле редовната линија, ја намалиле цената на 45 динари. Охриѓаните, држејќи се еснафски, секогаш патувале или набавувале стоки преку охридските возачи. И покрај тоа што веќе бил поставен некој ред во патниот сообраќај, охриѓаните пуштале повеќе коли и во различно време. На тој начин го презеле целиот

сообраќај во овој регион.

Задругарите си имале сопствено книговодство. Секој месец правеле сметка за добиените приходи и извршените расходи. Приходите заеднички ги делеле. Просечно, месечно примале од 1 7оо до 2 ооо динари. Ако се купувал нов камион или делови, исто така, заеднички ги поднесувале трошоците. Интересно е да се изнесе дека задругарите работале на ист принцип и за време на бугарската фашистичка окупација. Во 1941 година купиле автомобил со 32 седишта и го одржувале сообраќајот Охрид-Битола. Бугарските власти во 1942 година поставиле редовен автомобилски сообраќај и задругарите се преориентирале на товарен сообраќај. Купиле два камиони и со нив пренесувале стоки се' до 1944 година, кога Охрид станува слободен град. Тогаш задругаритесе ставиле во служба на новата народна власт. Своите коли ги дале на располагање и доброволно работеле неколку месеци се' до формирањето на Државното автотранспортно претпријатие "ФАП".[47]

За превоз на патниците низ градот и селата бил развиен и велосипедизмот. Во Охрид велосипедиите првпат се појавиле во 192о година, кога браќата Климе и Ѓоре Ѓирузе, заедно со некој битолчанец отвориле своја работилница. Од 193о година за поправка и продажба на велосипеди отворил битолчанецот Унчи. Во неа како ученик работел и Борис Касап, кој во 1936 година отворил своја работилница. Нови велосипеди купувале од Нови Сад. Мајсторите најчесто купувале само делови. Сами ги комплетирале велосипедите за

да можат да ги продадат за поевтини пари. Цената на нов велосипед се движела 1000-1400 динари. При крајот на 1940 година во Охрид имало 120 велосипеди. Месечно, во просек, еден мајстор заработувал 1800-2500 динари. Сите мајстори возачи и велосипедџии паушално плаќале 200-300 динари данок, а во некои години кога биле избори и од овој данок биле ослободени.[48]

V-б

1. Спомени на Петар Марин(5о), Илија Марин(85)од Охрид.
2. Миливоје Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама кралевине Србије, Београд, 1914,стр.213.
3. Абдулхак Сали, Казанџискиот занает во Охрид,ракопис, Народен музеј во Охрид.
4. Спомени на Илија и Петар Марин.
5. Гиго Милески, Струга, "Годишен зборник на Филозофски факултет"-природно-математички оддел,кн.8, Скопје,1955, стр.121.
6. Абдулхак Сали, цит.дело.
7. Абдулхак Сали, цит.дело.
8. М.Зечевиќ, Економско стање у Округу Охридском Трговачки гласник", 24.II.192о.
9. Крста Р.Стојановиќ, Пољопривреда у Стрезу Струшком, "Пољепривредни гласник", Нови Сад, 1937.?
1о. Гиго Милески, цит.дело, стр.121.
11. М.Савиќ, Наши занати и индустрија, II део,Београд, 1922,стр.3о1-3о2.
12. Д-р Часлав Никитовиќ, Занатство Јужне Србије,Скопје, 1934,стр.14.
13. П.Чакаревиќ, Принципи размена добара у Дримколу, "Јужна Србија", бр.17.1939.
14. Синиша Пауновиќ, После Призрена, Струга има најчувеније кујунџије, занат за који се чинило да ќе пропасти-поново оживљава,"Политика",24.X.1936.

./.

15. Енциклопедија Југославије,том.V.Загреб,1962,стр.6о1.

16. Синиша Пауновић,цит.напис.

17. Нико П.Този,Наше кувенџиство,"Македонија",Скопје,бр. 13,1954.

18.М.Савић,цит.дело, стр.3[illegible]9

19.АЈ-Београд, МТИ, фасц.347,бр.3765 од 13.5.1921.

2о. Милан Гавриловић, Привреда Јужне Србије, Скопје,1933, стр.134.

21. С.Царевић, У Димколу, једном од најсиромашних крајева наше земље носи се једна од најскуплих и најкићених женских народних ношњи, "Политика", 7.5.1939.

22. Синиша Пауновић, цит.напис.

23. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1,бр.36 од 11.4.1924.

24. АС-Београд,Друштво "св.Сава"(1886-1945)Београд, кутија за 1939,без број .

25. Д-р Часлав Никитовић,цит.дело,стр.14.

26. Спомени на Димитри Коркут од Струга (7о) и Миле Деребан од Охрид(55)

27. Синиша Пауновић, цит.напис,

28. Синиша Пауновић,цит.напис.

29.ИА-Охрид,ЗУО,Списак регистрираних фирма за 1937 године у Охриду.

3о. 55 години електрификација во Охрид,Охрид,1971,стр.11-12.

31. 55 години електрификација...стр.16-17.

32. ИА-Охрид,ООЗУО,кут.1/4,од 1.1о.1937.

33. Спомени на Бојан Групче од Охрид (76).

34. Збирка на документи од Бојан Групче од Охрид-Списак шегерта и радника.Негова сопственост.

35. ИА-Охрид,ЗУО,од 9.7.1930.

36. Спомени на Вангел Главинче (76)Охрид.

37. Спомени на: Јаким Чакарески (76) и збирка на лични негови документи од Струга и на Михаил Тунте(71) од Охрид.

38. Спомени на Мехмеди Сулејман(56) од Охрид.

39. Д-р Јефта Дедијер, Нова Србија, Београд,1913,стр.17.

40. Спомени на Васил Василевски (67) и Ѓоре Пирузе (63) од Охрид.

41. АЈ-Београд, МТИ, фасц.216,бр.3007 од 2.5.1925.

42. ИА-Охрид, ЗУО кут.1/1, жалба на охридските занаетчии: бравари, ковачи, тенеќеџии)бр.26 од 7.7.1925.

43. Аноними Привреда Јужне Србије,"Потемкина села",Политика", 7.2.1927.

44. АЈ-Београд, МТИ, Кабинет министра, фасц.216,од 4.I.1935.

45. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/3,бр.869 од 1.I.1935.

46. ИА-Охрид, Трговачки обавештајни инкасо завод"Кредит -информ",Београд,1924-1941(Досие на задруга).

47. Спомени на Васил Василевски и Ѓоре Пирузе.

48. Спомени на Борис Касапов од Охрид(65) и Ѓоре Пирузе.

в. <u>Текстилни занаети</u>

Европскиот начин на живеење многу добро брзо извршил влијание и во облекувањето, а особено кај машкиот пол. Прво, кај градското, а подоцна и кај селското население. Меѓутоа, селските жени, а најмногу во овој регион, "верно", ќе и̍ останат на старата носија. Од текстилните занаети биле развиени следните:

I. <u>О х р и д</u>

| Име на занаетот | Б р о ј | н а | р а б о | т и л н | и ц и | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1914 | 1919 | 1925 | 1928 | 193o | 1932 | 1937 | 194o |
| 1. Абаџии | 4 | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 2. Везилки | - | - | - | - | 1 | - | - | - |
| 3. Јорганџии | - | - | - | 2 | 2 | 1 | - | - |
| 4. Јажари | - | - | - | 1 | 1 | 1 | - | - |
| 5. Капари | - | - | 3 | - | - | - | - | - |
| 6. Модискињи | - | - | - | 2 | 2 | 3 | 1 | 2 |
| 7. Терзии | 2 | - | - | 2 | 2 | 1 | 1 | - |
| 8. Шивачи | 6 | 11 | 5 | 17 | 15 | 31 | 16 | 18 |

II. <u>С т р у г а</u>

| | 1914 | 1932 | 1935 | 1938 |
|---|---|---|---|---|
| 1. Абаџии | - | 6 | 3 | 4 |
| 2. Кечеџии | - | 1 | - | 1 |
| 3. Капари | - | - | - | 1 |
| 4. Терзии(Забунари) | 8 | 9 | 8 | 1o |
| 5. Шивачи | 4 | 8 | 8 | 12 |

./.

Шивачкиот занает нагло се развивал во првите три децении на XX век и тоа се' додека не се појавила индустриската конфекција, а посебно производите на фабриката "Тивар". Трговците донесувале готови облеки и шивачите биле присилени да ги намалат цените на изработката на облеката по порачка. Облека шиеле побогатите луѓе кои на некој начин ја следеле "современата мода". Но, такви, за жал во двата града биле малу. До 193о година заработувачката била добра и на државата и'плаќале данок и до 1 2оо динари, но потоа, поради слабата заработувачка, државата била присилена да им го намали данокот дури и на 8о динари. Од 192о-193о година за шиење на еден костум наплатувале 16о-22о динари,а од 193о-1941 година по 8о-18о динари. Месечно во последниот период еден добар мајстор изработувал во просек два костума и две пала пантоли.[1] На работниците и калфите во Охрид мајсторите-шивачи во 1931 година дневно им плаќале 4 до 8 динари, а работеле 12 часа. Во другите градови на Вардарска Македонија заработувачката се движела многу повеќе. На пример, во исто време во Битола дневницата изнесувала 25, а во Скопје 59 динари.[2] Шивачите, претежно, во двата града работеле за градското население, а во последните години и за селаните.

За усовршување на шивачкиот занает во Охрид во 1925 и 1937 година биле организирани два курса и траеле шест недели.[3] И кај овој занает работеле многу бесправни мајстори кои во своите куќи шиеле многу поевтино. Во 1927 година во Охрид имало 14 мајстори кои бесправно работеле и

./.

против сите нив биле поднесени пријави за казнување,[4] но охридскиот началник ги ослободил. Со тоа им овозможил и натаму да работат на штета на своите колеги. Правите мајстори во борба за својот опстанок ги прогонувале и оние занаетчии кои биле приучени, каков што бил случајот со абаџијата Крумо Тупаро.[5]

Абаџискиот занает по Првата светска војна во градовите бил во изумирање. И мајсторите кои останале да работат главно шиеле за селското население. По селата со овој занает (како популарно го викале"терзилак")бесправно се занимавале повеќе приучени занаетчии. На абаџиите им носеле селаните шајак ткаен на селски разбој и им шиеле: пантолони, бечви, џамадани, гунчиња и друго. Многу од нив оделе и по селата, работејќи од куќа во куќа. Пантолони шиеле за 25-35, а палта за 4о-5о динари. Кога оделе по куќите, по селата работеле со дневница и исхрана. Од таков начин на работење имале најповеќе економска корист.[6]

И покрај големото влијание на европската мода, кај голем дел од женското население во селата тоа многу не се почувствувало. Посебно жените од струшките села "настојчливо" ја чувале својата многу китеска и богата носија, а со тоа на терзиите, кои во Струга популарно ги викаат "забунари", им било овозможено нивниот занает и понатаму да го задржат. Жените од селата на Дримкол, Малесија и Струшко Поле, скоро, сите од нив носеле посебни носии. Нешто слично има меѓу носиите од Малесија и Струшко Поле, посебно во крајот на кошулата, а во везовите имаат голема разлика. Комплетно една женска носија од овој регион се

./.

состои од: кошула, забун, клашеник, џубе, скутник(бовча), плетени чорапи, сокајче, шамија, саја, убрус, марама и друго.[7]

Селската носија била далеку поскапа, но селаните и покрај тоа тешко се одвојувале од неа. Суровина за изработка на дримколската носија ја набавувале од Солун или од други трговски центри. Работа имало за сите забунари. Нивните производи најповеќе се продавале во зимскиот период, кога ѕидарите биле вратени од печалба, кога имало повеќе свадби,како и верски празници. Струшките забунари, држејќи се "строго" по традицијата, изработката на носиите постојано ја усовршувале и унапредувале и достигнувала врвност на народна уметност.[8]

Меѓу двете војни цената на одделни производи од струшките носии се движела: забун за невеста до 3оо динари, за девојка 14о-18о, за стари жени 9о-12о, елеци 4о-6о, ракави 14о-25о динари и друго. Мајсторите кога имале многу работа, не можејќи порачките на време да ги извршат, по куќите ангажирале по 4-5 работници кои ги изработувале полесните работи. И нив ги плаќале на парче.[9]

Инаку од овој занает можело добро да се живее, сепак, ниеден мајстор својот син не сакал да го наследи, бидејќи бил многу тежок за работа. Не е без основа мајсторската изрека:"Илјада игли се потребни за да се изработи еден добар забун". Меѓутоа и на овој занает при крајот на 3о-те години, кога селското население постепено се сели во градовите, почнало работата да му се намалува, а тоа нагло ќе го почувствуваат забунџиите по Втората светска војна.

./.

V-в

1. Спомени на мајсторите Климе Коцоманоски(74) од Струга и Благоја Чипан (72) од Охрид.
2. Извештај Београдске радничке коморе 1926-1931 године, књ.I, Београд, 1932, стр.421-422.
3. ИА-Охрид, ЗУО, кутија 1/3, бр.312 од 29.6.1937.и бр.364 од 7.8.1937.
4. ИА-Охрид, ЗУОХ, кут.1/1, бр.148 од 24.12.1927.
5. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/3, документ од 12.11.1937.
6. Спомени на абаџиите Методија Попоски(72) и Анѓеле Анѓелоски (74) од Охрид.
7. Абдулхак Сали, Преглед на материјалната и народната култура, Струга и Струшко, Струга, 197о, стр.357-358.
8. Гиго Милески, Струга, "Годишни зборник на Филозофски факултет"-природно-математички оддел,кн.8,Скопје,1955, стр.119.
9. Спомени на Димитри Кумбароски (6о) и Јован Жупаноски (72) од Струга.

## г. Занаети за производство на прехранбени продукти

Занаетчиите од областа на прехранбените производи од охридско-струшкиот регион се познати не само во Македонија, туку и надвор од нашите граници. Посебно како добри пекари (и бурекчии) се познати од селата во Малесија. Пекарскиот занает бил развиен во градовите и во селата. Во 1914 година во Охрид имало 12 пекарски работилници во центарот на градот и 5 маалски што печеле домашен леб, а брашно набавувале од Битола и Солун, додека во Струга ги имало 14, од кои некои изработувале специјални симитчиња-"струшки сараjлии".[1] За време на Првата светска војна многу пекари биле мобилизирани и ги користеле не само за приготвување на леб, туку и за целокупната исхрана.

Пекарите, покрај што изработувале готови производи за пазарот, вршеле услуга во печење на леб, месо и други работи што си ги изработувале самите домаќинства. Секоја година бројот на пекарите растел(Види преглед за сите периоди). Меѓу двете војни пекарски работилници имало и во некои поголеми села, како во: Вевчани, Лабуништа, Селци, Ботун, Белчишта и други села.[2] За време на економската криза и пекарските занаетчии биле погодени, бидејќи градското население за поевтини пари лебот си го приготвувал во своите домови. Заради конкуренцијата меѓу пекарите цените се намалувале, иако биле од државата одредени[3]

Секоја година, а посебно за време на економската криза цената на житото се зголемувала, а со тоа и на лебот.

./.

Меѓутоа, вистинските економски трошоци на пекарите, општинските власти не им ги признавале и затоа многу пати и писмено ургирале, скоро, секоја година. Тоа категорички го изразиле и охридските пекари во 1933 година, кога барале покачување на цените на лебот за преку 50%, бидејќи за 56% пченицата поскапила.[4]

Здружението на пекарите на Југославија во 1933 година донесло резолуција со која бара да се намалат даноците на пекарите за 3%, да можат да работат "и по ноќ и по ден", а мајсторите на своите работници редовно да им плаќаат и да не се дозволува бесправно работење на пекарите по селата.[5] Работното време кај пекарите не било добро решено. Место работниците и калфите да ги држат најмногу до десет, тие ги држеле и до 14 часа. Особено многу работеле во празничните денови. Неделите ретко кога ги користеле за одмор. Не било ретко ноќите да ги претворуваат во денови, бидејќи утрото мореле уште во три часот да стануваат за да го спремаат лебот, а потоа пак продолжувале да работат до доцна по пладне.[6]

Заработувачката на пекарите била многу мала и затоа стоеле многу лошо, економски. Пекарите меѓусебно воделе неразбирлива конкурентска борба, од која најповеќе тие страдале. Лебот се продавал најчесто по цена која била многу пониска од цената на брашното.[7] Од 1934-1940 година цената на лебот не се менувала, а цената на житните производи биле покачени во 1940 година дури и повеќе од 50%. Поради тоа охридските и струшки пекари многу пати барале

./.

од околиските власти да ја покачат цената на лебот, бидејќи во другите градови на Македонија (Битола,Скопје,Дебар и други места) 1 кгр.леб се продавал за 4-5 динари. Поради далечниот превоз, за разлика од другите градови,брашното уште поскапо го плаќале и едно вреќе од 64 кгр.во месец мај 194о година, во зависност од квалитетот, го купувале 25о-27о динари,[8] додека во истата година, во месец август, истото тоа вреќе се купувало 31о-35о динари.[9]

Во триесетите години, поради немање на работа во родното место многу пекари отвориле работилници низ целата земја. На пример, во Белград, само во 1936 година, имало 219 пекари од "јужните краеви", меѓу кои и од овој регион.[1о] Во 1938 година, кога е донесен "Правилникот за уредување на пекарските работилници и продажба на пекарски производи", уште повеќе биле погодени пекарите, бидејќи нивните работилници биле прилично примитивни и нехигиенски. Не сложувајќи се со Правилникот, охридските пекари до Занаетчиската комора во Скопје пишувале дека не можат да одговорат по условите што се поставени по Правилникот, тешко можат да се најдат добри простории за работа и е многу мала заработувачката.[11]

Во слаткарскиот занает спаѓаат: ориенталските слаткари, алвации, бозации, шеќерции и други. Многу слаткари биле способни да ги вршат сите работи од овој занает и покрај тоа што регистрацијата им била само за една од овие дејности. На пример, алвацијата е, и бозација, и шеќерција, а и слаткарот ги врши истиве работи. Слаткарскиот занает е наследен од Турците. Слаткарските за-

настчии од Македонија се далеку познати, не само на Балканот, туку и по цела Европа. Во XX век овој занает го научиле и Македонците. Во 1924 година во Охрид работеле четири правни мајстори, а бесправно работеле двајца и затоа се бара да им се забрани понатаму да работат.[12] За време на економската криза многу слаткари од Македонија како и од овој регион, оделе на печалба по целата земја. Најповеќе ги имало во Белград кај што само во 193а година биле регистрирани 46 мајстори-слаткари и бозаџии.[13] Најглавен и најбаран производ од населението била алвата. Алатите со кои се служеле мајсторите - слаткари секогаш биле исти, но кога се појави струјата старите лимени алати се менуваат, а се појавиле и се' уште се појавуваат нови и брзи технички изуми за побрзо изработување на слаткарските производи.

Касапскиот занает бил доста развиен што се гледа и по бројот на отворените работилници. Скоро секоја година хигиенски се усовршувал, бидејќи секој занаетчија се борел што повеќе да ги привлече гостите. Касапите жива стока купувале по селата, а најмногу во пазарните денови во Струга, Охрид, Дебар, Кичево и Битола.

Иако имало многу жива стока, сепак, месото меѓу двете војни се продавало доста скапо и за многу бедни фамилии овој животен продукт претставувал "луксуз". Сиромаштијата купувала месо само за некои свечености, свадби, како и за време на верските празници. Цената на

месото по килограм (општо за јагнешко, телешко, говедско, овчо), за одделни години се движела: во 192о 4-5 динари, 1922 година изнесува 8, 1928 година 12 динари, а од 193о-1934 година 8-1о динари, додека свинското месо, за разлика од другите видови на месо, секогаш било поскапо за 2-4 динари.[14] Во 1939 година во Охрид цената на месото по килограм изнесувала: говедско-8,1о, овчо-8,1о, јагнешко-12 и свинско 14 динари. Овие цени важеле во зимско време, а за летниот период биле поевтини за 3-4 динари.[15]

Фрижидери меѓу двете војни, а и подоцна, немало. Затоа касапите свежото месо го чувале во мраз што го набавувале од планинските села. Бројот на касапите, според бројот на жителите и потрошувачите, во двата града бил голем и нивната заработувачка не била како што се мисли многу голема. И кај овие занаетчии имало бесправно работење, а особено по селата, како што бил случајот"со многу опасните и нестручни конкуренти Јонче Руменоски и Јосиф Гацоски.[16]

Цреварите се посебни занаетчии. Тие многу се мешале во компетенциите и правата на касапите. Во Охрид имало само двајца мајстори. До 1934 година од нашата земја се извозувале природни, потоа се забранило и почнало да се увозуваат вештачки црева, поради што опаднала и цената. Еден метар црево во 1933 година се продавал по 3 динари, а во наредната година за 1,5о динари. Во 1933 година еден килограм црева се продавале по 4о, а во 1934 година по 2о динари. Правејќи за тоа анализа, Занаетчиската комора од Скопје само можела да констатира дека од„вакви ситуации

единстрена корист имаат странските снабдувачи на вештачки црева, додека нашите луѓе, цреварските занаетчии и селаните поради тоа трпеа забележителни штети".[17] Касапите, просечно годишно плаќале 400-800 динари.18

Касапскиот занает бил наследен. Ако се погледнат списоците и регистрираните фирми, ќе се констатира дека сите месари имале, скоро, исто презиме. Познати касапски фамилии во Охрид биле: Кичеевци, Кречовци, Саревци и Хациевци, а во Струга Матовци. Интересно е да се одбележи дека касапите, покрај продажба на месо, продавале кожи, млечни производи, како и некои други прехрамбени продукти. Најдобро финансиски стоеле оние касапи кои држеле и своја стока, а такви биле половината од них.

1. Миливој Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама краљевине Србије, Београд,1914,стр.211 и 214.
2. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1, бр.3о од 23.I.1929 и 3о.7.1929.
3. Спомени од пекарите Климе Матјаноски (57) и Варе Тодороски (69).
4. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/2, бр.541 од 9.2.1933.
5. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/2, резолуција пекарских радника Југославије од 25.9.1933.
6. Љуб.С.Митиќ, Стање привреде и положај радника Југославије, Београд, без година, стр.24.
7. Аноном, Тежак положај занатства у Вардарској Македонији, "Скопски гласник", бр.331 од 1934.
8. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/4,бр.126 од 11.5.194о.
9. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/4,бр.187 од 16.8.194о.
1о. ИА-Београд ,Удружење јужносрбијанаца,Београд,кут.за 1936, Списак пекара.(Во следниот текст: УЈ).
11. НМ-Охрид,ЗУО, инв.бр.117,бр.459 од 29.11.1938.
12. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, бр.61 од 6.8.1924.
13. ИА-Београд, УЈ,кут.за 193о година, акт од 4.6.193о.
14. Спомени на Миле Кичеец(69) и Голаб Кичеец(75) од Охрид и Петар Матоски (57) од Струга.
15. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/4,бр.7о од 9.2.1939.
16. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1,бр.61 од 6.8.1924.
17. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/3,бр.298 од 13.1.1936.
18. Спомени на Миле и Голаб Кичеец.

./.

д. Дрво-преработувачки занаети

Дрводелските занаети во охридско-струшкиот регион од 1918-1941 година биле доста развиени. За нив се знаело и надвор од границите на нашата земја. Главна причина за развиеноста на овие занаети била изобилството на суровини, а особено на дрво од орев и даб. Заради тоа во Охрид и Струга куќите повеќе и се граделе од дрво. Изградените куќи во XIX век во Охрид, покрај што се дело на ѕидарите, се дело и на добрите и познати охридски столари. Тоа го забележал и Савиќ во 1914 година, велејќи дека столарскиот занает во Вардарска Македонија технички бил лошо развиен, во исклучок на Охрид и тоа како за подигнување на јавни згради, така и за изградување на подобри приватни куќи и воведување на модерен мебел, па предлага да се усоврши, бидејќи има добра иднина.[1] (подвлекол М.П.).

По Првата светска војна, столарите во Охрид се организирале, заедно со ѕидарите, качарите, коларите и формирале свое "Здружение на мајсторите столари, ѕидари и каменорезачи".[2] Своето здружение охридските столари го формирале во 1923 година - на денот на нивниот патронен празник Св.Тома. Тој ден, скоро, секоја година меѓу двете војни го прославувале. Здружението имало и свој правилник за работа што бил одобрен од занаетчискиот еснаф од Охрид и потврден со решение на Занаетчиската комора од Белград.[3] Здружението имало и свој управен одбор на чело со Стефан Волканоски-претседател, Петруш Баче-секретар и Ставре Копроски-благајник. Кога некој столар ќе

./.

градел куќа,собирале пари преку членовите на здружението.[4] Ова здружение имало сопствено лозје, кое го користело до завршувањето на Втората светска војна. Здружението во првите години ги помагало своите многу бедни и постари мајстори, што било редок случај кај другите занаетчии.[5]

Бројот на дрводелските занаети и занаетчии што биле застапени во Охрид, во поодделни години се движи:

| Име на занаетот | Број на работилници за поодделни години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1914 | 1919 | 1925 | 1928 | 1930 | 1932 | 1937 | 1940 |
| 1. Столари | 8 | 8 | 29 | 20 | 15 | 33 | 16 | 15 |
| 2. Чубукчии | - | - | 2 | - | 2 | - | 2 | 1 |
| 3. Колари | - | - | 1 | 3 | 3 | 1 | 2 | 2 |
| 4. Бочвари | - | - | 5 | 5 | 6 | - | 2 | 1 |
| 5. Метлари | - | - | - | - | - | - | 1 | 2 |

Во Струга во периодот од 1914-1940 година биле регистрирани само столарите и ги имало до 1919 година-3, а во 1940 година 7 мајстори.

Охридските столари, за разлика од некои други занаети, држеле и вработувале најмногу ученици и калфи.На пример, уште во 1919 година кај столарите работеле 5 калфи и 16 шегерти, во 1928 година-13 калфи и 12 ученици,додека во 1930 година имале 17 ученици и 9 калфи.[6]

Охридските и струшките мајстори-столари,секоја година имале мака од конкуренцијата на самоуки столари и качари кои ги имало во секое село и затоа многу пати ургирале до еснафот и околискиот началник. Во 1924

./.

година началникот го молеле"оние што работат без дозвола и пријава од други места(а такви ги има многу), а не се наши членови да ги повика и им нареди да се запишат како членови во еснафот."[7] Столарите во Охрид и Струга главно, ги произведувале следните предмети: врати, пенџери, долапи, душемиња, таваници, скали, софри, маси,лелајки,плакари, миндери, долапчиња, синии, невестински и обични ковчези, столови, како и други поситни предмети што секојдневно се употребувале во домаќинствата и во државните органи. Бидејќи немало струја, целата работа столарите ја изведувале рачно, користејќи го стариот примитивен прибор.

Големите рибарски чунови, охридските столари ги изработувале и поправувале, но не секој се зафаќал со оваа работа зашто била тешка и многу скапа. До 1928 година старите охридски чунови ги изработувал еден Албанец и еден Турчин, како и Леон Каневче, од Охрид, заедно со некој си Арслан од село Пештани. Подоцна, во Охрид чуновите ги изработувале само столарите браќата Стефан и Наум Димзови. Еден голем рибарски чун меѓу двете војни чинел 12оо динари. Оваа фамилија годишно изработувала 4-5 чунови. Нивниот век на траење бил 4-5 години, а после тоа повторно истите мајстори ги поправувале. Овие мајстори изработувале чунови и за потребите на рибарите од Струга,Калишта,Пештани, Радожда, Трпејца,како и за рибарите од селата што се занимавале со рибарство на Преспанското Езеро. Рибарските чунови ги изработувале од разни дрва: бор, бука,даб и орев.[8]

./.

Секој мајстор држел по 1-2 калфи и по 2-3 ученици. Во 1931 година платата на калфите дневно им била од 3-2о динари, а работеле по 11 часа.[9] За време на економската криза столарите, исто така, немале работа. Во овој период градежната дејност била многу намалена, бидејќи бил донесен пропис според кого тие што граделе нови куќи требало да плаќаат 3 до 12% данок на државата.[1о] Затоа ѕидарите и столарите биле присилени да преземаат работи и за многу пониски цени. Многу мајстори биле присилени да ги откажуваат и своите фирми со мотивација"се' додека не се најде работа".[11]

Меѓу двете војни населението почнало мебел да купува од трговијата зашто бил многу поевтин од занетчиите - столарите и не морале веднаш да го платат, бидејќи им го нуделе на кредит. Така, куповната моќ на населението била мала, а во исто време и интересот кон овој производ. Во времето од 1921-1935 година заработувачката кај столарите во Западна Македонија опаднала скоро за 4о%. Спална од буково дрво во 1932 година се продавала од 4 5оо до 6 ооо динари, а во 1935 година иста таква спална столарите ја работеле за 2 5оо - 3 ооо динари. Спална од дрво ореово во 1932 година чинела 8 ооо - 12 ооо динари, а во 1935 година била многу помодерна и поубава, а столарите ја продавале за 4 5оо динари.[12] Ваква била положбата на столарите и во другите градови на Македонија, а можеби и полоша.

./.

Столарите се занимавале и со изработка на бочви и качиња. Најповеќе бочвари имало по селата, кои, воглавно, работеле бесправно. Бочварите во двата града,за разлика од столарите, повеќе заработувале, бидејќи сите селски садови во домаќинствата биле од дрво, што било работа токму на овие занаетчии. Посебно овие производи биле многу барани зашто во овој регион било многу развиено сточарството и лозарството.

Трет занает од групата на дрводелско-преработувачки занаети е изработката на чибуци. Овој занает во Охрид постои од XIX век. Производите најповеќе го користеле Турците, но со нивното постепено иселување занаетот опаѓал и двајцата мајстори во XX век биле присилени да работат "уште нешто" за да можат да ги исхранат своите фамилии.

Охридската столарско-ѕидарска секција, за разлика од другите занаетчиски секции, била најактивна и најкомплетна во целокупната работа, борејќи се за остварување на правата на своите членови. Столарите увидувајќи дека од нив најповеќе имаат корист трговците,решиле да формираат задруга која ќе има задача не само да ги снабдува со сурови материјали, туку и да ја пласира стоката, да им даде кредит за проширување, разна помош и друго. Значи, по силата на економските и социјалните прилики, во рамките на капиталистичкото стопанство,слабите производители се здружуваат против богаташите, што можело да се постигне преку занаетчиските задруги. Првата задруга на столарите и ѕидарите од Охрид била формирана во 1932 година. Таа имала потврден

нормативен акт-"Правила на охридско-ѕидарските, набавувачка-потрошувачка и кредитна задруга."[13]

Преку задругата сиромашните занаетчии можеле да добијат поповолни кредити за проширување на својата дејност. Задругата набавувала суровини многу поевтино, отколку преку трговците. Колку години работела задругата и колку таа им помагала, не може да се утврди, а живите занаетчии, и покрај изнесените позитивности, тврдат дека од неа немале многу корист, бидејќи државата не им давала кредити за унапредување на занаетите, а здружените занаетчии како сиромашни немале сопствен капитал.

V-д

1. Миливој Савић, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама кралевине Србије, Београд,1914, стр.252.
2. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1,документ од 1.3.1924. Ова здружение, како еснаф, е формирано во 1886 година, што може да се виде од сочуваниот отисок на печатот што го носи името "Свети Тома, Мајсторски еснаф во Охрид-1886".
3. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1,решение од Зан.комора-Белград,бр. 6633 од 29.X.1923.
4. ИА-Охрид,ЗУО-Охрид,секција на столара,ѕидара и каменорезаца, кут.1/1,бр.11 од 5.3.1924.
5. Спомени на Стефан Волкановски(78)и Стефан Димзов(64) од Охрид.
6. ИА-Охрид,ЗУО,-Извод од списковите.
7. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1,бр.65 од 12.8.1924.
8. Спомени на Волканоски и Димзов.
9. Извештај Београдске радничке коморе 1926-1931,књ.I, Београд,1932,стр.288.
10. Д-р Часлав Никитовић, Занатство Јужне Србије,Скопје, 1934,стр.16.
11. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/2,молба на Милорад Благоески до пореската управа од 9.5.1933.
12. Аноним. Зарада столара опала је за последних три година за читавих 40%,"Вардар",30.8.1935.
13. НМ-Охрид,ЗУ-Правила Охридско столаро-ѕидарске,набавлачко-потрошачке и кредитне задруге,Охрид,1932.

./.

ѓ. Градежни занаети

Населението од Македонија со векови одело на печалба. Од Западна Македонија, се познати градежните занаетчии од селата на Дримкол, Струшко. По својата професија, печалбарите-занаетчии биле градежни работници, стругари на дрва, касапи, ашчии, бозаџии, бурекчии, алваџии, кувари,слаткари, чистачи на чевли, ќумурџии, циглари и друго. Целта на ова перманентно движење во светот на печалбарите била заработувачката. Од неа можело само да се животари. Се штедело за да се понесе во својот дом полна ќеса и полна торба за домашните потреби.[1]

Во зависност од времето во кое живееле и евентуалната добра заработувачка, занаетчиите од овој регион работеле низ целиот Балкан, Мала Азија,ЕВропа, Америка и Австралија. Во нашата земја, слободно може да се рече,нема изграден голем градежен објект, а да не бил дело на вредните струшки ѕидари и фасадери. Тие во својот занает се прави уметници. Ѕидарите, немајќи вработување во својот крај, а во трката за поголема заработувачка, оделе на работа во други земји, само да заработат повеќе, не мислејќи дека се далеку од својот крај. Од секогаш така тие и решавале: ако веќе го напуштат домот, тогаш да се оди таму кајшто ќе спечалат повеќе пари. Од тие причини печалбарите понекогаш ја менувале и својата професија. Печалбарите се служеле на сите јазици и познавале многу држави, многу обичаи на работа и живот. Лутајќи по светот, тие доживувале и многу тешки часови, многу социјални тешкотии и многу подвизи. Како

./.

работници биле чесни, исправни и вредни. Во Југославија нема место кајшто не биле, а во Белград ги имало најповеќе, каде многу од нив и се населиле. Околу 60,000 Македонци биле населени и станале белградски староседелци.[2]

Луѓето од селата на Долни Дримкол најмногу се познати како каменоресци. Зидале многу цркви и џамии низ целото Балканско Полуосрво. Повеќето стари мостови се созидани од делкани камења. Тоа е нивно дело. И денеска со тоа овие занаетчии се одликуваат, не срамејќи се да ги прифаќаат и најсмелите порачки.[3] Вевчанците,како и сите Дримколци, се многу барани работници и тоа не само како обични ѕидари, туку како одлични мајстори за најделикатните градежни работи: делкање на камен, тераццирање, гипсирање и правење на фасади.[4] Затоа, со право добрите познавачи на градежните занаети и модерните фасади секогаш се воодушевувале на ѕидарите од Дримкол.

Одењето на печалба од овој крај претставува култ и традиција. Печалбарите од секогаш во своето родно место донесувале нови, напредни идеи и смисла за подобар живот. Куќите на овие занаетчии, иаку се селски, личат на убави "палати". Не е случајно што печалбарството е многу сакана тема за пишување од страна на писателите, историчарите,економистите и социолозите.

Колку мајстори од овој регион се занимавале со овие занаети, тешко може да се каже, бидејќи по сочуваните податоци, главно, сите занаетчии се третирани под општото име печалбари. Точно е само тоа дека 70% од нив од струшкиот крај

./.

биле градежни занаетчии. Во 1914 отишле од околината на Струга отишле на печалба околу 3 000 работници и тоа претежно во Србија и Романија. Таму мајсторите заработувале 6-7 динари на ден и, просечно, во сезоната донесувале во својот дом 700-800 динари.[5] Од Охридска околија на печалба оделе околу 4 000 луѓе и тоа најповеќе во Америка.[6] Миливој Савиќ, пишувајќи за печалбарството во 1928 година, вели дека од Охрид и околината на туѓина оделе 2 000 - 3 000, а од Струга и околината 3 000 - 4 000 работници.[7] Меѓу двете војни во Букурешт и Галац од овој регион имало специјални колонии-места каде се собирале и распоредувале за работа. Романија била во тоа време право Елдорадо за печалбарите. Низ неколку децении таму оделе цели села зашто добро заработувале.[8]

Многу ѕидари кога ќе појделе на работа во соодветните градови, особено во Белград, од градежните претпријемачи биле малтретирани и уценувани, само да им ја намалат надницата. За време на економската криза најмногу биле погодени токму овие занаетчии, бидејќи немале каде да работат. Градежната дејност во многу градови била сопрена. Ѕидарите биле присилени сами да ја соборуваат цената. Во 1932 година дури биле присилени да ја трошат заштедената готовина од минатите години, но, за жал, ни таа не била голема.[9]

Градежните сезонски работници до крајот на годината до Првата балканска војна донесувале просечно по 8-9 000 динари, а од 1919 година наваму по 500-600, 600-700, 700-1500 или 2 000 - 3 000 динари зависно од квалификациите и местото на работа.[10] Намалувањето на заработувачката на градежните работници го потврдува и овој податок. По Првата

./.

светска војна, до 1930 година приходите за една година, во просек, од сите печалбари во Македонија изнесувале 45-50 000 динари, а од 1930-1933 година се намалиле на 28-32 000 000 динари. За наполни 20 години, во 1935 година, приходите паднале на 18 986 600 динари.[11]

Градежните работници, немајќи работа, во Белград биле присилени да ги намалуваат надниците и да работат по ниски цени. Многу од нив немале друг излез, па работеле бесправно. Затоа здружението на Ѕидаро-тесарските мајстори од Белград во 1928 година било присилено да бара заштита од еснафот и да ги спречи бесправните ѕидари. Ова барање се однесувало за градежните работници од Македонија кои најповеќе барале работа во Белград.[12]

Градежните инженери и архитекти, не можејќи да излезат крај со многубројните градежни претприемачи кои имале права за изведување на работите, биле погодени и барале во 1927 година "прво, да се испита кој се' може да води градежна работилница и кои услови за тоа мора да ги исполнува, второ, да се регулира прашањето за делокругот на работата на градежните мајстори."[13] Со решавањето на овој проблем всушност се водела борба да се спречи големиот прилив на ѕидарите во Белград, а архитектите и инженерите да постанат господари на градежната оператива.

Многу македонски ѕидари и други занаетчии, меѓу кои од овој регион, кои оделе на работа во Белград, останувале на улица, без работа. За тоа зборуваат и многубројните молби упатени до управата на здружението на "Јужносрбијанците". Во молбите наведуваат дека немаат средства за исхрана за

себе и многучлената фамилија, барат пари да се вратат назад, се слежуваат да прифатат секаква работа и дека во градот немаат други пријатели кои ќе им помогнат во посредувањето за вработување. На пример, група на каменорезци од село Модрич, Струшко, барале од здружението да ургира да бидат примени "за што било, само да бидат вработени, бидејќи се способни за секаква работа".[14] Вакви и слични други молби од ѕидарите секојдневно пристигнувале до белградските установи, почнувајќи од полициските органи до Берзата на трудот, до многубројните министерства, сенатори и пратеници од овој крај.

Иако многу ѕидари потекнувале од Дримкол, во градот Струга, ретко кој мајстор останувал да работи, бидејќи немало работа. Од друга страна, во Охрид, во овој однос, положбата била сосема друга. Бројот на ѕидари, во поодделни години изнесувал: во 1919 биле 3., во 1925-57, а во 1928 само 2, додека во 193о - биле 12 правни и 33 бесправни мајстори, во 1932 биле регистрирани 18, во 1937-9 и во 194о година само 13 ѕидари.[15]

Охридските ѕидари, покрај тоа што немале доволно работа, како и другите занаетчии, имале тешкотии во наплатувањето за извршената услуга, бидејќи инвеститорите не им ги плаќале заработените пари. Тоа им се случувало на повеќе ѕидари. На пример, мајсторот Осман Кадри на Муса Сали од Охрид му изградил карабина куќа. Муса му должел уште 1 65о динари. На ѕидарите Климе Тасески и Смаил Рисмански, по оземачот Крсте Атанасески, од Охрид, за изградба на оградата и други помошни објекти во гимназиската зграда

./.

како и некои други поправки во патиштата не сакал да им плати.[16] На ѕидарот Танаско Богдановски, кој "совесно и целосно работел на патот и мостовите во Буково", градежната секција за патишта не сакала да му ги исплати парите.[17] Управата на еснафот од Охрид за сите случаи директно се заинтересирана и најодлучно ургирала да им се исплати долгот.

Борбата на градежните инженери и архитекти против самостојните мајстори продолжила и во триесеттите години, барајќи да се донесе закон за нивно опластување. Меѓутоа, здружението на градежните работници од Вардарска бановина по нацрт-законот писмено реагирало, пишувајќи:"Инженерите, скоро, секогаш се претставуваат пред светот како фактори и креатори на градежните конструкции и објекти, а всушност тоа би требало да бидат и градежниците. Така, цел купната морална и материјална корист од законот би ја извлекле инженерите, благодарејќи на својата титула, додека градежниците-искусните неимари, кои целиот век го поминале во градежните дејности, би биле слуги на инженерите и од нив експлоатирани до максимум. Во крајна линија, судбината на градежниците и нивните фамилии би дошла во прашање дури и до питачки стап. Така, сето тоа би било за љубов на комоцијата, материјализмот, грабежливите желби и егоистичките амбиции на инженерски ред."[18]

Многу занаетчии - ѕидари со време ги стекнале своите кфалификации, меѓутоа за време на стара Југославија надлежните власти постојано ги прогонувале, барајќи да полагаат дополнителни испити, како што се за бетонирање, обработка на камен или пак да ги обновуваат своите квалификации,

а со цел да им земат што повеќе пари и на тој начин да ги спречат во нивната и така тешка секојдневна работа. Такви барања се поставиле и до охридските ѕидари, но на тоа, скоро, никој не се одзвал.[19]

Тешко може да се утврди колку ѕидари од овој регион меѓу двете војни, одејќи на печалба во другите земји, не се вратиле во своето родно место, од причина што некои од нив формирале нови семејства, некои со себе ги однеле и своите фамилии, а пак, некои и несреќно ги оставиле животите во далечниот и непознат свет. Во времето од 192о – 1935 година во Охридска околија биле иселени 527 фамилии и 794 лица, а од Струшка околија 1о2 фамилии и 231 лице.[2о] Интересен е и податокот дека од 1933-1935 година на печалба од Охрид отишле 632, а од Струшка околија 3 554 печалбари.[21] Во кои се' држави ѕидарите оделе, затоа, само за илустрација, за 1939 година го изнесуваме следниот податок: Од Велчанска општина во Турција биле 49, Франција 5, Грција 8, Романија 43, Северна и Јужна Америка 29, Бугарија 26, Албанија 32, Чехословачка 6, Германија 3, а во Југославија биле растурени, скоро 5оо работници. Од село Велчани се иселиле 29 фамилии во Романија 8, во Турција, 9 во Бугарија и 1 во Германија и тоа после 192о година.[22]

Како печалбари се познати и занаетчиите од Малесија кои се одработувале во сите градови на Југославија, како и надвор од нејзините граници, работејќи каква и да било работа: во Албанија оделе како шарачии, во Грција-јаглонари, Бугарија - слаткари и бозаџии, Романија-калајџии и пекари, а во Унгарија, Чехословачка, Австрија и Германија како слат-

./.

кари(боза не изработувале, бидејќи"кајшто има пиво-не оди боза") и во Америка како пекари, индустриски работници или ѕидари.[23]

Изнесените податоци недвосмислено зборуваат дека во струшкиот крај многу од занаетчиите - ѕидарите и другите, своите занаети ги вршеле надвор од својата средина. Впрочем, тоа е како традиција и до денешно време.

Друг многу интересен стар занает во оваа област е грнчарскиот. Тој исклучително е развиен само во Струга. Овој занает е пренесен од Голо Брдо(Албанија). Со него се занимавале родовите Миладиновци и Голабовци. Струшките грнчари со своите производи, што не заостанувале многу зад ресенските и велешките, го снабдувале населението од градот и околијата, дебарскиот крај, Охридска околија, Корча, Елбасан и други места.[24] Струшките грнчари снабдувањето на овие краишта го вршеле слободно се' додека не се определила новата граница со Албанија и затоа тие "добро стоеле".[25] Фамилијата Миладиновци овој занает го напуштија, а од почетокот на XX век и до денешни денови единствено со грнчарскиот занает се занимаваат Голабовци.[26] Началникот на Струшка околија во 1923 година доставува извештај до окружниот началник во Охрид за сите грнчари и ги наведува следните: Ристо, Јован, Илија, Ламбе, Наум, Разме, и Јован Голабоски.[27] Оваа бројка на грнчари кои имале свои посебни регистрирани фирми останала се' до 1941 година. Во Охрид, во 1937 година, секоја грнчарска работилница имала вработени само едно лице.[28]

./.

За изработка на грнчарските предмети струшките занаетчии набавувале глинеста земја од околината на селата Радолишта и Ботун. Грнчарите својата работа ја вршеле кога имало сонце, особено во летните месеци. Општо земено, струшките грнчари меѓу двете војни, додека не се појавиле limените садови, немале тешкотии во својата работа,односно во пласманот на своите производи. Производите ги продавале во пазарните денови, а најмногу спроти некој верски празник(св.Дуовден) или по разните селски и манастирски панаѓури.

Со изработувањето на грнчарските производи во фамилијата, скоро, сите се занимавале, со цел што побрзо и што повеќе да се произведе. Се водело сметка да се користи времето и побарувачката. Сите производи се работеле на примитивен начин. За нив е најважно само дрвеното грнчарско колце, како и некои сосема други мали справи што ги употребувале мајсторите. Убавината и трајноста на предметот многу зависи од чистотата на земјата, како и мајсторското изработување. Мајсторите за многу брзо време како виртуози го изработувале саканиот сад за домаќинството. Се разбира, се губело повеќе време ако се изработува некој интересен предмет, за спомен или сувенир. Откога ќе му се даде вистинската форма на садот, го оставаат да се суши, а потоа во специјални фурни се пече, а потоа и се бојадисува. Во една фурна, во зависност од големината, можат да се испечат 300-600 садови. Печењето трае 8-10 часа, за кое време се троши околу 1,5 до 2 $м^3$ дрва.[29]

Струшките грнчари, главно, ги произведувале следните предмети: стомни, тави, ибрик за ракија, бардаче, ѓумче, дуле, грнија, тенџериња, ќупови, тоарка, филџани за кафе, чинии

./.

бардиња, савчиња за вино и разни украсни вазни и друго. Многу предмети од старите струшки грнчари веќе претставуваат реткост, се интересни предмети и се чуваат како старини во повеќе домови.

Меѓу двете светски војни, а посебно по ослободувањето, грнчарите произведуваат и сосема едноставни,"голи", бедни, што е резултат на потребите од што побрза продажба и лесна заработувачка, како и поради малиот интерес кон овие предмети, бидејќи индустриските производи за домаќинствата брзо го совладаа пазарот. Овој занает е осуден на умирање. Подмладок нема, а квалитетот на производите е многу слаб. До 1964 година биле останати уште 4 грнчари, кои инаку популарно ги викаат "стомнари", чија старост се движела од 62-72 години.[30]

Други занаети од преработка на земја и камен биле: варџиите, молерите и туларите. Во Охрид до 1936 година имало 4 варџии, а до крајот на 1940 година биле регистрирани 7 занаетчиски фирми, додека во Струга во истиот период имало само тројца варџии. Во Охрид работел само еден молер, Петар Заричин, кој упорно се борел против сите оние кои сакале да го изучат тој занает. Така, на пример, во 1928 година на калфата Фидан Богданоски не сакал да му даде право да полага мајсторски испит, иаку пред целата комисија при еснафот дал позитивен одговор.[31] Во ова време во Охрид и Струга по еден или двајца тулари работеле и тоа на примитивен начин се' додека не се изградила фабриката за тули во село Мороишта, Струшко и село Вевчани.

./.

1. Растко Пурић, Наличја, Скопје,1934,стр.56.
2. Растко Пурић, цит.дело, стр.57
3. Тома Д-р Смиљанић, Ко су и шта су Уљуфи у Јужној Србији, "Вардар", 6,7,8 и 9.I.1935.
4. С.Царевић, Печалбари одлазе, "Политика", 24.3.1938.
5. Миливој Савић, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама кралевине Србије,Београд, 1914, стр.215.
6. Миливој Савић, цит.дело, стр.213.
7. Миливој Савић, Наши занати, индустрија и трговија,Сарајево, књ.6,1928.,стр.231.
8. Растко Пурић, Работнички југ,Скопје,1937,стр.1о8.
9. Растко Пурић, Работнички...цит.дело, стр.121.
1о. Д-р Душко Константинов, Печалбарство,Битола,1964,стр.32.
11. Растко Пурић, Работнички... цит.дело, стр.124.
12. ИА-Београд, Еснафи града Београда 191о-1932,кут.27,бр. 7 од 28.2.1928.
13. АЈ-Београд, МТИ, фасц.353,бр.1о.41о од 2.5.1927.
14. ИА-Београд, УЈ(1923-1944),кут.2,бр.277 од 27.12.1933.
15. ИА-Охрид, ЗУО,1923-1941,Извод на списковите од регистрираните фирми.
16. ИА-Охрид,ЗУО, кут.1/1, жалби од Осман Кадри, Климе Тасески и Смаил Рисмановски од 27.7.1924 и 25.3.1924.
17. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1,ургенција на Здружението бр.294 од 5.8.1929.
18. АЈ-Београд,МТИ,фасц.353,бр.1о21 од 18.9.1935.
19. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/3,бр.29о6 од 18.3.1937.бр.26о од 13.1.1938,бр.8565 од 23.12.1938 и бр.1124 од 24.8.1939.

./.

20. Растко Пуриќ, Работнички... цит.дело, стр.113.

21. Растко Пуриќ, Работнички...цит.дело, стр.116.

22. Р.Николиќ, Велчанци би могли савити своја гнезда у Велчанима, где би имали воље за рало, косу и мотику, "Вардар", Скопје,11.7.1939.

23. Бранислав Д-р Русиќ, Малесија, "Годишен зборник" на Филозофски факултет" кн.6.1953,стр.37.

24. Гиго Милески, Струга,"Годишен зборник на Филозофски факултет"-природноматематички оддел, кн.8,Скопје,1955, стр.119.

25. Т.Балавчевъ, Град Охрид и котлината му въдуми и образи, София, 1915, стр.11.

26. Миливој Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним... цит.дело, стр.215.

27. АЈ, МТИ, фасц.354,бр.4058 од 13.4.1923.

28. ИА-Охрид, ЗУО, 1923-1941, извод од списковите на регистрирани фирми.

29. Абдулхак Салих, Грнчарскиот занает во Струга, ракопис, 1964.Негова сопственост и се чува во Народниот музеј.

30. Абдулхак Салих, цити.дело.

31. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1,бр.173 од 11.4.1926.

## ж. Занаети за лични услуги

Меѓу занаетите за лични услуги, како што покажува и долу наведената табела, најповеќе ги има берберите и фотографите.

I. Охрид

| Име на занаетот. | Број на работилници по години | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1919 | 1925 | 1928 | 1930 | 1932 | 1937 | 1940 |
| 1. Бербери | 5 | 23 | 25 | 25 | 29 | 24 | 27 |
| 2. Фотографи | - | - | 4 | 4 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Оџачари | - | - | - | - | - | 1 | 1 |

II. Струга

| Име на занаетот | 1930 | 1932 | 1935 | 1938 |
|---|---|---|---|---|
| 1. Бербери | 2 | 9 | 8 | 11 |
| 2. Фотографи | 3 | 2 | 2 | 4 |

Од овие занаети најважен е берберскиот, кој од секогаш бил во рацете на Турците. На пример, во 1924 година, од 23 правни и бесправни мајстори - бербери во Охрид само тројца биле Македонци.[1] Таа традиција продолжила и во наредните години. Со оглед на тоа што имало многу бербери, нивната заработувачка била сосема ниска. За да привлечат муштерии, бричејќи или пострижувајќи, им давале кафе или чај и тоа без надоместок. Меѓу двете војни берберските работилници долго време личеле не само како "мали кафеани, туку и како бакалници, бидејќи во нив се продавало: мед,овошје,

./.

разни сувенири и друго. Цената за бричење во бивша Југославија изнесувала 1-2 динари, а исто така и за потстрижување. Долго време се служеле со примитивни алати, но во средината на триесетите години се увозувале помодерни алати од некои европски земји.

Секој берберин, во основа, си имал свои муштерии. Но, за жал, некои од нив, а посебно службениците, секогаш на вересија ги услужувале, а на крајот на месецот им плаќале. По познатите бербери вршеле и "хируршки" интервенции, сунети кај муслиманите, вадење на заби и друго. Во Охрид како берберски "лекар" бил познат Зејнула Муарем.[2] Берберниците не биле доволно хигиенски и доволно опремени заради што многу пати биле опоменувани. И меѓу овие занаетчии имало голема конкуренција. Затоа некои од нив ги намалувале цените на услугата, а особено младите мајстори. Ваква положба била во сите градови и затоа Земскиот сојуз на берберите и фризерите на Југославија, не можејќи сам да го реши овој проблем, во 1937година се обратил до министерот за трговија и индустрија, пишувајќи му:"Единствено во Вас гледаме како спасители на нашата струка и животното прашање на нашите фамилии, бидејќи ако и понатаму во градовите цените некои бербери ги намалуваат, сигурно е дека за неколку месеци ќе останеме на улица, на товар на државата и општината и затоа во името на 16 000 мајстори донесете одлука и ценовник кој ќе го почитуваат сите мајстори."[3] Меѓутоа, биле одбиени од причина што не постоела законска можност за донесување на единствен ценовник.

./.

По барање на некои охридски бербери, началникот на Охридска околија донесол наредба со која сите бербери, зависно од квалификациите, годините на работа, местото на локацијата на дуќанот и друго да се поделат во три категории и ги одредат цените на услугите. Берберската секција од Охрид со оваа наредба не се сложила и барала да се измени "со оглед на овдешните прилики и стагнацијата на занаетчиството, не само што не можеме да постапиме, туку и не знаеме посебно да ги максимираме цените, што денеска не постојат, бидејќи работиме за"кој колку ќе даде".[4]

Втор занает за лични услуги на жителите е фотографскиот. Во двата града еднакво бил развиен. Пред Првата светска војна фотографите не биле регистрирани како занаетчии, а во 192о година донесено било решение да бидат групирани во занаетчии и да полагаат испити.[5]

Во двата града во почетокот на XXвек имало фотографи, кои, покрај другите работи, пасионирано се занимавале и со овој занает. Во Охрид како мајстори фотографи на нашиов век се спомнуваат: Димитри Митан, Панде Василевски, Митре Михајлоски и Митре Нически, а во Струга Гапе Чакар и Сотир Ландро, а по 1918 година прв професионално се занимавал Ставре Попоски. Фотографски материјали набавувале од Загреб и Белград. Како нов занает, економски фотографите прилично добро поминувале, бидејќи тоа претставувало голема новина за широките маси, како и поради приливот на туристи во Охрид. Најмногу имале корист од групни сликања на ученици, по свадби, фамилијарни и друго. Во зависност од големината на фотографијата, цените се движеле од 15 до 3о динари,а

шест слики од 4о до 2оо динари. Општо земено месечно заработувале до 3 ооо динари, а во Охрид, во летниот период и до 15 ооо динари. Годишно плаќале данок до 6оо динари.[6] Покрај професионалните занаетчии со фотографирање аматерски се занимавале повеќе граѓани, но на професионалците тоа многу не им штетело, бидејќи имало доста работа.

1. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/1, обавештење од 15.3.1924.
2. Според спомените на Усеин Муарем (65) од Охрид.
3. АЈ-Београд, МТИ, фасц.345, бр.6224/36 од 3.3.1937.
4. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/3, бр.2о6 од 1.4.1937.
5. АЈ-Београд, МТИ, фасц.346, бр.5949 од 13.Х.192о.
6. Според спомените на Благоја поп Стефанија (63) и Боро Митан (65) од Охрид и Димитри Миладин(61) од Струга.

## Жз. Други занаети

Во оваа група на занаети се групирани сите други занаети што во овој регион биле застапени, а не се вклучени во наброените занаети и тоа:

I. О х р и д

| Име на занаетот | Број на работилници по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1925 | 1928 | 1930 | 1932 | 1937 | 1940 |
| 1. Бојаџии | 1 | 3 | 2 | 4 | 2 | 1 |
| 2. Бисерџии | | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 3. Волновлачари | - | - | - | - | - | 1 |
| 4. Книгоповрзувачи | - | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 |
| 5. Млекари | | 1 | 1 | | | |
| 6. Налании | | | 1 | 2 | 2 | 2 |
| 7. Свеќари | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 2 |
| 8. Содаџии | - | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 |

II. С т р у г а

| | 1919 | 1932 | 1935 | 1938 |
|---|---|---|---|---|
| 1. Бојаџии | - | 2 | 1 | 2 |
| 2. Книгоповрзувачи | - | - | 1 | 1 |
| 3. Налании | - | - | 1 | 1 |
| 4. Содаџии | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 5. Сарачи | - | - | 1 | 2 |

Во други занаети за посебно одбележување за Охрид е бисерџискиот занает. За прв пат во Охрид се појавил во 1923 година кога дошол производителот-мајсторот за изра-

./.

ботка на вештачките бисери Црногорецот Јован Субановиќ. Поveќе од 2о години тој работел на овој занает, користејќи ги суровините на Скадарското Езеро, но поради лошите климатски услови, болест, а најповеќе и од големата конкуренција од повеќе бисерџии решил да работи во Охрид и тоа откога констатирал дека има добри услови за работа, а посебно суровина.

Во тајните на работата на мајсторот Јован постепено навлегувале охриѓаните Милчо Талески и Михајло Филе. За овој интересен и скапоцен занает, кога се наоѓа во неговата почетна фаза, немајќи средства за проширување, уште во 1924 година весникот "Политика", забележува:"И сета несреќа е во тоа бидејќи е потребен капитал. Сепак, досега делумно е искористуван овој патент. Меѓу овие аргатки, помеѓу овие сиромашни и бедни жени, чии мажи се отидени на печалба, за дневница од десет динари би ги чистеле лушпите од плашиците. Нашиот Јован таа лушпа ја пакува во тегли и ја испраќа во Чешка и Германија како суровина која треба да се преработува. Тоа интересирање на Германците останало толку големо што сакале од неговиот богат рудник да го избркаат и да го остават без корка леб".[a]

Откако утврдил дека има многу квалитетна суровина за експлоатација, но неможност сам да ја врши целата работа, во 1927 година барал финансиски средства во вид на помош, заради кое на охридскиот околиски поглавар му пишува: "До денеска не можев добро да го развивам производството на вештачкиот бисер од причина што немам доволен капитал. Ги известувам сите надлежни, дека мојот изум на вештачкиот бисер

./.

е најсовршен до денеска-за што можете лесно да се уверите. За производство на истиот има многу поволни услови, лушпите од рибите, кои се погодни за вештачкиот бисер ги има во изобилство, а работната сила е многу евтина. Изворот и потрошувачката на лушпите има одлична побарувачка на германскиот, чешкиот, италијанскиот и францускиот пазар. Овие држави сега се снабдуваат од Русија и Јапан. Ако производството на вештачкиот бисер и извозот би се организирал на широка основа, целиот овој крај многу би се збогатил, бидејќи голем дел од населението би се вработило во работилници".[2] Ова барање преку битолскиот голем жупан стигнало до министерството за трговија и индустрија од каде добил и одговор дека нема законски и буџетски можности да се помогне. Тоа значи, дека државата на овој нов занает во Охрид не му обрнувала внимание.

Со проширувањето на овој занает, уште во 1932 година се верувало дека од него ќе имаат корист и охридските рибари, кои со право својот економски опстанок рибарите - задругари го гледале и во производството на бисерот. Би се изработувало: убетки, украсување на икони, бројници, огрлици, престења, табакери, муштики, ножеви, пепелници и друго.[3] Охридскиот бисер станал познат и од трајен карактер само затоа што во основа се користи квалитетна суровина, како и од големото мајсторство на охридските занаетчии. Охридските бисерџии, користејќи ги лушпите од рибите и седефот што го увезувале, оваа гранка на занаетчиството технички ја усовршувале до таа мера што охридскиот

./.

бисер ни најмалку по квалитетот и убавината не заостанува за правиот бисер.[4] За жал, тајната како се обработува бисерот, целиот поврзан процес ниеден охридски мајстор за јавноста не го кажува. Го пренесуваат само на својата многу блиска фамилија.

Други занаети во Охрид и Струга биле печатарите-книгоповрзувачите. Тие главно, укоричувале книги, печателе разни огласи, соопштенија, изработувале венци и друго. Охридските свеќари добро економски стоеле бидејќи потрошувачката била голема, а само тие го снабдувале охридско-струшкиот пазар. Исто така, добро поминувале и бојаџиите бидејќи голем дел од населението волната ја користело за облека, како и во домаќинството.

V-з/ XI

1. АЈ-Београд,МТИ, фасц.351,бр.6343 од 1.6.1927.
2. Ж.Миликовић, Риба од Охрида, "Политика", 23.6.1924.
3. Меморандум Охридско-Преспанске рибарске задруге у Охриду, Лесковачки гласник", Лесковац, број 3.009 од 1932.
4. Милан Гавриловић, Привреда Јужне Србије, Скопје, 1931, стр.135.

## ГЛАВА ШЕСТА

## СОЗДАВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИ КАДРИ ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН

Грижата за создавање на занаетчиски кадри по пат на редовно школување во Македонија почнува по Првата светска војна. За отворање на занаетчиски училишта преземени биле мерки уште во 1913 година, со цел да се обезбедат кадри во занаетчиството и трговијата"за да се создаде поспремен занаетчиски подмладок".[1] За таа цел веќе била изработена и детална програма, но идните воени настани не дозволиле да се реализира. Задачите за отворање на вакви училишта му биле доверена на министерството за народно стопанство, кое уште во 1913 година предложило учениците и калфите од Македонија преку организацијата "Привредник", да се испраќаат на изучување на одделни занаети во Србија,[2] а со тоа би се постигнале две цели: "воспитување" на младите од Македонија во духот на српската политика и изучување на занаети.

На српската буржоазија, знаејќи дека економски Македонија многу заостаната, најлесно и' било да го форсира занаетчиството, под маска голема грижа за младите. Отворила повеќе вакви училишта и тоа во сите помали и поголеми градови. За некое размислување за нивната понатамошна судбина, за вработување и опстанок, воопшто не станувало збор. Непланското создавање на занаетчиските кадри во Македонија продолжило во целиот период меѓу двете војни.

./.

Иаку многу занаети се најдуваат во изумирање, сепак, нивните мајстори кај себе ги примале учениците и упорно се бореле да ја продолжуваат нивната традиција. Поради тоа голема штета била што со тие занаети се зафаќале неупатените деца, врзувајќи ја својата судбина и иднина со нив, кога било очигледно дека нивните денови за живот се одбројени. Од тие и слични занаети требало децата да се одвојуваат и да се упатуваат на занаети пред кои стои иднината.[3]

На свој начин владетелската буржоаска класа како "ослободителка" на "новите јужни краеви", со цел младиот свет, како и нивните родители, да ги оттргне од секакви мисли и "реагирања", обезбедувала" услови за учење. Младиот свет брзо дошол до сознание дека "правилно" насочуваната и "дозирана" просвета може да биде ефикасно средство за "национално превоспитување" на Македонците.[4]

Задачите на занаетчиските училишта биле да се зголеми писменоста кај учениците, да им се овозможи стручно-теоретско образование, а нивните мајстори да се грижат и им овозможат целосно да го научат занаетот и да бидат спремни да се развиваат во чекор со времето. Мајсторот-занаетчија бил најдобриот учител на ученикот. Изучувањето на занаетот не е само во техниката, туку и во доброто водење на занаетчиската работилница, во познавање на суровините или на полуизработените производи, начинот на набавување, нивната оценка, купувањето, кроењето,продажбата, односот спрема муштериите и друго.[5] Овие задачи не било лесно да се остваруваат, а посебно кога ќе се има

./.

во предвид дека во овие училишта доаѓале неписмени или слабо писмени ученици, кои не можеле да најдат работа во други гранки и немале можност да го продолжат своето образование. Уште потешко било и затоа што училиштата работеле во вечерно време кога учениците биле најмногу уморни, а немале ни соодветни и квалификувани стручни кадри-предавачи.

Веднаш по Првата светска војна, во Охрид и Струга се отвориле првите занаетчиски училишта. Се разбира, во првите години, а и подоцна, сите училишта не биле добро организирани. Пред се' немале простории за работа, кадри, средства и практично искуство. Мајсторите, кои имале деца од селата или пак биле со нив во блиска роднинска врска, не биле секогаш желни во вечернитечасови да ги пуштаат на учење, сакајќи да им бидат секогаш при рака, а не да "губат" време за учење. Бидејќи"наставата во овие училишта била ноќна, скапнатите ученици од дневната работа слабо се интересирале за наставата."[6]. Овие училишта за општините и државата повеќе биле од формална природа, зашто и нивниот интерес бил слаб. Ретко мајсторите и просветните власти се ангажирале да видат како учат и живеат учениците. Се случувал занаетчиското здружение да испраќа циркуларни писма до мајсторите со опомена да водат сметка за учениците, оти во спротивно ќе бидат казнети.

а) Занаетчиско-трговско училиште-Охрид(1919-1941)

Во есента 1919 година во Охрид, без некои поголеми административни тешкотии, почнало да работи занаетчиско-трговското училиште. Се разбира, уштево првите денови се судриле со низа технички и кадровски проблеми. Поради тоа, Миливој Савиќ-еден од најдобрите познавачи на занаетчиството и началник при министерството за трговија и индустрија, бидејќи да се преземаат определени мерки во внатрешноста на земјата за отворање на училишта, до министерството за внатрешни работи пишува: "Војната поништи се.' Ние правиме многу младите занаетчии, ученици да ги оспособиме. Имаме насекаде училишта, но управителите се жалат, бидејќи тамошните власти ги земаат учениците на кулук, па им пречат во посетата на редовната настава".[7] Во двата града овие училишта припремале кадрови за трговијата. Првиот управител на охридското училиште, Воислав Чакарески, во 1919 година се жали дека уште 15 ученици не се запишани затоа што се случува "газдата и момокот(мисли на ученикот-б.м.)да биле во неслога и тогаш газдата го отпуштал ученикот, го оставал својот газда, како на пример, место да оди за чевлар оди за рибар или кочијаш".[8]

Интересно е да се одбележи дека при запишувањето во првата година, во 1919, учениците биле поделени во три класа, што било резултат на слободното мислење на родителите, веројатно, користејќи ги следните критериуми: поминати години како ученици кај мајсторите, старостa, писменоста,а можеби, во 1913-1914 година имало отворено и вакво училиште.

./.

Многу ученици биле неписмени. Имало сосема малу деца кои знаеле"да пишуват и читаат српски јазик"-се вели во спомнатиот извештај на управителот. Првите години во ова училиште биле запишани пред се' децата на занаетчиите и некои нивни блиски роднини. Тоа го потврдува и главната книга на запишаните ученици во првите години на ова училиште. Училиштето било сместено во просториите на сегашното основно училиште"Климент Охридски". Покрај управителот, редовно или хонорарно работеле уште седум учители.[9]

Нередовноста на учениците во занаетчиските училиште продолжувала во сите години. Тоа било еден од главните проблеми. Секоја година по силата на разни околности се запишувале ученици во училиштата, а подоцна ги менувале занаетите или воопште го напуштале занаетот. Многу ученици доаѓале на настава формално колку да бидат со мајсторите пред законските прописи "оправдани". За тоа управителот на училиштето во 1921 година во извештајот пишува:"Најголем недостаток во работата е неуредното посетување на училиштето од страна на учениците и нивното недоаѓање на време. Причина за тоа може да биде што газдите не ги пуштаат на време учениците да одат на училиште, ги задржуваат на работа, но поголема е виновноста и кај учениците што воопште не сакаат да учат".[10]

Со потценување кон овие училишта гледале, не само оние што биле повикани да ја унапредуваат наставата, туку и занаетчиите. Тие ова училиште го сметале како товар зашто нивните шегрти и калфи оделе од работа во времето кога требало да работат во нивните работилници."Тоа сосе-

бено се чувствува кај чевларите, кои ги има најповеќе. Учениците ова училиште го сметаат како товар и затоа се ослободни до крајни граници".[11] Во овие училишта, претежно, оделе деца кои биле"крајно бедни и немале можност да се школуваат во други училишта. Но имало и такви деца кои од гимназијата биле истерувани, како лоши ученици, а единствено училиште по сила на приликите им било токму занаетчиството. Затоа ретко доаѓало некое подобро и способно дете за учење на некој занает"-[12] повеќе пати пишува управителот на ова училиште.

Во занаетчиско-трговското училиште во Охрид, од 1919-1940 година и покрај низа тешкотии, голем број на ученици го завршиле училиштето и занаетот кај одделни мајстори и станале калфи, а подоцна и добри мајстори. По години, бројната положба може да се види од приложениот преглед(Види на страна 174). Од изнесените податоци се гледа дека учениците во учењето не биле редовни, но сепак, во времето од 1919 до 1938 година во Охрид ова училиште го завршиле 306 ученици кои станале и калфи. Напоменуваме дека ова училиште го посетувале и 1-3 ученици од трговска дејност.[13]

# П Р Е Г Л Е Д

На запишаните и за[illegible]шените ученици по класови при Машкото занаетчиско-трговско училиште Охрид од 1919-1938 година

| Учебна година | Број и положба на учениците | | | | | | | | | | | | | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I класа | | | | II клас | | | | III клас | | | | | |
| | Запишани | Напуштиле-паднале | Упатени за полагање | Завршиле клас | Запишани | Напуштиле-паднале | Упатени на полагање | Завршиле клас | Запишани | Напуштиле-паднале | Упатени на полагање | Завршиле клас | Приправнички курсеви | |
| 192o/21 | 38 | 5 | - | 32 | 15 | 1 | - | 14 | 33 | - | - | 33 | | 484o |
| 192o/21 | 21 | 6 | 3 | 12 | 24 | 9 | 2 | 13 | 18 | 1 | 1 | 16 | | 1oo2o |
| 1921/22 | 18 | - | - | 18 | 21 | - | - | 7 | 24 | 13 | - | 11 | | 1525o |
| 1922/23 | 31 | 17 | - | 14 | 18 | 5 | 1 | 12 | 27 | 4 | - | [illegible] | | 1566o |
| 1923/24 | 33 | 15 | 1 | 17 | 2o | 6 | - | 14 | 16 | 4 | - | 12 | | 1645o |
| 1924/25 | 3o | 15 | - | 15 | 32 | 1o | - | 22 | 19 | 6 | - | 13 | | 1458o |
| 1925/26 | 33 | 6 | - | 27 | 27 | 8 | 2 | 17 | 28 | 8 | - | [illegible] | 51 | 1725o |
| 1926/27 | 44 | 1o | 2 | 32 | 33 | 6 | 3 | 24 | 25 | 7 | 2 | 1o | 34 | 1o85o |
| 1927/28 | 18 | 3 | - | 15 | 38 | 13 | 4 | 21 | 28 | 13 | 2 | [illegible] | 29 | 1985o |
| 1988/29 | 3o | 8 | 1 | 61 | 1o | 3 | - | 9 | 18 | 1o | 3 | [illegible] | 28 | 25834 |
| 129/3o | 44 | 15 | 3 | 26 | 35 | 15 | - | 2o | 21 | 5 | 4 | 12 | 21 | 3418o |
| 193o/31 | 4o | 19 | - | 21 | 27 | 8 | - | 19 | 22 | 5 | 3 | 14 | 26 | нема подат. |
| 1931/32 | 39 | 6 | 7 | 28 | 31 | 11 | - | 2o | 23 | 5 | - | 1o | 27 | " |
| 1932/33 | 38 | 8 | 1 | 29 | 36 | 8 | 1o | 18 | 27 | 2 | 12 | [illegible] | 19 | " |
| 1933/34 | 35 | 9 | 2 | 24 | 34 | 7 | 3 | 24 | 3o | 11 | 4 | 15 | нема | 372oo |
| 1934/35 | 65 | 2o | 2 | 43 | 35 | 7 | 1 | 27 | 38 | 12 | - | 2o | " | 372oo |
| 1935/36 | 62 | 16 | 15 | 31 | 49 | 14 | 12 | 31 | 23 | 4 | 3 | 16 | " | нема подат. |
| 1936/37 | 74 | 37 | 15 | 23 | 53 | 14 | 8 | 31 | 43 | 15 | 9 | [illegible] | " | " |
| 1937/38 | 5o | 15 | 12 | 23 | 36 | 17 | 7 | 12 | 35 | 17 | 7 | 11 | " | " |
| ВКУПНО: | 744 | 23o | 64 | 451 | 583 | 162 | 6o | 355 | 298 | 142 | 5o | [illegible] | | |

Наставата во овие училишта имала само образовен карактер. Ниедно училиште немало сопствена зграда за изведување на наставата. Насекаде наставата се одржувала попладне и тоа после 18 часот. Траела 2-3 часа. При ова училиште била воведена само образовна настава, а практична не се изведувала. За сите години биле предвидени да се предаваат следните предмети: српски јазик, сметање, геометрија со геометриско цртање, слободно цртање, географија, основи на хемијата, основи на физиката и механиката со експерименти, технологија, хигиена, занаетчиско книговодство со основите на законодавството, убаво пишување и кореспонденција. Меѓутоа, овие предмети никогаш редовно не биле застапени, бидејќи немало стручни наставници за некои предмети, како за технологија и занаетчиско книговодство, а во некои години не биле застапени предметите физика и хемија.

Долги години наставата се изведувала хонорарно. Од 193о година само управителот на ова училиште бил поставен со редовно работно време. Во 1929 година,кога Воислав Чакрески извршил инспекција во занаетчиските училишта во Охрид и Струга, констатирал, дека сите предмети не биле застапени. Во Охрид предметите ги предавале стручни наставници, додека во Струга не било така. На пример, српски јазик предавал некој си архивар Жагриќ, а сметање неговата жена Славка која имала завршено егзархиско училиште и затоа "струшкото занаетчиско училиште ми личи, вели тој, повеќе на фамилијарно, отколку на државна установа,а училишните згради во двете училиште повеќе се од бедни",[14]

./.

Еден од многу важните проблеми за одржување на занаетчиското училиште било финансирањето, бидејќи ова училиште еден дел на средства добивало од општината, а другиот од државниот буџет. Колку училиштето имало средства за некои години може да се види од приложениот преглед.(Види на страна 174). На крајот од секоја година учениците од III клас полагале завршен испит пред комисија и стекнуваље звање квалификуван занаетчија.

б. <u>Занаетчиско-трговско училиште-Струга(1921-1941)</u>

Согласно законските прописи за овие училишта, во градовите каде немало повеќе од 5о ученици се отворале стручни продолжни занаетчиски училишта. Таков бил случајот и во Струга. Тоа било формирано во 1921 година, а во него постоело и аналфабетско одделение од 2с ученици на кои им се предавало српски јазик, читање и пишување.[15] За прв хонорарен управител бил назначен Стефан Попоски. Во ова училиште, во 1922 година, во први клас биле запишани 63 ученици, од кои 31 за изучување на занаети, а 32 за изучување на трговија. Оваа година се смета к: п редовен почеток на наставата. Тогаш биле поставени пет хонорарни учители.[16]

Во учебната 1922/23 година биле поставени други хонорарни учители, но, како и во предходната, ретко кој од нив имал завршено учителско образование. Таа учебна година биле запишани 78 ученици, кои биле поделени во две одделенија. До крајот на учебната година останале 72 ученици. На завршниот класен испит се пријавиле само 45

ученици. Предавањата се одржувале претпладне во недела и во четврток попладне,"бидејќи учениците немале време во други денови."[17]

Во 1923 година за I клас биле запишани 17, а во II клас 42 ученици. Од 1924 до 193о година, спрема сочуваните документи, положбата на запишаните и завршените ученици по години била следна: 1924/25 вкупно биле запишани 82 ученици, од кои во I клас 21 занаетчии и 5 трговци, II клас 15 занаетчии и 13 трговци и III клас 18 занаетчии и 1о трговци. Од нив завршиле: I клас-14,II клас - 15 и III клас 22 ученици.[18]. Во 1925/26 година биле запишани: I клас-19 занаетчии, II клас-21, занаетчија и 5 трогвци и во III клас - 8 занаетчии и 3 трговци или вкупно 48 занаетчии и 8 трговци. За приправници во оваа година примени биле 24 ученици.[19] Податоци за1926/27 година нема, а во 1927/28 година биле запишани во I клас-35,II клас-35 и III клас 23 ученици. Од нив завршиле клас: I-13 II - 9 и III-11 ученици.[2о] Во учебната 1929/3о година во I клас се запишале 31, а завршиле 13,II запишани 25, а завршиле 19 и во III клас запишани 25, а завршиле 1о ученици.[21]

Кога економската криза во 193о година вонредно многу се заострила, кога и занаетчиите во Струга премногу ја почувствувале, управата на занаетчиското здружение, разгледувајќи го прашањето на занаетчиското-трговско училиште, односно редовноста на учениците и примањето на нови ученици, решиле"да не се врши запишување на ученици од територијата на тој еснаф се' додека не се подобри положбата на занаетчиите од овој крај."[22] За другите

./.

учебни години до 1941 година, до кога и работи училиштето, не се сочувани податоци, со исклучок во 1933 година, кога во училиштето биле запишани 48 ученици[23], а во учебната 1934/35 година 69 ученици, со кои работеле пет наставници.[24]

И во Струга проблемот за редовноста во наставата и учењето бил сличен како во Охрид, а можеби и полош. На пример, во 1925 година"во Струга имало 24 господари кои не ги упатувале своите 30 ученици на училиште".[25] Многу поголеми проблеми во ова училиште имале со хонорарните наставници. Управителот на училиштето, прашањето со наставниот кадар повеќе пати го поставувал пред надлежните органи. За тоа, во 1928 година пишува:"Ако некој сака да биде редовен учител најлесно е, нека се пријави, нека поднесе молба и обврска дека до крајот на учебната година ќе работи редовно, а не како што било понапред со некои царинарници или даночничари кои се прифаќале само да земаат пари-хонорари, а управата на училиштето да ги бара по селата или на граница каде што ги вршат своите гранични должности, или учителите што немаат никаков авторитет пред учениците, не можат да ја совладаат дисциплината, дури и на предавањата доаѓаат сосема неподготвени."[26]

Од ова може да се заклучи дека општеството воопште не се ангажирало за учениците од занаетчиските училишта, дека училиштето постоело повеќе формално. Како се гледа од сочуваните податоци, во периодот од 1921-1929 година,буџетот на училиштето во Струга изнесувал:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1921 | година | буџетот | изнесувал | 7, 89о | динари, |
| 1922 | година | буџетот | изнесувал | 5 68о | " |
| 1923 | " | " | " | 17 5оо | " |
| 1924 | " | " | " | 17 62о | " |
| 1925 | " | " | " | 21 38о | " |
| 1926 | " | " | " | 2о 25о | " |
| 1927 | " | " | " | 21 22о | " |
| 1928 | " | " | " | 21 2оо | " |
| 1929 | " | " | " | 28 399 | " 27 |

Овие средства главно биле наменети за режиски трошоци како и за хонорар на наставниот кадар, кои повеќе од половината ги обезбедувала општината Струга.

в. Женско занаетчиско училиште - Охрид(1919-1941)

Паралелно со отворањето на машките занаетчиски училишта се отвориле и соодветни женски. Во овој регион женските училишта се отвориле со цел градските и селски девојки, а подоцна и домаќинки, да се занимаваат со различни изработки на везови и носии. Во охридско-струшкиот регион женските училишта биле отворени, скоро, веднаш по Првата светска војна. Нивни основачи биле женските друштва, кои материјално и морално биле подржувани од државните власти, бидејќи преку нив можело да се спроведуваат и кај женскиот свет политички, односно национални пропаганди за да се држат во покорност и воспитуваат во духот на србизмот. Оваа цел, отворено и јасно, ја изнесува во еден реферат 1919 година Миливој Савиќ кога зборува за потребите од формирање на женски училишта во Македонија, поцртувајќи

дека тие училишта се потребни и од национални причини.[28]

Во Охрид ова училиште било отворено во есента 1919 година. За изучување на разните женски занаети кај девојките во двата града владеел голем интерес, бидејќи немале место каде да се вработуваат, а на овој начин, како идни домаќинки, ќе можат да се занимаваат со шиење и везење, не само за потребите на своето домаќинство, туку, евентуално, и за потребите на пазарот. Право да се запишуваат во училиштето имале девојките од 12-20 годишна возраст со претходно завршено IVоддeление. Меѓутоа, многу ученички поради неможење да ја следат наставата во гимназијата, своето образование го продолжувале во женското занаетчиско училиште.

Наставата во женското занаетчиско училиште во Охрид се делела на два дела: нижа, која траела 3 години и продолжна уште 2 години. Основач на овие училишта било женското друштво "Коло на српските сестри", а во Охрид ова друштво се викало "Охридско женско друштво Св.Климент", Во училиштето, покрај општите образовни предмети, посебно внимание се обрнувало на наставата за кроење, шиење, везење и се изработувале предмети што се карактеристични за носиите од овој крај. Средствата за издржување на овие училишта подеднакво ги давале општината и државата. Меѓутоа, повеќе години својот дел општината нецелосно го исплатувала и затоа училиштето не можело да ги задоволи ни најосновните секојдневни потреби за својата работа. Во првата учебна година била поставена само една учителка. Уште во 1920 година се барало"да се зголемат средствата за училиштето во Охрид за да можело да се назначи уште една учителка,бидејќи

имало 5о-6о ученички и да се купат повеќе машини за шиење".[29]

Едно од најтешките прашања на училиштето бил просторот. Заради тоа долго време, уште во 1922 година, управата на училиштето, скоро, секоја година до изградбата на новата зграда настојувала да се изгради просторија за потребите на женското училиште.[3о] Првата помош за изградба на ваква зграда, во износ од 2 ооо динари, била дадена во 1922 година од министерството за трговија и индустрија.[31] Управата на женското друштво, помогнато од охридскиот епископ д-р Николај, уште во 1922 година до сите институции и поединци испратила "повик за помош за изградбата на женско училиште. Во повикот се вели дека во Охрид тешко може да се најде приватен стан, а уште помалу да се сместат стотина ученички, од кои повеќето се сиромашни и жедни да го научат занаетот, а со тоа ќе им биде обезбедена егзистенцијата.[32] За 9 месеци собрале 6о ооо динари.[33]

Додека не била изградена посебна просторија, наставата се изведувала во приватна зграда. Собраните средства биле сосема мали. Упорноста на управата од училиштето и женското друштво продолжила и понатаму. Молејќи го министерот за просвета за помош за изградба на училиште, де вели: "Ние овде, во Охрид, не бараме да подигнеме палати, туку училиште, скромно, со хигиенски услови и веруваме дека охридската сиромаштија ќе биде многу благодарна".[34] Претседателството на Министерскиот совет во 1931 година за изградба на училиште во Охрид одобрил 25 ооо динари.[35] Зградата во Охрид конечно била изградена и предадена во употреба на 8 јуни 1932 година.[36]

./.

Во женското занаетчиско училиште, покрај практичната работа, се одржувала настава и од општообразовните предмети, како српскохрватски јазик, сметање, геометриско цртање, слободно цртање, пеење, женски работи, веронаука и хигиена. Предметите ги предавале наставници од гимназијата. Во училиштето работеле два отсека: отсек за изработка на фустани и отсек за кошули. Последните години во училиштето работеле четири стручни учителки. Во периодот од 1919-1938 година, како се гледа од сочуваните податоци, првата година ја завршиле 294, втората 241, третата 161, четврта 115 и петтата 87 ученички.[37] Другите податоци се забележани во приложениот преглед.(Види страна 183).

Женското занаетчиско училиште организирало и продолжна настава. Ученичките во наставата биле редовни. Училишниот инспектор во 1924 година, по извршената посета, пишува: "Двете наставнички вложиле голем труд и покажале силна желба за работата во училиштето и на децата им дале знаење колку знаеле и умееле. Детските одговори беа јасни,прецизни и разбирливи од теоријата, а имаа и доста убаво скроени, сошиени и везени предмети, а научните предмети не се застапени како што треба, оти децата избегнувале и затоа мора и тие да бидат целосно застапени, без разлика дали некому ќе му се допаѓа повеќе, а на друг помалку.[38]

Управата на училиштето се судрила уште и со еден друг проблем-девојчињата бегале од наставата и оделе на учење кај некои шивачи во градот, Поради тоа,училиштето се жалело и барало оваа појава да се спречи,бидејќи "тие шивачи кои повеќе се самоуки, шијат како било и тоа за многу евтини пари, а девојчињата наводно да го изучуваат занаетот ги користат за своја работа".[39] Против ваквите шивачки не

| | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1924/25 | 20 | – | – | – | 10 | – | – | – | 16 | – | – | – | | | | |
| 1925/26 | 17 | – | – | 13 | 17 | – | – | 14 | 5 | – | – | 4 | 9 | 6 | 3 | 2 |
| 1926/27 | 28 | 6 | – | 22 | 12 | 7 | – | 5 | 13 | 4 | – | 9 | 5 | 5 | – | – |
| 1927/28 | 26 | 6 | – | 20 | 26 | 5 | – | 21 | 7 | 1 | – | 6 | 9 | 9 | 4 | 3 |
| 1928/29 | 18 | 3 | – | 15 | 16 | 4 | – | 12 | 20 | 6 | – | 14 | 6 | 5 | 8 | 8 |
| 1929/30 | 27 | 9 | – | 18 | 24 | 5 | – | 19 | 14 | 4 | – | 10 | 15 | 12 | 7 | 6 |
| 1930/31 | 27 | 7 | – | 20 | 18 | 1 | – | 17 | 17 | 5 | – | 12 | 10 | 5 | 20 | 15 |
| 1931/32 | 32 | 3 | – | 29 | 26 | 2 | – | 24 | 17 | 3 | – | 14 | 13 | 9 | 7 | 5 |
| 1932/33 | 39 | 4 | 4 | 31 | 28 | 4 | 2 | 22 | 20 | 3 | – | 17 | 14 | 11 | 8 | 7 |
| 1933/34 | 33 | 2 | 15 | 12 | 36 | 1 | 15 | 16 | 22 | 2 | 8 | 12 | 15 | 12 | 8 | 8 |
| 1934/35 | 27 | 2 | 8 | 17 | 24 | 5 | 7 | 12 | 18 | 4 | 6 | 8 | 18 | 9 | 9 | 8 |
| 1935/36 | 39 | 5 | – | 34 | 28 | 8 | 4 | 16 | 20 | 5 | 1 | 14 | 9 | 8 | 12 | 9 |
| 1936/37 | 27 | – | – | 27 | 34 | 6 | 48 | 24 | 12 | 1 | – | 11 | 13 | 12 | 6 | 6 |
| 1937/38 | 32 | 4 | 3 | 25 | 29 | 2 | 2 | 25 | 27 | 2 | 3 | 22 | 8 | 8 | 15 | 10 |
| За период 1938–1941 година нема податоци | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | 572 | 51 | 30 | 294 | 435 | 50 | 34 | 241 | 246 | 40 | 18 | 161 | 148 | 115 | 107 | 87 |

./.

# П Р Е Г Л Е Д

На учениците при Женското занаетчиско училиште во Охрид
1919-9941 година

| Учебна година 388888 | Бројна положба на учениците | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I клас | | | | II клас | | | | III клас | | | | IV клас | | | |
| | Запишани | Напуштиле клас | Упатени на полагање | Завршиле клас | Запишани | Напуштиле клас | Упатени на полагање | Завршиле клас | Запишани | Напуштиле клас | Упатени на полагање | Завршиле клас | Завишени | Завршени | Запишани | Завршени |
| 1919/2o | 5o | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | | | | |
| 192o/21 | 4o | | | | 22 | | | | | | | | | | | |
| 1921/22 | 39 | - | - | - | 4o | | | | | | | | | | | |
| 1922/23 | 3o | - | - | - | 23 | - | | - | 8 | | | | | | | |
| 1923/24 | 21 | | - | 14 | 22 | - | - | 14 | 1o | - | - | 8 | 4 | 4 | | |

биле изречени казни, бидејќи имале врски со власта. Ова училиште било против масовните одржувања на тримесечните курсеви за шиење по селата, затоа што биле штетни, бидејќи за кусо време никогаш не може да се научи занаетот. На крајот од секоја учебна година, откако се изградила зградата, се отворале изложби на изработенитеученички работи, а потоа истите предмети ги продавале. Интересно е да се одбележи дека еден убав изработен албум со везови од Охрид бил умножен и даден за пример како се работи, везе и плете со сите слични училишта низ Југославија.[40]

г. Женско-занаетчиско училиште-Струга(1920-1941)

Женското занаетчиско училиште во Струга, иако за него биле обезбедени 2 000 динари, уште во 1919 година, сепак, со работа почнало во 1920 година. Тогаш била поставена и првата стручна наставничка.[41] Како и насекаде, така и овде, училиштето било под управата на женската подружница. Работело во приватна куќа. Во 1920 година, во први клас, биле запишани 42 ученички, кои учеле "плетење, везење, кроење и шиење".[42] Следната, 1921/22 година, во први клас биле запишани 14, а во втори 22 ученички. За практична работа имале на располагање само две машини за шиење. Со ученичките работела само една редовна наставничка, а другите часови не се одржувале зашто немало кој да ги предава хонорарно.[43]

Во учебната 1923/24 година во сите три класа биле запишани 19 ученички, а од нив завршиле први клас 6, втори - 4 и трети 4 ученички." За малиот број на завршените ученички не била вината во учителката, ами во мештаните.

./.

Тие децата ги давале на изучување занает кај некоја шивачка, бидејќи веделе дека во училиштето се учеле и предмети што нивните деца не сакаат да ги учат, и, што е важно, во куќите по нешто и се заработувало."[44]

Во учебната 1924/25 година биле запишани, во сите класови, 21, а завршиле 18 ученички, а во 1925/26 запишани биле во I клас-14, завршиле 12, II клас запишани-7, завршиле 2, во III клас запишани само една ученичка која и го завршила класот. За прв пат за оваа учебна година била воведена и продолжна настава, но немало услови да се развива. И ова училиште најмногу тешкотии имало со финансирањето и нередовноста на ученичките. Вообичаено било во второто и третото тримесечие ученичките редовно да го посетуваат училиштето, а поради тоа наставниот програм, како од стручните, така и од другите предмети, површно бил обработен.[45] Во учебната 1928/29 година во сите три класа биле запишани 16 ученички, а во 1929/3о година 19 ученички.[46] За другите години не се сочувани податоци, но според анкетирањето на некои тогашни ученички, бројот се движел од 2о - 3о ученички во сите класови.

На иницијатива од професорката Драга Јевтиќ, од Белград, а родена во Струга, во 1937 година во Струга изградено било женско занаетчиско училиште чија вредност со целата опрема изнесувала преку 2оо ооо динари.[47] Оваа зграда и денеска постои. Откако се создале добри просторни можности за работа, а со оглед дека во Струга имало добри услови за работа, во 1937 година преземена била иницијатива при ова училиште да се отвори одделение за изучување и изработка

на ќилими. Барајќи помош од банската управа за отворање на килимарата, иницијаторите го изнесле следното образложение: 1.Училиштето неодамна се усели во новата зграда и има доволно простории; 2. Училиштето и досега покажало многу добар успех, што го потврди скорешната изложба на многу убави работи, оригинални, до сега непознати народни шари; 3. Богатството на народни шари во околината на Струга и Дримкол, како и квалитетот на волната во блиските планински предели даваат можност успешно да се изработуваат килими и да се воведе килимарство во целиот крај како домашна работа, што би помогнало овој сиромашен крај и економски да се подигне. По барањето, банската управа делумно постапила. Дала два килимарски разбои и бил поставен учител по килимарство.[48]

Како што се гледа од изнесените податоци, двете женски занаетчиски училишта имале тешкотии со наставен кадар, но сепак и двете изградиле сопствени згради. По завршувањето на училиштето, квалификуваните завршени ученички немале каде да се вработат, заради што и интересот бил мал, а посебно во Струга. Единствена корист била таа, што девојките,како идни домаќинки, умееле да изработуваат добри предмети за својата фамилија и за себе.

д. Основање и работа на резбарското училиште во Охрид (1925-1941)

Дрвото од секогаш имало и ќе има посебна улога во животот и работата на луѓето. Во врска со употребата на дрвото и начинот на неговото користење и обработување развиени се повеќе занаети. Еден од нив, што е мошне редок и најтежок

за работа, е резбарскиот занает-длаборез или како инаку се вика копаничарство. Кај нас, во Западна Македонија, се развил во XVIII век, а се настојува таа традиција да се задржи и во XX век. Меѓутоа, во последните децении, во овој регион, се чувствува како да нема заинтересираност за овој занает и како да се ближи неговиот крај.

Резбата во голема мера сочувана е по црквите, манастирите, во конаците и сараите, во богатите домови на граѓаните од македонската млада буржоазија која се јавува и развива во XIX век и подоцна. Сочуваната резба стои како жив споменик на едно бурно време, на една мисла и сила на тогашните луѓе. Таа е дарба, посебен ликовен феномен на уметнички редок занает. Впрочем, тоа го докажуваат ретко сочуваните резбарски дела. "Посебно е вредно таканареченото уметничко занаетчиство: длаборезот, иконографијата, златарството(кујунџиството), везарството, каде што цветело токму во градовите на Западна Македонија. Имало дури цели училишта за одделни занаети".[49] Овде авторот, пред се'мисли токму на длаборезачкото и иконографско училиште што се пренесувало од поколенија на поколенија.

Најголема заслуга оваа ретка народна уметност да се сочува и да се пренесува имаат вредните селани кои живеат во планинските врвови на Кораб, Бистра и по живописната долина на реката Радика. Тоа се познатите Мијаци и Реканци кои се истакнувале како сточари и мајстори во низа други занаети, а посебно во градежништвото. Внатрешниот дел на црквите, не само во Македонија, туку и на Балканот,

го изработувале самоуки мајстори, научени од своите предци. И, што е важно, не секој го знаел овој занает. Не секој можел да биде резбар или иконописец. Во неколку села имало по една или две фамилии кои исцело се занимавале со изработка на фрески или резба.

Мијачките копаничари, создавајќи бројни дела на кои им дале свој белег, оформиле посебен копаничарски центар познат под името Дебарско копаничарско училиште,кое во XVIII и XIX век, а особено во периодот на таканаречената преродба го збогати уметничкиот фонд на народите од Балканот, навлегувајќи во нивните цркви, куќи и други јавни објекти. Бројните творби, што се одликуваат со вонредно богати преплети издлабени во ажурна техника, со извонредна стилизација и пластика, извршиле влијание и на другите копаничарски центри на Балканскиот Полуостров, особено во Бугарија, оформувајќи во Банско и во Тревна, што се познати како копаничарски подучилишта на Дебарското копаничарско училиште.[50] Ова високо мислење за мијачките резбари го потврдува и Асен Василев. Тој вели дека тое е "таканаречено Дебарско живописно и резбарско училиште".[51]

Во Гари, Осој, Тресонче, Галичник и други села цели фамилии се занимавале со овој занает. Подеднакво работеле и децата, и синовите, и внуците. Некои фамилии ги викале на прекор и "фрчковци", кое име доаѓа од четката "фрча".[52] Многу мајстори тајната на својот занает љубоморно ја чувале и не сакале некоја друга фамилија да ја научи. Секој мајстор имал свој начин и стил на работа. За тоа

зборува еден сочуван ракопис од иконописецот Ѓоре Донески, од село Гари, во кого се опишани ликовите на светците како треба да се цртаат и кои бои треба да се употребуваат.[53]

Овие занаети при крајот на XIX век, а посебно во првите две децении на XX век, почнаа да изумираат. По Првата светска војна, љубителите на овие уметнички занаети, а пред се' највисоките, верски и културни организации и личности на Кралството на СХС, ги заинтересира овие занаети во Македонија да се задржат и за нив да се оспособат нови генерации. Нормално, црковните фактори најповеќе биле заинтересирани за сочување на традицијата во овој крај, бидејќи постоела очигледна опасност оваа единствена народна уметност да остане епизода во историјата на нашата национална уметност.[54] Со оглед дека овој занает има и национален карактер, а станал мошне редок, со цел старата традиција да продолжи или да се обнови, бидејќи се' уште не било доцна, владата решила да формира курсеви или училишта во овој крај за изучување на уметничките народни занаети.

Одделението за занаетчиството при министерството за трговија и индустрија решило да ги обнови овие стари уметнички занаети во Македонија. Имено, на 9 април 1925 година во Дебар отпочнува со работа резбарското училиште. За прв управител и стручен наставник по длаборез бил поставен вајарот Бранислав Јованчевиќ.[55] Условите за работа на училиштето во Дебар биле мошне тешки: немало простории за изведување на наставата, незаинтересиран бил младиот свет за изучување на занаетот дебарската власт имало индиферентниот однос спрема ова училиште. Во Дебар училиштето работело до крајот

./.

на 1927 година.

Постоела сериозна опасност училиштето да се затвори за секогаш. Упорниот управник Бранислав Јованчевиќ за тоа ги запознал, по писмен пат, надлежните фактори, не само во Дебар, туку големиот жупан во Битола, епископот Николај, за кого слободно може да се рече дека е еден од главните иницијатори во Македонија да се развива резбарскиот и иконографскиот занает, како и министерот за трговија и индустрија. Била запознаена и управата на дворската канцеларија. Сите фактори и личности од наведените институции во целост се сложувале ова училиште да продолжи со работа во Македонија и да се најде поголем и погоден градски центар каде ќе се обезбедат и добри услови за работа. Охрид за тоа бил најпогоден град од повеќе причини. Имало предлог училиштето да се сели во Скопје.

Меѓутоа, Охрид, лулка на старословенската култура - град чија потесна и поширока околина располага со многубројни и ретки споменици, е место каде учениците и наставниците ќе можат да црпат, не само конкретни идеи за работа, туку и практично ќе можат да копираат и гледаат многубројни изработени длаборезачки и иконографски дела. Од друга страна, во тоа време Охрид е окружен политички и економски центар, во него биле развиени повеќе занаети. Охридската општина имала можност некои материјални, кадровски и просторни услови веднаш да ги реши. Епископот Николај и жупанот Добривое Матковиќ веќе дале и писмена согласност и барање училиштето да се пресели во Охрид. Претседателот на судот на општината Охрид уште во 1926 година доставил

барање до министерот за трговија и индустрија, давајќи обврска дека училиштето "редовно ќе функционира и дека ќе ги даде оние благотворни резултати што се очекуваат од него. Градот Охрид, Господине Министре, вели тој, има потреба од вакви стручни училишта во кои младината ќе добие стручни знаења и ќе бидат спремни за практичен и самостоен живот".[56]

Министерот за трговија и индустрија во 1927 година донесол решение стручно-занаетчиското училиште за дларез од Дебар да се пресели во Охрид.[57] Било предвидено на учениците од Дебар кои биле заинтересирани за натамошно учење да им се обезбеди интернат, како и средства, но за жал од нив во Охрид никој не дошол. Целосното преселување на училиштето конечно било извршено на 1.јануари 1928 година. Во Охрид училиштето било сместено во трпезаријата - салата кај црквата св.Климент[58] (Денешната фискултурна сала на Основното училиште "Климент Охридски").

Многу младичи низ улиците на Охрид бесцелно го губеле времето. Тешко било да бидат примени како ученици на некој занает. Занаетчиите од друга страна, навистина не биле во состојба да примаат повеќе ученици, бидејќи немало работа. Појавата на новото училиште, иаку било во зимско време, кога веќе редовните училишта го завршуваат првото полугодие, за Охрид претставувало, не само голема новина,туку и единствениот излез за сиромашните младинци да научат занает и да се вклучат во редовниот тек на животот. На објавениот оглас за запишување на учениците се пријавиле 48 ученици,[59] кои главно, биле деца со желба да го изучуваат,пред

се', столарскиот и качарскиот занает, не претчуствувајќи дека во иднина ќе станат виртуози на еден многу важен уметнички занает, дека со денови и години ќе се "поигруваат"со оревото дрво и чии предмети ќе бидат барани, не само во Македонија, туку и надвор од нејзините граници.

Управата на Уметничкото - дрводелско училиште (во тоа време така се вика) под раководството на вајарот Бранислав Јованчевиќ, уште во почетокот одлучила да се ориентираат учениците на изучување на два занаети: длаборез и столарија. Затоа примале деца само за изучување наовие два занаети, а за тоа имало добри услови. Во Охрид работеле преку 2о столарски правни мајсторски работилници во кои биле вработени поголем број на помошници и ученици. И, што е важно, за училиштето веќе биле обезбедени подобри услови за работа, како и финансиски средства.

Училиштето, се разбира, како и сите занаетчиски училишта работело во вечерните часови. Обезбедените услови за работа ги дале и првите резултати. Првата година успешно ја завршиле 15 ученици. Биле обезбедени, скоро, сите материјали и алати за резбарска дејност. Учениците почнале да изработуваат предмети не само за потребите на училиштето, туку и по порачки, за украсување на приватните куќи, а подоцна и за црквите. Особено убави и ценети предмети изработувале учениците од повисоките класови. На пример, во извештајот за учебната 1928/29 година се вели дека учениците од втора година "толку напредувале што биле во состојба да изработат и веќе сложени работи од уметнички длаборез и во идната година да можат да пристапат во цртање на ликови од човечкиот и животинскиот свет."[60]

./.

И во Охрид училиштето имало некои тешкотии, а посебно за кадрови и интернатско сместување на учениците од други места. Во 1931 година паднал предлог училиштето да се пресели во Скопје и да се припои кон државното занаетчиско училиште. За тоа веќе било донесено и решение. Кај охридските власти, меѓу граѓаните, а посебно меѓу занаетчиите и сиромасите имало револт. Реагирањето било големо зашто пред две години во Охрид била укината вишата гимназија и децата, не само од селата, туку и од градот, не биле во состојба да го продолжат образованието, а во овој случај да го научат занаетот. Се разбира, најмногу реагирале учениците што завршиле два или три класа зашто биле оставени на милост и немилост. Поради тоа 27 ученици со молбено барање се обратиле до епископот охридски З-р Николај Владимировиќ, пишувајќи му: "Со преселувањето на училиштето од Охрид ние не ќе можеме да го довршиме нашето школување и ко ни пропадне целиот досегашен труд. Бидејќи сме сите во сиромашна положба и немаме парични средства, Ве молиме да се заземете овде да го продолжиме нашето учење... и училиштето и понатаму да остане во Охрид, бидејќи има доволен број на ученици кои редовно ќе го посетуваат."[61] Николај веднаш ургирал кај надлежните органи.

./.

учениците со потписи и со слични содржини имале доставено барање и до кралот. Барање до министерството за трговија и индустрија има доставено и претседателот на охридската општина, истакнувајќи: "Место Охрид да постане убав град, тој ќе оди назад, затоа што му се одзема уште едно училиште, кое по традиција и по сите услови му припаѓа на овој град. Столарскиот занает од секогаш во Охрид бил на глас."[62]

По многуте интервенции, училиштето останало во Охрид. Се' до ослободувањето на нашата земја прашањето за неговото опстанување понатаму воопште не било поставено. Се презеле мерки за изградба на нова зграда, отворање на одделенија за изучување на нови занаети, обезбедување работилници за работа и друго. Станало едно од ретките училишта во целата земја.

Прашањето за наставен кадар и понатаму останало нерешено. Како главна причина за тоа биле недоволните средства. До учебната 1931/32 година како стручен учител бил Бранислав Јованчевиќ[+] кој предавал во сите класови слободно цртање, перспективно, техничко моделирање и формирање и умножување - репродукција на модели во разни пластични материјали.[63] Општообразовните предмети воопште не се предавале, што било голема штета за воспитување на младото поколение. Поради тоа се барало да се обезбедат наставници и средства и за овие предмети. По столарија стручен учител(уште во првата година) бил Ставре Копро. Практично во работилницата со учениците работел и Готфрид Гампер-длаборезец и иконописец од Тирол(Австрија)кого го донесол епископот Николај.Тој работел од 1931 до неговата смрт-1935 година.[64]

+ Роден е во Крагуевац, а за академски вајар завршува во кралската академија за убави вештини во Рим.Од охридските ученици и резбари бил многу ценет.Умре на 19.XII.1949 година во Охрид.

Со развојот на резбарскиот уметнички занает, во црквите осетно во триесетте години, се појавила потребата за одржување и обновување на иконографските и уметнички дела во целата земја. За одржување на црквениот живопис и неговата обнова ја вршеле само стари мајстори, а нови ученици никаде не се припремале. Затоа училишниот одбор ова прашање го поставил уште во 1928 година, бидејќи"од повеќе места испраќаат порачки за изработка на икони и цели цркви со живопис. Овие работи со себе влечат и работи од длаборез. Со отворањето на иконографско одделение, би се дала можност за создавање на капитал и прибавување на парични средства за унапредување и понатамошно работење на ова училиште".[65]
И покрај многуте барања и интервенции, иконографското одделение отворено било дури во учебната 1934/35 година. Тоа го забележал и весникот "Правда".[66]

Во учебната 1932/33 година во Југославија стапил во сила новиот закон за среднотехничките училишта и машките занаетчиски училишта. Тоа наложило да се извршат некои промени и во ова училиште, кое добило ново име"Државно машко занаетчиско училиште". Биле заострени и критериумите за примање на нови ученици. Сега се барало учениците да имаат завршено два класа граѓанско или завршено занаетчиско училиште. Наставата во училиштето морало да се изведува дневно и траела четири години.[67]

Друштвото"Свети Климент"од Охрид на својата седница од 8 јули 1932 година решило да отвори своја работилница во црквата св.Климент за изработување на длаборезачки и иконографски предмети. Во неа требало да работат не само

./.

учениците како практиканти од последните класови, туку и свршените ученици кои во моментот немале работа, а во исто време да можат вонредно да работат и стручните наставници. Така од оваа дејност ќе имаат корист сите. Со отворањето на оваа работилница"би се забрзало создавањето на Охрид како центар на длаборез и иконографија".[68] На овој начин би се потполнило и практично применало стекнатото четиригоришно учење. За отворање на работилницата добиле одобрение"зашто ќе биде дополнение во работата на Државното машко занаетчиско училиште".[69]

Срећко Сабљак во 1932 година станал нов управник на училиштето. Тој бил од Трстеник. Должноста ја вршел до 1934 година, кога за управник дошол Михајло Лазиќ. Таа година како стручен учител по иконографија бил примен Мирослав Блажичевиќ-апсолвент при уметничката академија во Фиренца. Од општината Охрид и другите заинтересирани институции постепено и сигурно се преземале мерки за подобрување на условите за работа на училиштето. Со оглед дека општината немала финансиски средства на училишниот одбор бесплатно му доделила земјиште за изградба на посебна зграда за длаборезачкото училиште. Државниот завод за унапредување на занаетчиството од Белград има доделено 100 000 динари за изградба на ова училиште.[70] Помош за изградба на училиштето дала и банската управа од Скопје, како и некои верски организации. Училиштето за три години се изградило. Свечено во употреба било дадено во март 1936 година. Во новата зграда, после толку години на преселувања, биле обезбедени одлични услови за теоретска и практична работа. Имало место да бидат

сместени сите алати и машини за работа.[71]

Во второто полугодие од учебната 1936/37 година за вршител на должноста управител на училиштето бил поставен Милорад Трудиќ од Лесковац.

Периодот од 1932-1941 година слободно може да се рече дека е златно време на охридската резба, бидејќи во секој поглед биле обезбедени сите услови за работа, како и кадрови. Резбарските предмети биле скапи. Немало многу купувачи. Најмногу порачувале црквите, богатите семејства, некои министерства, а делумно биле заинтересирани и некои претставници од други држави. За опаѓање на интересот кон овој занает влијаела и меѓународната ситуација во светот и кај нас. Тешко се доаѓало до пари, а особено до вработување на свршените ученици. Тоа било и за другите занаети. Заради тоа интересот кај младите се намалувал.

Во резбарското училиште се изучувале следните предмети: математика, нацртна геометрија, физика,убаво пишување, перспектива, анатомија, историја на уметноста,практична работа по иконографија, слободно стручно цртање,моделирање и практична работа по длаборез, практична работа по столарство, наука за материјалите, српскохрватски јазик,историја, старословенско црковно писмо и други предмети. Според тоа, во текот на четирите години се изучувале 15 предмети.[52]

При училиштето постоеле две работилници:една во училиштето, а друга во длаборезачката работилница на друштвото "Братство св.Климент". Во второво рабтеле од ученици до наставници. Калфите едвај заработувале по 35о динари месечно, што воопште не биле доволни за нивната егзистенција. Постоеле

и иконографска работилница и тоа во училиштето. Се разбира, од изработените предмети училиштето имало и извесна материјална корист. Така, во 1938 година од оваа споредна активност спечалиле 1 635 динари.[73] Многу познати граѓани, министри, генерали и богаташи од Белград порачувале кај ова училиште разни длаборезачки предмети: комбинирани соби, спални, столови, рамки, лустери, кабинети и друго. Најповеќе предмети изработувале за потребите на црквите.

Најчесто во ова училиште се запишувале ученици чии родители не биле во можност своите деца да ги учат на друго место, а од друга страна, се надевале дека подобро и побрзо ќе најдат вработување. Некои анкетирани резбари од Охрид изјавуваат дека повеќето од нив биле синови на занаетчии, бавчанџии, службеници и на други бедни професии.[74] Во прилог на оваа констатација зборува и овој податок. Во учебната 1936/37 година ученичките родители по занимање биле: земјоделци-6,службеници-5,трговци-2,слободни професии-3, занаетчии-3, рентиери-1.[75]

Кога веќе зборуваме за вредноста и настојувањето да се задржи резбарскиот и иконографскиот занает во Македонија, потребно е да се истакне и тоа дека при крајот на секоја завршна учебна година во своите простории учениците организирале изложби на изработените предмети, за што кај граѓанството владеело големо интересирање. По 14 години успешно работење, охридските резбари учествувале на првата земска занаетчиска изложба во Белград, во есента 1938 година,чии "удобни салонски фотелји и други предмети од длаборез од Охрид го свртија вниманието на сите посетители".[76] За овој

успех училиштето добило посебна диплома во знак на признание за учеството и постигнатиот успех на изложбата. Од посебна важност за ширењето на македонската резба било и тоа што резбарскиот дел од една дебарска таваница, еден ѕиден иконостас и училишниот албум, во кој биле поместени сите изработени предмети од длаборез, биле испратени на светската изложба во Њујорк, сместени во југословенскиот изложбен павилјон.[77] Охридските резбари учествувале и на уште две други изложби: на "јубилејната изложба на Јужна Србија", во октомври 1937 година, во Скопје и на првата меѓународна изложба за занаетчиството во Берлин 1938 година. Благодарејќи на достојното претставување на националниот уметнички занает, училиштето во 1939 година добило награда универзална столарска машина од типот на "Кирхнер" во вредност од 38 000 динари.[78]

И покрај многубројните тешкотии, во периодот од 1927-1941 година, ова училиште успешно го продолжува делото на дебарските резбари како и да создаде свој резбарски, охридски, стил за работа и да оспособи нови кадри. Во овој период успешно завршиле 26 резбари и 6 иконографи.(Види преглед на страна 2о1). Се забележува дека бројот на запишаните ученици во последните 3-4 години бил константен или се намалувал и покрај тоа што биле подобрени условите за работа. Управата на училиштето секоја година спроведувала пропаганда за запишување на нови ученици. Најповеќе, се разбира, имало од Охрид, а по некој ученик и од другите градови на Македонија, Црна Гора и Србија. Но ретко кој од нив останал до завршувањето на училиштето. Интересот бил намален,

./.

"освен тоа и поради денешната неизвесна положба во светот, несомнено, има влијание и на бројот на новозапишаните ученици".[79] Незаинтересираноста за иконографското одделение била уште поголема. Тоа е затоа што по завршувањето на училиштето за иконографите воопште никој не се интересирал. Од четирите завршени иконографи до 1939 година ниеден од нив не бил вработен во струката. Еден од нив во Охрид се занимавал со земјоделие.[8o]

Изработените предмети на охридските ученици и мајстори се продавале за многу евтини пари, иаку бил вложен голем труд и многу вкусно изработени. Се случувало на предметите што се работеле со недели и месеци во училиштето, и покрај тоа што биле порачани, да им ја намалуваат цената и со тоа заработката била уште полоша. Затоа многу од нив го напуштале Охрид, а тие што останале тешко го поминувале својот живот.[81] Многу резбари низ Македонија се наоѓале во слична ситуација и навистина се заканувала опасност резбата да ја снема без "сожалување".[82]

Во учебната 1938/39 година за стручни наставници дошле: Бранко Шотра, Јован Весели и Михајло Темелкоски. Секако, за охридските ученици и за Охрид, како стручен учител, а посебно како прогресивен и револуционерен работник, најдлабоки позитивни траги, иаку за кратко време, оставил Шотра. Може да се рече дека во Охрид дошол и во право време. На ова работно место бил испратен по политичка казна.Овие години во Охрид живее и работи Студенската колонија, а со нив соработувале и повеќе прогресивни работници од Охрид.Голем број на студенти соработувале со учениците од Гимназијата

# П Р Е Г Л Е Д

На запишаните и завршените ученици при Државното машко занаетчиско училиште во Охрид од 1927-1941 година.+

I. ДЛАБОРЕЗАЧКО ОДДЕЛЕНИЕ

| Учебна година | I клас запиш. | I клас заврш. | II клас запиш. | II клас заврш. | III клас запиш. | III клас заврш. | IV клас запиш. | IV клас заврш. | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1927/28 | 48 | 15 | - | - | - | - | - | - | За прв пат во Охрид |
| 1928/29 | 2о | 1о | 12 | 7 | - | - | - | - | |
| 1929/3о | 15 | 12 | 4 | 2 | 8 | 8 | - | - | |
| 193о/31 | 18 | 12 | 6 | 3 | 7 | 6 | - | - | |
| 1931/32 | 21 | 11 | 7 | 7 | 5 | 2 | - | - | |
| 1932/33 | 11 | 9 | 8 | 7 | 5 | 5 | | | |
| 1933/34 | 5 | 5 | 9 | 9 | 7 | 7 | 5 | 5 | За прв пат IV класа |
| 1934/35 | 22 | 12 | 4 | 3 | 9 | 8 | 5 | 5 | |
| 1935/36 | 6 | 6 | 1о | 6 | 3 | 2 | 4 | 4 | |
| 1936/37 | 9 | 9 | 6 | 6 | 4 | 4 | 2 | 2 | |
| 1937/38 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 2 | 2 | |
| 1938/39 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 6 | 6 | |
| 1939/4о | 5 | 5 | 2 | 1 | 4 | 4 | 2 | 2 | |
| 194о/41 | 4 | - | 2 | - | 4 | - | 2 | - | Не се знае заврш. клас. |
| ВКУПНО: | 191 | 112 | 77 | 58 | 63 | 53 | 28 | 26 | |

II. ИКОНОГРАФСКО ОДДЕЛЕНИЕ

| Учебна година | I клас запиш. | I клас заврш. | II клас запиш. | II клас заврш. | III клас запиш. | III клас заврш. | IV клас запиш. | IV клас заврш. | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1934/35 | 1о | 5 | - | - | - | - | — | - | За прв пат се отвори |
| 1935/36 | 3 | 2 | 4 | 2 | - | - | - | - | |
| 1936/37 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | - | - | |
| 1937/38 | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| 1938/39 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | |
| 1939/4о | 3 | 2 | 4 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | |
| 194о/41 | 2 | - | 1 | - | - | - | - | - | |
| ВКУПНО: | 23 | 14 | 15 | 9 | 7 | 7 | 6 | 6 | |

+Бројната положба на запишаните и завршени ученици во ова училиште е прибрана од повеќе годишни годишни извештаи, главни книги и класните дневници што се чуваат во Средното уметничко училиште во Скопје.

и длаборезачкото училиште. Шотра со учениците многу се зближил и соработувал на политички план. Околу себе ги прибрал свршените ученици - резбари и ученици од последните класови, како: Андон Дуков, Димче Протуѓер, Аспарух Каневче, Стефан Несторовски, Крсте Јоноски(двајцата од Струга), Живко Мијиќ(Србија), Наци Сулејмани и други кои активно се вклучиле во напредното младинско движење. На тој начин во Охрид се создал добар, прогресивен младински центар на чело со својот учител Шотра.[83]

Дека наставникот Шотра бил близок со учениците, одлично соработувал и секојдневно ги припремал младите во резбарскиот занает, како и во духот на револуционерните идеи на КПЈ, зборува и фактот што со неговото доаѓање, од декември 1938 година, се судрил веднаш со реакционерниот директор на училиштето Трудиќ. За таа цел Трудиќ многу пати се жалел до охридските надлежни власти, како и до министерството за трговија и индустрија, со цел да го оневозможи неговото делување во Охрид. Во извештајот за работа на училиштето за 1938/39 година, сосема отворено и недвосмислено, пишува:"Покрај тоа Шотра постојано и во секоја прилика ги застапува и ги брани ученичките интереси, постојано е во опозиција кога треба спрема учениците да се применат законските прописи: казна по поведение или недоволна оцена по учење. Според него учениците можат да работат што сакаат, но не смеат да бидат казнети, така што се добива впечаток не дека е, ученички адвокат, туку дека и тој сам е ученик. Целото негово однесување е несериозно и детско, иако е човек на 34 години.

./.

За тоа најдобро сведочат многубројните прошетки со учениците, заеднички фотографирања, а и неговите свечени испраќања кога тргнува од Охрид за одмор, кога присуствувале и "многубројните пријатели" од Охрид. Се разбира, именуваниот работи плански и по градот, само труби и проповедува".[84] Навистина Шотра активно работел со своите ученици и поставил врски со граѓанството со цел да ги шири идеите на КПЈ, бидејќи "трубењето", "Адвокатирањето" и "планското работење", не е ништо друго, туку активно работење со напредната младина и прогресивните работници од градот.

Кон крајот на 1939 година, по наредба на полициските и просветните власти, поради веќе отворената политичка активност, Шотра морал да го напушти училиштето. Недоразбирањата меѓу Шотра и директорот, во некои случаи доаѓале до отворени караници и во присуство на учениците, кога во еден момент Шотра јавно на својот директор му рекол: "Во ова општество, за нас двајца нема место. Ти нема да останеш жив. Победата ќе биде на моја страна". Учениците, гледајќи ја отворената борба на својот омилен наставник, се спротивставиле и станале на страната на Шотра и организирале штрајк, барајќи нивниот учител и раководител и понатаму да остане на работа во Охрид. Учениците барале ова училиште да биде рангирано како средно стручно училиште и по секоја цена Шотра да остане за учител.[85]

Отвореното барање на учениците дошло во едно "незгодно" време, кога ситуацијата во Југославија била прилично тешка и несредена во секој поглед. По барање на управата на училиштето во Охрид дошол претставник од Вардарска

бановина, со цел да ја смири постојната положба и конечно Шотра, сепак, морал да го напушти училиштето,одејќи на работа во Вршац.

## ѓ. Занаетчиски курсеви

Меѓу двете светски војни, низ целата земја, заводот за унапредување на занаетчиството од Белград организирал повеќе курсеви и училишта за изучување на разни занаети. Еден од нив, кој бил мошне добро посетуван и интересен за струшкиот крај, е Ѕидарско-каменорезачкото училиште во Струга кое почнало со работа на 1 декември 1922 година, а за прв учител бил назначен Милан Павловиќ.[86] Тоа всушност бил курс и траел 3-4 месеци. На крајот се полагало испит. За раководител на курсот кон крајот на 1923 година бил поставен Наум Евров, пензионер од Струга[87]. Од 1924 година до укинувањето на курсот управител бил Ѓорѓи Ковачески. На наставниот кадар му се обезбедило и средства да ги обиколи и селата за агитација за запишување на младите ѕидари со цел да станат подобри мајстори.[88] Курсот продолжил со работа и во 1925 година, а кое се гледа од издаденото решение од Министерството за трговија и индустрија со кое истите учители и понатаму ги задолжува да останат и ги одржуваат предавањата.[89] За време на зимскиот период, во учебната 1924/25 година имало 41 курсисти. Учениците во почетокот на предавањата биле поделени, зависно од способностите, во два класа. Програмата што била предвидена за овој курс се состоела од следните предмети: српски јазик, сметање, геометрија,

нацртна геометрија, градежни конструкции, практична работа, обработка на каменот и т.н. На крајот од учебната 1924/25 година завршиле 21 ученик, а во 1925/26 година од запишаните 32 ученици, положиле 27 ученици, кога и конечно курсот престанал со работа.[90]

Прв чевларски курс во Охрид бил одржан во 1928 година. Него го посетувале 36 мајстори и калфи. Раководител на курсот бил мајсторот Радомир Носковиќ, од Белград.[91] Втор курс од овој занает во Охрид бил одржан во 1933 година. Со него раководел мајсторот Рајковиќ и траел три месеци.

Многу биле раширени курсевите за кроење и шиење по селата. Затоа занаетчиите, покрај притисокот од индустриската конфекција, морале да водат борба"со слабите по квалитет приучени шивачи, кои економски добро поминувале по селата, а способните занаетчии пропаѓале".[92] Трошоците за одржување на курсевите ги сносувал заводот за унапредување на занаетчиството од Белград. Скоро сите курсеви редовно биле посетувани, а посебно од женскиот пол по селата.

Интересно е да се одбележи и тоа дека голем број на деца од овој регион"плански" биле испраќани на изучување на некои занаети во Србија, а за тоа сите трошоци ги подмирувале разни "добротворни" здруженија. Доволен бил податокот, односно препораката за ученикот или за неговиот татко, ако некој виден граѓанин речел дека е чесен,добар и сигурен човек. Таков е случајот со учениците Воислав Јулоски, од село Радожда, Струшко, кој барал да биде запишан

во военотехничкиот завод Крагуевац во 1934 година; со Јован Циковски, од село Мислешево, Струшко, кој своето дете Душан сакал да го испрати за учење за механичар во Белград; со ученикот Антон Марковски, од село Нерези, Струшко, син на некој си печалбар кој со години работел во Белград. Тој фаќал врски своето дете да го испрати на изучување на електричарски занает и други слични случаи. Сите тие барале препорака и помош најмногу од Здружението на Јужносрбијанците во Белград.[93]

VI-a

1. АС-Београд,Министарство народне привреде Краљевине Србије, Београд, бр.722о2 од 24.11.1913.

2. Миливој Савиќ, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама кралевине Србије, Београд, 1914,стр.25о.

3. Вид.др.Ѓурѓевиќ, Мере за унапреѓење привреде Вардарске бановине,"Скопски гласник", од 15.5.193о.

4. Историја на македонскиот народ, книга III,Скопје,1969, стр.57.

5. Миливој Савиќ, Наша индустрија, занати и трговина, дел 4, Сарајево, 1924, стр.373.

6. AJ,Београд, МТИ,реферат "Систематско унапреѓење занатства за 1935 годину, фасц.342.

7. AJ.Београд, МТИ, фасц.1611, бр.3179 од 3.11.1919.

8. AJ,Београд, МТИ, фасц.1635,бр.9 од 29.1о.1919.

9. AJ,Београд, МТИ, фасц.1635, бр.19 од 3о.6.192о.

1о. AJ.Београд, МТИ,фасц.1635, Извештај на занаетчиското трговско училиште од Охрид, бр.1 од 3о.1.1921.

11. AJ.Београд, МТИ, фасц.1635, извештај од занаетчиското училиште од Охрид, бр.4 од 5.2.1922.

12. AJ.Београд, МТИ, фасц.1635, извештај од занаетчиското училиште од Охрид, бр.36 од 1о.9.1925.

13. ИА-Охрид, Занатско-трговачка школа Охрид, главна књига 1919-194о.

14. AJ.Београд, МТИ, фасц.1759, бр.23589 од 3.1о.1929.

15. AJ.Београд, МТИ, фасц.1642, бр.562 од 14.1.1922.

16. AJ-Београд, МТИ, фасц.1642, бр.5642, бр.5648, од 31.3.1922.

17. AJ.Београд, МТИ,фасц.1642, Извештај од занаетчиското училиште од Струга, бр.43 од 5.6.1922.

./.

18. AJ-Београд, МТИ, фасц.1642, извештај за работата на занаетчиското училиште од Струга, бр.135 од 3.9.1925.

19. AJ.Београд, МТИ, фасц.1642, извештај од занаетчискфто училиште Струга, бр.84 од 6.5.1926.

2o. AJ.Београд, МТИ, фасц.1642, извештај од зан.училиште-Струга, бр.73 од 3o.4.1928.

21. Аноним, Статистички подаци општих занатских и занатско-трговачких школа на територији Вардарске бановине, "Гласник стручне наставе", Београд 193o,стр.42-43.

22. ИА-Охрид, ЗУС, Записничка книга од 2o.9.193o.

23. Аноним,Тежак положај занатства,"Скопски гласник", од 17. 8.1933.

24. Аноним, Занаетске школе у Вардарској бановини, "Скопски гласник", бр.335 од 3.11.1934.

25. AJ.Београд, МТИ, фасц.1642, извештај за работата на занаетчиското уч трговско училиште, од Струга, бр.14o од 13.9.1925.

26. AJ.Београд, фасц.1642, извештај трг.зан.училиште од Струга, бр.138,од 14.1o.1926.

27. AJ.Београд, МТИ, фасц.1642, извештаи од зан.трг.училиште од Струга 1921-1929.

28. AJ.Београд, МТИ, фасц.1674,извештај на скопскиот инспекторат, бр.2o1, од 22.1.192o.

29. AJ,Београд, МТИ, фасц.1674.Извештај на Скопскиот инспекторат, бр.2o1, од 22.1.192o година.

3o. AJ,Београд,МТИ, фасц.1684,Известие од 19.3.1922.

31. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684, бр.5654 од 5.6.1922.

32. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684, "Апел" од 1922.

33. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684,бр.71 од 27.9.1922.

./.

34. AJ,Београд,МТИ, фасц.1684, бр.71 од 9.7.1924

35. AJ,Београд, Кабинет министра,фасц.344,Известие.

36. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684, известие од жен.подружница од Охрид, бр.54 од 19.5.1932.

37. ИА.Охрид, ЗанатскаЖенска школа Охрид, 1919-1938. Прегледот е изработен на основа Главната книга на занаетчиското женско училиште од Охрид 1919-1938 и друга архивска граѓа од веќе цитираните архивски фондови.

38. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684, извештај на инспекторот, бр.61 од 4.7.1924.

39. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684,извештај на инспекторот, бр.61 од 4.7.1924.

40. AC.Београд,Друштво "Св.Сава", 1886-1945,кут.за 1928.

41. AJ.Београд, МТИ, фасц.1689, известие на жен.зан.учил. од Струга, бр.16 од 26.1.1920.

42. AJ.Београд, МТИ, фасц.1689, известие од жен.зан.учил. бр.5 од 9.4.1921.

43. AJ.Београд, МТИ,фасц.1689,известие од жен.учил. бр.28 од 13.3.1922.

44. AJ.Београд, МТИ, фасц.1684,извештај на Драга Петровиќ од 4.7.1924.

45. AJ.Београд, МТИ, фасц.1689, извештај на жен.зан.учил. бр.185 од 2.7.1926.

46. Аноним, Тежак положај занатства, "Скопски гласник", 27.10.1933.

47. Јосиф Михајловиќ, Развитак градова и варошице од ослобоѓења до данас. Споемица 25 годишњице Јужне Србије 1912-1937, Скопје, 1937,стр.814.

48. AJ-Београд, МТИ, фасц.1689,бр.19.805 од 11.11.1937.

./.

49. Л.Соколовиќ, Печалбарство, ракопис, 194о,Библиотека при Економски институт-Скопје.

5о. Нико Този, Кукурекот во орнаментиката на мијачките копаничари, "Македонски фолклор", бр.3-4,Скопје,1969,стр.4о9.

51. Асен Василев, Резбарски род.на Филиповци од с.Осој,Македонска [illegible] , бр.5-6,София,1946, стр.258.

52. Ђ.Исахијови.., Потребе да се у манастиру светог Јована Бигорског оснује школа за дуборезце и зографе, "Полог", Тетово, 2о.4.1939.

53. Оригинален ракопис кој се чува кај неговиот син Јордан Донески во Скопје. Истиот е пишуван во 19 век, а завршува во 19оо година. Има 1о8 страници. Фотокопието се најдува кај авторот.

54. Ж.Дуборезачка и иконографска школа у Охриду,"Дачиќеве народне новине" бр.7-8, Нови Сад, 1936,стр.213."

55. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.9 од 27.7.1925 г.

56. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.8о56 од 25.1о.1926.

57. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.23747 од 15.11.1927.

58. Извештај о раду државне мушке занатске школе у Охриду од 1925-1937 године Дебар-Охрид, Лесковац, 1937,стр.1о

59. Извештај о раду...цит.дело,стр.1о.

6о. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.238 од 3о.8.1929.

61. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, писмо на учениците до епископот Николај од 25.9.1931.

62. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.11432 од 25.9.1931.

63. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, извештај за работа на училиштето за 193о.

./.

64. Збирка на фотографии и спомени на резбарот Наум Донев од Охрид.
65. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.238 од 30.8.1929.
66. Иван Грунчевић, Обнова средновековне уметности на Југу. У мушкој занатској школи у Охриду, обавља се дуборез средновековни живопис.Оживљују се традиција наших копаничара, "Правда", 7.7.1936.
67. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, бр.34722 од 20.10.1932.
68. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, записник од управниот одбор на "св.Климент" од 8.7.1932.
69. АЈ.Београд,МТИ, фасц.1743, бр.22577 од 18.10.1932.
70. АЈ.Београд, фасц.1743, бр.290 од 11.2.1933.
71. Извештај о раду...цит.дело, стр.27.
72. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, повеќе извештаи за работата на училиштето од 1935-1940.
73. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, извештај за работата на училиштето за 1937/38.
74. По спомените на охридските резбари: Наум Донев, Славе Коцаре, Перо Калаџиески, Стефан Нестороски и др.
75. Извештај о раду...цит.дело, стр.99.
76. Аноним. Резба из Охрида, "Политика", бр.10908, од 10.10.1938.
77. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, извештај за работата на училиштето за 1938/39.
78. Истото.
79. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, записник од наставничкиот совет од 9.9.1939.
80. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1743, извештај за работата на училиштето за I полугодие за 1939/40.

./.

81. С.Пауновић, Јужносрбијански дуборезци тешко проводе свој живот, "Политика", од 12.7.1937.

82. Г.Од Лепе госпође 193о дуборезац Нестор није добио понуде за рад, "Вардар", од 11.7.935-Охрид

83. НМ.Охрид, Стенографски белешки од реконструкцијата на КПЈ за Охридско, од 1956 година, стр.3-4.

84. АЈ-Београд, МТИ, фасц.1743, извештај за работа на училиштето од 26.9.1939.

85. Спомени на Стефан Нестороски, Живко Мијић, Анастас Ставрески и др.

86. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1742,бр.16322 од 11.11.1922.

87. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1742, бр.17о35 од 22.11.1923.

88. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1748, извештај од 15.6.1926.

89. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1742, бр.22о11 од 31.12.1925.

9о. АЈ.Београд, МТИ, фасц.1748, бр.9о72 од 23.8.1926.

91. Спомени на група кондурации

92. АЈ.Београд, МТИ, фасц.294, бр.492 од 23.1.1939.

93. ИА-Београд, УЈ,кутија за 1934, број 93 од 13.2.1934, бр.474 од 29.1о.1934 и бр.485 од 8.11.1934.

## ГЛАВА СЕДМА

## ПОЛОЖБАТА НА УЧЕНИЦИТЕ И КАЛФИТЕ

Правата и должностите на учениците, калфите и мајсторите се изнесени во Угледниот статут на занаетчискиот еснаф, што бил донесен од Министерството за народно стопанство на Кралството Србија уште во 1911 година. Во Охрид тој се применувал по завршувањето на Првата светска војна. Со Статутот било регулирано, покрај другото, и односот меѓу ученикот и мајсторот: слободно се заклучувале договори и се одредувале условите за работа и учење, времето за работа, наградувањето, но според обичаите, кои владелле кај некои занаети, а во одделни случаи можело заработувачката да се дава и во намирници (исхрана, облекло и стан). Мајсторот, кога го примал или испуштал ученикот, бил должен да го пријави кај еснафот. Ученик можел да биде од 12-14 годишна возраст. Него не смеел да го употреби за домашни работи. Не смеел ниту другите работници ученикот да го употребуваат за приватно послуживање и друго.[1]

Теоретски, многу одредби од законот за работилниците од 1910 година и по Угледниот статут, договорните работни односи меѓу учениците и мајсторите изгледа дека биле прилично позитивно решени. Меѓутоа, во праксата не било така. Мајсторите, по стари навики, што биле затекнати уште од "турско време", се? уште спрема учениците експлоататорски се однесувале, во повеќе случаи и со големо понижување, а посебно ако биле од село или некоја посиромашна фамилија.

./.

Мајсторите продолжиле да ги користат учениците, скоро, со исти интензитет и меѓу двете светски војни. Учениците место да работат кај мајсторот и да го изучуваат занаетот, многу пати ги вршеле следните работи: носеле вода во нивните домаќинства, биле во вистинската смисла на зборот слуги на жените од мајсторите, ги чистеле работните простории, го обработувале земјиштето од мајсторот,доаѓале први на работа, а последни излегувале и друго.

Обврските помеѓу ученикот, односно родителот и мајсторот сосема јасно биле определени за двете страни. Имало случаи каде во договорот стоело дека родителот ги обезбедува сите животни услови на ученикот во градот(спиење,јадење), но ако тоа го обезбедувал мајсторот, тогаш посебно му се плаќало во готово или во натура, што зависело од условите што ќе ги поставел мајсторот. Истите биле многу тешки и во некои случаи родителите и покрај нивната желба, не можеле да им ги исполнат.

Во Охрид и Струга имало случаи кога мајсторите од родителите, покрај децата што ќе работеле, требало да им плаќаат посебни средства затоа што го изучувале занаетот. Родителите, немајќи каде да ги пуштат децата, биле присилени да пристанат на сите услови, кои се спогодувале "меѓу четири очи". На пример, во спогодбата меѓу мајсторот Бојан Групче-бравар од Охрид и ученикот Ѓорѓи Несторoски, од село Лубаништа,Охридско,односно со неговиот татко Климе, се вели дека за браварскиот занает совесно ученикот ќе го научи и редовно ќе му ја дава својата "вештина" и дека го прима за три години, а после тоа ќе го однесе на "надлежната" комисија за полагање

на помошнички испит, а родителот Климе се обврзува"да дава: исхрана, облека, стан, чевли и други потреби за неговото издржување".[2] Откога спогодбата била заведена кај еснафот, станувала полноважна. Во некои ученички спогодби се вели дека родителот ќе ги обезбеди "сите услови", или со "стан и исхрана", "само јадење", родителот бил должен да плаќа и пари на мајсторот" и друго. Посебни тешкотии имале младите во изучување на занаетите во време на економската криза, кога бил застој на целокупниот стопански живот. Со родителите мајсторите играле како што сакале, поставувајќи им дури понекогаш такви услови кои не можеле да ги исполнат. Најчесто им барале голема сума на пари. Меѓутоа, сите тие преговарања биле усни, без да ги знае власта.[3]

Управата на занаетчиското здружение во некои случаи по некои жалби од учениците формално делувала и урги- рала, бидејќи и тие како мајстори ги кршеле законските прописи и немале смелост да преземаат некои конкретни мерки. За тоа зборува и податокот дека по 20 години од завршувањето на Првата светска војна, во 1939 година, занаетчиската комора за прв пат дава напатствија за наградување на учениците од страна на мајсторите, при што потендира дека здружението во прв ред ќе треба да води сметка за интересите на своите припадници, но при тоа не смее да се испушти од предвид законската одредба по која ученикот после една година работа му следува надоместок, а посебно од трета година кога видно учествувале во работа. Треба да им се даде социјална и парична награда.[4]

./.

Во Охрид и Струга приливот на селските деца за изучување на некои занаети бил сосема мал, бидејќи мајсторите прво ги примале на учење своите, а после градските деца. Меѓу двете војни, земено процентуално, во сите занаетчиски училишта во регионот биле запишани само 10% деца од селското население.[5]

Ученикот во првата година работел се' друго, само не од занаетот. Во наредните години, ако мајсторот имал симпатии и ако имал повеќе работа, го терал да работи, давајќи му да ги врши полесните работи. Работното време на ученикот било одредено со посебна уредба. Тоа изнесувало 8 часа, но практично по уредбата не се држел ниеден мајстор. Како и во други градови, така и во Охрид и Струга, мајсторите со калфите и чираците работеле од зора до мрак, што значи дека честопати работеле и преку 12 часа дневно. Кога мајсторот имал преземено поголеми работни обврски, работното време понекогаш било и подолго.[6]

Често мајсторите своите ученици не ги пуштале на редовна вечерна настава или, пак, ако ги пуштале и самите ученици редовно не го посетувале училиштето. Управата на занаетчиското здружение преземало мерки и поднесувало пријави против мајсторите, но од околиското началство никогаш не биле казнети. Против мајсторите во Охрид годишно биле поднесувани 40-50 опомени.[7]

Самоволното напуштање на занаетот од страна на ученикот било прилично строго забранувано, а посебно ако се префрлувал од еден занает на друг. Во такви случаи се казнувал, и мајсторот што го врбувал ученикот, и ученикот.

На пример, во 1923 година мајсторот - бербер Петар Николоски од Охрид се жалел до еснафот дека ученикот Мартин Димитриески го напуштил и барал да се казне со 180 динари, бидејќи имал договор за работа од Ѓурѓовден до Митровден.[8]

Многу ученици, покрај секојдневната тешка работа, од страна на мајсторите биле и физички казнувани. Дека власта за судбината на учениците не била заинтересирана и дека мајсторите ги малтретирале зборуваат и следните неколку примери. Во 1923 година мајсторот Никола Чипан како претседател на окружниот еснаф во Охрид, својот ученик Томе Ст. Нанески го истепал само "затоа што му ја расипал машината".[9] Мајсторот, пак, Андон Киселин-казанџија,од Охрид, на својот ученик Иван Кацоски, не сакал да му даде уверение за тригодишното ученичко работење"ниту некаков ученички договор,па дури ни по свршувањето на работата".[10] Исто така и мајсторот Трајан Шеќероски, од Охрид, во 1929 година се жали до еснафот дека неговиот шегерт Борис Арнаудовски го напуштил и отишол на работа кај Ристо Новакоски кој отворил нова работилница и го моли еснафот да превеме мерки за одземање на шегертите од страна на новите, млади мајстори, кои до скоро време работеле како калфи.[11] Или пак, мајсторот Бојан Групче оди во канцеларијата на здружението и записнички барал неговиот ученик Мирослав-син на Радослав Миланчиќ-началник на Охридска околија, да се констатира дека на 26.9. 1937 година од неговата работилница побегнал и не се вратил. Затоа моли спогодбата за учење да биде поништена.[12] Слични случаи имало и во Струга.

./.

Мајсторите, избегнувајќи ги државните дазачки, како и некои принадлежности за учениците, често пати, избегнувале да склучуваат спогодби за работа. Оваа појава била практикувана секоја година. Затоа занаетчиската комора до сите здруженија ургира дека не можат и не смеат со учениците, мајсторите да склучуваат спогодби со "ретноградно дејство", какви што имало некои случаи во Охрид.[13]

Колку ученици еден мајстор имал право да држи долго време не било одредено. Тоа зависело, главно, од мајсторот. Меѓутоа, во 1932 година била донесена уредба за држење на ученици - шегерти при занаетчиските работилници. Според неа еден ученик можел да работи кај мајстор ако работи сам и со еден калфа. Двајца ученици можел да држи ако во работилницата вработувал 2 - 5 помошници, 3 ученици, - 6-1о калфи и 4 ученици, т.е.ако вработувал повеќе од 1о калфи.[14] Занаетчиите биле оптоварувани повеќе или помалку зависно од држењето на учениците, бидејќи многупати даночните бласти учениците ги третирале и како калфи.[15]

За немилосрдното експлоатирање на учениците и калфите и неприменувањето на постојните законски прописи за учениците кои изучувале занаети меѓу двете војни во Струга, во 1939 година, најдобро ја слика и опишува положбата Петар Чакар, чевларски калфа, а подоцна и мајстор, Тој, како прогресивен работник и новинар, прифаќајќи ги идеите на КПЈ и револуционерното работничко движење, доста смело ја опишува положбата на македонските ученици. Тие се' уште се третирале како слуги, дека морале да работат и во домот кај мајсторот и на нива, да му сечат дрва, да му носат вода за перење на алиштата на своите деца и друго. Писмениот договор за учење

./.

со мајсторот бил само "законска формалност".Постоел "устен договор", кого мајсторите повеќе го практикуваат. Со него мајсторот се ослободува од сите обврски и давачки спрема ученикот што го примил по званичниот договор. По устениот договор ученикот се обврзувал за следните три услови: цело време за учењето да работи бесплатно, прописите за работното време за него воопште да не важат и придонесите што требало да се плаќаат за ученикот да ги сноси сам.[16]

Од изнесените неколку податоци се гледа дека мајсторите и во охридско-струшкиот регион за учениците воопште не се интересирале и дека нивната работна сила била искористувана во секое време и до крајни граници.

Слична била положбата и на калфите. По Угледниот статут "помошниците се занаетчиски квалификувани работници, кои работат за стална заработувачка или на парче и должни се својата работа совесно и правилно да ја извршуваат." [17] Должностите и обврските на мајсторите не биле прецизирани. Спогодбата, по правило, траела само една година, а после тоа, ако односите биле добри, усно или писмено, се продолжувала. Мајсторите не ги примале калфите со некое големо задоволство, бидејќи морале да ги плаќаат како кфалификувана работна сила.[18] Ретко калфата го напуштал својот мајстор, иако бил изложуван на низа тешкотии во секојдневната работа, бидејќи на друго место тешко можел да најде вработување, а ако најдел, го очекувала истата судбина. Тоа значи, еснафските мајстори и калфите ги експлоатирале како и шегертите.[19]

Калфата, ако сака да го научи добро занаетот, било подобро да работи кај добар мајстор, кај кого ќе може да се служи

./.

со сите потребни алати, трудејќи се во секое време и момент да го "купува" занаетот. Кога калфата ќе постанел мајстор, ако занаетот го учел кај познати мајстори, не било случајно тој "наследно" да ги прими муштериите. Такви случаи имало и во двата града на овој регион. Многу калфи, немајќи каде да најдат вработување, биле присилени да работат за евтини пари и под многу тешки услови за живот. До колку немале стан,сами биле присилени да обезбедат спиење, исхрана и други трошоци. Во полоша положба биле оженетите калфи. Калфите, како и чираците, имале наемнички карактер. Тие се наоѓале во таков однос се' додека не станеле и самите мајстори.[2о]

Српската буржоаска власт за остварување на својата денационализаторска политика спрема македонското население, нашла начин и метод да ја спроведува и кај овој слој на работници, а особено меѓу младите занаетчиски кадрови. Од 1926 година министерството за внатрешни работи и занаетчиската комора од Белград, во соработка со околиските началници и околиските занаетчиски здруженија од македонските градови, биле должни да испраќаат 4о-5о калфи да ги посетуваат одделни стручни курсеви за практично и теоретско усовршување и да работат 5-6 месеци кај познати белградски мајстори-занаетчии. Во 1926 година од Охрид биле испратени двајца калфи.[21] Организационо-хиерархиската поставеност во изборот на калфите зборува дека основната цел им била политичко"усовршување" на младите македонски занаетчии.

Дека мајсторите не сакале законски да се "врзуваат" со учениците и калфите во овој регион, зборува и фактот што при една контрола од Белград се утврдило дека шегертите во

Охрид не полагале завршен испит, со мајсторите немале заклучено спогодба за учење, односно и со калфите за работа.Затоа занаетчиската комора во 1935 година издала наредба со која сите занаетчии-правни мајстори мора најдоцна во рок од 15 дена кај еснафот да ги запишат сите свои ученици и помошници и да склучат спогодби. Оваа наредба ја исполниле 112 охридски мајстори кои држеле 1о9 шегрти, од кои 94 не им биле во сродство, а 15 биле нивни синови.[22]

Од година на година за полагањето на калфински испит се плаќале се' поголеми такси. Испитите се полагале при околиските занаетчиски здруженија каде постоеле комисии за сите занаети, кои на две до три години ги именувала занаетчиската комора.

Мајсторите на калфите не им ги исплатувале заработените со пот средства. Нивната заработувачка била сосема мала. Многупати имало случаи кога мајсторите на калфите им задржувале наводно за појадок, за амортизација на алатите, облеклото, чевлите, социјални давачки и друго. И на крајот калфата сакал-нејќел морал да се задоволува со доделените минимални средства. Често пати калфите работеле од 1о до 15 часа во денот.[23] Просечната месечна заработувачка на еден калфа во охридско-струшкиот регион од 193о-1935 година се движела од 15о-2оо динари.[24] Меѓутоа, во повеќе случаи била и помала. Така, на пример, во 193о година, калфата Ристо поп Маркоски-чевлар, од Охрид, жалејќи се против мајсторот Ѓорѓи Метуле, пишува: "Ми исплатува месечно само 7о динари и тоа во вид на награда." Тоа го потврдува и неговата мајка,жалејќи се дека на нејзиниот син му плаќа"џеп-арчлак"-за "тутунпараси" и бара за овој случај да се ангажира здружението.[25]

Со оглед на тоа дека сите мајстори секогаш на калфите не им го плаќале потребниот вложен труд, иако биле, главно, и членови на здружението, за вакви и слични други ургенции никогаш власта не преземала мерки. На тој начин калфите биле многу искористувани, заради што бегале од мајсторите и работеле бесправно, сѐ додека не го положиле мајсторскиот испит.

VII-а

1. Угледни статут за образование Занатских Еснафа, Београд, 1911, членови од 26-32 и од 37-41.
2. ИА-Охрид, ЗУО,Досија на ученички договори од 1927-1939.
3. По спомените на група охридски и струшки мајстори.
4. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/4, бр.38 од 4.2.1939.
5. ИА-Охрид, Занаетчиски трговски женски и машки училишта од двата града, главни книги од 1919-1941.
6. Д-р Милош Константинов, Занати и еснафи во Битола и околијата,Битола,1961, стр.138.
7. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/3, бр.6о7, од 18.12.1937.
8. ИА-Охрид,ЗУО,кут.1/1, бр.3оо од 12.9.1923.
9. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, бр.14 од 22.8.1923.
1о. Истото, кутија 1/2, бр.422 од 1.12.1932.
11. Истото, кут.1/1, писмо од Трајан Шеќероски од 12.4.1929.
12. Истото, кут.1/4,бр.7 од 3.1.1938.
13. Истото, кут.1/3, бр.2о5о од 1.3.1937.
14. Истото, кут.1/3, бр.8619 од 24.9.1937.
15. Истото, кут.1/3, бр.4663 од 12.5.1937.
16. Петар К.Чакаревиќ, Шегерти на Југу и њихова заштита. "Јужна Србија", 31.7.1939.
17. Угледни статут..., цит.дело, член 33, стр.14.
18. Д-р Мијо Мирковиќ, Економска хисторија Југославије, Загреб, 1962, стр.391.
19. Д-р Никола Вучо. Привредна историја Србије до Првог светског рата, Београд, 1955, стр.2о8.
2о. Д-р Милош Константинов, цит.дело, стр.138.

21. НМ-Охрид,ЗУО,стр.дов.бр.2 од 30.6.1926.

22. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/3,бр.520 од 23.1.1935.

23. Растко Ђурић, Наличја, Скопје, 1934, стр.17.

24. Иа-Охрид, ЗУО, кут.1/3, бр.229 од 30.3.1935.

25. Истото, калфинско досие на Ристо поп Маркоски.

# ГЛАВА ОСМА

## ЗДОБИВАЊЕ НА МАЈСТОРСКО ПРАВО

Занаетчиите-мајстори од 1918-1925 година во охридско-струшкиот регион. работеле со стекнатото мајсторско право уште од турската империја. Во новата држава на СХС продолжиле со работа, но не ги имале регистрирано фирмите пред власта. Затоа еснафот, како и власта, ги натерал сите мајстори да извадат нови мајсторски права. Мајсторите и калфите, без разлика на годините и староста, "успеале" да стекнат мајсторско право, само со потпишување на две изјави од постарите мајстори, потврдувајќи пред власта дека соодветниот занаетчија работел "уште од турско време". Добивањето на овие дипломи биле масовни.[1] Такво мајсторско право, на пример, добил и чевларот Ристо Крле.

Во наредните години здобивањето на мајсторското право почнало "строго" да се спроведува. Донесен бил статут на занаетчиското здружение во Охрид. Прифатени биле сите правила за полагање на соодветните испити за мајсторите, што се применувале во Србија уште од 1912 година.[2] Овие правила биле во сила се' до донесувањето на новиот Закон за работилниците во 1931 година. Меѓутоа, некои големи промени во начинот на полагањето за мајсторските испити не било извршени, но било одредено некои занаетчиски испити да се полагаат при занаетчиското здружение во округот, а некои во занаетчиските комори. Полагањето на мајсторските испити на здруженијата им донесувало добар приход. Се плаќале големи такси за комисиите.

./.

Да се добие мајсторско право во бивша Југославија не било лесно. Покрај многубројните формалности што ги барала окружната и банската управа, испитните комисии биле прилично строги, самостојни, а во поголеми случаи и корумпирани. На тој начин младиот калфа, желен да стане самостоен во занаетот, уште на првиот чекор се судрил со суровата стварност. Посебни тешкотии се создавале кога почнувал да го полага практичниот и теоретскиот испит. Тогаш комисиите очевидно правеле разни махинации(примање на поткуп, влијание од мајсторот да не му се дозволи да положи испит и друго), што, понекогаш, калфите ги доведувале во ситуација да се откажуваат од испитот и да продолжат понатаму да "аргатуваат" кај мајсторот се' додека тој не рече дека е "печен" за мајстор, односно додека новиот колега не му претставува опасна конкуренција.

Појавите на корупција, поткуп и други законски појави ги имало секојдневно и во секоја прилика. Еден таков случај е следниот. Здружението на занаетчиите од Струга остро реагирале на полагањето за мајстор на Круме Тупаре од Охрид, за кројач, бидејќи не ги исполнувал условите. "Уште разбравме-пишуваат во жалбата до Занаетчиската комора во 1932 година, кандидатот не го скроил сам доделениот предмет, туку еден од неговите пријатели, членови на испитната комисија и затоа повторно да се подложи на испит пред друга комисија".[3]

Во 1928 година секој кандидат за мајсторски испит плаќал 264 динари. Оваа година, од мај заклучно со ноември, полагале 26 члена, од кои најповеќето биле ковачи(15), кројачи, ѕидари и други.[4] Мајсторите не сакале калфите да станат мајстори, што го покажува и случајот на молерот Фидан Богданоски,

./.

од Луково, Струшко, Неговиот мајстор Петар З ричин, како член на комисијата во 1928 година, иако положил, не сакал да го потпише записникот, бидејќи сметал дека "не е способен за молер".[5]

Членовите на испитните комисии се менувале секоја втора година, но за некои занаети, поради немање на други мајстори, во комисиите секогаш биле, скоро, едни исти лица, Управниот одбор на занаетчиски т еснаф од Струга, увидувајќи дека многу занаетчии од Охрид на лесен и брз начин добиваат дипломи, повеќе пати на своите состаноци го имаат поставувано ова прашање, бидејќи окружни т еснаф многу "фабрикувал" мајстори и ги "оштетувал интересите на Еснафот".

Колку калфи годишно полагале за мајстори на подрачјето од Охрид,Струга, Дебар и Ресен, тешко може да се утврди, но во просек изнесувал од 15-2о, што може да се види и од еден извештај од 1933 година во кого се вели дека имаат положено 19 кандидати, од кои: 2 слаткари, 2 пекари, 2 шивачи, 2 чевлари, 2 берберИ, 2 столари, 1 самарџија, 1 пекар, 1 бочвар, 1 касапин, 1 абаџија, 1 тенеќеџија и 1 бравар.[7] При окружното здружение во 194о година за мајстори положиле 24 занаетчии и тоа: 5 ориентални слаткари, 4 шивачи, 2 пекари, 2 касапи, 1 кујунџија, 1 качар, 1 самарџија, 1 слаткар, 2 столар, 1 свеќар, 1 бербер, 1 молер, 1 фотограф, 1 тенеќеџија и 1 чевлар.[8]

На многу ученици кои не биле редовни во наставата, а работеле како калфи, или од разни причини не можеле да го положат испитот, мајсторите им издавале уверенија дека кај нив работат повеќе години како калфи и можат да го положат мајсторскиот испит. За таа цел управата на занаетчиското здру-

жение, како и многубројните мајстори, полеќе години реагирале и барале таквите појави да се спречат. Занаетчиската комора од Скопје неколку пати ургирала кај окружните здруженија. Тоа го правела и во 1941 година, пишувајќи: "Наредено е само писмените кандидати да можат да полагаат мајсторски испит. Таквите уверенија се лажни и невистинити, бидејќи не е можно еден кандидат за својата 12-та или 15-годишна возраст да постане мајсторски помошник. Има уверенија и молби на кои очигледно потписот не е од мајсторскиот кандидат и не е точно уверението за раѓањето, И најпосле, уверенијата и молбите здруженијата ги доставуваат без да дадат свое стручно мислење."[9]

Мајсторскиот испит се состоел од теоретски и практичен дел. И покрај тоа што имало правилник за полагање на мајсторските испити, комисиите составуле прашања во писмена форма кои морале да бидат потврдени од занаетчиската комора.[10]

По добивањето на мајсторската диплома, занаетчијата се изложувал и понатаму на други тешкотии. Било многу тешко да се добие право на занаетчиска фирма-овластително, бидејќи и за тоа биле изложени на финансиски трошоци, а посебно за добивање на локал.

VIII-а

1. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, записник на управниот одбор за 1925.
2. Правила за полагање на мајсторски испити по занаети, Београд, 1912. (Ги има сите во Народниот музеј-Охрид).
3. ИА-Охрид, ЗУС,кут.1/1, бр.197 од 23.9.1932.
4. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, бр.182 од 11.5.1929.
5. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/2, известие од Зан.комора Београд, бр.15676 од 26.1о.1932.
6. ИА-Охрид, ЗУС, 1/1, записничка книга од 14.6.1928 и 9.2.193о.
7. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/3 бр.436 од 22.1.1934.
8. Истото, кут.1/4, Известие од 28.2.1941.
9. Истото, кут.1/4, бр.119оо,од 2о.3.1941.
1о. Истото, кут.1/3, Список на поставени правила по занаети бр.7о95 од 21.11.1933, како и од изводот од записниците за полагање на мајсторски испити.

## ГЛАВА ДЕВЕТТА

## БЕСПРАВНО РАБОТЕЊЕ

Бесправното работење на занаетчиството го имало и покрај низа презумени законски мерки и прогонувања, скоро, во сите години. Главни причини за оваа појава се: 1.избегнување од плаќање на даноците и таксите; 2.немање на потребни квалификации за правно регистрирање; 3.поевтино продавање на своите производи; 4.немање на средства за отворање на занаетчиски работилници; 5. секојдневно очекување на младите калфи да бидат ослободени кај мајсторите, а во меѓувреме работеле бесправно; 6. ми гу правни мајстори, знаејќи повеќе занаети нерегистрирани ги работеле итн. Познатиот економист Мијо Мирковиќ, како други причини за појавата на бесправните мајстори, кои биле голема рана и болка на правните мајстори,ги наведува и следниве: 1. неможноста за полна, целосна вработеност на занаетчиите, мал број на потрошувачи и затоа се упатени делумно да се занимаваат и со повеќе дејности како и со земјоделие; 2. бројноста на занаетчиските помошници кои немајќи каде да се вработат биле присилени "диво" да работат, бидејќи немало фабрики, немало мајстори што ќе ги прифатат; 3.пропаднатите занаетчии, кои не можеле да ја одржат својата занаетчиска работилница, ја затвораале само за да не плаќаат даноци, а по извесно време продолжувале со својата приватна бесправна дејност.[1]

Бесправните занаетчии, пред се' им донесувале големи штети на своите колеги, бидејќи производите ги продавале за далеку поевтини цени, и што е многу поважно, не ги изработувале квалитетно, а потрошувачите секогаш гледале да купат нешто поевтино. Од нив имале штета и младите ученици и калфи кои

ги приучувале никогаш не можеле да го научат занаетот како што треба. Сојузното здружение на занаетчиите, во 1938 година, изложувајќи му ја положбата на намесникот Павле, му пишува: "Тие бесправни мајстори не одговараат на своите обврски, не се сообразуваат со законските прописи, не плаќаат данок и такси, ниту даваат социјални давачки, а освен тоа нанесуваат големи штети на потрошувачката публика со своите нестручни и несовесни работи. Статистичките податоци зборуваат дека во целата земја со бесправно работење се занимавале преку 72 000 занаетчии".[2]

Бесправни мајстори најмногу имало по селата. Тие масовно се појавиле по завршувањето на Првата светска војна, бидејќи многу занаетчии не сакале да ги регистрираат своите фирми, користејќи ја несредената политичко-административна положба во својата средина. Уште во 1919 година занаетчиската комора тоа го забележила, бидејќи уште за време на Првата светска војна во земјата се намножило голем број на неквалификувани лица, кои по сите занаети вршеле самостојни работи на штета од правните мајстори. Меѓу нив имало доста кои дошле од страна и кои немале ни правна способност за водење на самостојни работилници, додека правните мајстори, по враќањето од воената должност, останувале без работа и без средства за живот. Меѓутоа, по барањето на комората министерот за трговија и индустрија не презел никакви мерки од причина што по негово мислење"се' уште во земјата имало мал број на занаетчиски работилници."[3]

./.

Токму ова премолчување многу занаетчии во целата земја, како и во Охрид и Струга, го искористиле да не ги регистрираат своите фирми. Во меѓувреме, овластеното министерство за внатрешни работи преку своите истурени цандармериски станици од 1923 година ги прогонувало бесправните занаетчии и ги присилувало да ги регистрираат фирмите, "најенергично да постапат во спречување на бесправното работење, се казнувале и одговорните службеници за неуредното и незаконско извршување".[4] Поради тоа, штотуку формираната управа на еснафот во Охрид презела мерки против бесправните мајстори и државните власти уште од 1924 година почнале да ги казнуваат.

Во Охрид општинската полиција не ги спроведувала во дело сите поднесени пријави и затоа здружението во 1928 година се жалело до охридскиот поглавар, бидејќи не презевал строги мерки и била поставена во прашање егзистенцијата на правните занаетчии и кои не можеле да ја издржат оваа валкана и нелојална конкуренција.[5] Во охридскиот крај најмногу бесправни занаетчии имало од градежната струка. Многу од нив биле родум од струшкиот крај. Затоа секцијата преку окружниот еснаф го овластила мајсторот Милорад Благоевски да ги пронаоѓа бесправните мајстори: столари, ѕидари, молери, варџии во градот и околијата и истите да ги пријавува на еснафот.[6] Меѓу двете војни најмногу бесправни ѕидари ги имало во 1924 година и тоа 18 и во 1930 година-39. Во другите години се јавиле многу помалку и тоа од 1-6 ѕидарски мајстори, "но со себе носеле и по 10 момоци".[7] Бесправни столари најповеќе ги имало во 1934 година-3 а во другите години по 1, но од оваа струка имало многу

./.

приучени столари по селата кои тешко можеле да се регистрираат. Бесправно се занимавале и голем број мајстори-ковачи. Во 1929 година им било забрането да работат на 1о ковачи и се презомале мерки против 17 други бесправни занаетчии.[8] Бесправно работеле и 13 чевлари во 1924 година, а во другите години се јавувале само по еден или двајца. Од групата на текстилните занаетчии, најповеќе бесправно работеле по селата. Општо земено, како бесправни занаетчии биле евидентирани: самарџии, пекари, свеќари, електричари, слаткари, месари, опинчари, селски терзии, бочвари, бербери, фотографи и други. И покрај тоа што биле поднесувани многу пријави, бесправните занаетчии"се снајдувале" во докажување дека не вршат такви дејности. Затоа занаетчиите на сите конференции, од околиски до сојузни, барале да се донесе специјален закон за прогонување на бесправните работници.[9]

Во борбата против бесправните занаетчии лично биле ангажирани правните мајстори по своите струки, бидејќи тие биле и најмногу погодувани. Единствена нивна задача била со доказни материјали да ја известуваат управата на здружението. Меѓутоа, во повеќе случаи правните мајстори ги прикривале своите колеги и затоа комората издала наредба во 1934 година, "бидејќи често се случувало поедини овластени мајстори да ги помагаат и да ги прикриваат бесправните работници, било за пари или поради некои други интереси. Затоа секој занаетчија треба да биде свесен дека со тоа си ја сече гранката на која седи".[1о]

./.

Властите и правните занаетчии, сепак, ги прогонувале своите колеги, меѓутоа, трговците кои во своите дуќани продавале бесправно стока никој не ги прогонувал, бидејќи тие како да биле привилегирани во општеството. Тоа го докажува и анонимната достава на еден охридски занаетчија кој во 1938 година пишува:"И на самото здружение му е јасно и увидува до каков степен и немаштија се дојдени скоро сите занаетчии кои се мачат и работат дење и ноќе, но никогаш да создадат дневна потреба за исхранување на својата фамилија, а за зголемувањето на приходите и да не зборуваме, а тоа не е никакво чудо. Причината е во тоа што еден добар дел на трговци, покрај трговијата, се занимаваат и со некои занаетчиски работи. Тоа на нив добро им дошло, преку леб и погача. Еве, еден пример, Господинот Тодор Ропче, овдешен бакалин, тој држи и продава некои везани работи,а покрај тоа врши големи занаетчиски работи што ги обработуваат поединци и ги препродава... Ете, трговците како се чуваат, држат, а ние занаетчиите веднаш ќе пријавиме и ќе не оданочуваат".[11]

И покрај низата интервенции, на пример, во Струга и Струшко, во 1933 година бројот на бесправните мајстори изнесувал 3о, од кои 26 биле казнети, додека во Охрид само 1о.[12] Во наредните години нивниот број уште повеќе се покачувал. Така, на територијата на Вардарска бановина во 1935 година имало 1о 565 правни и 2 874 бесправни мајстори. Положбата во овој регион била уште покритична и за големо изненадување. Имено, во Охрид имало 286 правни и 97 бесправни занаетчии, додека во Струга 66 правни и 95 бесправни мајстори.[13]

Од друга страна, правните мајстори меѓу себе секојдневно вршеле некоректна и нелојална конкуренција. Цените на своите производи во некои случаи ги намалувале, а со тоа од пазарот го исклучувале својот колега. Овластениот занаетчија нелојално конкурирал затоа што бил приморан под влијание на конкуренцијата од бесправните лица. Имало случаи од завист и себичност занаетчијата намерно да ја спушта цената на производите и своите услуги за да го упропасти својот конкурент. Некои занаетчии од незнаење работеле многу поевтино, отколку што било потребно. Затоа понекогаш се работело без никаква заработувачка, дури под цената на чиновето.

Ситните занаетчии, каков што бил случајот во Охрид и Струга, пред големиот притисок од своите конкуренти од фабричките производи, како и од многуте државни давачки, морале да се повлечат во својот дом и со целото работно семејство да произведуваат за да можа поевтино да ја продадат стоката. Со еден збор, бесправното работење било резултат на исклучително тешкиот и неподнеслив економски живот на занаетчиите, мислејќи дека ако работи бесправно повеќе ќе заработи и подобро ќе го помине животот.

Во охридско-струшкиот регион селските занаети, главно, биле дополнително занимање на многу земјоделци. Немало село во кое правен занаетчија целосно да живеел од занаетот, со исклучок на ковачите и некои пекари во поголемите села. Во овој регион, главно, биле застапени следните селски занаети: ковачи, брдари, лажичари, гребенари, валавичари, воденичари, рогузинари, јагленари, ѕидари, метлари, ситари, самарџии, казанџии за варење на ракија, плетачки и други. Во селски занаети би требало да влезат и свирачите

по свадби и други населби, бидејќи и тие работат за пари. Тоа веќе не е гордост, туку занает.[14]

Многу селски занаети во овој регион како да се специјализирале по селата. Така, на пример, ѕидарите најмногу ги има во дримколските села, фурнаџиите и слаткарите во Малесија; ворџиите во селата: Велгошти и Вишни; ќумурџиите во селата: Плаќе, Радолишта, Јабланица, Ѕливово и други села; каменоресците во Долни Дримкол; валавичари во селата Велмани, Речица, Свиништа и други; производители на млечни производи во селата: Горна и Долна Белица, Врбјани и многу други планински села; воденичари имало и има,скоро во сите села во кои има реки со поголем пад на водата. Значи,најнеопходните потреби за облека и во земјоделието самите селани си ги извршувале. Затоа, во 1928 година, еден патописец во Дебрца има забележано дека селаните и селанките во Дебрца се' што било потребно за в куќи и за фамилијата сами изработуват. Мажите изработуваат ралици, коли,вили, лопати, градат прости куќи и плевни и друго, а жените изработуваат платно, плетат чорапи, шијат, ткаат и други женски работи.[15]

Ткаењето, плетењето, предењето и други работи што се поврзани со облекувањето, се многу стари занаети и, што е важно, меѓу двете војни, како и покасно, ќе се задржат во повеќе села. Алатите од секогаш биле исти и се наследувале во фамилијата. Во куќите и денеска можат да се сретнат разбои какви што биле пред стотина години.[16] Селските везови се мошне интересни, оригинални и специфични, скоро, за секое село.Со право еден друг патописец, кој во 1928 година

ја посетил Дебрца, забележува дека облеката кај женскиот и машкиот пол била изработена од свои производи; везовите биле мошне интересни и дека кај народот било развиено естетското чувство за убавина.[17] Меѓутоа, времето си го прави своето. И покрај тоа што сами изработувале материјали за облекување, побогатите селани, веќе почнале да се носат "градски".

Текстилната индустриска стока меѓу двете војни можела да се купи, скоро, во секое село. На пример, во село Вевчани во 1927 година имало преку 3о дуќани и работилници.[18] Интересно е да се истакне дека во големите села Вевчани и Лабуништа, Струшко, уште во 1928 година, а можеби и порано, се одржувале пазарни денови. Поради тоа струшките трговци многу пати се жалеле и до надлежната државна власт. Дури една нивна специјална делегација отишла и во министерството за трговија и индустрија да се жалат да да се спречат селските пазари. Во молбата што е доставена до министерот во 1928 година пишуваат: "Струшките трговци, чија судбина поради губењето на албанските потрошувачи и онака е премногу тешка, немоќно гледаат како од раце селските дуќанџии од Вевчани и Лабуништа им го одземаат и последниот остаток од трговијата. Оваа несреќа во толку повеќе ги стега, бидејќи по селските дуќани ги продаваат сите возможни продукти, без оглед на прописите и што стоката која се донесува во пазарните денови во наведените села не е со никакви општински давачки, како што е случај со стоката која се продава во Струга".[19] Овде селски пазари останале и до денешно време. Со отворањето на трговските дуќани, во многу села конечно се ликвидирале селските занаети, како што се:

опинчарите, абаџиите, крпачите, ќеќерџиите, ткајачите, сапунџиите и други.

Селските занаети најдобро поминале за време на економската криза. Тие биле најсериозните конкуренти на градските занаетчии. Стоката ја продавале за евтини пари, а и цената на услуга била многу ниска. Оној земјоделски занаетчија кој работел само кога нема земјоделски работи, работел многу евтино, бидејќи што ќе добие од занаетот за него како земјоделец било чиста корист.[20] Селските занаетчии своите дејности не ги регистрирале и полесно им било да се јавуваат како земјоделци, бидејќи не требало да плаќаат големи државни даноци.[21] Поради тоа за време на економската криза многу градски занаетчии го напуштале градот, барајќи излез по селата. Таков е случајот и со охридскиот столар Стефан Волканоски кој во 193о година, во летниот период, со својата фамилија се селел во планинските села кајшто купувал млеко и изработувал сирење. Постанал бач. Затоа го молел здружението да не го прогонува, бидејќи од својот професионален занает немал, скоро, никаква заработувачка, а при тоа од столарскиот занает не можел да ја издржи фамилијата."Секоја година во летна сезона со целата фамилија одам по селата кај што купувал млеко и изработувам сирење и тоа сам", пишува тој.[22]

Младите занаетчии од село во градовите тешко можеле да најдат работа и затоа во своите села отворале бесправни работилници и својата дејност полустручно ја извршувале.

./.

IX-a

1. Мијо Мирковиќ, Занатска политика, Београд,1934,стр.83
2. AJ, МТИ, Кабинет министра, фасц.342,бр.27 од 4.1 .1938.
3. Истото, 375, бр.1271 од 13.2.1919.
4. НМ.Охрид,ЗУ,инв.бр.2о2, бр.42832 од 21.1о.1927.
5. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, бр.1634 од 28.2.928.
6. Истото, кут.1/2, бр.294 од 18.6.1931.
7. Истото, кут.1/1, бр.244 од 1.7.1929.
8. Истото, кут.1/2, бр.872 од 22.7.1929.
9. Д-р Часлав Никитовиќ, Занаетлије и њихови проблеми,Београд, 1937, стр.6.
1о. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/2, бр.7967, од 25.9.34.
11. НМ-Охрид, ЗУ, инв.бр.136,бр.97 од 9.2.1938.
12. Д-р Часлав Никитовиќ, Занатство Јужне Србије, Скопје, стр.95.
13. AJ-Београд, МТИ-Кабинет министра, фасц.375, реферат Сузбивање бесправног рада и нелојалне конкуренције" од 15.9.1935.
14. Тихомир Ѓорѓевиќ, Наши сеоски занати, Београд, 1922, стр. 8.
15. Светозар Томиќ, Дебарце, "Братство", књ.36,Београд,1928, стр.117.
16. Славе Трајковски, Домашно рачно ткаење, Скопје, 1956, стр.5.
17. И.М.Петровиќ, Домаќе радиности и занати у Јужној Србији, "Наш југ", Београд, I/1928, стр.11.
18. Јован Хаџи Василевиќ, Струга и њена околина, "Јужни преглед", I/1927, стр.55.

./.

19. АЈ-Београд, МТИ-Кабинет министра, фасц.55,бр.3484 од 21.6.1928.
2о. Миливој Савић, Наши занати и занатлије, Београд,1929, стр.13.
21. Јелена Петровић, Прелаз сељака у вароши и раднике, Београд, 1927, стр.27.
22. ИА-Охрид, ЗУО, кут.1/1, бр.158 од 14.3.193о.

## ГЛАВА ДЕСЕТТА

## КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА И ЗАНАЕТЧИИТЕ

Меѓу двете војни да се добие кредит од банките било прилично тешко, бидејќи банките немале доверба во кредитобарателите, а посебно во занаетчиите. Висината на кредитот за занаетчиите изнесувал до 5 000 динари, а во различни години каматата се движела од 8%-10%.[1] До 1925 година на занаетчиите кредит давала народната банка на кралството на СХС, а од 1927 година почнала да работи занаетчиската банка. Во првите години, како и подоцна, банките ги "фаворизирале економско јаките елементи, а на сметка на слабите."[2] Од народната банка до 1927 година од Охрид кредит имале земено само тројца занаетчии: Исмаил Черкез-чевлар, 5 000 динари, Никола Чипан-шивач - 10 000 динари и Андон Шандаоски-шивач 10 000 динари.[3]

Како акционери - учесници со свој капитал при формирањето на Занаетчиската банка во Белград од Охрид учествувале осум занаетчии и тоа: Глигор Маленкоски-шивач, Димитрија Заричиноски-чевлар, браќата Паскалиеви-чевлари, Ѓорѓи Метуле, чевлар, Никола Заричиноски-чевлар, Тодор Маленкоски-чевлар, Бојан Групче-бравар и Петар Тунте - тенеќеџија.[4] Од оваа банка, во првата година, покрај акционерите, добиле кредит уште 16 охридски занаетчии.[5] Кредит од банката во Струга добиле само акционерите: Никола Несторoски-шивач, Ставре Попоски-фотограф, Крсте Жупаноски-терзија, Владо Жупаноски-слаткар и Крсте Николоски-тенеќеџија.[6]

./.

Во двете околиски здруженија акционерите биле и членови во цензорскиот одбор. И нормално, тие повеќе години решавале кој ќе може од занаетчиите евентуално да добие кредит. Овие занаетчии во двата града биле најбогати и највлијателни граѓани. Кога некои занаетчии барале кредит, цензорските одбори преку управата на занаетчиските здруженија давале согласност за доделување на кредит на овие занаетчии на кои тие лично сакале. Таков бил случајот и во 1930 година кога на занаетчиите Ламбе Здравески, Димитар Џамбазоски, Ставре Кречоски и Стефан Волканоски-сите од Охрид, здружението не им дало гаранција за нивната кредитна способност, известувајќи ги"не може да ги поднесува последиците поради нивното неуредно плаќање".[7]

Од 1928 година во Охрид почнала да работи"Охридска стопанска банка"со капитал од 2,5 милиони динари,[8] но од оваа банка ниеден занаетчија не успеал да обезбеди кредит. До 1939 година преку разни врски и начини некои занаетчии успеале да земат кредити, меѓутоа тешко може да се утврди кој и од каде земал. Така, охридските занаетчии во 1933 година на банките им должеле 220 100 динари, а струшките занаетчии 154 650 динари.[9] За време на економската криза банките уште повеќе ги ограничиле кредитите, а кредитодолжниците не ги плаќале редовно земените пари" и затоа од Охрид занаетчиите тешко ќе можат да добијат занаетчиски кредит"-[10] се вели во известието на Занаетчиската комора од Скопје, во 1934 година.

По економската криза, сите банки на собраните долгови од повеќе години барале од занаетчиите веднаш да ги исплатат, но тие немале средства и затоа ги молеле банките да

им го продолжат рокот или да им се намали каматната стапка. Во краен случај, занаетчиите се сложувале да платат камата 1оо%, само да им се даде малу одмор , а не доверителите да им стават нож под гуша.[11] Поради големиот притисок, не само од корисниците на кредитот, туку и од народот, како и од власта, скоро, сите банки морале да ги намалат стапките на каматите. Тоа го направила и занаетчиската банка од Белград на 1.7.1936 година и тоа само за о,1/2%, односно од 9,1/2% на 9% годишно.[12]

Од 1924 - 1941 година во Белград работел трговски известител инкасо завод "Кредит-информ", кој на сите граѓани од целата земја давал кредити, па и за населението од овој регион. Оваа агенција во секој град имала свои строго доверливи лица кои давале писмени податоци за кредитноспособноста на заинтересираните граѓани, како и гаранција дека ќе ги вратат позајмените пари. Податоци од Охрид поднесувале: охридската трговска банка, Никола Лукановски и син му - трговци, Методија Зафироски-книжар, Јордан Бабаче-трговец и Никола Цветковски-трговец, а од Струга: Боро Шајноски-претседател на општината, браќата Шулевци-трговци и браќата Тилевци-трговци. Сите податоци ги давале во полна дискреција. Преку оваа агенција, меѓу двете војни, по согласност од именуваните доверливи агенти, можело да им се додели кредит само на 14 занаетчии од Охрид и 5 занаетчии од Струга, бидејќи имале доволен капитал и биле во можност редовно да го отплатуваат кредитот. Во зависност од нивното мислење доделениот кредит се движел од 2 ооо до 1о ооо динари.[13] Меѓутоа, колку од нив и кои ја искористиле таа прилика не е познато.

Од делумно изнесените податоци се гледа дека занаетчиите од овој регион од повеќе причини не биле во можност да добијат кредит и да ја прошируваат својата дејност.

/.

1. Занатска банка Краљевине Југославије 1927-1937 година, Београд, 1937, стр.43.
2. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, бр.48 од 18.6.1923.(Резолуција Земаљскоф савеза занатских удружења).
3. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, известија од 25.3.1925 и од 21.12.1925.
4. Истото, кут.1/2, Обавештење занатске банке од 25.5.1931.
5. Истото, кут.1/1, известие од 9.11.1928.
6. ИА,ЗУС-Записничка книга од 14.1о.193о.
7. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/2, известие од 25.12.193о.
8. Милан Гавриловиќ, Развитак Банкарства и привреде у Јужној Србији, Скопје, 1931,стр.26.
9. Д-р Часлав Никитовиќ, Занатство Јужне Србије, Скопје, 1934, стр.25.
10. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/2, бр.5947 од 19.8.1934.
11. Д-р Часлав Никитовиќ, Занатлије и њихови проблеми, Београд, 1937, стр.5.
12. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/3, циркуларно писмо од банката од 22.6.1936.
13. ИА-Охрид, Трговачки обавештајни касо завод "Кредит-информ"-Београд 1924-1941, Досија на корисници на кредит за Охрид и Струга.

# ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТТА

## ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА(1918-1941)

До крајот на XIX век, сите занаетчии, по бранши, биле здружени во еснафи. Секој еснаф претставувал и правно лице, а тоа значело дека можел да поседува и свој имот.Имале и сопствена каса. Еснафите одиглале важна улога во развојот на градското стопанство. Тие се грижеле секој занаетчија да добие поевтина и поквалитетна суровина да би изработил повеќе и добри занаетчиски производи. На тој начин се грижеле за унапредување на занаетчиството. Истовремено биле и двигатели на културниот, просветниот, општествениот и економскиот живот во градот. Некогаш, уште пред два-триесет години, еснафите биле се' и сешто. Кога требало нешто заеднички да се гради (црква или училиште), веднаш во пресрет излегувале еснафите. Но при крајот на XIX век, еснафските организации во сите градови постепено се растуриле и губеле.[1]

Така, занаетчиите во Охрид, во почетокот на XX век, немале своја еснафска дисциплина, немале еснафски одбори, кои ќе водат сметка за унапредување на занаетчиите, за калфите, шегртите и друго. Немале дури ни еснафска каса како порано.[2] Тоа значи дека еснафскиот живот во охридско-струшкиот регион постепено нестанувал. Некогашните познати 16 организирани еснафски занаетчии, што ги спомнува Групче Коста, во почетокот на XX век се губат. Тие нестануваат, не само поради капиталистичкиот и економскиот развој во Европа, и кај нас, туку и поради непрекинатите војни што се водат на тлото од Македонија. Еснафите воделе жилава борба за заштитување на занаетчиите од капиталистичката конкуренција која постепено,но сигурно,ги поништувала старите еснафски обичаи,преку

и сила. При крајот на XIX век и почетокот на XX век целата нивна задача се сведувала на тоа само да го прослават својот еснафски светец и во ретки прилики да ги контролираат младите калфи и шегрти.[3] Со развојот на капиталистичките односи, конкуренцијата се' повеќе ги поткопувала еснафските темели, ги рушела занаетчиите и нивните еснафски прегради, ограничувања и привилегии. Пред новите пречки занаетчиските работници останале без своите остварени желби, а тешките услови за живот ги прогонувале да стапат во борба за опстанок. Еснафите останале како последно одбранбено отпориште на сите занаетчии кои не биле моќни пред разорното дејство на капиталистичката конкуренција. Оставени на сопствената судбина, немоќните мајстори грчевито се држеле за еснафите, огорчено се бореле да ја сочуваат својата самостојност и својата еснафска привилегија.[4]

Трговците, продавајќи ги фабришките производи, на занаетчиите во секој поглед им конкурирале. Се развивале занаети и по селата. Тие селските потрошувачи ги спречувале да купуваат занаетчиски стоки по градовите. Панаѓурите на занаетчиите повеќе им нанесувале штета отколку корист. Мајсторите меѓу себе се карале. Побогатите ги рушеле сиромасите и така конкуренцијата го рушела патријархалното занаетчиско уредување, а заедно со тоа и нивната еснафска организација.[5] Улогата и влијанието на трговскиот капитал во Македонија во тоа време биле од значење на преобразување од тогашниот начин на производство, т.е. на постепеното нагризување на турскиот феудален поредок, бидејќи, како што нагласува Маркс, "трговијата насекаде делувала повеќе или помалку разорно на затечените организации од производството". Се ширело потчинува-

./.

њето на занаетчиите и одделните производители од страна на трговскиот капитал.[6]

Кај занаетчиите нагло почнала да слабее еснафската дисциплина, а со тоа и финансиската сила, како и влијанието на еснафскиот суд, што се грижел како за регулирање на некои норми во стопанската дејност, така и за зачувување на професионалниот морал и етика, што морале да ги задоволуваат и нормите на личниот, семејниот и општествениот морал.[7] Во Македонија еснафскиот живот на занаетчиите сосема ќе престане после балканските војни, како и за време на Првата светска војна. Слободно може да се рече дека цели 2о години односите меѓу мајсторите-занаетчии со калфите и учениците,иако биле сосема малу, се одржувале по инерција. Ниеден занаетчија не се повикувал во вработувањето или исплатата на калфите и учениците на некои одредби или обичаи што важеле за еснафот во XIX век. Еснафските организации, што привидно останале во првите децении на овој век, еснафскиот живот го задржале само од формален карактер. Интересно е дека еснафските денови - слави охридските занаетчии традиционално за одделни занаети ги прославувале, скоро, секоја година се' до почетокот на Втората светска војна.[8]

Во 191о година во Србија се вовело занаетчиско законодавство. Тогаш бил донесен Законот за работилниците. По овој закон сите стари еснафи се Укинуваат и се формираат занаетчиски еснафи во кои членувале сите занаетчии од соодветната околија.+

---

+ Зборот "Еснаф" по традиција и по овој закон ќе остане долго време во административната званична терминологија и тоа се' до 1931 година кога ќе биде донесен новиот закон за работилниците и место овој термин званично ќе се употребува зборот "здружение".

По донесувањето на овој закон, во Србија се формирала занаетчиска комора, во окружните места окружни еснафи, а во околиските околиски занаетчиски еснафи. Еснафите се "принудна заедница на сите еснафски мајстори и како правно лице еснафот можел во свое име да ги заштитува или оттуѓува, да ги зема на себе сите обврски, да оптужува и да може да биде тужен".[9] Според Статутот главни задачи на еснафот биле:

- да го развива духот на солидарноста и добрите односи меѓу мајсторите
- да води сметка за моралниот однос на занаетчиите и да се бори за подмладување на кадровите;
- да се бори против бесправното работење;
- да води сметка за редовното учење на учениците во занаетчиските училишта;
- да се грижи и бара форми за унапредување на занаетчиството;
- да избира членови на судот за добри луѓе и правилно да ги решава сите спорови;
- предложувал во испитната комисија за полагање на помошници и се грижел за нивното вработување;
- на окружниот еснаф, односно занаетчиската комора и други институции редовно да им се доставуваат бараните податоци од животот на занаетчиите и друго.

Поради настанатата воено-политичка ситуација во Македонија овие прописи почнале да се применуваат после 1918 година, заради што занаетчиите и во охридско-струшкиот регион организирано не живееле. Дека е тоа така зборува и фактот што во Охрид и Струга се' до 1923 година не било формирано занаетчиско здружение-еснаф.[10] Во 1920 година Занаетчиската

комора на Србија, со оглед дека сите краишта од денешна Македонија потпаднале под нејзина управа, го испратила Павле Карарадовановиќ, со цел да изврши формирање на занаетчиски еснафи во сите градови. Својата мисија во повеќе градови успешно ја завршил, а во сосема мал број не успеал, што бил случајот и со Охрид, бидејќи на неговото повикување да се изврши формирање ниеден занаетчија не се јавил. Затоа директорот на гимназијата зел обврска во Охрид, Струга и Дебар тој да формира занаетчиски еснаф.[11]

Во Охрид и Струга, според сочуваните архивски материјали, како околиски центри, занаетчиски еснафи се формирани во 1923 година. По желба на традиционалната самостојност, многу занаетчии, држејќи се по "правилата на старите времиња", сакале по секоја цена да формираат свои еснафи. Првите две години, кога се' уште се "лутало" во организационото средување, во Охрид самостојно свои занаетчиски еснафи формирале повеќе групации, како што се: сарачко-седларскиот, столарско-градежниот, слаткарско-пекарскиот, чевларскиот, касапскиот, ковачко-браварскиот и шивачкиот. Дури шивачкиот еснаф при крајот на 1924 година од занаетчиската комора во Белград барал да му се испрати Угледен статут. Поради самоиницијативната акција на одделни занаетчии, а не познавајќи ги во целост законските прописи, претседателот на Окружниот еснаф во Охрид, испратил барање до првостепениот суд и поглаварот на Охридската општина, со кое ги молел" на самоповиканите еснафски управи да не се врши регистрација".[12] Меѓутоа, тие како секции и понатаму"диво" делувале, но за кратко време.

./.

Окружниот занаетчиски еснаф имал свој одбор од 15 члена. За прв претседател бил избран Никола Чипан, шивач од Охрид. За делегат на занаетчиската комора во Белград во 1924 година бил избран чевларот Ѓорѓи Метуле.[13] Така, по Првата светска војна и во Вардарска Македонија се формирале нови занаетчиски здруженија кои буржоазијата ги создавала како задолжителни организации. Тоа се "принудни" здруженија,кои во капиталистичкиот систем делувале како единствена сталешка организација.[14] Новите еснафи постанале локални административни единици со задача да ги штитат општите интереси на занаетчиите. Од донесениот закон за работилниците, како и другите нормативни акти, се гледа дека преку оваа организација и понатаму се заштитуваат богатите слоеви на занаетчискиот сталеж,[15] што ќе излезе на бел ден во нивното натамошно организационо, економско и политичко работење. Од 1926 година за претседател на управниот одбор на занаетчискиот еснаф за Охридскиот округ бил избран чевларот Тодор Маленко. На таа должност останал се' до 1937 година, кога бил избран за член на управниот одбор на занаетчиската комора во Скопје. До крајот на 1941 година на оваа должност се менувале повеќе лица.

По повеќегодишното инсистирање на занаетчиите од Вардарска Македонија, а согласно законот за работилниците, кој бил донесен во 1931 година, во Македонија, во 1932 година, била формирана занаетчиска комора со седиште во Скопје.[16] Во Охрид по оваа година се формирал нов окружен одбор, чија дејност се проширила и на околиските здруженија во Преспа, Дебар, Охрид и Струга.[17] Окружниот одбор

./.

на занаетчиите работел по веќе усвоените "Правила на окружните одбори на занаетчиските здруженија, место поранешниот Статут.[18] Сите комори во земјата биле здружени во Главниот земски сојуз на занаетчиите во Југославија, што бил формиран уште во 1922 година. Оваа сојузна организација меѓу двете светски војни имала одржано 18 конгреси, [19]а последниот, што бил закажан при крајот на 194о година, поради меѓународната воена положба не се одржал.

Околиските и окружните одбори на занаетчиските здруженија на своите состаноци, главно, ги решавале следните прашања: извештај за работата на управниот одбор, преглед и одобрување на завршната сметка, предлог-буџет, избор на членови-мајстори во испитните комисии, наплатување на членски вноски и други такси од занаетчиите, избор на нова управа и друго. Во сите здруженија, место да станат заштитници на занаетчиите, раководните лица ги користеле нивните права за свои цели. Скоро секоја година во управата на охридското и струшкото занаетчиство членувале побогати занаетчии,кои покрај занаетот се занимавале и со трговија, а со тоа на своевиден начин,што е својствен на капитализмот, се вршело експлоатација на занаетчиите.

Иако здруженијата имале задача за унапредување на занаетчиството, но во овој период за тоа воопште ништо не направиле. Афирмирањето на ретките и вредни занаети,преку организираните државни и меѓународни саеми за занаетчиски изложби, здруженијата, како организации не ги искористиле. Охридско-струшки занаетчии и здруженија добиле покани да учествуваат на саемите во Лајпциг(1928 година), Солун (1929), Прага (193о) и други. На саемот во Прага како посматрачи од Охрид бил испратен само Михајло Тилески, а од Струга Ставре

./.

Попоски.[20] Многу саемски изложби се одржани и во нашата земја, но, за жал, на ниеден од нив нема учествувано некој занаетчија со свои производи. Струшките занаетчии во 1937 година на саемот во Скопје, место да испратат изработени интересни занаетчиски предмети, на организациониот одбор му пишуваат дека не се во можност да му испратат добри занаетчиски предмети за изложбата.[21] Во 1938 година, во Белград, била одржана првата земска изложба на занаетчиите, на која охридските резбари, во организација на резбарското училиште учествувале со свои резбарски предмети.[22]

Занаетчиските здруженија можеле да опстанат само благодарение на многубројните давачки што присилно ги внесувале занаетчиите. Висината на сите такси секоја година се зголемувала и затоа занаетчиите не сакале да членуваат и покрај тоа што биле редовно"строго опоменувани, бидејќи нивна должност е да станат членови".[23] Занаетчиите во 1924 година морале да си ги плаќаат на здружението следните такси: протоколација на фирмата - 12о динари, такси за плаќање на помошнички испити-18, за запишување на членови во еснафот и членска карта-54, за мајсторски испити-1оо, за упис на помошници во еснавот - 6, за ученици-3, за разни уверенија-13 и за решенија 13 динари. Со оглед дека комората и здруженијата и со овие приходи не можеле да опстанат, секој член бил должен да плати уште по 6 динари.[24] Таксите за занаетчиските здруженија секоја година се зголемувале, така, во 1932 година вкупно изнесувале од 75 до 36о динари, што зависело од приходите на занаетчиите.[25] Еснафските приходи секоја година се делеле на три дела: 25% за занаетчискиот

пензионен фонд, 10% за еснафска окружна управа и 15% за занаетчиската комора.

Управата на занаетчиските комори во заедница со околиските власти во 1934 година, кога заврши економската криза, почнала многу забрзано и безмилосно да ги гони сите занаетчии што не биле редовни во плаќање на коморските такси. Секоја година занаетчиските здруженија поднесувале пријави за присилно наплатување на таксите, а најмногу биле поднесени во 1935 година и тоа преку 100 пријави.[26] Во периодот од 1934-1937 година здруженијата на занаетчиите им барале да ги платат долговите уште од 1928 година, но тоа не го извршувале. Меѓутоа, полициските власти лично по работилниците или по куќите оделе и вршеле директни наплати или вршеле попис на имотот.

За тешката положба на занаетчиите и нечовечкиот однос на власта спрема нив, само за пример, изнесуваме некои покарактеристични случаи што се забележани во записниците од полицијата. Во 1932 година Абдурахман Сулејман-бербер должел 132 динари и немал да ги плати, изјавувајќи: "Ништо немам да продадам, немам ни своја куќа. Власта нека работи по своето", додека пекарот Лазар Богданоски ги моли"да му дадат милост за да не плаќа долгови", а ѕидарот Карафил Јованоски ги моли: "Бидејќи сега сум без работа, идното лето верувам дека ќе го платам долгот".[27]

Занаетчиите од Охрид, бранејќи се од власта, немајќи да ги исплатат долговите, се оправдувале, како на пример, Евто Јованчески-пекар:"Јас сум навистина малски пекар во Охрид, но толку слабо работам што едвај заработувам

парче леб за фамилијата. Да ја платам сумата од 25о динари немам. Други приходи немам."Столарот Александар Манојлоски моли власта да го почека, а ако не нека земе што ќе најде. И последниот охридски ќурчија Јован Кумев во 1935 година должел 179 динари и не ги плаќал, изјавувајќи: "Јас сум крпач, а не ќурчија и работам како надничар. Долгот нема да го платам оти не сум член". Интересна е жалбата и одбраната на Нестор Србиноски-качар од село Злести, охридско:"Имам 86 години. Одамна имам престанато со работа, никогаш не сум имал работилница, оти не сум квалификуван мајстор. И Ве молам да ме ослободите, оти од ова испаднува како да сум почесен член на некое хумано друштво". Исто така, вредно е да се изнесе случајот и со столарот Атанас Групче кој должел 193 динари;"Ништо нема да определам за да се изврши попис, освен што имам еден алат и тоа оној најпотребниот кој ми служи за заработување на парче леб, а која заработка е толку мала што и формално гладувам". Меѓутоа, Никола Аврамовиќ, претседател на општината, изјавил дека може да плати и полицијата извршила попис и ја зела дограмациската тезга, ја продала пред кафеаната "Голема Србија" по пат на јавна лицитација за 15о динари.[28]

Во слична положба биле и занаетчиите од Струга. Годишните таксени давачки редовно не ги плаќале. Од 18о членови на здружението во Струга, во 1936 година,2/3 биле сосема бедни и затоа заостанатата членарина во износ од 12 295,75 динари не можеле да ја исплатат и го молеле окружното занаетчиско здружение да ги ослободи од плаќање.[29]

./.

Поради големата хајка на власта за наплатување на даноците и таксите, група на охридски занаетчии во 1935 година, со посебна молба, се обратиле до кралскиот наменик да ги ослободи, бидејќи многу чевлари и шивачи не можеле да ја "платат ќиријата за дуќаните, а уште помалку да заработат за државните даноци. Многу од нив и формално гладуваат и многу занаетчии на старост се оддале на други тешки земјоделски работи, само да дојдат до корка леб. Покрај тешките кризи, уште го носеле големиот товар на нашите занаетчиски здруженија кои веќе почнаа да го продаваат нашиот беден имот" (Подвлекол - П.М.). Под притисок на занаетчиите и гледајќи ја вистинската положба, што е изнесена во нивното барање, околискиот началник бил присилен да одговори изнесувајќи ја и следната положба: "Животот на занаетчиите во Охрид, освен на еден мал број, е многу мизерен, малку заработуваат, колку со леб да се исхранат. За нив членарината од 40 динари премногу е висока и затоа не се во состојба да ја платат. Оваа власт наплатувајќи по силен пат членарина кај занаетчиите имаше прилика преку своите извршители лично да се убеди за страшната беднотија на овдешните занаетчии".[30]

Занаетчиите притиснати, од една страна, од трговијата и индустриското производство, а од друга, од многубројните државни давачки, и понатаму останувале се' повеќе и повеќе во тешка положба. Во случај на болест, старост, немање на работа, биле оставени на милост и немилост, а занаетчиските здруженија во такви случаи и,како што било понапред, не се јавувале како заштитници, бидејќи собраните пари ги трошеле за други цели. Од сочуваната архивска граѓа се гледа дека

/.

барања за помош до здруженијата се пристигнати, но не е донесена ниедна позитивна одлука во корист за некој беден занаетчија.

Од изнесеното може да се констатира дека занаетчиските здруженија ја напуштиле традицијата како заштитници на своите членови, бидејќи дозволиле нивниот имот и алатот да се продава на лицитации, само да ги наплатат бараните долгови. Тие станале оружје на власта, на богатите занаетчии, кои, не бирајќи начин, ги употребувале сите можни средства за вршење на експлоатација на занаетчиите-работници.

Колку прибрале и трошеле средства во поодделни години, се гледа од следниот преглед, што е составен според сочуваните податоци од занаетчиските здруженија (Види на страна 257.).

# П Р Е Г Л Е Д

На приходите и расходите по години на занаетчиските здруженија

## I. ЗАНАЕТЧИСКИ ЕСНАФ-ЗДРУЖЕНИЕ ОХРИД 1923-1941 год.

| Ред. бр. | Година | П р и х о д и | Р а с х о д и |
|---|---|---|---|
| 1. | 1923 | 2.263 | 2.165 |
| 2. | 1924 | 1.879 | 1.844 |
| 3. | 1925 | 1.888,60 | 1.312,50 |
| 4. | 1926 | 3.004,50 | 2.881 |
| 5. | 1927 | Нема податоци | |
| 6. | 1928 | 13.874 | 13.874 |
| 7. | 1929 | 13.009 | 13.009 |
| 8. | 1930 | Нема податоци | |
| 9. | 1931 | 15.723,40 | 15.723,40 |
| 10. | 1932 | 17.268,40 | 17.268,40 |
| 11. | 1933 | 16.423,60 | 16.423,60 |
| 12. | 1934 | 13.479 | 13.479 |
| 13. | 1935 | 19.708 | 18.609,80 |
| 14. | 1936 | 20.286,75 | 18.841 |
| 15. | 1937 | 21.156 | 19.826 |
| 16. | Од 1938-41 година нема податоци | | |

## II. ОКРУЖЕН ЗАНАЕТЧИСКИ ОДБОР ОХРИД

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | 1934 | 2.088,50 | 2.088,50 |
| 2. | 1935 | 5.790,50 | 5.790,50 |
| 3. | 1936 | 3.553,50 | 3.553,50 |
| 4. | 1937 | 7.007,50 | 7.007,50 |
| 5. | 1938 | Нема податоци | |
| 6. | 1939 | 5.482,50 | 5.482,50 |

./.

III. ЗАНАЕТЧИСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА СТРУШКА ОКОЛИЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | 1931 | 7.140 | - |
| 2. | 1937 | 6.104,75 | 6.104,75 |
| 3. | 1938 | 6.547,75 | 6.548,75 |
| 4. | 1939 | 5.504,75 | 4.023 |

XI-а


1. Сињ, Наши еснафи,"Цариградски гласник", бр.6 од 8.2.1896.
2. Коста Групчевић, О Охриду и Охридском језеру, Цариград, 19oo стр.136.
3. Савић Миливоје, Занати и индустрија, књ.6, Сарајево, 1928, стр.2o4.
4. Д-р Никола Вучо, Привредна историја Србије до Првог светског рата, Београд, 1955, стр.198.
5. Д-р Никола Вучо, цит.дело... стр.199.
6. Д-р Данчо Зографски, Преодни облици на манифактурата во Македонија, "Преглед", бр.2, Скопје,1953, стр.62.
7. Д-р Милош Константинов, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола 1961, стр.146.
8. Спомени на повеќе охридски и струшки занаетчии.
9. Угледни статут за образовање занатлијских еснафа, Београд, 1911,чл.2.
10. Извештај о раду Занатске коморе за 1923 године,Београд, 1924, стр.46.
11. АЈ-Београд, МТИ, фасц.389,бр.2641 од 5.5.192o.
12. ИА Охрид, ЗУО, кут.1/1, повеќе документи од 1923-1924.
13. Иа-Охрид, ЗУО, кут.1/1, записник од 1924.
14. Д-р Милош Константинов, цит.дело, стр.147.
15. Д-р Никола Вучо, ... цит.дело, стр.2o1.
16. Извештај о раду занатске коморе за 1923 године, Београд, 1924,стр.79.
17. ИА, ООЗУО, кут.1/3, основачки записник од 2o.7.1933.
18. АЈ-Београд, МТИ, фасц.39o, одобрени бланко правила.


./.

Аноним,

19. Главни земаљски савез занатских удружења, његова снага и његов рад, "Политика", 8.10.1938.

20. ИА-Охрид, ООЗУО, кут.1/1, бр.14. 690 од 28.11.1929.

21. ИА-Охрид, ЗУС, записничка книга од 1.8.1937.

22. Извештај занатске коморе за 1938 године, Београд,1938, ст.51.

23. ИА-Охрид, ЗУО,кут.1/1, бр.261 од 9.1.1925.

24. Истото, кут.1/1, повеќе документи за 1924.

25. ИА, ООЗУО,кут.1/2, бр.97 од 24.2.1932.

26. Истото, кут.1/3, бр.3995 од 14.5.1935.

27. ИА-ЗУО,кут.1/2, записници од полициските власти за присилно наплатување за 1932.

28. ИА, ЗУО, кут.1/3, записници за 1935.

29. ИА,ООЗУО, кут.1/1, бр.100 од 4.4.1937.

30. АЈ-Београд, МТИ.-Кабинет министра, фасц.394,бр.8342 од 11.8.1935.

Втор дел

# ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО РЕГИОНОТ ЗА ВРЕМЕ НА ОКУПАЦИЈАТА (1941-1944)

Глава дванаесетта

## ЗАНАЕТЧИСТВОТО ЗА ВРЕМЕ НА ОКУПАЦИЈАТА

Македонија за време на Втората светска војна беше поделена од окупаторите. Тоа е посебна "заслуга" на германскиот окупатор. За да ги задоволи претензиите на неговите сојузници Италија и Бугарија, одделни краишта на Македонија им ги даде како награда за нивното учество во агресијата. Во април 1941 година во Виена конечно е определена и привремената демаркациона линија меѓу окупаторските сили на фашистичка Италија и Бугарија. Фон Рибентроп-министер за надворешни работи на Третиот рајх, успеал да го убеди Хитлера да му ги додели на бугарскиот окупатор, покрај други краишта од Македонија и дел од "бугарските светини околу Охридското Езеро", а еден голем дел со градовите: Струга, Гостивар и Тетово потпаднаа под италјанска окупација.[1] Бугарските воени единици уште со влегувањето во Охрид, вовеле и цивилна власт, што била организирана по примерот на државниот апарат во Бугарија.[2]

Бугарските власти "својот" окупиран дел од Македонија го поделиле на две административни области: Скопска и Битолска, задржувајќи го составот на околиите и општините од стара Југославија.[3] Така, Охрид и селата од коселскиот крај беа под битолска област.[4] Главен старешина на Градската општина во Охрид бил кметот Илија Коцаре-адвокат. На таа должност останал се' до капитулацијата на Бугарија.

За време на окупацијата во Охрид имало и професионална организација - Општо занаетчиско здружение, во кое биле зачленети сите занаетчии. Ова здружение било под Дирекцијата

на Професионалната обласна инспекција во Битола, која во почетокот на 1943 година прераснала во Обласна стопанска комора.[5] Охридските занаетчии, односно Обласната дирекција се наоѓа под контрола на Општиот сојуз на бугарските занаетчии, Општиот сојуз на занаетчиските кооперации и Дирекцијата за внатрешна трговија, индустрија и занаетчиство - Софија.

Во охридското здружение во јуни 1941 година било формирано "Раководно тело" од пет членови на чело со претседателот Славчо Александров Мешков, а три члена биле избрани во "проверителниот совет".[6] Занаетчиите со суровини и алати се снабдувале само преку здруженијата и се водело сметка тие правилно да бидат распределени по занаети и занаетчии и рационално да се искористувани. Уплатувањето на средствата за целокупната набавка се вршело преку Бугарската земјоделска и копративна банка-филијала во Охрид.

Стопанските прилики во охридскиот крај, во споредба со бивша Југославија, за време на окупацијата, станале уште потешки. Охриѓани тешкоможеле да се снабдуваат со жито, бидејќи струшките полски села и селата од Дебрца со државни граници се одвоени од својот економски центар. Во периодот од 1941-1944 година на охридските занаетчии уште повеќе им се намалил бројот на потрошувачите, а посебно од селата. Затоа охридските занаетчии ќе доживеат најголема економска криза. Неа ја почувствувале уште првите месеци по окупацијата. Не можеле да се снабдуваат со суровини, а изработените производи немале каде да ги продаваат. Поради тоа Управниот одбор на Здружението, во септември 1941 година бара"сите занаетчии во Охрид да бидат ослободени, бидејќи положбата им е тешка.

./.

До сега имаше занаетчиски суровини за преработување и работа, а сега положбата е сосема изменета и не одговара на условите под кои е вршена распределбата на даноците. Специјално за град Охрид кој остана без своја околија, бидејќи целата околија потпадна под италјанска територија, кое население доаѓаше на пазариштe, а занаетчиите имаат пазар и поголема заработувачка".[7] Наоѓајќи се во ваква положба,охридските занаетчии доставувале посебни барања до сите надлежни министерства во Софија скоро секоја година за ослободувањето од даноци.

За сето воено време, како што е познато, цените на прехранбените производи биле многу високи. Земјоделските производители житото го продавале за многу повисоки цени отколку во други прилики. Така, во Битолска област најважните земјоделски производи во 1944 година се продавале по следните цени:[8]

| Земјоделски производи | | Офицuj.курс(левови) | Црна берза (лев) |
|---|---|---|---|
| 1. Пченица 1 кг. | | 8,2о лева | 3о-4о лева |
| 2. 'Рж | 1 кг. | 7,3о " | 3о-35 " |
| 3. Пченка | 1 кг. | 6,6о | 25-3о |
| 4. Грав | 1 кг. | 15 | 3о |
| 5. Грозје | 1 кг. | 14 | 3о |
| 6. Јаболка | 1 кг. | 15-25 | 25-35 |
| 7. Коњи | глава | 25.ооо | 35.ооо |
| 8. Прасе до 2о кг. | 1 кг. | 43 | 16о-2оо |
| 9. Свињи 1 кг.жива мера | | 7о | 2оо-3оо |
| 1о. Јагне - глава | | 3оо-5оо | 1.ооо |

./.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. Млеко | 1 литар | 24 | 4о |
| 12. Маст | 1 кг. | 16о | 5оо |
| 13. Јајда | Чифт. | 4 | 15 |

Состојбата на пазарот предизвикала скок и на занаетчиските услуги и надниците на работниците и тоа: шиење на алишта од 5оо на 1 5оо лева, пенчиња на чевли од 3оо на 9оо, потковување на волови од 2оо на 4оо, надница на косач од 18о на 4оо, надница на жетвар од 15о на 3оо и надница за ѕидар од 3оо на 35о лева.[9] Овие податоци зборуваат дека земјоделските производители се нашле во мошне подобра положба од занаетчиите.

Затечените занаетчи продолжиле да го работат својот занает за време на бугарската окупација. Голем број на калфи и ученици,како и повратените мајстори од други краишта, веднаш отвориле занаетчиски работилници. Со занает почнале да се занимаваат и голем број на приучени граѓани, што се гледа и од голем број на регистрирани фирми. До 31 август 1941 година во Охрид биле правно регистрирани 345 занаетчии. Ними им било издадено "малко свидетелство". Пред да бидат регистрирани во општината, занаетчиите биле должни писмено на власта да и' ги опишат алатите за работа што ги имаат и времето кога почнале да работат. Од изнесените податоци се гледа дека, скоро, сите занаетчии располагале со многу скромен, едноставен занаетчиски инвентар и алати.[1о]

Во периодот од 1941-1944 година во Охрид биле регистрирани 4о4 занаетчиски работилници, односно 137 повеќе од 194о година. Во овој број се внесени и 34 кафеани, вклучувајќи ги и трите хотели. Бројната положба на занаетчиите во Охрид по години за време на окупацијата може да се види од следниот

./.

ВКУПНО: 345 3?9 374 25o[124] 43o 38o 26o 12o 4o4 385 265 119

Интересен е и податокот за бројната положба и структура по занаети во почетокот на 1944 година:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Бербери | 27 | 1o. Градежни преземачи | 2 |
| 2. Бачови | 3 | 11. Ѕидари | 16 |
| 3. Бојаџии | 4 | 12. Електричари | 4 |
| 4. Бочвари | 3 | 13. Кујунџии-златари | 3 |
| 5. Воденичари | 6 | 14. Ковачи | 13 |
| 6. Велосипедџии | 2 | 15. Киноапаратери | 1 |
| 7. Водоинсталатери | 1 | 16. Калајџии-казанџии | 5 |
| 8. Влачари | 5 | 17. Колари | 2 |
| 9. Варџии | 4 | 18. Кифлари-бурекчии | 1 |

./.

Преглед[11]

| Години | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1941 | 1942 | | | | | 1943 | | | | 1944 | | |
| Регистрирани занаетчии до 31.8.1941 год. | Регистрир.занаетчии | Организирани и зачленети | Редовно исплатиле член. | Р·тистрирани занаетчии | Организирани и зачленети занает. | Редовно исплатиле член. | Неисплатиле член.внос | Регистрирани занаетчии | Орган и зачленети занаетчии | Редовно исплатиле член. | Нс исплатиле членарина | Не исплатиле членарина |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Книгоповрзувачи | 2 | 31. | Самарџии | 7 |
| 2о. | Касапи-месари | 19 | 32. | Сладоледџии | 3 |
| 21. | Метлари | 2 | 33. | Сарачи | 7 |
| 22. | Млекари | 3 | 34. | Содаџии | 2 |
| 23. | Налаnџии | 1 | 35. | Тенекеџии-бравари | 13 |
| 24. | Ножари | 2 | 36. | Фотографи | 5 |
| 25. | Пушкари | 1 | 37. | Цревари | 3 |
| 26. | Потковувачи | 3 | 38. | Часовничари | 4 |
| 27. | Пекари | 33 | 39. | Чевлари | 72 |
| 28. | Столари-резбари | 29 | 4о. | Чубукчии | 2 |
| 29. | Слаткари | 1о | 41. | Шивачи(машки и женски) | 85 |
| 3о. | Свеќари | 4 | | ВКУПНО: | 4о4 занаст. |

Членовите на занаетчиското здружение во 1942 и 1943 година ги давале следните давачки: членски внос од 8о-17о лева, за организацијата "Труд и радост" од 4-2о лева и за доброволни давачки 4о лева. Овие давачки во 1944 година биле многу поголеми: членарина од 2оо-3оо, "Труд и радост" од 8-3о и за доброволен прилог 8о лева.[12] Во оваа година, исто така, секој занаетчија морал да биде член во посмртната каса на Сојузот и бил должен да внесува од 16о-3оо лева годишно.[13]

Барањето на охридските занаетчии да бидат ослободени од данокот не било удоволено. За цело време на окупацијата плаќале данок во следните висини:

./.

1. Тенекеџии од 200-300 лева
2. Слаткари 2000-3500
3. Калајџии 200- 700
4. Чевлари 200-700
5. Пушкари 200
6. Шивачи 400-600
7. Самарџии 200-700
8. Месари-касапи 200
9. Ѕидари 2000-4000
10. Столари-резбари 200- 900
11. Книгоповрзувачи 1500
12. Содаџии 200
13. Пекари 2000-3000
14. Цревари 200
15. Бербери 400- 600
16. Ножари 400
17. Сарачи 200
18. Бочвари 200
19. Потковувачи 200 лева
20. Чубукчии 400
21. Ковачи 200
22. Електроинсталат. 3000
23. Часовничари 200
24. Бочвари 200-550
25. Фотографи 400-900
26. Колари 200
27. Налanџии 200
28. Крпачи на чевли 200
29. Варџии 550-700
30. Водоинсталатери 200
31. Бојаџии 200
32. Велосипедџии 550
33. Свеќари 400
34. Бравари 900

и така натаму.[14]

Општото занаетчиско здружение од 1941-1944 година во Охрид ги собрало и потрошило од членарина следните средства:[15]

| Средства | Г о д и н и | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1941 г. | 1942 г. | 1943 г. | 1944 год. |
| Приходи | 16.488лева | 44.677 л. | 55.101 л. | 116.695(зак.окт. |
| Расходи | 15.921 " | 43.376 л. | 45.530 л. | 76.311 л. " |
| Остануваат | 567 л. | 1.301 л. | 9.571 л. | 40.384 лева |

./.

Бугарските власти, согласно законските прописи, занаетчиите ги делеле на две групи: "занаети" и "полузанаети".[16] Во првата група биле ставени класичните занаети, а во втората различните услужни занаети за кои не била потребна некоја посебна квалификација или учење на занаетот. Полузанаетчиите, главно, биле самоуки занаетчии. Тие, во основа, работеле за себе и евентуално за мала заработувачка, со што ги избегнувале општествените давачки.

а. <u>Снабдувањето на занаетчиите со суровини</u>

Во окупираната Македонија слободата и животот на нашиот човек секогаш била во опасност. Бил изложен на прогонување, несигурен живот, ограниченост на движењето и економски тешкотии. Веднаш бугарските власти ги заменија југословенските пари за левови и тоа по курс од 16о за 1оо динари. Со овој курс населението било во загуба. Реалниот курс спроти Втората светска војна изнесувал 2оо бугарски лева за 1оо динари.[17]

Бугарската власт уште во 1941 година донесла "Закон за осигурување во снабдувањето и регулирањето на цените на стоките со допуштени контролирани цени и проценти за печалба".[18] Овој закон биле должни да го спроведат сите бугарски министерства, дирекции и професионални здруженија. Со законот сакало да се спречи прекумерното збогатување на трговците и да се обезбеди"рамномерно" снабдување на населението со суровини и други предмети што биле, главно, од животен интерес. Се вовел купoвен систем, а со тоа се создале идеални услови за развој на недозволена трговина со стоки, подмитување и други видови на административна принуда

./.

во снабдувањето на населението.[19] Најмногу се шверцувало со прехранбените продукти и тоа со населението што потпаднало под италјанска окупација, односно населението од Струшко Поле и Дебарца. И покрај тоа што бројот на занаетчиите бил голем, поради скокот на цените од земјоделските производи, дневната заработувачка на занаетчиите и општите работници релативно се зголемувала, која во 1944 година во Битолска област се движела:[20] шиење на алишта од 5оо на 15оо лева; надница за ковач од 18о на 4оо; пенчиња на чевли од 3оо на 9оо; дневница за жетвар од 15о на 3оо; потковување на волови од 2оо на 4оо; дневница на ѕидар од 3оо на 35о лева итн.

Со покачувањето на цените на услугите, на земјоделските производи, занаетчиските, индустриските и други предмети, најмногу биле погодени луѓето што имале фиксни плати. Но, се разбира, овој скок на цените не траел долго време, бидејќи воената ситуација брзо се менувала на теренот заради кое се изменувале и економските односи во соодветните средини. Окупаторот кај сето население, а посебно кај земјоделците, вовел реквизиција - одземање на земјоделските и сточарските производи.

Била формирана главна централа за набавка на сите суровини и производи во Софија. Државната влада станала чувар на материјалите и ги распоредувала преку посебно организирани институции, по разни гранки и тоа по "строго" утврдени критериуми. Сојузот на занаетчиските кооперации станал центар за доставување и распределба на суровите материјали и полуфабрикатите на занаетчиството.[21] Охридските занаетчии преку овој Сојуз почнале да се снабдуваат уште во 1941 година.

./.

Бугарскиот општ занаетчиски сојуз во 1941 година од Општото занаетчиско здружение во Охрид барало да му "се достават спецификации и да кажат колку од кои материјали имаат потреба сите занаетчии за да можеме ние да направиме правилен распоред на сите производи и да ги задоволиме најпотребните работи на занаетчиите." [22] Првата пратка со суровини за потребите на охридските чевлари и шивачи пристигнала и тоа: 6о кг.различни конци, чија цена по килограм изнесувала 95 лева, како и 68 дузиња, односно 2 4оо јарди шивачки конци.[23] На охридските занаетчии, исто така, и во 1942 година им се испратени 8о кг. конци за потребите на чевларите и 43 кг.сарачки конци по цена од 1оо лева франко Софија.[24]

Во Софија работел Општ занаетчиски и професионален сојуз, во кого, по гранки, сите занаетчии и полузанаетчии биле здружени по сродни дејности, што ги викале"клонови". Имало повеќе клонови, како: за текстил, обработка на кожа и чевли, за преработка на метали, за дрво, уметничко бојадисување, за храна и пиење, графички работи и други. Во нив имало подгрупи.[25] Преку овие клонови, како центри, се врши целокупното снабдување со материјали по соодветни гранки, земајќи, односно набавувајќи суровини од Централниот кооперативен занаетчиски сојуз.

И покрај, правилно, добро организираното снабдување, занаетчиите не биле редовно обезбедени со материјали, а посебно во провинциските места, каков што бил случајот и со Охрид. Од вакква положба најмногу корист имале трговците. Тие, и покрај наредбите, со суровини и разни производи се снабдувале од Соф... и други градови и нив ги продавале по многу повисоки цени.

./.

Понекогаш самите општински комисии ги делеле материјалите (на пример: штофови, платно и друго) на целото население, а не само на шивачите, како што било планирано.[26] Тоа е констатирано и во наредбата број 3 од јуни 1943 година, издадена од Занаетчискиот сојуз за облекло во Софија, со која се забранува да се растурат така текстилните производи"на повеќе парчиња, бидејќи нема после да одговараат за соодветните потреби".[27] Имале право да добијат суровински материјали само оние занаетчии кои редовно плаќале членарина и други државни давачки и што биле регистрирани во општината,[28] бидејќи на друг начин тешко можеле да се снабдат со материјали, поради кое бесправното работење било сведено на минимум.

Во 1943 година столарите добиле 30 кубици шт[illegible] од специјално плашинско дрво наречено "бело" и еден кубик шпертплоча. Се доставиле и 60 000 кгр.туткал што бил распределен на сите столари. Истовремено се"препорачува да се избегнува изработка на луксузни работи".[29]

Меѓу населението [illegible] борба се водела за снабдување со прехранбени производи. Тоа многу пати го признаваат и бугарските власти, и секогаш давале напатствија да се снабдува целокупното население" оти во секое време можат да дојдат потешки денови. Да дојде и борба".[30] На охридските бозации во 1943 година им е доделено 1 000 кг.брашно, но тие успеале преку врски од битолскиот млин"Драгор" да купат уште 6 000 кг. по цена од 6 лева за 1 кг.[31]

Покрај другите давачки, од 1 јануари 1944 година занаетчиите биле должни да даваат и годишен "специјален" данок на државата. Неговата висина била одредена процентуално

./.

на редовните даноци. Оние лица што не плаќале данок требало да даваат само 60 лева, а пак граѓаните што плаќале данок од 200 до 30 000 лева требало да плаќаат посебни давачки од 160 до 2 000 лева.[32] Исто така, во 1944 година издадена била уште наредба со која сите занаетчии се задолжуваат за"настраданите занаетчии од бомбардирањето во бугарските градови" да даваат посебни средства од 30 лева и тоа за три години наназад.[33] Значи, давачките на бедните занаетчии уште повеќе им се зголемиле. Дека охридските занаетчии немале што да работат, ако навреме не добиеле определени количини суровина, зборуваат и многуте интервенции на Општинското, занаетчиското здружение до занаетчиските клонови во Софија и тоа скоро за сите охридски занаетчии, при тоа наведувајќи што и колку е потребно за секоја занаетчиска дејност, молејќи ги што побрзо да ги снабдат.[34]

Преку здруженијата на занаетчиите бугарската власт многу пати наредувале да внимаваат во трошењето на суровини, да не"изработуваат луксузни" работи и непотребните материјали да ги собираат и враќат назад, а за тоа ќе добиеле други суровини за поевтини пари. На пример, на шивачите им било определено со посебна наредба од кои материјали и каков квалитет ќе изработуваат поодделни видови облека за сите возрасти.[35] Охридските шивачи, но не сите, бидејќи немале средства, во почетокот на 1944 година собрале 122 000 лева за купување на материјали. За таа цел во Софија испратиле посебно лице кое ќе ги набави и донесе. Шивачите, образложувајќи кај власта за неопходните потреби од суровини, наведуваат дека во овој град пред војната годишно се изработувало околу 500 машки облеки, а во 1944 година на 200,пред

војната шиеле 19о фустани, а сега 11о итн. Ними годишно им требале следните материјали: сатен 5 ооо метра, канавац 7 ооо метра, вата 6 ооо метра, потенко платно 4 ооо метра, разни конци 1 2оо ооо метра, обично платно 7 ооо метра и друго.[36] Некои занаетчии, и покрај тоа што ги платиле однапред, суровините не ги добивале на време и биле доведувани во многу неизвесна и тешка положба, а особено во 1944 година. Затоа молбите и понатаму продолжувале, жалејќи се дека не можеле"да ги исхранат семејствата во денешното исклучително време".[37]

Добиените материјали ги делело занаетчиското здружение на сите занаетчии. Меѓутоа, во таа "игра" на распределба, имало доста неправилности и протекции. Начелно, прво секогаш се доделувало на постарите мајстори и тоа што повеќе, а сосем малку им давале на помладите. Поради тоа занаетчиите биле поделени на четири категории за распределба на стоките. Во првите две категории биле постарите занаетчии и им се доделувало 2о% повеќе материјали, заради кое многу пати помладите занаетчии се жалеле. Затоа во 1944 година била формирана посебна општинска комисија, која, наводно "правилно ќе ги дели суровините, а не тоа да го прави Управниот одбор на здружението, како што беше".[38]

Вакви и слични неправилности што биле присутни во целата земја ги има констатирано и Сојузот на бугарските занаетчии уште во 1943 година и во една наредба пишува: "Сосема неоправдано е едни од нашите колеги да се задоволни, а другите да стојат без работа и нивните семејства да бидат лишени од живот".[39]

./.

Положбата на занаетчиите се влоши уште повеќе во почетокот на 1944 година. Снабдувањето со суровини се отежна зашто Софија беше повеќе пати бомбардирана, се ближеше крајот на бугарската фашистичка окупација, иако ги правеше последните обиди да се одржи. Професионалните занаетчиски дирекции и понатаму на своите здруженија и членови им советувала"дека не треба никој да се вознемирува и никој да не помислува на лоши духови и при евентуалното бомбардирање од воздушен напад да се кријат".[40] Бугарската влада, гледајќи ја опасноста од нејзиното пропаѓање, како и големиот отпор на окупираното македонско население, отворено инсистирала преку здруженијата" да се внимава во работата на своите членови и здруженија и дека во нив треба поорганизирано да се делува",[41] бидејќи постоела опасност во одделни градови воопште да не ги почитуваат нивните наредби. Тоа се случувало и во Охрид, кон средината на 1944 година, кога престанало да работи и Општинското занаетчиско здружение.

Така, на еден своевиден начин за време и на оваа војна, некои занаетчии успеале подобро да се снајдат, но за тие три-четири години, колку што владееше бугарскиот окупатор, слободно може да се констатира дека ниеден занаетчија не успеал да се збогати, бидејќи занаетчиите не користеле туѓа работна сила.

./.

## б. Резбарското училиште за време на окупацијата

Во Охрид, покрај гимназијата, како средно училиште, продолжило да работи и резбарското занаетчиско училиште по име "Државно промишлено училиште". Бугарите во ова училиште, покрај изучувањето на резбарскиот и иконографскиот, вовеле и изучување на ѕидаро-фасадерскиот занает. Оваа идеја ја имал училишниот одбор уште во 1939/1940 година кога барал да се отвори "градежно одделение од причина што жителите од овие краишта се познати како одлични ѕидари, кои секоја година одат на печалба, не само во поголеми места во нашата зема, туку и во други земји, како во Бугарија, Романија, а ги има дури и во Америка".[42]

Бугарската окупаторска власт ова училиште свесно и плански уште повеќе го проширила и развила, наметнувајќи свој стил на работа. Во тоа, до некаде, имале и успех. Од прегледот на запишаните и завршените ученици,[43] се гледа дека во првата година(1941/42) биле многу ученици запишани, не мислејќи дека не ќе можат да најдат работа. Меѓутоа,друг излез немале и морале да се запишат во ова училиште.

Бројот на запишаните и завршените ученици во време на окупацијата може да се види од следниот преглед:

| Учебна година | К л а с о в и | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | | V | | VI | | VII | |
| | Запиш. | Пол. | Запиш. | Полож. | Запиш. | Полож. | Запиш. | Положени |
| 1941/42 | 22 | 20 | 6 | 6 | 1 | 1 | 4 | 4 |
| 1942/43 | 14 | 9 | 19 | 19 | 6 | 6 | 1 | 1 |
| 1943/44 | - | - | 9 | 9 | 19 | 19 | 6 | 6 |
| ВКУПНО: | 36 | 29 | 34 | 34 | 26 | 26 | 11 | 11 |

./.

Бугарските власти, со цел да имаат подобар успех во целокупната работа, при ова училиште поставувале нови, нивни, стручни учители. Во овој период, не како што беше пред војната со 5-6 учители, биле поставени и работеле повеќе од 13 наставници. Во училиштето се предавале 24 предмети: бугарски јазик, бугарска историја, отечествена географија, механика, дескритивна геометрија, слободно и декоративно цртање, конструктивно и градежно цртање, градежништво, моделирање, индустриски материјали, цртање по столарство, практична математика, материјално познавање на технологијата на дрвото, конструктивно знаење и цртање, перспектива,убаво пишување, технологија на боите, старобугарско и црковно писмо, физичко воспитување, пракса по градежништво, пракса по индустриско столарство, пракса по резбарство, пракса по иконографија и пракса по мебелно столарство. Во некои класови и одделенија, покрај стручните предмети, се учело и сметководство со книговодство, геодезија, графостатика, анатомија, калкулации, професионално законодавство, историја на уметноста, германски јазик и друго.[44]

Од Пиринска Македонија во Охрид 1942 година биле донесени 14 ученици за да ги изучуваат овие занаети. За нив дури обезбедиле и интернат. Но, од нив завршниот испит никој не го положил. Окупаторот ова училиште го има класифицирано како средно стручно. Меѓутоа, и покрај големите желби на бугарските "просветители", во овој период, ова училиште го завршиле само 11 ученици. Зависно од талентираноста на учениците и нивните желби уште во втората година ги делеле по отсеци. Најмногу биле запишани во резбарскиот отсек.

./.

Бугарските стручни учители имале свој стил, не само во учењето,туку и во практичната работа, со цел да ја прекинат традицијата на дебарската резбарска школа и да воведат стилизирана, бугарска резба. Поради тоа во Охрид биле донесени најдобрите професори и мајстори на резбарскиот и иконографскиот занает.[45]

За време на окупацијата редовно работело и Женското занаетчиско училиште.[46] Во овој период машките занаетчиски училишта во Охрид и Струга не продолжиле со работа.[47] Во 1943 година во Охрид бил отворен и работел двомесечен курс за изучување на разни занаети, како и подготвување за полагање на мајсторски испити. Курсот го завршиле 18 мајстори,[48] а биле пријавени и редовно го посетувале 7о занаетчии.[49]

Организацијата на власта во окупираната Струга била сообразена со албанската. Струшкиот крај, како потпрефектура, потпаднал под префектурата во Дебар. Окупаторската власт спровела цел систем на разни мерки за експлоатација. Населението од овој крај тешко било погодено и од воведувањето на давачки во натура, што биле својствени за време на отоманското феудално уредување. Правото за прибирање данок во натура окупаторските власти им довериле на свои проверени соработници, кои со вооружена придружба вршеле терор над населението.[5о]

Невработеноста и плачкањето на албанските качаци и банди, животот на населението го направиле уште понеснослив и потежок. Тешко живееле и струшките занаетчии. Тие, за разлика од охридските,во однос на продажба на своите производи,

биле во подобра положба. Имено, имале поголем и пoслободен пазар да ги пласираат производите, бидејќи границата спрема Албанија била "слободна".

Меѓутоа, прогонувањето, конфискација на недвижниот имот, разните политички и економски насилства, биле постојани за цело време на окупацијата против населението. Во такви услови и занаетчиите не можеле економски да се развиваат. Тие во двата града биле прогонувани и поради фактот што повеќето биле прогресивни, активни помагачи и учесници на народноослободителното движење. Многу занаетчиски работилници во двата града биле место за илегални состанци, договарања и врски на партиските организации на КПЈ. Кај нив многу повисоки партиски раководители, со [illegible], доаѓале и ги добивале понатамошните врски со градската партиска организација.[51] Голем број на занаетчии се вклучија со пушка во рака и во редовите на партизанските единици во борба против окупаторските и домашните издајници. Доста од нив и го положија животот за слободата на македонскиот народ.

XII-а


1. Чулиновиќ Фердо, Окупаторска подела Југославије,Београд, 1970, стр.592-593.
2. Чулиновиќ Фердо, цит.дело.стр.597.
3. Историја на македонскиот....цит.дело стр.284.
4. Трајче Грујоски, Битола,Битола,1971, стр.111.
5. ИА.Охрид,Општо занаетчиско управление Охрид(1941-1944) кутија 1,бр.50 од 14.4.1943.(Во следниот текст:ОЗУО).
6. Истото.
7. Истото. Записничка книга на Управниот одбор бр.2 од 21.9.19
8. Трајче Грујовски, цит.дело, стр.112.
9. Истото.
10. ИА-Охрид, ОЗУО,кутија за "Времени разрешенија".
11. Истото, Список на занаетчиски фирми од 1942-1944.
12. Истото.
13. Аноним, Задължителна застраховска за занаятчиитѣ ",Цѣлокупна България , Скопје, 20.8.1942.
14. ИА.Охрид,ОЗУО,-Список на занаетчиски фирми.
15. ИА.Охрид, ОЗУО,Буџетски книги.
16. Георгиевъ Мирчо, Професионалнитѣ организации въ България , София , 1943, стр.41.
17. Трајче Груевски, цит.дело, стр.113.
18. Закон за осигур вање на снабд вањето и регулирањс на ценит , Софи , 1941.
19. Трајче Груевски, цит.дело, стр.114.
20. Истото, стр.112.
21. Јаневъ Георги, Пет години Български занаѣтчиски сојуз, София,1942, стр.64-65.


./.

22. ИА,Охрид, ОЗУО, кут.1,бр.6о од 26.1о.1941.

23. Истото, бр.1оо од 22.11.1941.

24. Истото, бр.114 од 31.3.1942.

25. Мусаковъ А., Пълно занаятчийско ръководство по общата теория на калфински испит, София, 1946, стр.79.

26. ИА,Охрид, ОЗУО, Резолуција на I клон на Занаетчискиот сојуз за облекло-Софија, од 21.3.1943.

27. ИА,Охрид, ОЗУО, Наредба бр.3 од 1943.

28. Истото, бр.49, од 2.4.1943.

29. Истото, бр.117, од 29.6.1943.

3о. Истото, бр.192 од 3.2.1943.

31. Истото, бр.1966 од 25.6.1944.

32. Истото, Наредба бр.5о3о/61 од 29.12.1943.

33. Истото, Наредба бр.1о од 21.7.1944.

34. Истото, бр.755 од 13.6. и бр.577 ог 6.7.1944.

35. Истото.

36. Истото, Наредба, бр.59 од 11.5.1944.

37. Истото, Одговор по наредба бр.4 од 16.8.1944.

38. Истото, бр.32 од 4.5.1944.

39. Истото, Наредба бр.14о од 2.9.1943.

4о. Истото, Поверливо писмо бр.55 од 2о.1.1944 и Билтен бр.1 од 2.5.1944.

41. Истото, без број, од 26.5.1944.

42. АЈ,Београд, МТИ, фасц.1743, Извештај за прво полугоѓе, 1939/4о.

43. Средно уметничко училиште Скопје, Државно промишлено училиште Охрид (1941-1944), Записнички и главни книги.

44. Истото.

45. Усни искажувања на Нико Този,(52).

./.

46. Устни искажувања на Лујза Шајнова(83) и Марица Масинова (72)-учителка од Охрид.

47. Устни искажувања на Владо Ристески(72) учител од Охрид и Стефан Несторoски(54), професор од Струга.

48. ИА,Охрид, ОЗУО, без број, за 1943.

49. Савинова, К.П.Новини отъ Охридъ, Цѣлокупна Бѣлгария, од 1.4.1943.

5o. Илија Каланоски, Народноослободителна војна и револуцијата, Струга и Струшко,(монографија), Струга,197o,стр.89.

51. Усни искажувања на занаетчиитеучесници во НОБ: Иваноски Симон-слаткар, Перо Нанески-чевлар, Петар Чакар-чевлар, Петар Цигероски-чевлар и Јаќим Чакар-тенеќеџија.

Тред дел

# ЗАНАЕТЧИСТВОТО ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО
# (1945 - 1970)

## Глава тринаесетта

# ЗАНАЕТЧИСТВОТО ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО+

Развојот на стопанството во охридско-струшкиот регион по ослободувањето, во основа, ги има истите белези како и другото стопанство на НР Македонија, чија главна карактеристика и насока беше индустријализацијата. Фашистичките окупатори во двата града и по селата оставија урнатини и пустош. Целото население економски беше исцрпено. Стопанскиот хаос, што настана за време на окупацијата, наложуваше сите гранки одново да се организираат и во новите услови да отпочнат вистински нов живот. Занаетчиите почнаа да се здружуваат и да ги прифаќаат идеите и принципите на новата социјалистичка држава што се наоѓаше во обнова и изградба."Занаетчијата треба да стане друг човек и да придонесе за општото дело... Занаетчијата не треба да ги гледа само своите лични интереси,ами да се издигне и да ги гледа општите државни интереси"-пишува во циркуларното писмо управата на Занаетчиската комора на Македонија во 1945 година.[1]

Основните карактеристики на животот по ослободувањето се: неразвиено земјоделие, сосема малку развиена трговија и ситно занаетчиство, чија продуктивност на трудот била многу ниска, низок личен доход на сите жители, многу

---

+ Изнесените податоци од 1945-1970 година за развојот на занаетчиството, во основа, немаат претензии да дадат целосен преглед на развојот на оваа стопанска гранка. Овдека се изнесувани само некои покарактеристични и суштински моменти.

многу ниско просветно-културно ниво на населението, голема желба за творечка работа, организирање на новата народна власт и новото социјалистичко општество, што беше и нормално, а со тоа и создавање на нови човечки односи. Во првите години по војата владееше недостиг на сите стоки и имаше голема побарувачка на секакви производи. Во тој период производното занаетчиство, а особено во неразвиените стопански краеви, каков е и овој регион, играше голема улога во снабдувањето на разните потреби за локалниот пазар.

По војната, во двата града, општествената заедница вложуваше огромни напори за отстранување на општата стопанска заостанатост и неразвиеност. Како во целиот стопански живот, така и во занаетчиството требаше да се почне одново, бидејќи во повоените години стопанството ги носеше истите одлики, што беа наследени од минатото.[2]

За време на Втората светска војна и занаетчиството беше многу уништено. Според утврдените податоци, окупаторот во Југославија уништил околу 29 000 занаетчиски работилници или околу 19% од вкупниот број пред војната. Многу занаетчии и занаетчиски помошници го загубија животот,[3.] Меѓу паднатите борци и жртви на фашистичкиот терор во Народноослободителната борба се и 13 борци од Охрид и Охридско[4], 22 борци од Струга и Струшко, како и 107 ѕидари и општи работници од Струшко.[5]

Занаетчиството по ослободувањето се обновуваше и развиваше по нови развојни правци, што беа резултат на новите општествено-економски промени: уништување на капиталистичкото уредување и создавање на потребните услови за развој на социјалистичкото општество. Стопанисувањето на занаетчиството се вршеше во различни форми: државно, задружно и приватно. Основната цел на новото општество беше

./.

јакнење на државното и задружното и стеснувањето на индивидуалното занаетчиство. Во охридско-струшкиот регион во првите неколку повоени години најмногу се инвестирало, материјално и морално се форсирало државното и задружното стопанство поради фактот што не била создадена индустрија. Локалните органи на власта во сите предвидувања и планирања, општественото занаетчиство го имале на прво место во предвид,како да се развива и во кој обем. Во периодот од 1945-197о година во овој регион занаетчиството најмногу се ориентирало кон производствено занаетчиство, бидејќи немало развиена индустрија.[6]

Повоениот развој на целото стопанство, како и на занаетчиството, мина преку два развојни периода: административен, заклучно со 195о година и самоуправен. Општествените занаетчиски организации имале предимство во благовремено обезбедување со суровини, алати, предност за услуги и продажба. И економските инструменти спрема општествениот сектор биле прилично радикални. Тоа имало позитивен одраз за проширувањето на занаетчиските општествени работилници.[7] Периодот од 1951-196о година, во двата града, се карактеризира со концентрација и интеграција на малите занаетчиски организации во поголеми, со стремеж да прераснат во индустриски капацитети. Под притисок на новите економски и политички мерки, многу индивидуални занаетчии ги напуштиле своите работилници и се вклучиле во општественото занаетчиство.

До крајот на 195о година, општественото занаетчиство во својата работа и производство, се' уште не било

./.

способно да ги задоволи потребите на населението, што било, главно, резултат на: 1.ниска механизација и ниска техничка подготвеност; 2. недоволна стручност на занаетчиските кадрови; 3.организациона и комерцијална неподготвеност на занаетчиите, и 4.широки размери на бесправно работење на занаетчиите.[8]

Индивидуалното занаетчиство, во однос на опремата, снабденоста со суровини и другите услови за работа, се наоѓаше во уште полоша состојба. Таквите занаетчии, се' уште се служеа со примитивни алати, што биле наследени пред војната. Се разбира, повеќе од нив по неколку години почнаа да набавуваат некои современи алати и машини, а посебно кога донесените позитивни законски прописи овозможуваа да се развиваат и ја прошируваат својата дејност. Со развојот на одделни индустриски гранки во Охрид и Струга, особено по 1955 година, имаше позитивни последици и за развој на занаетчиството. Посебно е вредно да се изнесе и фактот дека од редовите на занаетчиите се регрутираа кадрови за индустријата, во која најдоа подобра егзистенција.

Меѓутоа, и покрај тоа што на занаетчиството локалните власти гледале како на последна стопанска гранка, а посебно во индивидуалниот сектор, највисоките државни раководители, често и во разни прилики, изнесувале дека покрај општественото, и индивидуалното занаетчиство е мошне важна стопанска гранка. Другарот Тито, зборувајќи за занаетчиството при донесувањето на Законот за првиот Петгодишен план, јасно и недвосмислено го истакна значењето и на индивидуалното занаетчиство:"Кај нашето занаетчиство постоеше

страв дека со донесувањето на Петгодишниот план и со зајакнатата индустријализација ќе биде ликвидирано. Таа опасност е излишна.До сега на занаетчиството што не му посветивме посебно внимание за снабдување со големи количини на суровини и алати, причината е во тоа што не можевме, а не што не сакавме (Подвлекол-ПМ)... Не запоставување и укинување на занаетчиството, туку негово вклучување во нашиот општ стопански план, помогнување, организирање во производствените задруги за што покорисно да би послужило во општиот стопански развиток на нашата земја, тоа е наша политика во поглед на занаетчиството и на тоа треба секој да се држи".[9] Преку грижата на занаетчиството се внимавало и на тоа во него да не дојде до експлоатација на туѓа работна сила.

а. Демографски движења

Со оглед на тоа дека човекот е најважен фактор на сите активности во својата средина, го изнесуваме движењето на населението, со цел да се воочи услужната дејност од занаетчиите, нивната потреба од постојан пораст, а посебно во условите на големиот индустриски развој и усилбите за издигање на животниот стандард на широките маси. Состојбата и динамиката на населението за поодделни период и подрачја во Регионот од 1944-1971 година може да се види од следниот преглед:[10]

(во 000).

| Подрачје | Број на жители по години | | | | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1944 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1948/71 |
| Охрид | - | 40,0 | 43,5 | 47,2 | 54,0 | 134,9 |
| Струга | 35,6 | 35,2 | 33,0 | 42,4 | 48,9 | 138,8 |

3 Во охридско-струшкиот регион од 1948-1971 година бројот на жителите е зголемен за 27 ооо. Но, во споредба со развојот на населението во Републиката, бројот на населението бележи бавно темпо, поради значајните емиграциони движења. Исто така, во овој регион е карактеристична и тенденцијата за опаднувањето на обемот и учеството на земјоделското население, кое, главно, се населува во градовите; Така, Охрид во 1961 година имаше 16 492, а во 1971 година 26 37о жители. Струга во 1961 година имаше 6 852, а во 1971 година 11 499 жители. Според тоа, развојот на занаетчиството во голема мера зависи и од развојот на целокупното стопанство, од општествениот и личниот стандард на населението, како и од нивната потрошувачка и потреба за секојдневна услуга во животот.

б. Општествено занаетчиство

Во изградбата на социјалистичкото општество, општественото занаетчиство (државно и задружно) зазема доминантен положај, а особено во неразвиените подрачја. Развиената ситна индивидуална занаетчиска дејност, што беше наследена до завршувавето на Втората светска војна, во условите за борбата против приватната сопственост, во охридско-струшкиот регион власта презеде мерки за создавање на државни и задружни занаетчиски претпријатија, во кои,главно, се вработувaa дотогашните самостојни занаетчии.

Масовното преминување на занаетчиите во општественото занаетчиство е резултат на високата свест кај дел од приватните занаетчии. Тие ги напуштија своите работилници, носејќи ги со себе и сопствените алати во социјалистичкиот сектор.

Од 1945-197o година во охридско-струшкиот регион работеле повеќе општествени занаетчиски работилници. За сите нив поодделно изнесуваме некои карактеристични податоци, по гранки, за бројот навработени во одделни години,дел на економски резултати и друго, со цел да се добие приближна слика на општественото занаетчиство.[11]

Метало-преработувачка гранка

1. Државното индустриско занаетчиско претпријатие"Марко Несторoски", Охрид, формирано е во 1949 година, а во 1951 година кон него, по наредба на Градската општина, се приклучени и други занаетчиски претпријатија. Основни дејности на сите приклучени занаетчиски работилници биле:

./.

изработка на железни кревети, разни други метални предмети за широка потрошувачка во семејствата, печатење и книговрзување, конфекција, столарски производи, изработка на чешли,домашна ракотворба и друго.Првите три години во него работеле 7о-1оо работници,а кон крајот на 1954 година повторно е извршена реорганизација и се формираат нови занаетчиски претпријатија по гранки.Од 1955 година ова претпријатие добива ново име - "Братство", во кое биле вработени 34 работници. Во следната година прераснало во индустриско претпријатие, чија главна дејност била производство на метални производи. Таа и ценденеска добро економски стои и се разви како современа фабрика под име Метална индустрија"Братство".[12]

2. Задружното претпријатие за услуги и поправка на земјоделски машини "Механика"-Охрид , е формирано на иницијатива од Околискиот задружен сојуз во 1953 година. Основната задача му била одржување и поправка на земјоделски машини што се употребувале во задругите. Од основањето до 1968 година, кога се приклучи кон Автотуристичкото претпријатие "Галеб" во него најмногу биле вработени до 24 работници.[13]

3. Претпријатието за лимарски, браварски и инсталатерски работи "Слобода"-Охрид, формирано било во 1956 година. Постојано било во проширување и економски подем. Во првите дветри години работеле 16-2о работници, а до 1964 година овој број се зголемил на 42 работници. На крајот од 197о година биле вработени 63 работници. Од 1968 година во "Слобода", има три главни групи на дејности: лимаро-браварски, градежни и трговија. Ова претпријатие работи и сега.[14]

./.

4. Бакаро-калаџиска задруга "Труд"-Охрид. Формирана е од Градскиот народен одбор на 11.4.1948 година, а е ликвидирана во 195o година. За сите три години биле вработени само 11 работници. Целата работа за изработка на разни бакарни предмети се изведувале рачно. Нивните производи ги пласирале преку Набавно-продајната задруга. Во неа, главно, биле вработени занаетчиите-калаџиите.[15]

Електротехничка гранка

1. Електричната централа и Градскиот водовод-Охрид,како заеднички занаетчиско-комунални служби, почнаа да работат уште од 1944 година. Така работеле до 1954 година. Од 1954 година Градскиот водовод спаѓа во групата комуналии, а Електричната централа во индустрија.[16]

2. Радио-центарот-Охрид - работи за поправка на радија. Работеше само три години (1957-196o). Вработуваше само тројца работници.[17]

3. Електричната централа село Песочан, е пуштена во производство 195o година. Самостојно работеше се' до 1952 година, кога се интегрира со "Електричната централа" во Охрид.[18]

4. Електричното претпријатие"Светлост"-Струга, формирано е во 1949 година. Покрај одржување на струјата, врши инсталации во приватен и државен сектор. Од 1954 година спаѓа во групата на индустрија.[19]

5. Инсталатерското претпријатие за водовод и канализација од пластични производи"Полет"-Охрид работело две години (1958-196o). Вработени биле само пет работници.[2o]

./.

6. Електричниот сервис"Универзал"-Струга, работел од 1961-1964 година. Вработени четири работници.[21]

Х е м и с к а   г р а н к а

1. Занаетчиското претпријатие за бисер и стаклена галантерија "Охридски бисер", работи од 1955 година. Две-три години произведува вештачки бисер, а потоа се ориентирало на изработка на сувенири од метал. Во 1961 година ова претпријатие прераснува од занаетчиско во индустриско, под име "Езерка". Работи и денес.[22]

2. Чешларското занаетчиско претпријатие "Нада Филева"-Охрид, формирано е во 1949 година. Вработени биле четири работници, а во 1951 година се припои кон Државното занаетчиско претпријатие "Марко Несторoски".[23]

Г р а д е ж н а   г р а н к а

1. Градежното занаетчиско претпријатие"Горица"-Охрид, работело само една година (1947-1948).[24]

2. Градежното занаетчиско претпријатие"Галичица"-Охрид, работело од 1949 до 1956 година.[25]

3. Градежно занаетчиско претпријатие "Изградба"-Охрид, работело само две години (1955-1956).[26]

4. Градежното занаетчиско претпријатие"Фасадер"-Охрид,формирано било во 1957 година. Во првата година биле вработени 3о работници, а потоа, се проширува на 1оо-15о работници. Во 196о година добива ново име "Трудбеник". Тоа во Охрид денес е едно од економски најјаките градежни претпријатија.[27]

./.

5. Градежната занаетчиска задруга "Искра",село Косел,формирана била во 196о година. Просечно годишно врабоувала 15-2о работници. Во 1965 година, поради лошо економско работење, се интегрира со Градежното претпријатие "Трудбеник".[28]

6. Станбената задруга "Иднина"-Охрид, е формирана во 1958 година од група граѓани, со цел да изградат сопствени станови. Работела се' до 1961 година, кога е и ликвидирана. Годишно вработувале 37-51 работника.[29]

7. Комуналното услужно занаетчиско претпријатие"Слоѕа"-Охрид под името "Станбена заедница"работи уште од 1954 година, чија задача била да се грижи за одржување на изградените општествени станови. Од 1962 година го добива името "Слога" и во своите дејности се проширува и отвора повеќе занаетчиски сервиси, како што се: молерски, хемиско чистење,градежни работи и друго. Во различни години биле вработени 15-47 работници. Во 1968 година се интегрира со Заводот за урбанизам и архитектура.[3о]

8. Градежно занаетчиско претпријатие "Дримкол"-село Вевчани, Струшко. Формирано било од група ѕидари од истото село на 8.1.1957 година. Во првата година биле вработени 38о работници(ѕидари, терацери, гипсари, фасадери и други), а во наредната година 4о7 работници. Бројот на вработените секоја година се зголемувал и во 197о година изнесува 1 ооо работници. Постојано се проширува и економски се развива. Организационата и стручна работа е на завидна висина. Има сопствени градилишта во Скопје, Битола и Белград. Во основа, успехот лежи на вредните фасадери и ѕидари-Дримколци, чија стручна работа и квалитетност се познати уште одамна и надвор од нашите граници.[31]

./.

9. Градежно услужно занаетчиско претпријатие"Вевчани", Струшко. Работи од 1966 година. Формирано е како конкурент на "Дримкол", но истото со својата работа поради слабата организација не се проби добро на пазарот. Вработува 15о-2оо работници. Двете градежни претпријатија од село Вевчани изведуваат работи низ целата земја. Ликвидирано е во 1971 година.[32]

1о. Градежното занаетчиско претпријатие "Илинден"-Скопје, Погон-Струга, е најмладо претпријатие. Формирано е во 1969 година. Меѓутоа, претходно, како посебен градежен погон, работи заедно со Водостопанското претпријатие од Струга. Изведува работи, претежно, во струшкиот крај.[33]

П р е р а б о т к а н а д р в о

1. Ателје за уметничка резба "Андон Дуков"-Охрид.Народниот одбор на општината Охрид, со желба да ја продолжи традицијата на резбарскиот занает, односно уметност, во 1947 година го формирал ова претпријатие. Во него работеле два погони: резбарски и столарски. Вработените резбари своите знаења и виртуозност ја изразија во изработка на низа резбарски предмети и пред широката јавност добија големи признанија. Во периодот од 1949-1958 година при изградбата на повеќе хотелски објекти дел од нивното ентериерско уредување го вршеа охридските резбари, како што се хотелите "Орце Николов", "Палас" и други. Од посебна трајна важност се изработените кабинети, тавaници, столбови, фотелји, маси, разни украсни

./.

предмети и сувенири, к и денеска, покрај големата експанзија на современите намештаи и опреми, ги красат кабинетите на многу канцеларии, фоајеа и домови во Белград, Охрид, Скопје и други места во нашата земја. Голем дел на работни кабинети и други предмети од длаборез, се продадени во: САД, Англија, Германија, Турција, Етиопија, Ирак, Франција и други земји. Меѓутоа, и покрај големото значење за развојот и улогата на резбарството, охридските резбари не беа во можност да обезбедат егзистенција во новосоздадените услови за стопанисување. Специфичноста во изработката на резбарските предмети наметнува потреба процесот на производството да трае подолго време. Тоа, пак, доведуваше до знатно ангажирање на обртни средства и оптеретување со камати и други трошоци што ја зголемуваа цената на чинењето и ја лимитираа потрошувачката на резбарските производи како на домашниот така и на странскиот пазар. Поради тоа секоја година претпријатието покажуваше негативни финансиски резултати и затоа во 1962 година се донесе заклучок да биде ликвидирано.[34] Бројот на вработените работници, главно, во годината се движел од 30-54 работници. При крајот, во последните години, биле вработени 41 работник.

Ателјето за уметничка резба, долги години беше предмет на посебно внимание и интерес пред широката јавност. Немаше државна делегација или наши повисоки раководители кога ќе дојдеа во Охрид, а да не ги посетат охридските резбари. Него го посети и другарот Тито во 1957 година и во книгата за впечатоци забележа: "Мислам дека оваа уметност

./.

е од голема вредност за нашата земја и многу сум задоволен што имав прилика лично да ги видам творечките способности на нашите работници".[35]

Со ликвидирањето на Ателјето, голем број на охридските резбари се преориентира на други гранки, претежно како столари, а некои ја продолжија својата работа. Повеќе резбари неколку години работеа во Народниот музеј во Охрид, со цел да изработуваат сувенири, а од 1967 година беа ангажирани за изработување на резбарски предмети од некои трговски извозни претпријатија од Скопје, но и тоа не се покажа практично, бидејќи не им се обезбедија добри услови за работа. Повеќе резбари, поради старост, отидоа во пензија, а останаа да работат уште четворица. Подмладување воопште нема и може во скорешна иднина овој редок занает сосема да исчезне.

Проучувајќи го досегашниот тежок развоен пат на резбарството, потребата, сегашната положба и идните можности за понатамошен развој на ова уметничко занаетчиско творештво, доаѓаме до заклучок дека општеството е должно што побрзо да преземе мерки со цел да се обезбедат соодветни услови за понатамошно продолжување на оваа дејност.

Ако се сака да се постигне успех и да се продолжи векот на охридската резба, потребно е да се отвори училиште за обучување на млади кадрови. Образовната институција може да биде самостојна или во рамките на гимназијата или Заводот за вработување.[36] За среќа, Охрид се' уште располага со стручни лица од оваа гранка и тие можат активно да се вклучат во стручно припремање на младите.

/.

Интересот за резбарските производи и сувенири во иднина ќе биде уште поголем зашто Охрид станува европски туристички центар. Завршените ученици од оваа образовна институција би биле значаен извор на стручни кадрови и за нашата дрвна индустрија, а посебно во охридскиот погон за обработка на дрво "Треска", чија производна програма се базира на производство на стилски мебел со елементи од резба што би претставувале единствени од ваков вид на југословенскиот пазар.

2. Државното занаетчиско претпријатие"Седми ноември"-Охрид е формирано во 1955 година. Во првата година биле вработени 2о работници. Негови главни производи биле: градежна столарија, мебел за домаќинства, канцелариска опрема, како и други предмети за широка потрошувачка. До 1965 година биле вработени 3о-58 работници, а до 197о година вработувањето се движи до 75 работници. И ова претпријатие има претрпено економски кризи, но самостојно ги има пребродувано и решавано. За растежот и зголемувањето на производството доволно зборуваат финансиските приходи, кои во 1957 година изнесувале 32 629 ооо (стари) динари, а во 197о година 2 511 ооо (нови) динари.[37]

3. Инвалидското занаетчиско производно претпријатие"Инзап", Охрид, е формирано во 1949 година. Изработувало, главно, столарски производи, чибуци, табакери, плетење на корпи, продажба и производство на благи и друго. Бројот на вработените годишно се движел 35-37 работници. Ликвидирано е во 1953 година.[38]

./.

4. Дрводелската занаетчиска работилница и градежни материјали "Феграп",Охрид, е формирана во 1947 година. Произведува столарија и мебел. Ликвидирана е во 195о година.[39]

5. Столарското занаетчиско претпријатие "Крсте Јон",Струга, е формирано во 195о година. Годишно биле вработени 15-24 работници. Поради неекономичност во работењето е ликвидирано во 1954 година.[4о]

Преработка на текстил

1. Претпријатие за домашна ракотворба и конфекција"Осми март" Охрид. Формирано е во средината на 1948 година кога група охридски шивачи нашле најдобра егзистенција на здружена основа, обезбедувајќи конфекциски производи за потребите на локалното население. Се занимавале и со изработка на народни везови. Во 1951 година, по наредба на Градскиот народен одбор и ова занаетчиско претпријатие се интегрира со "Марко Нестороски". Во 1955 година се формира ново конфекциско занаетчиско претпријатие под истото име. Во првите две - три години бројот на вработените бил минимален и се движел до 15 работнички. Секоја година бројот се зголемувал и во 196о година има 15о вработени, а во 1968 година, кога се интегрира со Индустријата за чадори "Зора",околу 2оо работници. Ова претпријатие економски било на завидна висина, а во последните години прерасна во Индустриски текстилен комбинат "Отекс".[41]

./.

2. Заводот за домашна ракотворба, Охрид, е формиран во 1955 година. Изработувале: кошници, теписи, ткаење на шалови, разни везови, како и други интересни предмети. Се работело по куќи - на СИЦ. На овој начин биле ангажирани, односно вработени преку 9о работници. Се ликвидирало во 1958 година.[42]

3. Јорганџиско - услужното занаетчиско претпријатие"Зора", е формирано во 1956 година, со задача да произведува јоргани и поправа чадори. Бројот на вработените работници додека било занаетчиско се движел 2о-42 работници. Во 1962 година прерасналo во индустриско претпријатие.[43]

4. Шивачко-производна кооперација"Трудбеник"-Охрид.На 4.2.1946 година е формирана од група на шивачи - задругари. Тие во кооперацијата ги внесле сите свои алати и материјали за работа. Ликвидирана е на 1.1.1948 година. За цело време биле вработени само 13 задругари.[44]

5. Шивачката кооперација"Македонија"-Струга е формирана од група на шивачи во 1946 година. Своите алати, машини и суровини шивачите ги вложиле доброволно и со нив долго време се служеле. Годишно, просечно, биле вработени 14-16 работници. Ликвидирано е во 1952 година.[45]

6. Занаетчиско производно услужно претпријатие"Единство"-

Формирано е во 1957 година. Во првата година биле вработени 21, а во 1961 година 39 работници. Во 1969 година оваа бројка се зголемува на 8овработени. И бројот на вработените зборува за економскиот развој. Ова претпријатие по својата занаетчиска дејност е универзално, бидејќи вработува: столари, шивачи, бравари, механичари, јорганџии,електричари, бербери, автомеханичари и други занаетчии.[46]

./.

Прехранбена гранка

1. Градско производно претпријатие "Жито Македонија"-Охрид.

Формирано е во 1946 година, под име "Исхрана". Првите години биле вработени 1о-2о работници, а од 1955 година, кога добива име "Славеј", бројот уште повеќе се зголемувал и во 196о година достигнал на 73 вработени работници. По оваа година прераснува во индустриско претпријатие.[47]

2. Задружната млекара и слаткарница"Славеј",Охрид, е формирана во 1955 година. Во неа, просечно, годишно биле вработени 1о-15 работници. Ликвидирана е во 196о година.[48]

3. Здруженото претпријатие "Месар"-Охрид е формирано во 1957 година. Работи се' до 1962 година кога се интегрира со Трговското претпријатие "Охридска пастрмка". Вработувал 2о-25 работници.[49]

4. Занаетчиското претпријатие "Здравје"-Охрид, работело само во 1958 година и тоа како производител и преработувач на млечни производи. Припоено е кон млекарницата во село Долно Лакочереј. Вработувале 9 работници.[5о]

5. Занаетчиското претпријатие сода-вода"Лимон",Охрид, е формирано во 1957 година, а се ликвидира во 1959 година. Биле вработени само тројца работници.[51]

6. Занаетчиското пекарско претпријатие"Исхрана",Струга, почнало да работи во 1953 година, а во 196о година се приклучило кон "Струшка трговија". Годишно вработувало околу 1о работници[52].

./.

7. Занаетчиското трговско претпријатие"Снабдител",Струга, е формирано во 1953 година, а со "Струшка трговија" се интегрира во 1961 година. Покрај со трговија, се занимавало и со производство на леб. Вработувало 15-27 работници.[53]

8. Занаетчиското пекарско претпријатие"Жито-леб",Струга, е формирано во 1953 година. Во првите две - три години биле вработени 6-1о работници, а од 1959 година 31 работник. Покрај преработувањето на житни производи, се занимавало и со трговија. Во 1966 година се приклучило кон "Струшка трговија".

9. Занаетчиското месарско претпријатие"Бело јагне",Струга, отпочнало со работа во 1953 година, со задача набавка и продажба на месни производи. Вработувало 4-1о работници. Ликвидирано е во 1959 година.[55]

П р е р а б о т к а н а к о ж а

1. Чевларската задруга"Илинден"-Охрид е формирана од група индивидуални мајстори - занаетчии уште во 1945 година. Таа во Охрид е и прва задружна занаетчиска организација, во која заеднички ги изработувале производите и заеднички ги делеле средствата, односно приходите. Во првата година, на основачкото собрание, со сопствените алати во задругата пристапиле 12 чевлари. Сами вршеле набавка на суровини, изработка, поправка и продажба на чевли. Почнале во една сосема мала работилница, без навика за заедничка работна дисциплина, без некое големо искуство во трговијата, како и во распределбата на остварената заедничка печалба. Во својата работа, покрај многуте тешкотии што се јавувале, во наредните години

./.

охридските чевлари биле упорни и амбициозни и целосно успеале да ги совладат. За тоа зборува и податокот дека оваа задруга остана да работи до денешни денови, иако во градот има повеќе од десетина продавници на фабрички чевли.

Само во 1954 година имала тешка економска криза. Тогаш нивните чевли малку биле барани и работниците примале намален доход и до 60%. Секоја година работеле плански. Во повоените "ударнички" години овој мал колектив производните планови ги натфрлал дури и до 128,9% повеќе од планираното, а со тоа и финансиските приходи се зголемувале и за 149%. Таков бил случајот во 1950 година.[56] Чевлите од охридските мајстори се продавале низ целата земја.

Бројот на вработените работници, може да се рече, секогаш бил еднаков, со мало намалување или зголемување во годината. Така, од 1945-1950 година годишно биле вработени 12-42 работници, од 1951-1960 година 40-45 работника, а од 1961-1970 година бројот на вработените се движел 45-32 работници. Очевидно е дека во последните години бројот на вработените се намалува. Оваа задруга е единствена што и плански се грижи за подмладување на занаетчиските кадри, примајќи ученици за изучување на занаетот. Во Задругата, од основањето до 1970 година вработени биле 135 работници-чевлари, од кои 46 биле нивни ученици. Од нив 20 занаетчии својата пензија ја добиле преку работа во задругата. Голем број на други занаетчии-чевлари се преквалификувале и нашле работа во други стопански гранки и служби.

Секоја година и финансиските резултати биле се' поголеми. Само за илустрација, напоредно ќе го изнесеме податокот за две години: во 1955 година бил остварен бруто производ од 11 765 198 (стари) динари и произвеле 2 993 нови чивта чевли. Просечните месечни примања по работник изнесувала 8 862 ст.динари. Во 1969 година произвеле 13 027 чивта чевли и оствариле годишен бруто производ од 1.755 806,.. (нови) динари, додека просечните месечни примања по работник изнесувале 709,47 (нови)динари.[57] Општествената заедница никогаш не била ставена во дилема и искушение од оваа задруга, како со другите занаетчиски претпријатија. Задругата за успешните остварувања е добитник на повеќе општински, републички и сојузни награди и одликувања.

2. Чевларската занаетчиска задруга "Први мај",Струга, е формирана од група индивидуални стружки чевлари во 1946 година. Во просек годишно биле вработени 33-46 работници. Ликвидирана е во 1952 година.[58]

## Графичка гранка

1. Печатницата и книговезницата "Коста Абрашевиќ",Охрид почнала да работи во 1948 година. До 1951 година работеле тројца мајстори и пет ученици. По наредба на Градскиот одбор, во 1951 година се соединила со сите занаетчиски претпријатија. Во 1955 година се одвоила и се формирала нова графичка работилница, во која следната, 1956 година биле вработени 34 работници. Од почетокот на 1957 година спаѓа во групата "индустрија".[59]

./.

## Услужни гранки

1. Занаетчиското набавно продајна задруга"Петре Чауле", Охрид, е формирана со цел сите занаетчии од индивидуалниот и општествениот сектор подобро да бидат обезбедени со суровини за секојдневна работа. Всушност задругата е формирана од сите занаетчии-задругари во градот во 1947 година. Во задругата, во 1948/49 година членувале 187, а во 1950 година биле 194 задругари. Оваа задруга, не само што ги снабдувала занаетчиите со суровини, туку и го определувала и планското производство за одделни занаетчиски производи што биле неопходни за месното население, почнувајќи од чевли, конфекција, до домашен мебел. Ликвидирана е на 20.12.1950 година.[60]

2. Берберската задруга "Нов Живот",Охрид, е формирана во 1948 година. Таа и денеска работи. Вработеноста е, скоро, иста во сите години. Се движи од 8-11 вработени работници. Неколку години беше во криза, но сега успешно ја врши својата работа. Има три работилници: две бербернициі и еден женски салон.[61]

3. Берберската занаетчиска задруга "Боро Шаин"-Струга е формирана во 1949 година. Годишно вработува 14-16 работници. Ликвидирана е во 1952 година.[62]

4. Самостојното фотографско ателје"Искуство"-Струга, е формирано во 1958 година. Вработувало 4-5 работници. Ликвидирано е во 1962 година.[63]

./.

Ако извршиме преглед на општествените занаетчиски претпријатија по гранки и на секои пет години, кога биле основани и ликвидирани или припоени, за двете општини, ќе ги забележиме следниве измени:

Преглед

На општествените и задружните занаетчиски претпријатија во Охрид и Струга од 1945 - 197o година.

| Занаетчиски гранки | 1945-195o | | 1951-1955 | | 1956-196o | | 1961-65 | | 1965-197o | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Охр. | Стр. | Охр. | Стр. | Охр. | Стр. | Охр. | Стр. | Охр. | Струга |
| Металопреработув. | 2 | - | 2 | - | 2 | - | 1 | - | 1 | - |
| Електротехничка | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | - | - | - |
| Градежна | 2 | - | 2 | - | 5 | 1 | 4 | 1 | 2 | 3 |
| Хемиска | 1 | - | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Прераб.на дрво | 3 | - | 2 | 1 | 2 | - | 2 | - | 1 | - |
| Прер.на текстил | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Прехранбена | 1 | - | 1 | 4 | 5 | 4 | 3 | 1 | 1 | - |
| Прераб.на кожа | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | - | 1 | - | 1 | - |
| Графичка | 1 | - | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Услужна | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | - |
| Се во Охрид и Струга: | 15 | 4 | 14 | 9 | 23 | 7 | 13 | 7 | 6 | 4 |
| Или вкупно за двете општини: | 19 | | 23 | | 3o | | 18 | | 1o | |

Потребно е да се изнесе и податокот дека во метало-преработувачката гранка не се внесени задружните занаетчиски претпријатија. Тоа, во основа, се однесуваат на ковачите. Тие повеќе работеле во селски работни задруги, а биле формирани во периодот од 1948-195o година. Во овој регион тогаш биле регистрирани 17 ковачки задруги.[64] Занаетчиските задруги во новата економска општествена структура покажале многу слабости, поради што и морале да бидат брзо ликвидирани.[65]

./.

Од изнесените бројни податоци за одделни години, вкупно се внесени општествените и задружните занаетчиски организации и се гледа дека државното занаетчиство, во споредба со индивидуалното, првите години се развивало со побрзо темпо. Од изнесениот преглед се гледа дека во периодот од 1945-1950 година општествените занаетчиски претпријатија брзо се формирале, меѓутоа и многу брзо се ликвидирале, што е, во основа, резултат на нивната слаба организациона, техничка, економска сила, како и од брзите стопански промени што настанувaa во социјалистичкото општество. Многу претпријатија работеле одедна до три години. Од формираните задружни занаетчиски претпријатија во периодот од 1945-1970 година, односно до денешни денови, во Охрид останаа Чевларската задруга "Илинден" и Берберската задруга "Нов живот", а во Струга ниедно.

Сите занаетчиски претпријатија во двата града немале поволни услови за работа. Ретко некои од нив располагале со соодветни добри простории и алати за нормален и усовршен технолошки процес. Алатите и машините со кои се служеа беа застарени, а за обнова на нови не беа инвестиционо способни. И така, постојано се движеа во ист круг, без некој подем поради што доаѓаа до ситуација и до брзо ликвидирање. Тоа беше карактеристично до создавањето на комуналниот систем, кога општините беа повеќе заинтересирани да го развијат локалното стопанство.

./.

Треба да се истакне и тоа дека градежните занаетчиски претпријатија изведуваат занаетчиски услуги низ целата земја и надвор од неа, чии материјални остварувања се мошне позитивни, а посебно на градежните претпријатија "Трудбеник" и "Дримкол". Во шеесетте години текстилните и дрводелските претпријатија станаа индустриски, а само десет занаетчиски претпријатија се останати во Охрид и Струга до 1970 година.

Од делумно изнесените податоци за вработеноста, се гледа дека била релативно мала. Во почетокот биле вработувани од 5-30 работници, а подоцна овој број се зголемувал. Во некои години биле вработувани и до 100 работници, додека во градежништвото вработеноста е многу поголема, што е и нормално за овој регион. Вработеноста на занаетчиите во општествениот и задружниот сектор во Регионот, се гледа и од следниве податоци:[66]

| 1950 год. | 1951 год. | 1952 год. | 1953 год. | 1954 год. | 1955 год. | 1956 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 321 раб. | 287 раб. | 206 раб. | 227 раб. | 220 раб. | 297 раб. | 266 раб. |

Изнесените податоци за бројот на вработеноста на работниците-занаетчиите зборуваат дека се во опаѓање, а во последните години во постепен пораст. Тоа го потврдува и податокот дека на крајот од 1956 година во СР Македонија биле вработени 8 037, а во 1968 година 13 787 работници во општествениот сектор или 72% повеќе.[67]

Прашањето за разграничувањето помеѓу занаетчиството и индустријата се провлекува и до денеска. Тоа доаѓа до израз кога некои државни занаетчиски работилници сакаат

да користат инвестициони средства за развој, како и за избегнување на поголемите општествени давачки. Имено, во сите економски државни инструменти занаетчиските организации користеле посебни "привилегии" и затоа покрај спомнатите причини, голем дел од нив повеќе години ќе бидат "неутрални" помеѓу занаетчиството и индустријата, каков што е случајот со: текстилните, електричните, прехранбените и други занаетчиски гранки. Тоа особено ќе биде очевидно по создавањето на комуналниот систем. И затоа општините овие работни организации ги сметаат за ситна индустрија, а само формално занаетчиски. Под форма инвестиции во занаетчиството, вршеле инвестиции во индустриски капацитети.[68]

Од под тоците се гледа и тоа дека повеќе пати се вршени доста големи измени и во занаетчиството: ликвидирање, интегрирање и дезинтегрирање, со цел само да се најде подобра економска оправданост. Вршени се групирања на одделни занаетчиски гранки за да се создадат поефикасни организации, со подобра кадровска и техничка опрема, способни да ги прошируваат своите дејности и да ги користат инвестиционите вложувања. Тоа повеќе е карактеристично во градежништвото, текстилните и прехранбените занаети. Во рамките на станбените заедници се формираат разни сервисни занаетчиски служби, но и тие се покажаа како неекономични, бидејќи сите фабрики за одржување на своите производи за широка потрошувачка имаат формирано свои сервисни служби, чии дејности и постепен развој во овој регион ќе бидат присутни, посебно по 1960 година, кога "белата индустрија" и телевизиските апарати ќе влезат како редовен и неопходен производ

./.

во секое семејство. И затоа занаетчиството"треба да се третира само почеток на нешто ново, како почеток на една модерна индустрија за услуга".[69]

Оттука, во охридско-струшкиот регион, скоро, 15 години по ослободувањето беше развиено производното занаетчиство, кое по сила на новите брзи економски промени, мораше да го отстапи местото на индустријата-иднината за подобар стопански развој на Регионот.

XIII-а

1. Историски архив Охрид, Занаетчиски здружение Охрид (1945-1962), кут.1, бр.3 од 5.7.1945.(Здружението носи име и 'Околиска занаетчиска комора").

2. Радовановиќ Милија, Развој привреде ФНРЈ, Београд,1956, стр.32о.

3. Архив на Македонија, Занаетчиска комора на Македонија-Скопје, Статистички подаци за занаетчиството на НРМ на крајот за 195о година.

4. Народен музеј, Картотека на паднати борци во НОБ во Охрид и Охридско.

5. Паднаа за слободата,(Зборник на паднати борци во НОВ од Струга и Струшко), Струга, 1973.

6. Радосавлевиќ Мишко, Положбата на занаетчиството и неговите перспективи, "Преглед", бр.5-6, Скопје, 1959.стр.1оо.

7. Архив на Македонија-Скопје, Занатска комора на Македонија, Извештај за работата на 1956/57, стр.13.

8. Истото, Анализа за развојот на занаетчиството во 195о.

9. Тито, Говори и чланци, кн.II.Загреб, 1959,стр.52-53. (Цитат по Др.Алексиќ Предраг, Лични рад у социјализму, Београд, 1973.стр.1о2-1о3.

1о. Завршен извештај на регионално-просторниот план во охридско-преспанскиот регион, кн.I, Охрид, 1973, стр.72.

11. Историски архив - Охрид;

а. - Занаетчиска комора Охрид (1945-1962);

- Занаетчиска комора Струга(1945-1962);

./.

- Досија-картотека со историски белешки на работните организации од 1945-1970 година.

б. - Завод за статистика Охрид(Статистички билтени за занаетчиите)

в. - Собрание на општина Охрид-Одделение за стопанство и финансии;(1957-1970)

г. - Собрание на општината Струга-Одделение за стопанство и финансии(1957-1970).

д. - Службени весници на СРМ (1945-1970).

(Главно, користени се: анализите, извештаите за работа, елаборати, годишни статистички извештаи и друго).

12. Истото.

13. Истото.

14. Истото.

15. ИА.Охрид, Бакаро-калајџиска задруга(1948-1950)Охрид.

16. Види фуснота 11.

17. Истото.

18. Истото.

19. Истото.

20. Истото.

21. Истото.

22. Истото.

23. Истото.

24. Истото.

25. Истото.

26. Истото.

27. Истото.

28. Истото.

29. Истото.

3о. Истото.

31. Истото

31. Истото.

32. Истото

33. Истото.

34. ИА-Охрид, Ателје за уметничка резба(1947-1962) Охрид.

35. Собрание на општината Охрид-Одделение за стопанство, Кратка информација за Ателјето за уметничка резба во 1961.

36. Истото, Барање за отварање на Резбарско училиште во Охри во 1973.

37. Истото, Анализа за работата на Столарското претпријатие "7 ноември" за 197о.

38. ИА-Охрид, Инвалидско занаетчиско претпријатие"Инзап"-Охрид.

39. Види фуснота 11.

4о. Истото.

41. Истото.

42. Истото.

43. Истото.

44. Истото.

45. Истото.

46. Истото.

47. Истото.

./.

48. Истото.

49. Истото.

5о. Истото.

51. Истото.

52. Истото.

53. Истото

54. Истото

55. Истото

56. Аноним, Рефизијом норми и увођенем бригадном система задруга "Илинден" премашила план у првој декади маја, "Наше занатство", Београд, бр.5.195о.

57. Кондурациска задруга "Илинден"Охрид, Годишни извештаи од 1945-197о.

58. Види фуснота 11.

59. Истото.

6о. ИА-Охрид, Занаетчиско набавно продајна задруга"Петре Чауле"(1947-195о).

61. Берберска задруга "Нов живот"Охрид, Годишни извештаи од 1949-197о).

62. Види фуснота 11.

63. Истото.

64. Д-р Панче Кироски, Охридска-струшка област, Скопје,1959, стр.276.

65. Архив на Македонија-Скопје, Занаетчиска комора на НРМ, Извештај за работата за 1952.стр.11.

66. ИА-Охрид, Народен одбор на Охридска околија(1944-1965), Анализа за положбата на занаетчиството во Охридска околија за 1957.(Не е среден).

./.

67. Мандић Елвира, Концепција дугорочног развоја Социјалистичке Републике Македоније, - део Занатство, Београд, 197о; стр.5.
68. Д-р Алексић Предраг, Лични рад у социјализму,Београд, 1973, стр.1о6-1о7)
69. Едвард Кардељ, Проблеми услужних делатности,"Комуна", бр.5, 196о, стр.5.

## в. Развој и положба на индивидуалното занаетчиство (1945 - 1951)

Развојот на индивидуалното занаетчиство во нового период не се развива рамномерно. Во некои години и периоди осцилира, опаднува, се проширува, што е резултат на разни услови за занаетчиското стопанисување, а во основа, зависно и од ставовите и политиката на општествената заедница, како и од многубројните економски фактори што го диктираат развојот на целото стопанство.

Со Повелбата на Президиумот на АСНОМ од 31.III. 1945 година,[1] со сосема мали измени, е ставен во сила Законот за работниците од 1931 година. Со оваа одлука е речено дека сите индивидуални занаетчии кои работеле и што имале регистрирано фирми пред и за време на војната, можеле пак да ги регистрираат и продолжат со работа во Демократска Федеративна Југославија. Меѓутоа, и покрај дадените можности, занаетчиите не ги регистрирале и пријавувале своите фирми, плашејќи се и не знаејќи во каква економска положба ќе се најдат во новото општество. Иако охридско-струшките занаетчии беа ситни производители, без да поседуваат некои големи капитали или да вршат експлоатација на туѓа работна сила, сепак, во нив се гледало со извесна недоверба и страв со шпекулации, поради големите потреби за населението, неоправдано да доаѓаат до лесни печалби. Затоа занаетчиите се нашле во доста тешка положба.

Од прибраните податоци за движењето на индивидуалните занаетчии во двата града, за време на таканаречениот административен период, може да се добие ваква слика:[2]

./.

# П Р Е Г Л Е Д

На индивидуалните занаетчии во Охрид и Струга од 1945 - 1951 година

| Занаетчиска дејност | Години | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1945 | | 1946 | | 1947 | | 1948 | | 1949 | | 1950 | | 1951 | |
| МЕТАЛОПРЕРАБОТУВ. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. |
| 1. Бравари | 3 | - | 4 | 2 | 3 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 4 | 2 | 4 | - |
| 2. Часовничари | 4 | - | 4 | 1 | 4 | 2 | 4 | 3 | 4 | 3 | 5 | 2 | 5 | 3 |
| 3. Водоинсталат. | | | | | | | | | | | | | 1 | |
| 4. Казан-калајџии | 3 | - | 3 | 3 | 5 | 3 | - | 3 | - | 4 | 3 | 3 | 4 | 6 |
| 5. Кујунџии | 1 | - | 1 | 3 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 7 | 2 | 7 |
| 6. Тенекеџии | 3 | - | 5 | 5 | 6 | 5 | 2 | 5 | 2 | 5 | - | 6 | 3 | 8 |
| 7. Механичари | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | - | 5 | - |
| 8. Ковачи | 8 | - | 9 | 7 | 9 | 6 | 9 | 6 | 10 | 7 | 15 | 8 | 16 | 23 |
| 9. Потковувачи | - | - | 2 | 5 | 4 | 5 | 4 | 6 | 2 | 6 | 2 | 8 | 6 | 6 |
| 10. Ножари | 2 | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - | - | - | 2 | - |
| 11. Пушкари | 2 | - | 2 | - | 2 | - | 2 | - | - | 2 | - | 2 | - | - |
| 12. Велосипедџии | 2 | - | 2 | - | 3 | - | 3 | - | 3 | - | - | - | - | - |
| 13. Електроинстал. | 2 | - | 5 | - | 2 | - | - | - | - | 1 | - | - | 2 | - |
| СЕ: | 30 | - | 42 | 25 | 42 | 28 | 28 | 29 | 29 | 32 | 34 | 36 | 52 | 53 |
| ГРАДЕЖНИ ЗАНАЕТИ | | | | | | | | | | | | | | |
| 1. Варџии | 3 | - | 3 | 1 | - | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | - | 1 | 4 | - |
| 2. Грнчари | - | - | - | 5 | - | 5 | - | 5 | - | 7 | - | 8 | - | 9 |
| 3. Молери | - | - | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 | |
| 4. Стаклорезци | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | |
| 5. Ѕидари | - | - | - | - | - | 7 | - | 5 | - | - | - | - | - | - |
| СЕ: | 3 | - | 4 | 6 | 1 | 13 | 3 | 11 | 1 | 8 | - | 9 | 6 | 9 |

./.

| ПРЕРАБОТ.НА ДРВО | 1945 | | 1946 | | 1947 | | 1948 | | 1949 | | 195o | | 1951 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. | Ох. | Ст. |
| 1. Бочвари | 2 | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - | 3 | 3 | - | - | 1 | - |
| 2. Длаборезачи | 13 | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | 2 | - | 2 | - |
| 3. Колари | - | - | 3 | - | - | - | 3 | - | - | - | 3 | - | 3 | - |
| 4. Столари | 9 | - | 23 | 4 | 13 | 5 | 13 | 6 | 7 | 7 | 12 | 9 | 14 | 7 |
| 5. Наланции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - |
| 6. Чубукчии | 1 | - | 1 | - | 2 | - | 2 | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - |
| СЕ: | 25 | - | 28 | 4 | 27 | 5 | 19 | 6 | 11 | 1o | 18 | 9 | 23 | 7 |

| ТЕКСТИЛНИ ЗАНАЕТИ | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Капари | - | - | - | - | 1 | 2 | - | 2 | - | 1 | - | 2 | - | - |
| 2. Јорганџии | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 | - |
| 3. Шивачи(машки) | 25 | - | 23 | 7 | 27 | 14 | 27 | 14 | 26 | 8 | 35 | 17 | 36 | 3o |
| 4. Шив.нар.нос. | 3 | - | 3 | 6 | 3 | 7 | 2 | 7 | 2 | 5 | - | 5 | - | - |
| 5. Шивач.женс. | 2 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 6. Плетари | - | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - | 4 | - | 2 | - |
| 7. Волновлачари | 5 | - | 3 | - | 3 | - | 3 | - | 2 | - | - | 2 | - | - |
| СЕ: | 35 | - | 31 | 13 | 35 | 23 | 33 | 23 | 31 | 14 | 4o | 24 | 41 | 3o |

| ПРЕР.НА КОЖА | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Чевлари | 35 | - | 33 | 22 | 3o | 7 | 25 | 7 | 17 | 7 | 23 | 12 | 32 | 15 |
| 2. Опинчари | 7 | - | 4 | 3 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 3 | 6 | 3 | 9 | 3 |
| 3. Папучари | - | - | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| 4. Крп.на чевли | 17 | - | 17 | - | 13 | - | 12 | - | 11 | - | 11 | - | - | - |
| 5. Самарџии | 4 | - | 6 | 4 | 5 | 4 | 4 | 4 | 5 | 3 | 6 | 6 | 6 | 5 |
| 6. Сарачи | - | - | - | - | 5 | 1 | 5 | - | 5 | 1 | - | - | - | - |
| СЕ: | 63 | - | 6o | 29 | 54 | 15 | 48 | 14 | 39 | 14 | 36 | 21 | 47 | 23 |

./.

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕХР.ЗАНАЕТИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1. Цревари-колбас. | 3 | - | 1 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 2. Касапи | 6 | - | 1o | 1o | 6 | - | 1 | 8 | - | - | - | - | 6 | - |
| 3. Пекари | 14 | - | 24 | 6 | 17 | - | 14 | 5 | 1 | - | 4 | - | 6 | - |
| 4. Слаткари | 7 | - | 7 | 3 | 4 | 6 | 4 | - | - | - | - | - | - | - |
| 5. Содаџии | 1 | - | 1 | - | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | 1 | - |
| 6. Бонбонџии | - | - | 1 | 4 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 7. Леблебџии | - | - | - | - | 1 | 1 | 2 | 2 | - | - | - | 2 | 2 | - |
| СЕ: | 31 | - | 44 | 23 | 31 | 7 | 22 | 15 | 1 | - | 4 | 2 | 15 | - |
| **ПОПРАВ.НА РАЗН.ПРОИЗВОДИ** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1. Израб.на петл. | 1 | - | 1 | - | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2. Бисерџии | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4 | - |
| 3. Свеќари | 4 | - | 4 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 4 | - | 4 | - |
| 4. Бојаџии | 2 | - | 2 | - | 2 | - | 2 | - | 1 | - | 2 | - | 2 | - |
| СЕ: | 7 | - | 7 | 1 | 7 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 6 | - | 7 | - |
| **Други зан.услуги** | | | | | | | | | | | | | | |
| 1. Фодографи | 3 | - | 4 | 1 | 4 | 1 | 4 | 1 | 4 | 1 | 4 | 2 | 4 | - |
| 2. Бербери | 1o | - | 17 | 3 | 2o | 1o | 18 | 9 | 8 | 5 | 13 | 6 | 15 | 8 |
| 3. Фризерки | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | - |
| 4. Други занаети | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 9 | - | 1 | - | - |
| СЕ: | 13 | - | 21 | 4 | 24 | 11 | 22 | 1o | 12 | 6 | 26 | 8 | 22 | 8 |
| ВКУПНО: | 21o | - | 242 | 112 | 212 | 116 | 183 | 12o | 13o | 93 | 134 | 118 | 219 | 13[illegible] |

./.

Од изнесените податоци очевидно се изведува заклучок дека индивидуалното занаетчиство во овој период било во опаѓање и назадување во секој поглед. Во двата града во претходниот период тоа било многу побројно, што било и нормално. Споредувајќи ги податоците, се гледа дека бројот на регистрираните занаетчиски фирми од 1945-1951 година(во двата града) се движел, скоро, во секоја година подеднакво, со сосема мал пораст: во Охрид од 2о-3о, а во Струга од 1о-15 новоформирани работилници.

Тоа е резултат, пред се', на новата се' уште недиференцираната политика спрема индивидуалното занаетчиство, недостаток на законските прописи за работа на овие стопанственици, што им овозможуваат на народните одбори да заземаат различни ставови спрема нив. Покрај тоа, како основни причини за опаднувањето на занаетчиството се и следните:
1. На занаетчиството често се гледало како на луѓе кои се занимаваат со шпекулации и создаваат капиталистички односи, иако тоа во дадениот период тешко можело да се остварува, а и никој на тоа и не помислувал, најмногу зашто тешко се снабдувале со суровини и алати, како и цврсто одредени цени и други соодветни мерки. 2. Еден добар дел од индивидуалните занаетчии свесно или под притисок на народните одбори, гледајќи ја иднината во државното и задружното занаетчиство, подобра егзистенција нашле во здружувањето.
3. Многу пати органите на народната власт неправилно постапувале спрема занаетчиите, не се грижеа за снабдување со суровини, алати и разни материјали, а им одредувале високи давачки. 4. Голем број на занаетчии од двата града и села,

како ученици во Народната револуција, го изгубија животот.
5. Прогресивните и снаодливите занаетчии, борци за создавање на новото, социјалистичко општество, својата егзистенција ја нашле во други служби, а посебно во големата административна управа и во редовите на Југословенската народна армија. Со еден збор, индивидуалното занаетчиство се најде во лоша ситуација, што беше разбирливо за првите години по ослободувањето.

Еден од многу важните проблеми за развој на индивидуалното, а во исто време и општественото занаетчиство, беше снабдувањето со суровини. Набавно-продајните задруги и трговијата, прво го решавале проблемот на државните и задружните занаетчиски претпријатија, а потоа, ако останело нешто, ќе доделеле на индивидуалниот сектор. При распределбата на суровините од страна на повиканите органи на власта, повеќе пати се правеле и разни нечесни малверзации, т.е.некои занаетчии добивале суровини за работа, додека некои нивни колеги чекале со месеци. Занаетчиската комора на Народна Република Македонија, постојано ургирала да не се прават такви пропусти, давајќи напатствија и наредби. Така до сите занаетчиски здруженија пишува: "Распределбата на отпуштените материјали за нуждите на занаетчиите треба да се врши по најправеден и рационален начин. За да се постигне поправедното делење и се избегнат евентуалните недоразбирања со заинтересираниот Еснаф, народните одбори треба да го вршат распределението со содејствието и помошта на занаетчиските здруженија и кооперации... Отпуштените ма-

./.

теријали да се распределуваат како на занаетчиските кооперации, така и на индивидуалните мајстори - занаетчии".[3]

Распределбата на суровините требало да биде 50:50% или, во краен случај, 60 спрема 40% во корист на кооперативното занаетчиство. Меѓутоа, наредбите биле едно, а праксата друго. Во охридско-струшкиот регион посебни тешкотии имале оние занаетчии кои изработувале специфични производи, што се карактеристични од народните носии и фолклор, како што се забуните во Струшко или белото дебело платно, што се употребува во сите села. Дека имало недостатоци на суровини, само за илустрација го наведуваме од 1946 година податокот кога Окружниот народен одбор од Битола ги известува сите чевлари да дојдат со посебна белешка во Битола, во кооперацијата "Кантар", да земат стари чевли и да ги употребуваат, бидејќи имало на лагер околу два вагони.[4] Карактеристичен е и случајот на Охрид кога во 1946 година Градскиот народен одбор им наредува на сите касапи да не продаваат месо во понеделник, среда, петок и сабота, а да се продава само конзерви.[5] Во слична положба биле сите занаетчии, на кои по список им се доделувале суровини и евентуално некои нови алати за работа. Овие тешкотии траеле се' до крајот на 1950 година.

Заради немање на редовна работа, во овој период индивидуалните занаетчии сосема малку вработувале калфи. Нивниот број годишно бил 4-13 во еден град. Тоа е слично и со примањата на ученици. Од изнесените податоци се гледа дека и во овој период најмногу биле развиени текстилните,

./.

дрвопреработувачкиот, обработка на кожа и други занаети. Паѓа во очи дека од металопреработувачките занаети, особено кујунџиите, се во опаѓање во споредба со стара Југославија. Во овој период народната власт презела низа стопански и социјални мерки што биле од животен интерес за целото население. Организирана е контрола на цените и се води остра борба против разните шпекулации. Ограничена е слободната трговија. Снабдувањето на населението се врши по купонски систем.

Државата ги определувала цените на сите производи, било тоа да се од државно, задружно или индивидуално производство. Ги определувала и цените на занаетчиските услуги. При определувањето на цените, власта првенствено се раководела од квалитетот на материјалот, вложениот труд, општите трошоци, транспортот и на крајот потребната печалба. По определените цени сите занаетчии морале строго да се придржуваат и квалитетно да ги изработуваат своите производи.

Покрај многуте политички, стопански и други проблеми, државата настојувала да го осигурува понатамошниот развој на занаетчиството, како неопходна стопанска гранка. Тоа се гледа и од искажувањето на Едвард Кардељ:"Народната власт треба сестрано да го помогне развивањето и на занаетчиството и во тој смисол тоа да ја сочува својата традиција

./.

и својот квалитет на работа и понатаму да го развива. Се разбира, ние истовремено треба одлучно да се бориме против шпекулациите, наголемувањето на цените и другите капиталистички тенденции во областа на занаетчиството".[6]

Од изнесеното може да се изведе заклучок дека примената на револуционерните мерки на новата власт, немале цел да ги уништуваат сите приватни занаетчии, особено тие кои немале тенденција и можност за капиталистички развој. Со оглед дека општественото занаетчиство не било во состојба да ги задоволи потребите на населението, индивидуалните занаетчии, и покрај низата тешкотии, ги задоволувале потребите на месното население.

## Г. Напредокот на индивидуалното занаетчиство од 1951-1960 г.

Со воведувањето на самоуправниот систем како и со новите преземени стопански мерки од 1951 година, за целокупното стопанство и општествената заедница, значеше еден голем чекор напред. Тоа за неколку години се почувствува во целокупниот живот. Се воведе либерален систем на размена со производите на пазарот, што беше една од првите задачи за ограничување на административното снабдување, а после тоа почнаа слободно да се формираат економските цени на сите производи. Се укинаа државните магацини за снабдување со суровини и други материјали. Од овој период законот за вредноста на стоките преку слободната конкуренција ќе дојде до полн израз. Тоа важи и за индивидуалните занаетчии.

Цените на занаетчиските производи и услуги брзо пораснуваа. Така, во НР Македонија, во периодот од шест години (1953-1958), за некои видови на услуги, цените пораснале дури и до 100%,[7] што е резултат на слободното делу-

./.

вање на занаетчиите.

Преминувањето на нов стопански систем, за кратко време, имаше големо влијание и во занаетчиството во охридско-струшкиот регион. Тоа најдобро може да се виде и од големиот пораст на индивидуалните занаетчиски работилници во периодот од 1951-1961 година.

П Р Е Г Л Е Д

На регистрираните занаетчиски работилн. од индивидуален сектор во Охрид (1952 - 1960 година) 8

| Име на занаетот | Години | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1952 | 1953 | 1954 | 1955 | 1956 | 1957 | 1958 | 1959 | 1960 |
| Металска гранка | | | | | | | | | |
| 1. Автомеханич. | | | | | | 1 | | | |
| 2. Бравари | 5 | 2 | 4 | 4 | 2 | 3 | 2 | 2 | - |
| 3. Електроинсталат. | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 3 | 2 |
| 4. Водоинсталатери | | | | | | 1 | | | |
| 5. Казан-калајџии | 4 | 4 | 5 | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 |
| 6. Кујун.-златари | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 7. Ковачи | 18 | 27 | 20 | 14 | 14 | 18 | 20 | 11 | 12 |
| 8. Механичари | 8 | 7 | 7 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| 9. Велосипедџии | | | | 5 | 4 | 4 | 6 | 6 | 5 |
| 10. Ножари | - | 3 | 4 | 4 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 11. Потковувачи | 6 | 4 | 5 | 4 | 4 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 12. Пушкари | - | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | - | - |
| 13. Тенеќеџии | 6 | 2 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 14. Часовничари | 3 | 3 | 5 | 6 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 |

./.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. Радио-механич. | – | – | – | 1 | 1 | 1 | 2 | – | – |
| 16. Иглари | 1 | 1 | 1 | – | – | – | – | 1 | 1 |
| СЕ: | 55 | 58 | 59 | 55 | 49 | 51 | 52 | 43 | 38 |

Прехранб.гранки

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Бонбони | | | | | | | | | |
| 2. Воденичари | 2 | – | 82 | – | – | 64 | 31 | 32 | – |
| 3. Колбасичари | – | – | – | – | – | – | – | – | – |
| 4. Леблебџии | 2 | 2 | 5 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 |
| 5. Касапи | | | | | | 1 | | | |
| 6. Слаткари | – | 11 | 3 | 7 | 8 | 2 | 6 | 7 | 7 |
| 7. Содаџии | 1 | – | – | – | – | 1 | – | – | – |
| 8. Пекари | 7 | 2 | 8 | 5 | 7 | 9 | 8 | 9 | 8 |
| 9. Млекари | – | – | – | – | – | 1 | – | – | – |
| СЕ: | 12 | 14 | 98 | 16 | 18 | 82 | 48 | 51 | 18 |

Кожа и гума

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Чевлари | 34 | 22 | 32 | 29 | 25 | 25 | 2o | 16 | 12 |
| 2. Опинчари | 3 | 6 | 3 | 7 | 6 | 3 | 2 | 3 | 3 |
| 3. Папучари | | | | | | | | | |
| 4. Самарџии | 9 | 6 | 1o | 7 | 6 | 5 | 7 | 7 | 4 |
| 5. Сарачи | 6 | – | 5 | – | – | 2 | 2 | – | – |
| СЕ: | 52 | 34 | 5o | 43 | 37 | 35 | 3o | 26 | 19 |

Текстилна гранка

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Абаџии-терзии | 3 | – | – | – | – | 3 | 3 | 3 | 2 |
| 2. Волновлачари | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 4 |
| 3. Јорганџии | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | – | – | – |

./.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Шивачи-машки | 37 | 43 | 4o | 35 | 35 | 3o | 3o | 3o | 31 |
| 5. Шивачи-женски | - | - | - | - | - | 1 | 2 | 1 | 1 |
| 6. Јажари | - | - | - | - | - | 1 | 2 | 1 | 1 |
| 7. Капари | | 2 | | | | | 1 | | |
| 8. Плетачи | 1 | | 1 | | | | | | |
| СЕ: | 44 | 47 | 44 | 38 | 38 | 37 | 38 | 47 | 39 |

Преработ.на дрво

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Бочвари | 1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 6 | 2 | 2 | 2 |
| 2. Длаборезци | 1 | 1 | 1 | | | | | | |
| 3. Табакери | | | | | | | | 2 | 1 |
| 4. Метлари | | | | | | | | 1 | 1 |
| 5. Наланции | 1 | - | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 6. Ситари | 1 | 3 | 1 | | | | | | 1 |
| 7. Столари | 17 | 7 | 15 | 15 | 15 | 15 | 14 | 16 | 12 |
| 8. Чубукции | 2 | - | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 |
| 9. Колари | 3 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| 1o. Кошничари | | | 1 | | | | | | |
| СЕ: | 28 | 14 | 27 | 27 | 27 | 3o | 24 | 28 | 23 |

Градежни занаети

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Варции | 3 | 1 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 7 | 6 |
| 2. Ѕидари-фасадери | | | | | | | | 15 | 5 |
| 3. Каменоресци | | | | | | | | | |
| 4. Молери | 1 | 2 | 4 | 3 | 4 | 3 | 5 | 5 | 7 |
| 5. Стаклорезци | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | - | 2 | 2 | 2 |
| 6. Циглари | | | | | | | | 6 | - |
| СЕ: | 5 | 4 | 8 | 7 | 8 | 7 | 1o | 35 | 2o |

./.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Хемиски и прераб.на хартија** | | | | | | | | | |
| 1. Вулканизери | | | | | | | | 1 | |
| 2. Свеќари | 4 | 2 | - | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 3. Фотографи | 4 | 4 | 5 | 6 | 8 | 8 | 8 | 9 | 1o |
| 4. Чешлари | 1 | - | - | 1 | 1 | 1 | - | 1 | 1 |
| 5. Бојации | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| СЕ: | 11 | 8 | 7 | 3o | 15 | 14 | 13 | 15 | 15 |
| **Услужни занаети** | | | | | | | | | |
| 1. Бербери | 16 | 17 | 19 | 19 | 17 | 12 | 1o | 9 | 7 |
| 2. Фризери | | | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 3 | 4 |
| 3. Поправ.на пенк. | | 1 | | | | | | | |
| 4. Варење на ракија | | | | | | | | | 6 |
| СЕ: | 16 | 18 | 2o | 2o | 19 | 13 | 11 | 12 | 17 |
| **Останати занаети** | | | | | | | | | |
| 1. Бисерции | 1 | - | 1 | - | - | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ВКУПНО: | 223 | 196 | 313 | 236 | 211 | 269 | 226 | 257 | [illegible] |

# П Р Е Г Л Е Д

На регистрираните занаетчиски работилници од индивидуален сектор во СТРУГА (1952 - 196o)

| Име на занаетот | 1952 | 1953 | 1954 | 1955 | 1956 | 1957 | 1958 | 1959 | 196o |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Металска гранка** | | | | | | | | | |
| 1. Бравари | - | 3 | 4 | 2 | 2 | 2 | 5 | 2 | 1 |
| 2. Електроинст. | - | 1 | 1 | - | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 3. Кујун.-златари | 9 | 7 | 6 | 7 | 7 | 5 | 6 | 6 | 5 |
| 4. Казанџии-калајџ. | 6 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 |
| 5. Ковачи | 33 | 26 | 27 | 6 | 6 | 18 | 29 | 23 | 12 |
| 6. Механичари | - | 2 | 2 | | | | | | |
| 7. Велос педџии | - | - | - | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 8. Ножари | - | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - |
| 9. Потковувачи | 5 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 7 | 7 |
| 1o. Пушкари | - | 1 | | | | | | | |
| 11. Тенеќеџии | 9 | 8 | 7 | 6 | 5 | 5 | 6 | 7 | 6 |
| 12. Часовничари | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | - | 1 | 1 | 2 |
| СЕ: | 65 | 6o | 59 | 35 | 34 | 43 | 59 | 53 | 36 |
| **Прехранбени занаети** | | | | | | | | | |
| 1. Воденичари | 3 | 2 | 62 | - | - | 26 | 59 | 95 | 71 |
| 2. Леблебџии | 2 | 2 | | | | | | | |
| 3. Слаткари | 11 | 11 | 13 | - | 8 | 8 | 14 | 14 | 13 |
| 4. Варење ракија | - | - | - | - | - | 46 | 1o9 | 98 | 74 |
| 5. Пекари | - | 2 | 1 | - | 1 | 1 | | | |
| СЕ: | 16 | 17 | 76 | - | 9 | 81 | 182 | 2o7 | 158 |

./.

Кожа и гума

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Чевлари | 2o | 18 | 19 | 11 | 11 | 14 | 19 | 14 | 13 |
| 2. Опинчари | 1o | 8 | 8 | 8 | 1o | 1o | 1o | 14 | 12 |
| 3. Самарџии | 5 | 6 | 5 | 4 | 3 | 2 | 4 | 6 | 6 |
| 4. Серачи | – | 1 | 1 | | | | | | |
| СЕ: | 35 | 35 | 33 | 23 | 23 | 27 | 33 | 34 | 31 |

Текстилна гранка

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Абаџии-терзии | – | – | – | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 2. Забунари | – | 8 | 1o | 8 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 |
| 3. Волновлачари | – | 1 | 1 | – | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4. Јорганџии | – | 1 | 1 | – | 1 | 1 | – | – | – |
| 5. Шивачи-машки | 33 | 32 | 31 | 31 | 32 | 38 | 29 | 4o | 44 |
| 6. Шивачи-женски | – | 1 | – | – | – | – | 1 | – | – |
| 7. Капари | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| СЕ: | 35 | 45 | 44 | 43 | 45 | 52 | 44 | 52 | 47 |

Дрвопреработ.занаети

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Бочвари | – | 2 | 2 | – | – | – | 2 | – | – |
| 2. Ситари | – | 3 | | | | | | | |
| 3. Столари | 1o | 6 | 9 | 8 | 8 | 11 | 15 | 14 | 11 |
| 4. Колари | – | 1 | 1 | – | – | – | 4 | – | – |
| СЕ: | 1o | 12 | 12 | 8 | 8 | 11 | 21 | 14 | 11 |

Градежни занаети

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Варџии | – | 1 | – | 1 | | | | | 1 |
| 2. Грнчари | 9 | 9 | 8 | 7 | 7 | 6 | 5 | 4 | 4 |
| 3. Молери | – | 2 | 1 | 2 | – | – | 1 | 3 | 3 |
| СЕ: | 9 | 12 | 9 | 1o | 8 | 6 | 6 | 7 | 8 |

./.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Хемиски занаети и печатарски** | | | | | | | | | |
| 1. Свеќари | – | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 2. Фотографи | – | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | – | – | – |
| 3. Сапунџии | – | 1 | | | | | | | |
| СЕ: | – | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 |
| **Услужни занаети** | | | | | | | | | |
| 1. Бербери | 2o | 18 | 19 | 15 | 14 | 14 | 18 | 18 | 17 |
| 2. Поправ.на пенк. | – | – | 1 | | | | | | |
| СЕ: | 2o | 18 | 2o | 15 | 14 | 14 | 18 | 18 | 17 |
| **Останати разни занаети** | | | | | | | | | |
| 1. Разни други зан. | 15 | | | | | | | | |
| ВКУПНО: | 19o | 2o2 | 255 | 136 | 144 | 237 | 365 | 387 | [illegible] |

Од изнесените податоци се гледа дека движењето на занаетчиските работилници во двата града нагло пораснало, скоро, сите години. Донесувањето на Уредбата за цените на занаетчиските производи и услуги во 1951 година,[1o] што важеше и за индивидуалното занаетчиство, многу се одрази во подобрување на квалитетот на занаетчиските производи и услуги.

Занаетчиите, со вложениот труд и добра услуга, можеле и подобро да заработуваат. Тоа се почувствува за многу кусо време. Нивните колеги, кои биле вработени во општественото занаетчиство, каде моментно личните доходи заостанувaa, ги напуштале работните организации и отворале сопствени работилници. Со тоа осетно се зголемил бројот на

занаетчиите во сите гранки. Некои занаетчии во овој период вработувале повеќе калфи и ученици, бидејќи имале и работа. Во ова време, а и во иднина, а особено за некои рентабилни и нови занаети, правилото што со деценнии важеше кај овдешните занаетчии: една работилница-еден мајстор, сега се менува. Со можноста за вработување на повеќе работници и калфи, мајсторите на прикриен начин можеле да и се' уште можат да ја користат туѓата работна сила(ѕидари-преземачи, столари, автомеханичари и други). Поради тоа државните раководители и народната власт многу пати водела жилава борба против таквите занаетчии, што, понекогаш, кај јавноста неосновано се шират гласови дека нашето општество е против нив. За тоа другарот Кардељ во една прилика, во 1954 година, рече: "Во социјализмот има секој право да работа. Социјализмот го решава прашањето да нема експлоатација човек над човек. Таква е нашата политика и општествена цел во преобразување на занаетчиството.... особено без употреба на туѓа работна сила во занаетчиството."[11] Според делумно прибраните статистички податоци за некои години, во двата града поодделно, мајсторите годишно вработувале вкупно 20-63 работници-калфи.

Од прегледот може да се види дека најмногу се проширувaат некои современи: металопреработувачките, дрвопреработувачките, текстилните,услужните и други занаети, а се во опаднување некои "историски" занаети, како: ковачите,потковувачите, чевларите, опинчарите, самарџиите и други.

./.

Очигледно е и тоа дека во осетно опаѓање се наоѓаат и специфичните занасти во Регионот, како: грнчарите, забунарите, абациите, калајџиите и други. Во исто време се појавуваат и нови занаети: автомеханичари, прецизни механичари, радиотелевизиски техничари и тн.

Д. Појава на нови занаети од 1961-197о година

Со брзиот понатамошен развој на целокупното југословенско стопанство во шеесетте години на овој век, што се почувствува во позитивен смисол и во овој регион, и покрај низа објективни и субјективни тешкотии, се постигнати видни резултати и во развојот на занаетчиството, но не "Класичното", туку, новото, услужно и сервисно, што е резултат на големиот продор на современата техника. Тоа по занаети и по години од двата града може да се види од приложениов

ПРЕГЛЕД

На индивидуалните занаетчии во Охрид од 1961-197о година[12]

| Име на занаетот | Г о д и н и | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1961 | 1962 | 1963 | 1964 | 1965 | 1966 | 9967 | 1968 | 1969 | 197о |
| Металопрер.занаети | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 1о |
| 1. Автомеханичари | | | | | | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Бравари | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 |
| 3. Часовничари | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 | 5 | 4 |
| 4. Водоинсталат. | | | | | 1 | | | | | |
| 5. Калајџ.-казан. | 5 | 3 | 4 | 3 | 4 | 4 | 5 | 7 | 3 | 4 |
| 6. Кујунџии | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 |

./.

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Тенекеџии | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 6 | 6 | 4 |
| 8. Механичари | 4 | 3 | 4 | 3 | 2 | 3 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| 9. Потковувачи | 3 | 3 | 4 | 5 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 5 |
| 1o. Ножари | 2 | 2 | 1 | 1 | - | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 11. Прец.механич. | | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| 12. Пушкари | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | |
| 13. Велосипедџии | 5 | 5 | 4 | 5 | 6 | 6 | 5 | 5 | 7 | 4 |
| 14. Ковачи | 16 | 11 | 11 | 18 | 21 | 21 | 14 | 17 | 18 | 17 |
| 15. Иглари | | | | | 1 | 1 | - | - | - | 1 |
| 16. Галванизери | | | | | | | | 1 | | |
| 17. Металостругари | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 18. Ситари | | | | | 1 | | | 1 | 1 | 1 |
| 19. Златари | | | | | | | | | 1 | 1 |
| СЕ: | 46 | 37 | 39 | 46 | 51 | 51 | 47 | 57 | 47 | 57 |

Занаети за електр.апарати

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Автомеханичари | | | | | | | | | 1 | |
| 2. Електроинсталатери | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | - | 2 | 2 | 2 |
| 3. Елект.мех.дом. | | | | | 1 | 1 | - | 1 | | |
| 4. Електромех. | | | | | | | 2 | 3 | 4 | 2 |
| 5. Елект.мех.за рад.ТВ | | | | | | | 1 | 1 | 5 | 4 |
| СЕ: | 2 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 7 | 12 | 8 |

Занаети за градеж.материјали

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Каменорезци | | | | | | | | | | 1 |
| 2. Циглари | | | | | 1 | 1 | | | | |
| 3. Варџии | 5 | 3 | 3 | 12 | 13 | 11 | 11 | 15 | 15 | 15 |

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 1o |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Молери | 5 | 1 | – | 3 | 4 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 5. Стаклоресци | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 4 | 6 | 3 | 3 |
| 6. Sидари-фасадери | 38 | 3 | 2 | 2 | 29 | 5 | 6 | 6 | 7 | 57 |
| CE: | 5o | 9 | 7 | 19 | 51 | 22 | 24 | 3o | 28 | 77 |

Преработувачка на дрво

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 1o |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Кошничари | 1 | | | | | | | 2 | 1 | 1 |
| 2. Бочв.-качари | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 3. Длaборезачи | | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| 4. Колари | 4 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | – | 5 | 1 | 3 |
| 5. Столари | 15 | 9 | 11 | 14 | 23 | 16 | 2o | 18 | 14 | 15 |
| 6. Табакери | 1 | 2 | 2 | 2 | | | | | | |
| 7. Изр.дрв.галан. | – | 1o | | | | | | 1 | 4 | – |
| 8. Сечачи на дрва | 2 | 2 | – | 2 | | | | | 2 | |
| 9. Наланџии | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | | | |
| 1o. Чубукчии | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| CE: | 29 | 31 | 21 | 26 | 32 | 26 | 28 | 31 | 25 | 22 |

Текстилни занаети

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 1o |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Канари | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 2. Јорганџии | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 3. Шивачи-машки | 34 | 25 | 26 | 26 | 23 | 23 | 25 | 26 | 32 | 26 |
| 4. Шив.на нар.нос. | – | 2 | – | 2 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 | 2 |
| 5. Шивачи-женски | 3 | 1 | – | 2 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 6. Плетачи | – | 1 | – | 1 | 2 | – | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 7. Јажари | 1 | 1 | – | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 8. Волновлачари | 7 | 4 | 3 | 3 | 5 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. Валајч.на вода | - | - | 9 | 11 | | | | 8 | | |
| 1o. Израб.на гобл. | | | | | | | 2 | 2 | 3 | 3 |
| СЕ: | 45 | 34 | 38 | 36 | 37 | 33 | 41 | 48 | 46 | 41 |

Преработ.на кожа

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Чевлари | 2 | 2 | 2 | 2 | 13 | 13 | 11 | 14 | 12 | 11 |
| 2. Опинчари | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 |
| 3. Папучари | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 4. Изр.на сит.пред. на кожа | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 5. Крпачи на чевли | 15 | 18 | 14 | 12 | | | | | | |
| 6. Самарџии | 6 | 8 | 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | | | |
| 7. Сарачи | | | | 2 | | | | | | |
| СЕ: | 26 | 3o | 24 | 23 | 23 | 23 | 21 | 18 | 16 | 15 |

Изр.на пласт.произ.и гума

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Изр.на плас.пр. | - | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | 1 |
| 2. Вулканизери | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - |
| 3. Остан.занаети | 4 | | | | | | | | | |
| СЕ: | 5 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |

Прехранбени занаети

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Изр.на кори и пити | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 2. Пекари | 3 | 3 | 3 | 7 | 8 | 8 | 5 | 7 | 7 | 6 |
| 3. Слаткари | 8 | 1o | 9 | 1o | 9 | 1o | 16 | 15 | 16 | 15 |
| 4. Содации | 1 | 1 | - | - | 2 | 2 | 2 | 4 | 1 | 4 |
| 5. Бонбонџии | | | | | | | | 1 | - | 1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Бурекчии | | | | | | | | 1 | 2 | 2 |
| 7. Леблебџии | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 6 | 5 | 6 |
| 8. Млекари | | | | | | | | 1 | | |
| 9. Кадајф | | | | | | | | | | 1 |
| СЕ: | 15 | 17 | 15 | 2о | 22 | 23 | 26 | 36 | 35 | 36 |

Поправки на разни производи

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Четкари | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 2. Чадорџии | | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| 3. Поправ.на пенк. | | | | | | | | 1 | | |
| 4. Метлари | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| 5. Израб.на петлици | | | | | | | | 1 | | |
| 6. Израб.на сувенири | | | | | | | | | 3 | 8 |
| 7. Рогузинари | | | | | | | | | 2 | 6 |
| 8. Бисерџии | | | | | | | | 1 | 3 | 2 |
| 9. Бојаџии | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 1о. Свеќари | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| СЕ: | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 12 | 17 | 26 |

Лични и др.занает.услуги

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Фотографи | 1о | 1о | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 | 11 | 11 |
| 2. Бербери | 8 | 8 | 8 | 8 | 8 | 1о | 13 | 15 | 12 | 14 |
| 3. Фризери | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 6 | 7 | 8 | 8 | 1о |
| 4. Хем.чистење | | | | | | | | 2 | : | 1 |
| СЕ: | 23 | 23 | 22 | 22 | 22 | 25 | 29 | 34 | 31 | 36 |

./.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги слични на занаетчии | | | | | | | | | | |
| 1. Воденичари | | | | | | | | | 2 | 2 |
| 2. Ронење на живот | | | | | | | | 5 | - | 2 |
| СЕ: | | | | | | | | 5 | 5 | 4 |
| Сообраќај | | | | | | | | | | |
| 1. Автотакси | | | | 1 | 1 | 7 | 18 | 21 | 36 | 47 |
| 2. Тракториси | | | | | | | 7 | 8 | 14 | 32 |
| 3. Кајчари | | | | | | | | | | 28 |
| СЕ: | | | | 1 | 1 | 7 | 25 | 29 | 50 | 107 |
| ВКУПНО: | 250 | 190 | 185 | 208 | 250 | 218 | 251 | 308 | 310 | 430 |

# П Р Е Г Л Е Д

На индивидуалните занаетчии во СТРУГА од 1961-1971 год.[13]

| Име на занаетот | 1961 | 1962 | 1963 | 1964 | 1965 | 1966 | 1967 | 1968 | 1969 | 1970 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Металопрераб.занаети | | | | | | | | | | |
| 1. Автомеханичари | - | - | 1 | 1 | - | - | 2 | 1 | 1 | - |
| 2. Бравари | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 2 | 7 | 4 | 3 |
| 3. Електроинст. | 1 | 1 | 1 | - | 2 | 2 | 4 | 1 | 3 | - |
| 4. Водоинсталат. | - | - | 1 | 1 | 1 | 1 | - | - | - | 1 |
| 5. Казан.калаџии | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 |
| 6. Кувен.-златари | 5 | 4 | 4 | - | 4 | 3 | 3 | 6 | 4 | 3 |
| 7. Ковачи | 7 | 6 | 5 | 7 | 6 | 7 | 7 | 15 | 14 | 7 |
| 8. Радио и ТВ мех. | | | | | | | 1 | 1 | 2 | - |
| 9. Велосипедџии | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 4 | 4 | 2 | 2 |
| 1o. Потковувачи | 5 | 5 | 5 | - | 6 | 5 | 7 | 4 | 5 | 5 |
| 11. Тенекеџии | 5 | 5 | 5 | 6 | 5 | 5 | 8 | 7 | 7 | 4 |
| 12. Часовничари | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | 1 |
| СЕ: | 33 | 29 | 29 | 24 | 33 | 34 | 42 | 51 | 48 | 28 |
| Прехранбени занаети | | | | | | | | | | |
| 1. Бурекчии | | | | | | 4 | 4 | 1 | | |
| 2. Воденичари | 73 | 65 | 59 | 62 | - | - | - | 64 | - | 1 |
| 3. Леблебџии | - | - | - | | 2 | | | | 2 | 1 |
| 4. Касапи | - | - | - | - | 2 | 4 | 4 | 4 | 5 | 4 |
| 5. Слаткари | 14 | 14 | 11 | 12 | 12 | 13 | 13 | 18 | 14 | 12 |
| 6. Вар.ракија | 74 | 82 | 68 | 64 | - | - | - | 119 | - | 112 |
| 7. Содаџии | | | | | | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 |
| 8. Пекари | | | | | | | | 4 | 4 | - |
| СЕ: | 161 | 161 | 138 | 138 | 16 | 24 | 24 | 214 | 89 | 135 |

Кожа и гума

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Чевлари | 13 | 1o | 1o | 11 | 1o | 11 | 6 | 8 | 9 | 9 |
| 2. Опинчари | 12 | 11 | 11 | 1o | 1o | 7 | 7 | 9 | 6 | 6 |
| 3. Самарџии | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 |
| 4. Сарачи | | | | | | | | 1 | 1 | - |
| СЕ: | 28 | 23 | 22 | 22 | 22 | 2o | 15 | 21 | 19 | 17 |

Текстилни занаети

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Нар.об.терз-абаџ. | 2 | 3 | 4 | 4 | | | | | | |
| 2. Забунари | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 8 | 9 | 8 | 5 |
| 3. Волновлачари | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 |
| 4. Валајчари | | | | 3 | | | 1 | | | |
| 5, Шивачи-машки | 34 | 2o | 23 | 24 | 12 | 17 | 15 | 19 | 18 | 12 |
| 6. Шивачи - женски | | | 2 | - | 5 | 1o | 3 | 1 | 3 | 3 |
| 7. Јажари | | 1 | 1 | 1 | 1 | - | 1 | 1 | 1 | 2 |
| 8. Капари | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | - | - | - | 1 |
| СЕ: | 47 | 35 | 4o | 42 | 28 | 37 | 31 | 32 | 32 | 24 |

Дрводелски занаети

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Бочвари-качари | | 4 | - | - | - | - | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 2. Наланџии | | | | 1 | 1 | 1 | | | | |
| 3. Столари | 12 | 18 | 13 | 17 | 15 | 26 | 14 | 15 | 27 | 26 |
| 4. Табакери | 1 | 1 | | | | | | | | |
| 5. Колари | | 3 | 4 | - | 4 | 1 | 5 | 5 | 4 | 6 |
| СЕ: | 13 | 26 | 17 | 18 | 2o | 28 | 2o | 21 | 34 | 33 |

./.

Градежни занаети

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Грнчари | 4 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | - |
| 2. Ѕидари-фасадери | 6 | - | 4 | 7 | 15 | 47 | 17o | 288 | 3o3 | 285 |
| 3. Каменоресци | | | | | | | | 1 | | |
| 4. Молери | 1 | 4 | 2 | 4 | 2 | - | 2 | 2 | 3 | 3 |
| 5. Стаклорезачи | | | | | 1 | - | 1 | 2 | 3 | 1 |
| 6. Циглари | | | | | | | | 1 | 1 | 2 |
| 7. Калдрмџии | | | | | | | | | 1 | 1 |
| СЕ: | 11 | 8 | 9 | 15 | 21 | 5o | 176 | 295 | 313 | 292 |

Хемиски занаети

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Свеќари | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | - |
| 2. Фотографи | - | - | 1 | 1 | | | | 4 | 2 | 3 |
| СЕ: | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 5 | 3 | 3 |

Услужни занаети

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Бербери | 12 | 11 | 11 | 14 | 12 | 13 | 14 | 16 | 15 | 12 |
| 2. Фризери | | 1 | 1 | 1 | | | | 2 | 2 | 2 |
| 3. Автотаксисти | | | | | 25 | 7 | 27 | 34 | 18 | 27 |
| 4. Други занаети | | | | | | | | 1 | 2 | - |
| СЕ: | 12 | 12 | 12 | 15 | 37 | 2o | 41 | 53 | 37 | 41 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО: | 3o6 | 294 | 268 | 270 | [illegible] | 214 | 35o | 692 | 515 | 573 |

Брзиот развој на индустријата, а со тоа и изменетата потрошувачка структура, влијаеше некои занаети да станат нерентабилни, а некои да исчезнат за секогаш. Константното опаѓање на многу стари занаети го предизвикаа економски причини, со исклучок во 1962 и 1963 година, кога голем број на занаетчии користејќи ги поволните и либералните услови за работа, некои од нив ги преминуваа законските дозволени рамки во вработувањето.[14] Појавените деформации кај индивидуалните занаетчии, ги доведоа во ситуација општините и целата заедница, да ги поострат мерките, при што се зголемија даноците, се испитуваше потеклото на приходите, им се забрана на општествените работни организации да коопериреат со индивидуалните занаетчии, како и некои други мерки, што доведе и до намалување на одделни занаети. При ваква положба и при можност да се премине на работа во општествениот сектор, многу занаетчии ги затворија работилниците, што се гледа и од податоците за соодветните години во двете општини.

За нееднаквиот развој на занаетчиството во охридско-струшкиот регион придонесува и фактот што за оваа
не секогаш водело доволно сметка и тие
група стопанственици општеството во борбата за "достојно" место" во нашиот систем тешко можат да се ситуираат, Само, како пример, доволно е да го изнесеме податокот дека во двата града просторниот проблем за работа на индивидуалните занаетчии воопшто не е решен. Останаа онака како што беа пред повеќе од четириесет години, а посебно во Охрид, додека во Струга и тоа што го имаа во старата чаршија го разрушија.

Тоа се повторува и во најново време, така во современите урбанистички обликувања и изградбата на двата града не се предвидени соодветни локали за занаетчиите.

Со донесувањето на Општиот закон за занаетчиските работилници на индивидуалните занаетчии во 1963 година, како и републичкиот закон за индивидуалните занаетчии, се создадоа мошне поволни услови за развој на индивидуалното занаетчиство. Според овие закони во своите работилници тие може да вработуваат до пет работници.

Ако се погледне вкупниот број на индивидуалните занаетчии во Регионот ќе се воочи дека занаетчиството, а посебно во Струга, е во постојан пораст во некои гранки. Овие бројки навистина не ја одразуваат реалната состојба на занаетчиството. Имено, во овие податоци се внесени за некои години и сосема споредни занаетчиски дејности: услужно варење на ракија, услужно мелење на жито(воденици),ѕидарите, кои се посебно карактеристични за струшкиот крај, чии пораст од 1965 до 197о година е неверојатно голем (во 1965 биле 15 регистрирани ѕидарски фирми, во 1969 година 3о3 и во 197о година 285), како и превозниците: таксисти, трактористи и други. Интересно е дека овие услужни занаетчиски дејности општините, во различни години, ги групираат како занаетчиски дејности, а во некои не ги регистрираат, што зависи од политиката за оданочување и друго. Споредните занаетчии по селата, многу пати ги "оставаат на мир"(воденичари, казанџии), а во некои години ги оданочуваат.

./.

Затоа динамиката во развојот на занаетчиството, ако се отфрлат бројките на веќе наведените услужни занаети, се доаѓа до констатација дека"класичните"занаети опаѓаат или стагнираат. Во текот на овој период, исто така, воочливо е дека покрај услужните занаети, се прошируваат и развиваат металопреработувачките. Посебно интересен е податокот дека и покрај развиената индустрија за конфекција и столарија, сепак, во двата града, шивачите и столарите се во пораст или константни, што зборува дека добро заработуваат.

Вработувањето на работници и калфи кај индивидуалните занаетчии во периодот од 1961-1966 година, а за некои занаети и подоцна, е во опаѓање. На пример, во Охрид, од 1961-1964 година занаетчиите држеле 6-1о работници, а во 1965 година само еден, додека во 1966 година не бил вработен ниеден работник. Од 1967-197о година, бројот на вработените е во пораст и годишно се движи од 31-34 работници. Во Струга положбата за вработување кај занаетчиите е уште полоша. Мајсторите од 1961-197о година, годишно вработувале 7-23 работници. Меѓутоа, во Струшко се јавува една друга појава. Регистрираните ѕидари најмногу вработуваат работници чија бројка е во постојан пораст. Така, во 1964 година, во овој занает биле вработени 4о, а во 1969 година 854 работници.[15]

Интересот за изучување на стари занаети е во опаѓање. Забунџиите, грнчарите, самарџиите, казанџиите, кујунџиите, тенеќеџиите и други, постепено, но сигурно ги снемува. Овие занаетчии, по сила на економските прилики,

./.

немајќи каде да најдат друго вработување, поради старост и немање на квалификации, останати се "уште неколку години" да ги работат занаетите и на некој начин да го "поминат" векот. Во нивните работилници нема вработен млад калфа или ученик. За тоа зборува и податокот дека во 1966 година, во Охрид, од 2о-35 години имало 19 мајстори, од 35-5о години биле 79 и преку 5о години се регистрирани 89 занаетчии-мајстори.[16] Во групата до 5о години, всушност, се оние кои се занимаваат со таканаречените дефицитарни технички занаети.

Големиот интерес за изучување на новите, современите занаети бил диктиран од економски фактори и потребите за услуги и работа за населението, поради што владее голем интерес за нив, особено кај младото поколение. Тие што изучуваа помодерни занаети(телевизиски техничари, автомеханичари, механичари за поправки на предмети во домаќинствата и т.н.), успеваат да достигнат повисок личен доход, што беше важен стимул за ориентирање на млади работници да се оквалификуваат за такви подоходни занимања и дејности. Ова го покажува и следниов преглед:

## П р е г л е д

На просечните месечни приналежности на индивидуалните занаетчии во Охрид од 1961 - 1970 година.[17]

(во 000 ст.дин.)

| Занаетчиска дејност | 1961 | 1962 | 1963 | 1964 | 1965 | 1966 | 1967 | 1968 | 1969 | 1970 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕТАЛОПРЕРАБОТУВ. | | | | | | | | | | |
| 1. Автомеханичари | – | – | – | – | – | 800 | 800 | 1000 | 1200 | 1500 |
| 2. Бравари | 25 | 26 | 26 | 30 | 35 | 600 | 700 | 800 | 1000 | 1200 |
| 3. Часовничари | 30 | 35 | 38 | 42 | 50 | 800 | 1000 | 1200 | 1400 | 1600 |
| 4. Водоинсталат. | – | – | – | – | 40 | – | – | – | – | – |
| 5. Казан.-калајџии | 30 | 32 | 34 | 36 | 40 | 800 | 700 | 800 | 800 | 1000 |
| 6. Кујунџии | 40 | 35 | 35 | 40 | 45 | 600 | 1000 | 1300 | 1400 | 1600 |
| 7. Тенекеџии | 30 | 28 | 30 | 34 | 38 | 500 | 600 | 700 | 800 | 900 |
| 8. Механичари | 18 | 20 | 20 | 25 | 50 | 600 | 800 | 800 | 1000 | 1200 |
| 9. Ковачи | 8 | 8 | 10 | 12 | 15 | 300 | 400 | 500 | 600 | 700 |
| 10. Потковувачи | 16 | 15 | 20 | 24 | 25 | 300 | 400 | 500 | 600 | 700 |
| 11. Ножари | 8 | 8 | 10 | 14 | – | 650 | 300 | 400 | 500 | 400 |
| 12. Прециз.механ. | – | – | – | – | – | – | – | 1200 | 1400 | 1200 |
| 13. Пушкари | – | 7 | 9 | 13 | 18 | – | – | 500 | – | 700 |
| 14. Велосипедџии | 25 | 28 | 35 | 40 | 45 | 550 | 700 | 800 | 1000 | 1200 |
| 15. Иглари | – | – | – | – | 18 | 350 | 450 | – | – | – |
| 16. Галванизери | – | – | – | – | – | – | – | – | – | 1000 |
| 17. Металостругари | – | – | – | – | – | – | – | 1000 | 1200 | 1200 |
| 18. Ситари | – | – | – | – | 15 | – | – | 500 | 600 | 700 |
| 19. Златари | – | – | – | – | – | – | – | – | 1400 | |

./.

ЕЛЕКТР.ЗАНАЕТИ

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Автоелектричари | | | | | | | | | 1400 | |
| 2. Електр.инсталат. | 36 | 40 | 45 | 50 | 60 | 70 | - | 1200 | 1400 | 1600 |
| 3. Електромех.за дом. | | | | | 60 | 70 | 800 | 1400 | | |
| 4. Електромех. | | | | | | | 500 | 1400 | 1400 | 1600 |
| 5. Електр.за РТВ | | | | | | | 1200 | 1400 | 1500 | 1600 |

ГРАДЕЖНИ ЗАНАЕТИ

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Каменоресци | | | | | | | | | 800 | |
| 2. Циглари | 30 | 32 | - | - | 35 | 500 | - | - | - | - |
| 3. Варџии | 50 | 50 | 65 | 70 | 80 | 800 | 1000 | 1200 | 1400 | 1600 |
| 4. Молери | 25 | 28 | - | 36 | 40 | 700 | 800 | 800 | 1000 | 1200 |
| 5. Стаклоресци | 25 | 30 | 30 | 35 | 40 | 600 | 800 | 900 | 1000 | 1200 |
| 6. Ѕидари | 25 | 25 | 25 | 30 | 40 | 600 | 800 | 800 | 1000 | 1200 |

ПРЕРАБОТУВ.НА ДРВО

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Кошничари | 10 | - | - | - | - | - | - | 600 | 600 | 700 |
| 2. Бочв.-качари | 15 | 15 | 20 | 30 | 32 | 400 | 500 | 600 | 700 | 800 |
| 3. Длаборезачи | | | | | 45 | 500 | 500 | 700 | 800 | 1000 |
| 4. Колари | 20 | 15 | 25 | 32 | 35 | 450 | - | 700 | 800 | 1000 |
| 5. Столари | 30 | 32 | 45 | 50 | 55 | 600 | 650 | 900 | 1000 | 800 |
| 6. Табакери | 35 | 35 | 40 | 42 | | | | | | |
| 7. Изр.дрв.галант. | | | | | | | | 500 | 700 | 800 |
| 8. Сечење дрва (планина) | 16 | 16 | | | | | | | 800 | |
| 9. Папанџии | 10 | 10 | 12 | 15 | 18 | - | 850 | 350 | | |
| 10. Чубукчии | 10 | - | 15 | 12 | 20 | 250 | 450 | | | |

ТЕКСТИЛНИ ЗАНАЕТИ

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Капари | | | | | 25 | 650 | 700 | 700 | 1000 | 1200 |
| 2. Јорганџии | | | | | | | 700 | 800 | 900 | 1000 |
| 3. Шивачи-машки | 22 | 24 | 26 | 32 | 40 | 600 | 700 | 800 | 1000 | 2200 |
| 4. Шивачи на н.нос. | – | 12 | 18 | 20 | 40 | 400 | 500 | 600 | 600 | 800 |
| 5. Шивачи-женски | – | 20 | 18 | 15 | 25 | 250 | 500 | 600 | 700 | 800 |
| 6. Плет.занаети | – | 15 | 12 | 18 | 20 | 250 | 500 | 600 | 700 | 800 |
| 7. Јажари | 20 | 22 | – | 30 | 40 | 400 | 500 | 600 | 700 | 800 |
| 8. Волновлачари | 10 | 10 | 12 | 20 | 25 | 300 | 400 | 500 | 600 | 700 |
| 9. Валење на клашни | – | 10 | 15 | – | – | – | – | 800 | 700 | – |
| 10. Израб.на гоблени | 7 | 7 | 12 | – | – | – | 600 | 700 | 800 | 1000 |

ПРЕРАБОТКА НА КОЖА

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Чевлари | 20 | 22 | 25 | 30 | 32 | 500 | 600 | 700 | 800 | 800 |
| 2. Опинчари | 15 | 18 | 25 | 32 | 35 | 500 | 600 | 700 | 800 | 800 |
| 3. Папучари | | | | | | | | 600 | 700 | 700 |
| 4. Крпачи на чевли | 15 | 16 | 18 | 22 | | | | | | |
| 5. Самарџии | 18 | 16 | 18 | 20 | 22 | 250 | 400 | | | |
| 6. Сарачи | | | | 15 | | | | | | |
| 7. Вулканизери | – | 50 | 36 | 45 | 50 | 600 | 1000 | – | – | 120 |
| 8. Останати струки | 35 | 35 | 38 | 40 | 50 | 500 | – | 800 | 1000 | – |

ПРЕХРАНБЕНИ ЗАНАЕТИ

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Касапи | | | | | | | | 600 | 700 | 800 |
| 2. Пекари | 15 | 16 | 20 | 22 | 25 | 400 | 500 | 600 | 800 | 800 |
| 3. Слаткари | 45 | 46 | 46 | 50 | 55 | 650 | 700 | 800 | 1000 | 1200 |
| 4. Содаџии | 30 | 32 | – | – | 35 | 450 | 700 | 600 | 1000 | 1200 |
| 5. Бонбонџии | 35 | | | | | | | 600 | – | 800 |
| 6. Бурекчии | | | | | | | | 700 | 800 | 800 |
| 7. Млекари | | | | | | | | 600 | | |
| 8. Леблебџии | 12 | 14 | 15 | 20 | 30 | 350 | 400 | 500 | 600 | 700 |

./.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПОПРАВКИ НА РАЗНИ ПРОИЗВОДИ** | | | | | | | | | | |
| 1. Четкари | | | | | | | | 700 | 800 | 1000 |
| 2. Израб.на чадори | | | | | | | | 500 | 600 | 700 |
| 3. Поправ.на пенкала | | | | | | | | 400 | | |
| 4. Сувенири | | | | | | | | 600 | 700 | 800 |
| 5. Рогозинари | | | | | | | | | 500 | 600 |
| 6. Бисерџии | | | | | | | | 1000 | 1200 | 1400 |
| 7. Бојаџии | 30 | 38 | 40 | 45 | 50 | 600 | 800 | 1000 | 1000 | 1200 |
| 8. Свеќари | 10 | 12 | 12 | 18 | 20 | 700 | 500 | 600 | 700 | 800 |
| **ЛИЧНИ И ДР.ЗАН.УСЛУГИ** | | | | | | | | | | |
| 1. Фотографи | | | | | | | | 800 | 1000 | 1200 |
| 2. Бербери | | | | | | | | 600 | 700 | 800 |
| 3. Фризери | | | | | | | | 700 | 800 | 800 |
| 4. Хем.чистење | | | | | | | | 800 | - | 1200 |
| **УСЛУГИ СЛИЧНИ НА ЗАНАЕТИ** | | | | | | | | | | |
| 1. Воденичари | | | | | | | | | 800 | 800 |
| 2. Луштење на жито | | | | | | | | 400 | 560 | - |
| 3. Услуж.варење ракија | | | | | | | | 400 | 500 | 600 |

# П р е г л е д

На просечните месечни принадлежности на индивидуалните занаетчии во СТРУГА од 1961 -1970 година.18.

(во 000 ст.дин.)

| Занаетчиска дејност | 1961 | 1962 | 1963 | 1964 | 1965 | 1966 | 1967 | 1968 | 1969 | 1970 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКА | | | | | | | | | | |
| 1. Бравари | | | | 40 | - | - | 800 | 1000 | 800 | - |
| 2. Часовничари | 20 | 15 | 20 | 30 | 40 | 495 | 500 | 700 | 750 | 800 |
| 3. Водоинсталатери | 25 | 22 | 30 | 35 | 45 | 550 | 500 | 700 | 700 | 750 |
| 4. Казанџии-калајџ. | | | | | 46 | 600 | 600 | 700 | 750 | 600 |
| 5. Кујунџии | 15 | 13 | 15 | 15 | 20 | 170 | 170 | 200 | 300 | 400 |
| 6. Тенеќеџии | 25 | 22 | 28 | 30 | 35 | 500 | 400 | 500 | 600 | 650 |
| 7. Механичари | 20 | 22 | 26. | 30 | 40 | 450 | 400 | 500 | 550 | 600 |
| 8. Потковувачи | 15 | 15 | 15 | 15 | 20 | 300 | 300 | 300 | 350 | 400 |
| 9. Ножари | 18 | 15 | 20 | 20 | 20 | 250 | 250 | 300 | 350 | 400 |
| ЕЛЕКТР.ЗАНАЕТИ | | | | | | | | | | |
| 1. Електр.за дом. | 60 | 40 | 40 | - | - | 500 | 400 | 500 | - | 600 |
| 2. Елект.за РТВ | | | | | | | | 700 | 700 | 750 |
| ГРАДЕЖНИ ЗАНАЕТЧИИ | | | | | | | | | | |
| 1. Циглари | | | | | | | | 400 | | |
| 2. Варџии | | 30 | | | | | | 500 | | |
| 3. Грнчари | 85 | 50 | 30 | | | | | | | |
| 4. Молери | 10 | 7 | 10 | 10 | 15 | 100 | 100 | | | |
| 5. Стаклоресци | 30 | 25 | 28 | 40 | 60 | 300 | 600 | 600 | 600 | 600 |
| 6. Ѕидари | 30 | | | | | 350 | 400 | 600 | 600 | 600 |

./.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕРАБОТКА НА ДРВО** | | | | | | | | | | |
| 1. Длаборезачка | 12 | 15 | | | | 400 | 500 | 600 | 650 | |
| 2. Кошничари | 22 | 20 | 18 | 38 | 45 | 350 | 300 | 400 | 550 | 600 |
| 3. Табакери | 30 | 28 | 30 | 35 | 45 | 450 | 500 | 600 | 700 | 700 |
| 4. Тапетари | 16 | | | | | | | | | |
| 5. Сечење на дрва | | | | | | | | 150 | 250 | 300 |
| 6. Чубукчии | | | 8 | 10 | 15 | 150 | 150 | | | |
| **ТЕКСТИЛНИ ЗАНАЕТИ** | | | | | | | | | | |
| 1. Јорганџии | 15 | 20 | – | – | 20 | 250 | | | | 500 |
| 2. Шивачи машки | 25 | 18 | 25 | 30 | 45 | 400 | 400 | 600 | 700 | 700 |
| 3. Шивачи женски | 20 | 18 | 23 | 20 | 30 | 300 | 300 | 300 | 600 | 650 |
| 4. Плетарски | 20 | 16 | 22 | – | 30 | 350 | 350 | 400 | 600 | 600 |
| 5. Волновлачари | – | 15 | – | 20 | – | 250 | 250 | 250 | 300 | 350 |
| 6. Валајч.на вода | 30 | 25 | 26 | 30 | | 400 | 400 | 500 | 400 | 300 |
| **ПРЕРАБОТКА НА КОЖА** | | | | | | | | | | |
| 1. Опинчари | 25 | 17 | 17 | 25 | 30 | 450 | 450 | 400 | 500 | 500 |
| 2. Папучари | 20 | 14 | 16 | 15 | 20 | 235 | 250 | 300 | 450 | 400 |
| 2. Сарачи | 6 | 7 | 8 | 10 | 20 | 200 | 200 | 200 | 300 | 350 |
| 3. Изр.на пласт.пред. | | | | | | | 200 | 300 | | |
| **ПРЕХРАНБЕНИ ЗАНАЕТИ** | | | | | | | | | | |
| 1. Изработка на кори | | | | | | | 600 | 1000 | 700 | 750 |
| 2. Слаткари | | | | | | | 300 | 500 | 500 | 500 |
| 3. Содаџии | 25 | 15 | 27 | 40 | 50 | 450 | 500 | 700 | 700 | 750 |
| 4. Бонбонџии | 20 | 20 | 25 | 20 | – | 300 | – | 400 | 400 | – |
| 5. Бурекчии | | | | | | | | | | 400 |
| 6. Млекари | | | | | | | | | | 400 |
| 7. Леблебџии | | | | 25 | 30 | 200 | – | – | 300 | 350 |

./.

350.-

ПОПРАВКА НА РАЗНИ ПРОИЗВОДИ

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Попр.на пл.маси | | | | | | | | 600 | - | 600 |
| 2. Свеќари | - | 15 | 16 | 18 | 25 | 270 | 300 | 300 | 350 | - |

ЛИЧНИ И ДР.ЗАНАЕТ.УСЛУГИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Фотографи | 700 | 700 | 750 |
| 2. Бербери | 300 | 500 | 600 |
| 3. Фризери | 700 | 700 | 750 |

УСЛУГИ СЛИЧНИ НА ЗАНАТИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Воденичари | 150 | 200 | 250 |
| 2. Услуж.вар.ракија | 700 | 400 | 300 |

Од изнесените податоци, кои не се сосема исцрпни, се гледа дека највисоки лични приходи имаат вработените во техничките занаети, столарите, ѕидарите, молерите, шивачите и други. Може да се констатира и тоа дека, за разлика од струшките занаетчии, кај охридските,приходите се поголеми, бидејќи од секогаш потрошувачката на занаетчиските производи била поголема.

И покрај тоа што даночната политика, во различни години, се менувала и на одреден начин го форсирала или сопинала развојот на занаетчиството, се' уште во последните години не е подобрена положбата на услужните занаетчиски дејности. Тоа се чувствува во двата града. И понатаму се јавува расчекор меѓу потребите на граѓаните и неможност на услужната дејност од занаетчиите, а посебно за поправка на телевизиските апарати, моторните возила,апаратите од

./.

"белата индустрија" и друго.

## Ѓ. Бесправно работење

Паралелно со порастот на побарувачката на занаетчиските услуги и производи се зголемува бесправното работење. Тоа е присутно во помала или поголема мера, во некои години и по ослободувањето. Се разбира, тоа најмногу во Регионот се разви од 1951 година, кога постојните занаетчии не беа во можност да ги задоволат потребите на населението. Бесправното работење станува рентабилно, бидејќи голем број на граѓани се обидуваат на тој начин полесно и поевтино да ги задоволат своите потреби. Со оглед на тоа дека со оваа работа се занимаваат занаетчиите во слободното време, најчесто тие се во вработен однос, им се дава можност преку бесправното работење, за кратко време, да заработат многу повеќе средства.

Најчесто од занаетчиите кои се занимаваат со бесправното работење се од: металопреработувачката, дрвопреработувачката и текстилната гранка, па ѕидарите, луѓе што се занимаваат со домашна ракотворба, сервисни услуги во домаќинствата и други. Ги има, и по селата, и по градовите. На пример, во Охрид, во 1951 година имало 43, а во 1956 година биле 47 бесправни занаетчии. Во 1954 година во Регионот имало 75 бесправни занаетчии.[19] Од 1961-197о година во Охрид и Охридско, најмногу се регистрирани бесправни мајстори и тоа: 62 ѕидари, 3о шивачи, 22 столари, 11 волновлачари, 11 ковачи, 6 потковувачи, 6 варџии, 3 бравари, 3 сервисни услуги во семејствата и други. И во Струга е слична положбата.

./.

Така, во 1956 година бесправно работеле 69 занаетчии, а во времето од 1961 - 197о година нивниот број се движел: 3о ѕидари, 1о шивачи, 9 столари, 8 ковачи и други.

Интересно е дека во бесправното работење во некои години се регистрирани и полузанаетчии, како воденичари, тие што варат ракија и други. Во Струга и Струшко од 1961-197о година, во просек, годишно бројот на воденичарите се движел од 45-86, а за варење на ракија од 5о-112 казанџии, додека во Охрид и Охридско во истиот период се регистрирани до 71 воденица и услужно варење на ракија до 174 казанџии.[2о]

Големиот број на бесправни занаетчии е резултат на неефикасноста на инспекциските служби, како што е случајот во последните години. Бесправните занаетчии,како и секогаш, нанесуваат голема штета на легалните занаетчии и општествената заедница, бидејќи од една страна ги преземат работите по многу пониски цени, а од друга, и не ги плаќаат општествените давачки.

е). Создавање на занаетчиски кадрови во повоениот период

По ослободувањето често пати, на разни нивоа и во разни средини, е зборувано и се барани подобри патишта за создавање на поквалитетни кадрови во областа на занаетчиството,како и за потребите на целото стопанство. Во изминатиот

./.

период, методите во создавање на кадровите, условите за работа, критериумите во изучувањето на занаетчискиот кадар се менувани, што, главно, зависело од бројот на заинтересираните ученици, од потребите на општествената заедница, како и од постојните економски, просторни и други услови за работа.

Учениците во стопанството, во двата града, како и на секаде, секогаш биле "проблематични" и актуелни пред повиканите органи. Се настојувало тие да се здобијат со општо и стручно-техничко образование, бидејќи во социјалистичкото општество не може да се замисли квалификуван или висококвалификуван работник-мајстор(столар, бравар, чевлар, механичар и друг) да не ги познава основите на општообразовните предмети:математика, физика, македонски јазик, историја, хемија и др., и познавање на стручните предмети: технологија, техничко цртање, машински елементи и други соодветни предмети по струката.

Кога се во прашање учениците во стопанство, потребно е да се истакне дека повеќе години по ослободувањето на овие ученици кои уште популарно се викаат"работничка младина", во создавањето на подобри услови за учење не се обрнувало доволно внимание, бидејќи општествената заедница, а посебно во првите повоени години повеќе водела сметка за отворање и обезбедување на услови за работа на средните стручни училишта и гимназиите, зашто нашето општество од таков вид на кадрови имаше голема потреба. За потврда на оваа констатација доволно е да се изнесе податокот дека за потребите на учениците во стопанството

./.

во двата града на Охридското Езеро не е изградено ниедно занаетчиско училиште, односно не се обезбедени простории за работа и учење.

Во Охрид и Струга оспособувањето на стручните кадрови во занаетчиството се вршело преку редовните училишта за ученици во стопанство и женските занаетчиски училишта. Женските занаетчиски училишта работеле со прекин и не биле редовни во сите години. Приложениве табеларни прегледи ја прикажуваат бројната состојба на учениците по години и класови.

П р е г л е д

На учениците во стопанското училиште"Марко Несторовски" во Охрид(1946 - 1968)[21]

| Учебна година | Број на ученици по класови | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I клас | II клас | III клас | Вкупно: |
| 1946/57 | 31 | 9 | 5 | 45 |
| 1947/48 | 37 | 3o | 11 | 78 |
| 1948/49 | 4o | 28 | 16 | 84 |
| 1949/5o | 44 | 46 | 45 | 125 |
| 195o/51 | 57 | 37 | 34 | 128 |
| 1951/52 | 51 | 49 | 46 | 146 |
| 1952/53 | 43 | 3o | 26 | 99 |
| 1953/54 | 62 | 4o | 26 | 128 |
| 1954/55 | 53 | 33 | 23 | 1o9 |
| 1955/56 | 31 | 38 | 28 | 97 |
| 1956/57 | 36 | 25 | 2o | 81 |
| 1957/58 | 41 | 49 | 28 | 118 |
| 1958/59 | 64 | 3o | 36 | 13o |
| 1959/6o | 57 | 49 | 29 | 135 |

./.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1960/61 | 101 | 53 | 42 | 196 |
| 1961/62 | 155 | 79 | 48 | 282 |
| 1962/63 | 115 | 77 | 77 | 269 |
| 1963/64 | 103 | 95 | 87 | 285 |
| 1964/65 | 154 | 85 | 72 | 311(само мет.сме. |
| 1965/66 | 57 | 134 | 85 | 276 |
| 1966/67 | - | 63 | 149 | 212 |
| 1967/68 | - | - | 62 | 62 |

П р е г л е д

на учениците во стопанското училиште"Александар Ванковиќ" Струга (1945-1965)[22]

| Учебна година | Број на ученици по класови | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I клас | II клас | III клас | Вкупно |
| 1945/46 | 23 | 8 | 22 | 53 |
| 1946/47 | 14 | 20 | 6 | 40 |
| 1947/48 | 34 | 17 | 12 | 63 |
| 1948/49 | 10 | 20 | 11 | 41 |
| 1949/50 | 23 | 9 | 17 | 49 |
| 1950/51 | 38 | 29 | 8 | 75 |
| 1951/52 | 24 | 22 | 31 | 77 |
| 1952/53 | 9 | 14 | 25 | 48 |
| 1953/54 | 8 | 15 | 23 | 46 |
| 1954/55 | 18 | 10 | 24 | 52 |
| 1955/56 | 10 | 20 | 20 | 50 |
| 1956/57 | 10 | 8 | 20 | 40 |
| 1957/58 | 19 | 14 | 8 | 41 |

./.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1958/59 | 35 | 17 | 14 | 66 |
| 1959/60 | 22 | 29 | 15 | 66 |
| 1960/61 | 15 | 18 | 26 | 59 |
| 1961/62 | 25 | 17 | 18 | 60 |
| 1962/63 | 59 | 25 | 17 | 101 |
| 1963/64 | 44 | 55 | 25 | 124 |
| 1964/65 | c | Сите ученици од двата класа го завршиле III клас. | | |

Преглед

на ученичките во женско-стручно занаетчиско училиште во Охрид(1945-1957)[23]

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1945/46 | 24 | 14 | 9 | 47 |
| 1946/47 | 29 | 25 | 14 | 68 |
| Од 1947-1950 година ова училиште беше затворено. | | | | |
| 1951/52 | 47 | 58 | - | 105 |
| 1952/53 | 38 | 68 | 45 | 131 |
| 1953/54 | 27 | 38 | 50 | 115 |
| 1954/55 | 40 | 25 | 32 | 97 |
| 1955/56 | 27 | 31 | 30 | 88 |
| 1956/57 | - | 27 | 21 | 48 |

Сите последни генерации го завршиле ова училиште.

Преглед

на ученичките Женското стручно домаќинско училиште "Драга Евтимова"во Струга(од 1952-1958)[24]

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1952/53 | 34 | 17 | 9 | 60 |
| 1953/54 | 14 | 36 | 16 | 66 |
| 1954/55 | 22 | 26 | 31 | 79 |
| 1955/56 | 15 | 15 | 15 | 45 |
| 1956/57 | 13 | 17 | 12 | 42 |
| 1957/58 | 14 | 8 | 11 | 33 |

./.

Ученичките кои ги завршувале овие училишта не успевале brгу да најдат работа, а посебно тие во Струга. Дел од [illegible] нашле вработување во текстилната конфекција "Осми март", а повеќе од нив се преквалификувале.

Бројот на запишаните ученици, како што се гледа од прегледите, во првите две-три години бил сосема мал. Покасно е во постојан пораст, што е резултат на неразвиеноста на стопанството, на односот на локалната власт спрема занаетчиството, на недостигот на суровини и добри алати за работа, желбата на младите да учат во други стручни училишта, како и застојот на образовниот систем за време на војната. Од прегледите за движењето, бројот на учениците во стопанството може да се констатира дека 1951 година била пресвртница во корист на занаетчиските кадрови. Имено, во 1950 година и по неа, секое државно претпријатие, спрема бројот на вработените работници, било должно да прима и определен број на ученици за неговите потреби. Меѓутоа и покрај донесените позитивни законски прописи, имало доста случаи во приватниот и општествениот сектор да не ги спроведуваат во дело прописите, избегнувајќи да примаат ученици, бидејќи за нив требало да плаќаат пари.[25]

Со развојот на целокупното стопанство, се зголемувале и потребите од млади кадрови. Некои изнесени податоци за бројната состојба на учениците во стопанство за двата града од д-р Панче Кировски, со [illegible] не се сложуваат. На пример, во 1949 година Ќировски наведува дека во Регионот имало 40 ученици.[26] Меѓутоа, во двете стопански

училишта имало 174 ученици. Несогласување на моите податоци со спомнатиот автор за бројната положба на учениците има и во други години.

Кај учениците, скоро, во целиот период најмногу владеело интересирање за изучување на металните, текстилните, столарските и електротехничките занаети, што е резултат од развојот и насоките на локалното стопанство, како и од развојот на современата техника. За старите занаети(ковачки, тенеќециски, калајџиски, забунарски, грнчарски, кујунџиски и други) кај младите воопште немало интерес. Традицијата занаетот да се пренесува од колено на колено во овој период се прекинува. Заради стихијноста и непланското распоредување и создавање на занаетчиските кадрови, доаѓаше постепено и до лошата квалификациона структура кај одделни занаети. Многу занаетчии ги напуштија своите работилници и ги претворија во трговски продавници.

Заради неповолната економска положба на занаетчиството, завршените ученици својата егзистенција ја бараа во индустријата. Тоа го потврдува и податокот дека во нашата земја околу 45% од свршените занаетчиски ученици оделе во други стопански гранки, а околу 55% останувале во занаетчиството.[27] Ова "преселување" на учениците во другите стопански гранки е сосема разбирливо кога ќе се имаат во предвид потребите од стручни кадрови во општественото стопанство. Тоа беше присутно и во охридско-струшкиот регион.

Обезбедувањето на занаетчиските кадрови не се вршеше само со занаетчиските училишта, туку и преку разни специјализирани стручни училишта што ги имаше во целата земја,

како и прекубројните организирани курсеви за разни занаети. Со курсеви се изучуваат најмногу современите технички занаети што се употребуваат во домаќинствата. Во последните години не е помала и улогата на заводите за вработување на работниците во обучување на младите за потребите на локалното стопанство. Во двата заводи се изградени нови училиници и работилници за практична работа. Исто така, многу занаетчии со пракса и подолг занаетчиски стаж со комисиско полагање го имаат стекнато своето образование.

Бројот на учениците во стопанството се намали по 1966 година кога со новите законски прописи овие училишта, како мешовити,беа укинати, а се формираа перодични стручни училишта по гранки и тоа во цела СР Македонија. Меѓутоа, по извршената анкета и водените разговори со индивидуалните занаетчии, со општинските собранија и другите фактори од страна на Секретаријатот за услужни дејности при Стопанската комора на СРМ,[28] се констатира дека извршената реорганизација и создавањето на периодичните училишта негативно се одразило во создавањето на занаетчиските кадрови. Како главни причини се големи трошоци за интернатска издршка на учениците и незаинтересираноста на индивидуалните занаетчии да ги сносат трошоците за школување или барем делумно да учествуваат во покривањето на тие издатоци.

Ж. Затворање на резбарското училиште

По ослободувањето на нашата земја, Резбарското училиште во Охрид веднаш почнало да работи. Во првата година имало тешкотии со наставен кадар, но како предавачи биле

./.

хонорарно ангажирани наставниците од охридската гимназија. Училиштето било наменето за младите од целата СР Македонија кои биле заинтересирани да го изучуваат резбарскиот занает.

Во 1945 година биле запишани 16 ученици, од кои 1о за градежна насока и 6 за длаборез. Од нив положиле 7 за градежни техничари и 4 резбари. Така, во учебната 1945/46 година се запишале само 11 ученици.

Во учебната 1946/47 година биле запишани 52 ученици, од кои 23 во таканаречениот подготвителен општ клас, 22 во резбарскиот и 7 во фасадерскиот клас. На крајот на годината завршиле 21 во општиот, I клас-9 резбари,II-5, III-3 резбари, а од фасадерите завршиле први клас 7 ученици.[29] Податоци за учебната 1947/48 нема, меѓутоа, ова училиште било затворено во 1948 година. Одделението за иконографија уште во првата година по ослободувањето било укинато, бидејќи никој не сакал овој занает да го изучува. Во рамките на резбарското училиште работела и столарско-резбарска работилница која во 1949 година прераснала во Занаетчиско дрводелско претпријатие "Андон Дуков". (Продолжува на стр.360-а)

Така, после 24 години на успешно работење и после два предвоени обиди да се укине, конечно, за жал,се ликвидира во слободна Народна Република Македонија. Резбарското училиште уште со основањето, покрај големите желби и напори, во себе носело и тешкотии, не само за работа, туку и за вработување на свршените резбари. Ова училиште било едно од најскапите занаетчиски училишта, бидејќи во годината, сосема малку кадрови завршувале. Меѓутоа, било строго стручно и специјално. Затоа општеството се борело

Во трите класови се предавале следните предмети: македонски јазик, национална историја, географија, руски јазик, математика, геометрија, физика, хемија, пеење, убаво пишување, гимнастика, цртање, техничко цртање, моделирање, пракса по столарство, пракса по градежништво и пракса по декорација. Зависно од одделението, дополнително се предавале уште овие предмети: пракса по резбарство, минералогија, технологија на градежништвото, резбарство и фасадерство.

(Продолжува; Така,.. на стр.360).

да го одржува. По завршувањето на Втората светска војна, училиштето многу брзо се затворило, бидејќи завршените ученици-резбари немале што да работати производите немале каде да ги пласираат. Населението било бедно и никој не купувал скапи и вредни работи. Не биле заинтересирани ни државните установи.

Од завршените резбари повеќе станале службеници, а некои столари, додека неколку мајстори останаа "верни" на својот занает. Работеа во дрводелското претпријатие "Андон Дуков" се' до 1962 година. Четири резбари во 1965 година отидоа во пензија. Останаа уште шестмина како "тежина" на општеството. Работаат во една непристапна работилница кај месноста "Билјани Извори".

Денеска со работата на последните резбари "тргуваат" некои скопски претпријатија. Но тие, покрај сета голема желба, им го откажуваат гостопримството и грижата за пласман на резбарските производи. Во 1966 година на изложбата за словенската писменост, што се одржа во Охрид, на која беа изложени и резбарски дела, еден посетител во книгата за впечатоци забележал:"Охридската резба е химна на работата и на човечкото трпение. Штета што изумира, односно умира племенитоста на човечкиот дух, на овдешниот, специфичен, но универзален и длабоко човечки".[30] На секаде и во секое време, кога станува збор за заштита на охридската резба и продолжување на традицијата, сите се едногласни во тоа дека треба да се сочува тешко спечалената традиција.

./.

Меѓутоа, до денеска за тоа не е најдено решение. Охридскиот длаборез веќе постанува споменик, историја на една минатост, дел од големото македонско национално и народно уметничко богатство. Штета за сите нас, што, ете, така мирно, со наши сознанија еден скап и баран занает изумира.

Многу охриѓани, иаку старите резбари веќе кренале раце, се прашуваат дали има излез да не изумре резбарството. Сметаме дека во денешно време може и треба да се најде излез. На бреговите од многубројните македонски езера, планини, градови, бањи, се градат многу убави хотели, нови и големи општествени згради, чија архитектура, во извесна смисла, ја одразуваат македонската архитектура и култура. Меѓутоа, за жал, токму овде, во охридските хотели, што секогаш се пред очите на туристите од светот, кај македонските архитекти се изгубило чувството некој дел од големото здание (ходник,соба, бар,или што било) да ги "натера" инвеститорите обавезно да го обликуваат со македонски длаборез. За градба се вложуваат големи средства, па со законски пропис би требало некои објекти што ќе се градат задолжително да предвидат и средства за ваква намена. Во Охрид почна добра, но брзо таа традиција се прекина.

Нашата земја ја посетуваат голем број домашни и странски туристи. Сите тие, во основа, со себе за спомен купуваат разни сувенири. Од ова подрачје, веруваме, дека би бил, најдобар спомен некој мал добро изработен предмет од длаборез. На тоа би требало да работи една мала група на уметници кои ќе даваат идеи и нацрти какви сувенири да се изработуваат. Тоа некои напредни туристички земји одамно го практикуваат.

./.

Сепак, се' уште не е доцна. Би требало да се отвори единствено училиште за потребите на СР Македонија, во кое ќе има од секој град по неколку ученици и така ќе се создаде нова генерација. Веруваме дека за нив работа секогаш ќе има. И затоа не би требало, во денешно време, при еден голем македонски стопански, просветен и културен развој,да се изгуби еден многу важен уметнички занает, по кого Македонија е позната и надвор од нашите граници.

## 3. Некои други проблеми во врска со создавањето на занаетчиските кадрови+

Непосредната активност на одговорните фактори за образованието, воспитувањето и грижата за подмладување на занаетчиските кадрови, од сојузните до општинските органи на власта, за перманентното продолжување и наоѓање на нови патишта и методи за успешна работа на стопанските училишта, од ослободувањето на земјата до сега, а тоа ќе биде и во иднина, очевидно зборува за вниманието на општествената заедница да се образуваат нови стручни кадри.

Меѓутоа, во условите на низа стопански, политички, просветни и други тешкотии, што беа посебно присутни во повоениот период, кога власта беше судрена со многу поважни и покрупни проблеми, се случуваше за учениците во стопанство, за нивната работа, да не се посветува доволно внимание. Имено, во многу случаи, за повеќе години,запишувањето

+ Проблемски сосема кратко ги изнесуваме некои податоци од животот и работата на училиштата и тоа врз основа на извештаите, анализите и информациите за повеќе години,кои се чуваат во Историскиот архив-Охрид.

во овие училишта не се води планско, односно не било сообразено со потребите на занаетчиското стопанство. Поради тоа многу од нив по завршувањето на занаетот немале место каде да бидат вработени и биле присилени да ја менуваат својата струка и да бараат други работни места.

Училиштата за ученици во стопанството во двата града беа сместени во истите училишни згради каде што ја изведуваа наставата основните училишта. Организацијата на наставата беше подредена на режимот што го диктираа управите на основните училишта, а во исто време и занаетчиските мајстори и претпријатија. Што значи, наставата, како во стара Југославија, се изведуваше во доцните вечерни часови, во непогодни хигиенски и технички услови за работа. Ова положба остана неизменета, т.е. суштински не се подобри за целото време на нивното постоење. Независно од правното регулирање на статусот на овие ученици, имаше примери кајшто учениците беа за[illegible] од своите работодатели за прекувремено работење, дури беа и спречувани да ја посетуваат училишната настава.[31] Имало доста случаи самите ученици да ги напуштаат часовите, не доаѓа редовно на настава, не биле дисциплинирани и друго.

Посебен проблем претставувало опремувањето на овие училишта со наставни средства, алати и потрошни материјали за изведување на практичната настава по одделни занаети. Всушност, наставата се изведувала со инвентарот и опремата на основните училишта. За овие училишта секогаш биле обезбедени средства исклучиво само за подмирување на личниот доход на вработениот редовен и хонорарен персонал, а сосема минимално за режиски трошоци.[32]

./.

Наставата се изведувала врз основа на наставните планови и програми, кои во изминатиот период многу пати биле и менувани, но суштински голем број на образовните предмети останале исти. Во структурата на општообразовните дисциплини, наставата била застапена од следните предмети: македонски јазик, историја, математика со геометрија, општествено уредување, географија, хемија, физика, хигиена, фискултура и други. Во групата на стручни предмети, во зависност од возраста, и занаетот што го изучувала биле застапени следните предмети: технологија, калкулации, организација на стопанството, техничко цртање, алати, машински елементи, електрични инсталации, енциклопедија на машини, механика, технологија на дрвото и други. Во женските занаетчиски училишта, покрај општообразовните предмети, се изучувало и: народен вез, декоративно цртање, теорија, цртање со кроење, и шиење, домаќинство и слично.[33]

Наставата во училиштата била изведувана не секогаш од стручни кадри. Сите општообразовни предмети ги предавале основни учители, а интересна и евидентна е појавата дека директорите на овие училишта, од ослободувањето се' до укинувањето, биле само учители со средно образование. Наставата во повеќе случаи ја изведувале хонорарни учители или мајстори, а меѓу нив имало и такви наставници кои немале никаква стручна подготовка, за воспитување и образување на овој вид ученици и младина. Во повеќе случаи тие не ја сваќале сериозно својата работа и затоа наставата што ја изведувале не била на потребно ниво.[34]

./.

Заради слабите материјални можности, многу родители, а посебно од селата, своите деца ги упатуваа во овие училишта со цел што побрзо да се вклучат во стопанскиот живот. Но, во училиштата одеа и оние деца кои што поради лошиот успех не можеа да го продолжат образованието во други стручни училишта или гимназија. Така, во периодот од 1951-1957 година во Регионот, социјалниот состав на учениците во најголем број биле деца од занаетчиски и селски семејства-72%, од интелектуалци - 3%, а другите 25% биле од други занимања[35].

Меѓутоа, во последните години, со развојот на техниката и индустријата, тенденцијата за изучувањето и интересот за некои нови занаети е зголемен. Покрај низата недостатоци, овие училишта одиграа значајна улога во создавањето на занаетчиските кадри за потребите на занаетчиското стопанство, а особено за потребите на индустриските и други претпријатија.

XIII-6

1. ИА-Охрид, Занаетчиска комора Охрид(1945-1962), кут.2, бр.146.(Повелба за создавање на занаетчиска комора на Федерална Македонија).
2. ИА-Охрид, занаетчиски комори на Охрид и Струга,-Статистички извештаи.
3. ИА,Охрид, Занаетчиска комора Охрид, кут.1, за 1945.
4. ИА,Охрид, Околиски народен одбор Охрид(1944-1965)-трговски оддел и снабдување, бр.9о8 од 19.III.1946.
5. ИА,Охрид, Занаетчиска комора Охрид, кутија I, за 1946.
6. Едвард Кардељ, О занатству, "Наше занатство", бр.4 од 29.8.1948.
7. Гривчев Васил, Неки проблеми развоја занатства,"Комуна", бр.4,1959.стр.27.
8. ИА,Охрид, Занатска комора Охрид и Завод за статистика-Охрид-Статистички податоци.
9. ИА,Охрид, Занатска комора Отруга(1945-1962) и Завод за статистика-Охрид, статистички податоци.
1о. Уредба за цените на занаетчиските производи и услуги "Службен лист на ФНРЈ", бр.48/51).
11. Едвард Кардељ, О развоју занатства, "Занатски лист", бр. 1о од 1.9.1954.
12. ИА,Охрид, Занатските комори на Охрид и Струга и Заводот за статистика во Охрид, статистички евиденции за занаетчиите.
13. Истото.
14. Мандиќ Елвира, Концепција дугорочног развоја СР Македоније, потпројект занатство, Београд, 197о,стр.47.

15. Завод за статистика Охрид,-Статистичка евиденција за занаетчиите во Охрид и Струга.
16. Стопанска комора на Македонија-Секретаријат за услужни дејности, (1965-197o), Скопје, Анализа за положбата и актуелните проблеми во индивидуалниот сектор на занаетчиството во 1967.
17. Завод за статистика Охрид, Евиденција за занаетчиите.
18. Истото.
19. Д-р Панче Кировски, цит.дело, стр.292.
2o. Завод за статистика Охрид, Евиденција за занаетчиите.
21. ИА,Охрид, Училиште за ученици во стопанство Охрид (1945-1968), Главни книги.
22. ИА,Охрид, Училиште за ученици во стопанство Струга (1945-1967), Главни книги.
23. ИА-Охрид, Женско занаетчиско училиште Охрид(1946-1957), Главни книги.
24. Основно училиште "Браќа Миладинови"Струга, Женско занаетчиско училиште Струга(1952-1958), Главни книги.
25. АМ,Скопје, Занатска комора на Македонија-Скопје,Извештај за работата за 1954/55 година.
26. Д-р Панче Ќировски, цит.дело, стр.272.
27. Радовановиќ Милија, Развој привреде ФНРЈ, Београд, 1956, стр.329.
28. Стопанска комора на Македонија-Секретаријат за услужни дејности(1965-197o), Анализа за положбата и актуелните проблеми во индивидуалниот сектор во 1967.

./.

29. Училиште за примена на уметност-Скопје, Резбарско строително училиште Охрид (1944-1947), Главни книги.

30. НМ,Охрид, Книга за впечатоци од изложбата за словенската писменост во 1966.

31. Синадиноски Јаќим,Проблеми на работничката младина,"Нов занатлија", бр.5 и 6 за 1954.

32. ИА, Охрид, Училиште за ученици во стопанство за Охрид и Струга, Буџетски книги за сите години и годишни извештаи за работа.

33. ИА,Охрид, Женско занаетчиско училиште Охрид, Училишни дневници.

34. ИА,Охрид, Занаетчиски училишта од Охрид и Струга,Извештаи за работа за повеќе години.

35. ИА,Охрид, Околиски народен одбор Охрид(1944-1965), Анализа за положбата на занаетчиството за 1957.Арх. граѓа за 1958.(Несредена).

# З А К Л У Ч О К

Охридско-струшкиот регион, заради недобрите комуникации, отцепеност од поголемите центри, во периодот меѓу двете светски војни, како да претставува и одделно подрачје на СР Македонија во поглед на занаетчиството. Се развиваат оние занаети, чии производи се барани, главно, во овој регион. Всушност, својата животна егзистенција занаетчиите ја обезбедуваат преку изработка и продажба на производи потребни за месното население. Карактеристично е за занаетчиите дека во периодот непосредно по Првата светска војна и после големата светска економска криза имаа релативно поднеслива материјална положба, но таа бргу се влошувала. Затвореноста на занаетчиите во овој регион особено доаѓа до израз за време на последната окупација на нашата земја.

Од 1918-1941 година, односно до 1944 година, занаетчиството во Регионот е единствена стопанска гранка преку која беземјашите и сиромашното и средното граѓанство ги обезбедува неопходните средства за живот. Немајќи можност за вработување во другите гранки, а особено заради неразвиеноста на индустријата, бројот на занаетчиите и занаетите се зголемувал.

Занаетчиството и во првите повоени години, до 195о година, не ќе бележи некои видни резултати и напредување, заради неможноста занаетчиите да се вклучат во новите стопански услови, бидејќи главното внимание на народната власт беше свртено кон индустријализација и електрификација,

./.

кон создавање на основи за ново - модерно занаетчиство на база здружување и усвојување на нова технологија. Токму затоа во занаетчиството се чувствуваше извесна стагнација во тој период, а кога се создадоа подобри материјални можности, се посветува поголемо внимание и на оваа традиционална стопанска гранка од овој регион. Така, квалитативно и квантитативно се унапредува поради стимулантните мерки на општествената заедница.

x x x

Развиеното занаетчиство од крајот на минатиот и почетокот на овој век, во охридско-струшкиот регион веднаш во првите две-три години по Првата светска војна се најде во вонредна положба. Причината за тоа е затворањето на државната граница спрема Албанија, која дотогаш за ова подрачје беше од главните потрошувачи на занаетчиските производи од Охрид и Струга. Соседните албански градови и села повеќе не можеа да бидат користени за пласман на занаетчиските производи.

Мнозина занаетчии и занаети од овој регион не можеа да ги продаваат своите производи на месното население, кое беше претежно селско и земјоделско, и заради воените настани и економското исцрпување. Тоа немаше соодветна куповна сила и настојуваше своите потреби само да си ги задоволува или од приучени, бесправни мајстори по пониски цени. Затоа занаетчиите во овој период едвај успеваат да ги задоволат потребите на своите семејства. Сепак, занаетчиите беа во нешто подобра положба отколку другото население, но не во таква

состојба за да може да се рече дека занаетчиството ги продолжува некогашните традиции.

Како и другите стопански гранки, занаетчиството многу опадна за време на економската криза. И малкуте занаетчиски производи останувaa по работилниците непродадени. Принудени беа занаетчиите дури и под вредноста да ги продаваат своите производи или на вересија, само да не ги изгубат наполно муштериите. Занаетчиите, борејќи се за својот опстанок по цена на разни лишувања, се пауперизираа и раслојуваа, настојувајќи да ги додржат своите работилници, меѓутоа никогаш до 1944 година, тие не беа во состојба да си создадат сигурна егзистенција.

Занаетчиите беа присилени да водат нерамна борба со конкуренцијата од индустриските стоки Готовите индустриски производи се' повеќе продираа и во помалите места (во Охрид и Струга) и нивните села. Најзасегнати од ваквиот процес беа кожарско-преработувачките занаети(чевларите, опинчарите), текстилните( шивачите и абаџиите), метало-преработувачката дејност(ковачите, тенеќеџиите и грнчарите) и други.

Во безобѕирната економска конкурентска борба некои занаетчии постепено, но сигурно се прилагодуваа на настанатите промени и односи. Често пати својот стар занает го менувале или слични занаети ги спојувале во еден(чевларот станувал и крпач, абаџијата - шивач и терзија и тн.). Доста стари занаети, чии производи не се барани, исчезнуваа, а се јавуваа нови(електричари, водоинсталатери, автомеханичари, таксисти и други). И со ваково маневрирање тешко занаетчиите

излегувале на крај зашто трговците индустриските производи ги носеле и продавале дури и во најдалечните селски населби во Регионот. На тој начин занаетчиите ги губеле своите потрошувачи. Ретко кој купувал занаетчиски производи, а ако тоа го чинел, купувал на вересија, што влијаело занаетчиството да не може да си обезбеди нормална работа.

Занаетчиството и во овој период се пренесувало и ширело по традиција. Целото семејство на занаетчијата било ангажирано во изработката и пласманот на занаетчиските производи. Мајсторите во својата работа користеле и [illegible] работна сила - чираци и калфи. Само неколкумина занаетчии од овој регион економски биле помоќни и вработувале и квалификувани работници. Ваквите занаетчии во Регионот се познати како експлоататори на малу плаќаната работна сила.

Занаетчиството во Регионот има ситнососпственичк[illegible] карактер. Преку него едвај се обезбедувала животна егзистенција. Непланското фабрикување на занаетчиските кадри негативно се одразило и во оваа стопанска гранка. Всушност, со затворањето на некои гимназии во Македонија, меѓу кои и охридската, бившите југословенски властодршци пред населението сакале да го оправдаат со божемна "заинтересираност" за образование на занаетчиските кадри, и затоа уште по Првата светска војна во двата града отвориле занаетчиски училишта за двата пола. Вака многубројниот занаетчиски кадар излез од ситуацијата најчесто бара во одење на печалба, каде го чекала иста или слична судбина.

./.

Додека во минатото занаетчиските еснафи ги имаа во заштита своите членови и се грижеа за унапредување на занаетите и за нивни посоодветен третман во општествената средина, занаетчиските здруженија во периодот меѓу двете светски војни и' служеа на експлоататорската класа, бидејќи во нивните управи, со помош на власта, главен збор имаа поимотните занаетчии и привржениците на режимот. Затоа занаетчиите се оптоварувани со многубројни државни давачки, а не користеа никакви олеснувања и помошти. Не можеле ситните занаетчии да го унапредат занаетот, да ја олеснат работата во работилниците, бидејќи не биле кредитно опособни и банките не им давале кредит или сосема ретко. Кредитите под поволни услови ги користеле најмногу поимотните занаетчии и така капиталот се вртел во ограничен круг.

Новата територијално-политичка поделба меѓу фашистичките окупатори на овој регион, во 1941 година, негативно се одрази и на занаетчиството. Охридските занаети уште повеќе стагнираат зашто територијата за пласман се намали, а потребните суровини ги снема и не можеа да се набават на слободниот пазар, па занаетчиите беа упатени преку бугарскиот окупатор да доаѓаат до суровини, што се даваа како "нарјади" во сосема недоволно количество.

Струшките занаетчии беа тогаш во поповолна положба. Тие своите производи можеа да ги пласираат и на албанските пазари, меѓутоа различните фашистички органи, несигурноста на животот во воено-политичката ситуација, не им дозволи да ја користат повеќе таа можност. Секакво движење на

./.

занаетчиите за фашистичките власти беше сомнително, па и многу од нив беа и малтретирани и ограбувани. Така и во времето од 1941-1944 година занаетчиството во охридско-струшкиот регион минуваше низ големи тешкотии и пречки.

Во повоениот, административниот период, занаетчиството од објективни причини не се најде на преден план на економската политика. Обновата на порушеното и изградба на новото беше главната преокупација на народната власт, а за унапредувањето на занаетчиството, како и на други стопански гранки, се препорачува задружни форми и акции. Првите чекори кон здружено занаетчиство во двата града се различните занаетчиски задруги (чевларски, шивачки, столарски, берберски, калаџиски и други). Некои од нив подоцна прераснаа во модерни индустриски претпријатија и комбинати (Текстилен комбинат "Отекс", Метална индустрија"Братство", Дрвна индустрија "Треска",погон Охрид, Дрвни комбинат"Караорман"-Струга), а некои и натаму останаа занаетчиски задруги(чевларската задруга "Илинден" и Берберската задруга "Нов живот" во Охрид). Заради ваквите општествени настојувања индивидуалното занаетчиство не беше стимулирано, па голем број на занаети стагнираа (кујунџиите, бисерџиите, шивачите, столарите, часовничарите и други).

По 1950 година, особено со воведувањето на самоуправниот систем и либерализацијата на слободното производство и цените на производите, се чувствува растеж на занаетчиството и подобрување на неговите производи. Новите општествено-економски односи и достигањата на науката и техниката наложија појавување на нови занаети и изумирања на голем број стари.

./.

Меѓутоа, интересот кон минатото, кон народниот бит, некои од нив повторно ги оживува, како резбарството, кујунџиството, калајџиството, охридскиот бисер и изработката на сувенири. Ова повеќе произлегува од се' поголемото развивање на овој регион како туристичко подрачје. Дел на специфични, ретки занаети, општествената заедница ги стимулира. Постои голем интерес на општествената заедница за обновување на резбарството, но резултатите се' уште заостануваат зад очекувањата.

x x x

Занаетчиството во охридско-струшкиот регион во периодот од 1918-1944 година е важна стопанска гранка која подмирувала многу потреби на населението и на занаетчиите им ги носело основните приходи, што придонесувало тие да бидат понекогаш во подобра положба отколку што имало другото население. Во слободната татковина тоа добива нов третман и подруга општествена економска положба и улога, за чиј развиток и унапредување заедницата покажува се' поголема загриженост.

## КРАТЕНКИ

АС-Архив на Србија

МУП - Министерство за внатрешни работи (унутрашњих послова)

АЈ - Архив на Југославија

МТИ - Министерство за трговија и индустрија

МСК СХС - Министерски совет на Краљевина на Србија, Хрватска и Словенија

УЈ - Здружение на Јужносрбијанците (Удружење јужносрбијанаца)

ИА - Историски архив

ЗУО - Занаетчиско здружение (Удружение) Охрид

ЗУС - Занаетчиско здружение (Удружење) Струга

НМ - Народен музеј

ООЗУО - Окружен одбор на занаетчиските здруженија(удружења) Охрид

ОЗУО - Општо занаетчиско управление Охрид

АМ - Архив на Македонија

# Б и б л и о г р а ф и ј а

(Преглед на ползувани и консултирани извори и литература)

## I.

### а) Необјавена архивска граѓа

Архив Југославије, Београд:

Ф о н д о в и:

- Дворска канцеларија Краљевине Југославије (1919-1941).
- Министарски савет Краљевине Југославије (1918-1931).
- Министарство трговије индустрије Краљевине Југославије-Кабинет министра (1918-1941).
- Министарство трговине индустрије - Оделење занаетство (1918-1941).
- Министарство унутрашњих послова Краљевине Југославије Оделење јавне безбедности (1918-1941).

Архив на Македонија - Скопје:

- Занаетчиска комора на Македонија (1945-1965).

Архив Србије, Београд:

- Друштво "св.Сава" (1886-1945)
- Министарство народне привреде Краљевине Србије(1912-1914)
- Министарство унутрашњих послова Краљевине Србије(1912-1914)

Берберска задруга "Нов живот"-Охрид (1948-1970)

Завод за статистика-Охрид (1955-1970).

Историски архив Београд:

- Удружење Јужносрбијанаца (1923-1944).
- Еснафи града Београда (1910-1932)

Историски архив, Охрид:

- Занаетско удружење - Охрид (1923-1941).
- Занатско удружење - Струга (1928-1941).
- Окружни одбор занатског удружења - Охрид(1934-1941)
- Трговачки обавештајни Инкасо завод "Кредит-информ"- Београд (1924-1941).
- Занатска трговачка школа - Охрид (1919-194о).
- Општинско занаетчиско управљение-Охрид(1941-1944)
- Околиска занаетчиска комора Охрид (1945-1962)
- Занаетчиска комора Струга (1945-1962).
- Бакаро-калаџиска задруга "Труд" Охрид (1948-195о)
- Ателје за уметничка резба "Андон Дуков"-Охрид(1947-1962)
- Инвалидско занаетчиско претпријатие"Инзап"- Охрид(1949-1953)
- Инвалидска производна кооперација "Трудбеник"-Охрид (1946-1948)
- Занаетчиско набавно-продајна задруга "Петар Чауле"Охрид (1947-195о).
- Народен одбор на Охридска околија-Охрид(1945-1965).
- Училиште за ученици во стопанство Охрид (1945-1968).
- Училиште за ученици во стопанство Струга(1947-1967).
- Женско занаетчиско училиште - Охрид (1946-1957).
- Картотека - Досија на работните организации од Охрид и Струга.

Кондураџиска задруга"Илинден"-Охрид (1945-197о).

Народен музеј - Охрид:

./.

- Збирка на документи од Ташко Арсов (1918-1923).
- Занатско удружење Охрид (1923-1941)
- Картотека на паднати борци во НОБ од Охрид и Охридско
-Книга за впечатоци од изложбата на словенска писменост во 1966 година.

Основно училиште "Браќа Миладинови" Струга:
- Женско занаетчиско училиште Струга (1952-1958).

Приватни збирки:
- Ѓорѓи Метуле - чевлар од Охрид (19о9-1942)
- Ристо Серафимоски, кожар од Охрид;
- Боѓан Групче, бравар од Охрид (192о-1941)
- Јордан Донески - иконописец од Гари,
- Јаќим Чакарески, тенекеџија од Струга

Продавница "Борово" Охрид, финансова картотека (1934-1945)

Собрание на општина Охрид (1957-197о)

Стопанска комора на Македонија-Секретаријат за услужни дејности, Скопје (1965-197о)

Училиште за ликовна уметност Скопје:
- Резбарско училиште Охрид (1927-1948).

б). <u>Необјавени трудови</u>

1. Димитровски Димитар, Занаетчиството во Македонија, ракопис, Економски институт,Скопје, 1949.

2. Соколовиќ Лазар, Печалбарство, ракопис, Економски институт, 194о.

3. Салих Абдулхак, Казанџискиот занает во Охрид, ракопис, Народен музеј, Охрид, 1963.

4. Салих Абдулхак, Грнчарскиот занает во Струга, ракопис, Народен музеј,Охрид,1964.

./.

5. Стенографски белешки од реконструкцијата КПЈ во Охрид и Охридско од 1956 година, Народен музеј, Охрид.

в). Устни искажувања:

Анѓелески Анѓеле, Бимбиловски Благоја, Белев Милан, Василески Васил, Волкановски Стефан, Гроздановски Ѓоре, Групче Бојан, Главинче Вангел, Дојчиновски Паско, Деребаџ Миле, Димзов Стефан, Донев Наум, Жупановски Јован, Ивановски Симон, Коркут Димитри, Касапов Борис, Коџоманоски Климе, Кумбароски Димитри, Кичеец Миле, Кичеец Голаб, Коцаре Славе, Калајџиески Перо, Лсткоски Јордан, Масинова Марица, Маркоски поп Ристо, Маленко Јордан, Мџлезан Васил, Марин Петар, Марин Илија, Матоски Петар, Мехмеди Сулејман, Матјаноски Климе, Муарем Усеин, Митан Боро, Миладин Димитри, Миик Живко, Несторoски Стефан, Нанески Перо, Протуѓер Благоја, Пирузе Ѓоре, Попоски Методија, Ристески Владо, Рибаров Александар, Слатиноски Борис, Стефанија поп Благоја, Ставрески Анастас, Тасески Михо, Тунте Михајло, Тодороски Варе, Чакар Петар, Чакарески Јаким, Чипан Благоја, Џигероски Петар и Шајнова Лујза.

II.

КНИГИ И ТРУДОВИ ВО СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

Алексиќ, Никола, Занатство и занаетчиско другарство, Јужне Србије, "Народна одбрана", година 14, бр.29,Београд 1939.

Д-р Алексиќ, Предраг, Лични рад у социјализму, Београд,1973.

Аноним, Главни земаљаки савез занатских удружења, Њихова снага и његов рад, "Политика", 8.1о.1938.

./.

Аноним, Допис од Корча, "Јужна Србија", бр.1о2, 22.7.1916.

Аноним, Затворена граница, "Политика", 8.2.1927.

Аноним, Занатство Вардарске бановине, "Скопски гласник", 22.3.194о.

Аноним, Зарада столара опала је за посљедних три година за читавих 4о%, "Вардар", 3о.8.1939.

Аноним, Занатске школе у Вардарској бановини, "Скопски гласник", бр.335, 3.2.1934.

Аноним, Задължителна застраховка за занаятчиитѣ,"Цѣлокупна Българія", Скопје, 2о.8.1942.

Аноним, Информација "Наша реч", бр.21, 194о.

Аноним, Кројачки занат који је некада заиста био златан, данас се бори против конфекције и бесправног рада, "Вардар", 28.8.1935.

Аноним, Привреда Јужне Србије - "Потемкина села", "Политика" 7.2.1927.

Аноним, Протесни збор обућара у Скопљу, "Наша стара Србија" 1.7.1926.

Аноним, Ревизијом норми и увоћене бригадног система задруга "Илинден" премашила план у првој декади маја,"Наше занатство", бр.5,Београд, 195о.

Аноним, Резба из Охрида, "Политика", бр.1о9о8 од 1о.1о.1938.

Аноним, Са конференције обућара у Скопљу, "Скопски гласник" 2.11.1939.

Аноним, Селење Турака, "Политика", 12.2.1927.

Аноним, Стаистички подаци општих занатских и занатско-трговачких школа на територији Вардарске бановине"Гласник стручне наставе", Београд, 193о.

./.

Аноним, Тежак положај занатства у Вардарској Македонији, "Скопски гласник", бр.331, од 1934.

Аноним, Тежак положај занатства, "Скопски гласник", 27.10.1934.

Аноним, Штрајкот на келнерите во Скопје, Историски архив на КПМ, Т.I., Скопје, 1951.

Баиќ, Милутин, Пазарни дан у Струги, "Пијемонт", бр.318, 1913.

Бан, Д.Наши проблеми, "Трговски гласник", 24.9.1923.

Балавчевъ, Т.Град Охрид и котлината му, въ думи и образи, София, 1915.

Василев, Асен, Резбарски род на Филиповски од с.Осој, "Македонска мисъл", бр.5-6, София, 1946.

Василевиќ,Хаџи Јован, Струга и њена околина, "Јужни преглед", I/1927.

Г. Од лепе Господње, 1930 дуборезац Нветор није добио понуде за рад, "Вардар", 11.7.1935.

Гавриловиќ,Милан, Охридски округ, "Привредни гласник", 29.3.1925.

Гавриловиќ,Милан, Привреда Јужне србије, Скопје, 1931.

Гавриловиќ,Милан, Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији, Скопје, 1931.

Ѓеоргиев , Мирчо, Професионалнит организации в Б лгари , Софи , 1943.

Гигов, Страхил, Развојот на работничкото движење во Македонија по балканските војни, Скопје, 1955.

Гривчев, Васил, Неки проблеми развоја занатства, "Комуна", бр.4.1959.

Групчевиќ, Иван, Обнова средњовековне уметности на југу. У мушкој занатској школи у Охриду обнавља се дуборез и средновековни живопис.Оживљује се традиција наших копаничара"Правда", 7.7.1936.

Грунчевиќ, Илија, За време туристичке сезоне има пуне руке посла, "Правда", 1.9.1936.

Грунчевиќ, Илија, Туризам у Охриду руши ќепенке, "Правда", 14.6.1936.

Грујоски, Трајче, Битола, Битола,1971.

Групчевиќ, Коста, О Охриду и Охридском Језеру, Цариград, 1900.

Д-р Дедијер, Јевто, Нова Србија, Београд, 1913.

Драговиќ, Радомир, Избор чланака, Београд, 1954.

Димитријевиќ,Јован, О потреби подизање охридској краја, "Јужни преглед", година 3, бр.2, 1928.

Д-р Димитријеви, Сергије, Привредни развитак Југославије од 1918-1941 г., Београд, 1962.

Ѓ.М. Дали занатство заиста је осуѓено на пропаст? "Политика", 8.10.1938.

Ѓорѓевиќ, Тихомир, Наши сеоски занати, Београд, 1922.

Д-р Ѓорѓевиќ, Вид, Мере за унапреѓење привреде Вардарске бановине, "Скопски гласник", 15.5.1930.

Енциклопедија Југославије, том.V, Загреб, 1962.

Ж. Дуборезачка и иконографска школа у Охриду, "Даќиќеве народне новине", бр.7-8, Нови Сад, 1936.

Завршен извештај на Регионално-просторниот план во Охридско-преспанскиот регион, кн.I, Охрид,1973.

Зајкоски, Трајко, Административно-територијална поделба организација на власта и канцелариското работење во Македонија(1918-1941)-Реферат поднесен пред Друштвото на архивските работници на СРМ,Скопје, 29 и 30 мај,1969.

./.

Законъ за осигуряване на снабдяването и регулиране на ценитѣ, Софиa, 1941.

Занатска банка Краљивине Југославије, 1927-1937, Београд, 1937.

Зечевић, М.Економско стање у Округу Охридском, "Трговачки гласник", 24.2.1920.

Зечевић, Мил.Економско стање у Округу Охридском"Трговачки гласник", 29.2.1920.

Д-р,Зографски,Данчо, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Скопје 1967.

Д-р Зографски,Данчо, За работничкото движење во Македонија, до Балканските војни, Скопје, 1950.

Д-р Зографски,Данчо, Појавата и значењето на брошурата"Македонија на Македонците, Земља земљорадницима", "Гласник ИНИ"бр.1, Скопје, 1959.

Д-р Зографски, Данчо, Стопанскиот живот на Велес во XIX и почетокот на XX век, "Годишњак" на Економскиот факултет, Скопје, 1958.

Д-р, Зографски, Данчо, Преодни облици на манифактурата во Македонија,"Преглед,"бр.2, Скопје, 1953.

Извештај Београдске радничке коморе, 1926-1931 године, књ.I, Београд, 1932.

Извештај Главног земаљског савеза занатских удружење о раду у 1934-1935, Београд, 1935.

Извештај Занатске коморе за 1938 године, Београд, 1938.

./.

Извештај о раду државне мушке занатске школе у Охриду од 1925-1937 године, Дебар-Охрид, Лесковац, 1937.

Извештај о раду занатске коморе за 1923 године, Београд,1924.

Исахајовић, Љ.Потребе да се у манастиру св.Јована Бигорског оснује школа за дуборезце и зографе, "Политика", 2о.4.1939.

Историја на македонскиот народ кн.III.Скопје, 1969.

Јаневъ, Ѓеорги, Пет години Български занаятчиски сојуз, София, 1942.

Јелић, Милосав, На охридским изворима, "Политика", 3.12.19?5

Јовановић, Драгољуб, Економско-финансиска хроника, "Архив", правних и друштвених наука", кн.1о, бр.3,1927.

Кантрациевъ, Т.При Охридъ, Преспа и Шкумба, София, 1926.

Калановски, Илија, Вевчани во НОВ и Револуцијата, Вевчани, 197о.

Калановски, Илија, Народноослободителната војна и Револуција, Струга и Струшко(монографија), Струга,197о.

Кардељ, Едвард, О занатству, Наше занатство, бр.4, од 29.8.1948.

Кардељ, Едвард, Проблеми услужних делатности, "Комуна", бр.5, 196о.

Кардељ, Едвард, О развој занатства, "Занатски лист", бр.1о, од 1.9.1954.

Д-р Кировски, Панче, Охридско-струшка област, Скопје, 1959.

Кънчевъ, Васил, Избрани произведения, София, 197о.

Колишевски, Лазар, Аспекти на македонското прашање, Скопје, 1962.

./.

Д-р Константинов, Душко, Печалбарство, Битола, 1964.

Д-р Константинов, Милош, Занаети и еснафи во Битола и околијата, Битола, 1961.

Кујунџиќ, Мих. Прилике у Јужној србији,"Будуќност", кш.4., бр.3-4, Београд, 1923.

Лапе, Љубен, Охридски Округ во 1914 година, "Гласник ИНИ" бр.3, Скопје, 1969.

Лењин, Дела, том III, Београд, 1949.

Мандиќ, Елвира, Концепција дугорочног развоја Социјалистичке Републике Македоније, део занатство, Београд,1970.

Маркс, Капитал, том.III, Загреб, 1948.

Меморандум,Охридскох-Преспанске рибарске задруге у Охриду, "Лесковачки гласник", Лесковац, бр.3009 од 1932.

Милентијевиќ,Ѓорѓе, Како је у Струги, "Штампа", бр.172,1913.

Милески, Гиго, Струга,"Зборник" на Филозофски факултет-природноматематички оддел, кн.8, Скопје, 1955.

Миличевиќ, Ж.Риба од Орида, "Политика", 23.6.1924.

Миљовски, Ќиро, Скица за историјата на македонскиот народ, од 1918-1941 година, "Гласник ИНИ" бр.1, Скопје, 1961.

Мирковиќ, Мијо, Занатска политика, Београд, 1934.

Д-р Мирковиќ,Мијо, Економска хисторија Југославије, Загреб, 1962.

Митиќ, С.Љуб.Стање привреде и положај радника Југославије, Београд, (без година).

Митрески, Павле, Парламентарните избори во Охрид во 1920 година, "Нова Македонија", 30.7.и 1,2,и 3.8.1971 година.

./.

Михајловић, Јосиф, Развитак градова и варошице од ослобођења до данас, Споменица 25-годишњице Јужне Србије, 1912-1937, Скопје, 1937.

Мусаковъ, А.Пълно занаятчииско ръководство по обща теория на калфински испит, София, 1946.

Д-р Мишиш, Димитрије, Стари и нови занати, "Привредни летопис задужбине Н.Спасића", III,Београд,1938.

Д-р Недељковић,Милорад, О занатима у данашњој народној привреди, Београд, 1929.

Д-р Никитовић,Часлав, Занатство Јужне Србије, Скопје, 1934.

Д-р Никитовић,Часлав, Занатлије и њихови проблеми, Београд, 1937.

Николић, Р.Вевчанци би могли савити своја гнезда у Вевчанима, где би имали воље за рало, косу и мотику, "Вардар", 11.7.1939.

Паднаа за слободата - Зборник на паднатите борци во НОВ од Струга и Струшко, Струга, 1973.

Пауновић, С.Јужносрбијански дуборезци тешко проводе свој живот, "Политика", 12.7.1937.

Пауновић, Синиша, После Призрена, Струга има најчувеније кујунџије, занат за кој се чинило да ће пропасти-поново оживљава, "Политика", 24.1о.1936.

55 години електрификација на Охрид, Охрид, 1971.

Петровић, И.М.Домаће радиности и занати у Јужној Србији, "Наши југ", Београд, I/1928.

Петровић, Јордан, Наши обућари против "Бата", "Политика", бр.8348 од 1931.

Петровиќ, Јелена, Прелаз сељака у вароши и раднике, Београд, 1927.

Правила за полагање мајсторских испита по занатима, Београд, 1912. (Ги има во НМ-Охрид).

Правила Охридско столаро-ѕидарске, набављачко-потрошувачке и кредитне задруге у Охриду, Охрид, 1932.

Преглед историје Савеза комуниста Југославије, Београд, 1963.

Претходни резултати пописа становништва од 31.3.1931 године, у Краљивине Југославије, Београд, 1931.

Пупиќ, Ѓ.К.Занатлије и занатство Јужне Србије, "Занатлија", годину 14, бр.5о, Београд, 1939.

Пуриќ, Растко, Работнички југ, Скопје, 1937.

Пуриќ, Растко, Наличја, Скопје, 1934.

Пуриќ, Растко, Радништво и сиротиње Јужне Србије,"Социјални архив", бр.2, 1936.

Савинова, К.П.Новини отъ Охридъ,"Щѣлокупна България," Скопје, 1.4.1943.

Савиќ, Миливој, Занати и индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Београд, 1914.

Савиќ, Миливој, Наша индустрија, занати и трговина, књ.6, Сарајево, 1928.

Савиќ, Миливој, Наша индустрија, занати, трговија и пољопривреда, књ.7, Сарајево, 1929.

Савиќ, М.Наши занати и индустрија, други део, Београд, 1922.

Савиќ, Миливој, Наша индустрија, занати и трговине, дел IV, Сарајево, 1924.

Савиќ, Миливој, Наши занати и занатлије, Београд, 1929.

Сали, Абдулхак, Преглед на материјалната и народната култура, Струга и Струшко, Струга, 1970.

Синадиноски, Јаким, Проблеми на работничката младина, "Нов занатлија", бр.5 и 6, 1954.

Симиќ, Илија, Какве су прилике занатства у Вардарској бановини и неколико реќи о раду Занатске коморе у Скопљу, "Глас Полога", 24.7.1937.

Сињ, Наши еснафи, "Цариградски гласник", бр.6, 8.2.1896.

Д-р Смиљаниќ, Тома, Ко су шта су Уљуфи у Јужној Србији, "Вардар", 6,7,8 и 9.I.1935.

Д-р Соколов, Лазар, Промени у структури становништва на територији НР Македонија, 1921-1953, као и одраз економског развоја, Скопје, 1962.

Солис, кроз нове крајеве, "Српска застава", 23.3.1913.

Стојановиќ, Р.Креста, Пољопривреда у Стрезу, Струшко, "Пољопривредни гласник", Нови Сад, 1937.

Рајса, Р.А.Економско стање у Јужној Македонији, "Нов Живот", година II, књ.6, св.12, 1921.

Радовановиќ, Милоја, Развој привреде ФНРЈ, Београд, 1956.

Радосављевиќ, Мишко, Положбата на занаетчиството и неговите перспективи, "Преглед", бр.5-6, Скопје, 1959.

Д-р Русиќ, Бранислав, Малесија, "Годишен зборник" на Филозофскиот факултет, кн.6, Скопје, 1953.

Този, Нико, Кукурекот во орнаментиката на мијачките копаничари, "Македонски фолклор", бр.3-4, Скопје, 1969.

./.

Този, П.Нико, Наше кувенџиство, "Македоније", бр.13,1954.

Томиќ, Светозар, Дебарце, "Братство", књ.36, Београд, 1928.

Д-р Топаловиќ, Живко, Привредни проблеми Југа, Београд,1927.

Тито, Говори и чланци, књ.2, Загреб, 1959.

Трајкоски, Славе, Домашно рачно ткаење, Скопје, 1956.

Точков, Димитар, Студии за трговијата со крзнени стоки и ќурќиството, Хајделберг, 19oo, (Ракопис, Народен музеј - Охрид - превод).

Угледни Статут за образовање Занатских Еснафа, Београд, 1911.

Уредба за цените на занаетчиските производи и услуги("Службен лист на ФНРЈ," бр.48/51.

Урошевиќ, Атанасије, Охрид, Скопје, 1957.

Фртуниќ, Стефан, Тежак живот занатлија Јужне Србије, "Занатлија", година 4, бр.3, 1924.

Царевиќ, С.У Дримколу, једном од најсиромашних крајева наше земље носи се једна од најскупљих и најкиќених женских народних ношњи, "Политика", 7.5.1939.

Царевиќ, С. Печалбари одлазе, "Политика", 24.3.1938.

Чакаревиќ, П.Принципи размена добара у Дримколу, "Јужна Србија", бр.17, 1939.

Чакаревиќ, Петар, Струга - некада познати трговачки центар, постаје важно туристичко место, "Политика", 19.7.194o.

Чакаревиќ, К.Петар, Шегерти на Југу и њихова заштита,"Јужна Србија", 31.7.1939.

Д-р Чубриловиќ, Васа, Историја политичке мисли у Србији, XIX века, Београд, 1958.

Д-р Чулиновић, Фердо, Југославија између два рата, I,
Загреб, 1961.

Д-р Чулиновић, Фердо, Окупаторска подела Југославије, Београд,
1970.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

Предговор .......................................... I

ПРВ ДЕЛ

ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО ОХРИДСКО-СТРУШКИОТ РЕГИОН(1918-1941) 1

Глава прва

Географската положба на охридско-струшкиот регион 2

а) Економскиот живот во охридско-струшкиот регион во првите две децении на XX век .............. 6

Глава втора

Положбата на занаетчиите во охридско-струшкиот регион 1919-1929 година.................................. 20

Глава трета

Занаетчиството во регионот за време на економската криза.......................................... 45

Глава четврта

Занаетчиството од 1934-1941 година.................. 64

а) Даночни оптоварувања.............................. 77

б) Положбата на занаетчиите спроти Втората светска војна ........................................ 79

Глава петта

Некои карактеристикиина одделни поважни занаети во Регионот (1918-1941)............................. 86

а) Кожарско-преработувачки занаети.................. 86

б) Метало-преработувачки и електро-технички занаети.. 105

в) Текстилни занаети ................................ 127

./.

Страна

г) Занаети за производство на прехранбени продукти 132

д) Дрво-преработувачки занаети.................... 139

ѓ) Градежни занаети ........................... 146

е) Занаети за лични услуги ...................... 158

ж) Други занаети .............................. 163

Глава шеста

Создавање на занаетчиски кадри во охридско-струшкиот регион ........................................ 168

а) Занаетчиско-трговско училиште Охрид(1919-1941)... 171

б) Занаетчиско-трговско училиште-Струга(1921-1941).. 176

в) Женско занаетчиско училиште - Охрид(1919-1941)... 179

г) Женско занаетчиско училиште-Струга(192о-1941).... 184

д) Основање и работа на резбарското училиште во Охрид (1925-1941)................................ 186

ѓ) Занаетчиски курсеви ......................... 2о4

Глава седма

Положбата на учениците и калфите.................. 213

Глава осма

Здобивање на мајсторско право..................... 225

Глава деветта

Бесправно работење................................ 23о

Глава десетта

Кредитната политика и занаетчиите................. 241

Глава единаесетта

Страна

Организацијата на занаетчиските здруженија(1918-1941) 245

Втор дел

ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО РЕГИОНОТ ЗА ВРЕМЕ НА ОКУПАЦИЈАТА (1941-1944).................................. 261

Глава дванаесетта

Занаетчиството за време на окупацијата.............. 261

а) Снабдувањето на занаетчиите со суровини.......... 268

б) Резбарското училиште за време на окупацијата..... 275

Трет дел

ЗАНАЕТЧИСТВОТО ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО(1945-197о)........ 282

Глава тринаесетта

Занаетчиството по ослободувањето .................... 282

а) Демографски движења.............................. 286

б) Општествено занаетчиство ......................... 288

в) Развој и положба на индивидуалното занаетчиство (1945-1951)...................................... 314

г) Напредокот на индивидуалното занаетчиство од 1951-196о ....................................... 322

д) Појава на нови занаети од 1961-197о година....... 331

ѓ) Бесправно работење ............................... 351

е) Создавање на занаетчиски кадрови во повоениот период 352

./.